ЗАКОН ЗА ЕНЕРГЕТИКА

КОНСОЛИДИРАН ТЕКСТ [1]

Англиски текст

Energy Law

Албански текст

Ligj për energjetikë

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат:
1) целите на енергетската политика и начинот на нејзината реализација;
2) енергетските дејности и начинот на регулирањето на енергетските дејности;
3) изградбата на енергетските објекти;
4) статусот и надлежноста на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија;
5) пазарот на електрична енергија, пазарот на природен гас, пазарот на сурова нафта, нафтени деривати и горива за транспорт и пазарот на топлинска енергија;
6) условите за остварување на енергетска ефикасност и промоција на користењето на обновливите извори на енергија и
7) други прашања од значење за енергетиката.

Член 2

Целта на овој закон е да се обезбеди:
1) сигурно, безбедно и квалитетно снабдување на потрошувачите со енергија и енергенти;
2) создавање на ефикасен, конкурентен и финансиски одржлив енергетски сектор;
3) поттикнување на конкуренцијата на енергетските пазари со почитување на начелата на недискриминација, објективност и транспарентност;
4) интегрирање на енергетските пазари на Република Македонија во регионалните и меѓународните енергетски пазари во согласност со обврските преземени со ратификуваните меѓународни договори;
5) зголемување на енергетската ефикасност и поттикнување на искористувањето на обновливите извори на енергија и
6) заштита на животната средина од негативните влијанија при вршењето на одделни дејности од областа на енергетиката.

Член 3

Одделните изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. **Безбедност** е способност за обезбедување на заштита на здравјето и животот на луѓето, заштита на животната средина и имотот со преземање на технички и други видови безбедносни мерки при производство, пренос и дистрибуција на енергијата или енергентите;

2. **Биогорива** се течни или гасовити горива добиени од биомаса;

3. **Биомаса** е биоразградувачкиот дел на продукти, отпад и остатоци од земјоделски (растителни и животински) супстанции, шумски и други индустрии, како и биоразградувачкиот дел на индустриските и комуналните отпади;

4. **Бруто финална потрошувачка на енергија** е потрошувачката на енергија и енергенти на потрошувачите (домаќинства, индустрија, земјоделство, транпорт, рибарство, услужни дејности и јавни услуги), вклучувајќи ја и сопствената потрошувачка на енергија во производните постројки и загубите на енергија и енергенти во преносните и дистрибутивните системи;

5. **Вертикално интегрирано претпријатие** е претпријатие, или група на претпријатија кое врши, односно вршат барем една од енергетските дејности пренос или дистрибуција на енергија или природен гас и барем една од енергетските дејности производство или снабдување со соодветен вид на енергија или природен гас;

6. **Високоефикасна комбинирана постројка** е постројка што произведува електрична и топлинска енергија со висок коефициент на полезно дејство на постројката и ги исполнува пропишаните критериуми;

7. **Гарантиран капацитет на систем за пренос на природен гас** е преносен капацитет за кој операторот на системот со договор му гарантира на корисникот на системот дека ќе му го овозможи без прекин;

8. **Гаранција за потекло** е документ издаден од Агенцијата за енергетика на Република Македонија (Агенција за енергетика) со единствена цел за обезбедување на доказ за потрошувачите дека определен дел или определена количина од енергијата е произведена од обновливи извори на енергија или во високоефикасни комбинирани постројки;

9. **Гасовод** е цевковод за транспорт на природен гас;

10. **Горива за транспорт** се горива наменети за употреба во транспортот, а можат да бидат нафтени деривати наменети за употреба во транспорт, биогорива или мешавина од биогорива и нафтени деривати наменети за употреба во транспортот;

11. **Градежна единица** е дел од зграда, спрат или стан во зграда кој е наменет или пренаменет за одделна употреба;

12. **Деклариран извоз на електрична енергија** е испорака на електрична енергија од една држава врз основа на договорни обврски при што соодветното и истовремено преземање на електричната енергија е во друга држава;

13. **Декларирaн транзит на електрична енергија** е ситуација кога постои декларирaн извоз и декларирaн увоз меѓу две други држави и номинираната патека на трансакцијата го вклучува електропреносниот систем на Република Македонија;

14. **Декларирaн увоз на електрична енергија** е преземање на електрична енергија во една држава при што соодветната истовремена испорака е во друга држава;

15. **Директен вод за електрична енергија** е вод кој поврзува изолирана производна постројка и изолиран купувач, или вод кој поврзува производна постројка и квалификувани купувачи или вод преку кој снабдувач обезбедува електрична енергија за сопствените простории, за своите подружници и/или обезбедува снабдување на неговите квалификувани купувачи;

16. **Директен вод за природен гас** е цевковод за транспорт на природен гас што надополнува поврзан систем за природен гас, но не е дел од истиот;

17. **Дистрибутивна мрежа за електрична енергија** е електрична мрежа од меѓусебно поврзани електрични водови, трансформатори и друга опрема и постројки која претставува составен дел на електродистрибутивен систем и преку која се пренесува електрична енергија преку низок, среден или висок напон;

18. **Дистрибуција на електрична енергија** е пренесување на електрична енергија преку високонапонски, среднонапонски и нисконапонски дистрибутивни мрежи и управување со дистрибутивниот систем на определено подрачје заради испорака на електричната енергија на купувачите, не вклучувајќи снабдување со електрична енергија;

19. **Дистрибуција на природен гас** е транспорт на природен гас низ дистрибутивен систем и управување со системот за дистрибуција на природен гас на определено подрачје заради испорака на природен гас на купувачите, не вклучувајќи снабдување со природен гас;

20. **Дистрибуција на топлинска енергија** е пренесување на топла вода или пареа преку дистрибутивна мрежа и управување со системот за дистрибуција на топлинска енергија на определено подрачје заради испорака на топлинска енергија на купувачите, не вклучувајќи снабдување со топлинска енергија;

21. **Договорен капацитет во систем за пренос на природен гас** е капацитет на системот за пренос на природен гас што операторот на системот го доделил на корисник на системот преку договор за користење на системот за пренос;

22. **Договорно загушување при преносот на природен гас** е состојба кога потрошувачката базирана на гарантираниот капацитет го надминува техничкиот капацитет на системот;

23. **Долгорочно планирање** е планирање на потребите за енергија и енергенти заради инвестирање во производните, преносните и дистрибутивните објекти на долгорочни основи со цел да се задоволат потребите на потрошувачите, диверзификација на изворите и да се обезбеди сигурност во снабдувањето;

24. **Домаќинство** е потрошувач што набавува енергија или природен гас за потребите во домаќинството, но не и за потребите на комерцијалните дејности;

25. **Единица на локална самоуправа** е општина или градот Скопје;

26. **Електроенергетски систем** е систем составен од производни постројки, електропреносна мрежа, една или повеќе електродистрибутивни мрежи и потрошувачи на електрична енергија;

27. **Енергент или гориво** е материјална супстанција со чиешто согорување се добива топлинска и/или механичка енергија;

28. **Енергетска ефикасност** е однос меѓу остварениот учинок во услуги, стоки или енергија и потрошената енергија;

29. **Енергетска ефикасност/управување со потрошувачката на енергија** е глобален или интегриран пристап со цел да се влијае врз количините и времето на користење на енергија со цел да се намалат потрошувачката на примарна енергија и врвните оптоварувања со давање предност на инвестирањето во мерки за подобрување на енергетската ефикасност или други мерки, како што се: договори во кои може да се предвиди прекин во снабдувањето, зголемено инвестирање во производни капацитети, ако тоа е најефикасна и најекономична опција, земајќи ги предвид позитивните влијанија врз животната средина од намалувањето на потрошувачката на енергија и сигурноста во снабдувањето, како и влијанието врз трошоците за дистрибуција;

30. **Енергетска карактеристика на зграда** е количина на потрошена енергија или проценета потрошувачка на енергија, меѓу другото, за загревање на простор и вода, ладење и осветление, а неопходна за задоволување на различните потреби во зградите што произлегуваат од стандардно користење на градежните објекти, изразена преку еден или повеќе нумерички индикатори што се пресметуваат водејќи сметка за изолацијата, техничките карактеристики и конструкцијата на објектот, позицијата во однос на климатските влијанија, вклучувајќи ги сопственото производство на енергија и потребните климатски услови во објектот што влијаат врз потрошувачката на енергија;

31. **Енергетска контрола** е систематизирана постапка за утврдување на постојната потрошувачка на енергија, идентификација и квантификација на економски оправдани можности за заштеда на енергија во зграда или група згради, индустриски процеси или постројки, или во јавни или приватни услужни дејности и опфаќа подготовка на извештај за енергетската контрола;

32. **Енергетска услуга** е услуга со која се остварува физичка корист, средство или добра како резултат на користењето на енергијата со примена на енергетски ефикасни технологии и/или активности што вклучуваат постапки за управување, одржување и контрола при обезбедување на енергетската услуга, а се остварува врз основа на договор и за која може да се докаже дека, при нормални услови, придонесува за подобрувања на енергетската ефикасност и/или заштеда на енергија што можат да се измерат или проценат;

33. Енергетски контролор е физичко лице кое се стекнало со овластување во согласност со одредбите од овој закон;

34. **Енергетски објект** е енергетски систем или дел од енергетски систем или објект за производство или складирање на енергија или енергент;

35. **Енергетски сектор** е сектор во економијата кој ги вклучува енергетските дејности утврдени со овој закон;

36. **Енергетски систем** е систем од меѓусебно поврзани објекти, уреди и постројки за пренос или дистрибуција на енергија или енергент што претставува интегрирана техничко-технолошка и функционална целина, а служи за испорака на енергијата или енергентот од производителите, односно изворите до потрошувачите;

37. **ЕСКО** е правно лице што обезбедува енергетски услуги или други мерки заради подобрување на енергетската ефикасност кај своите корисници и кое прифаќа извесен степен на финансиски ризик при извршување на работите, а плаќањето на услугите е целосно или делумно засновано на постигнатото подобрување на енергетската ефикасност или постигнување на други договорени критериуми;

38. **Ефективна моќност** е најголема топлинска излезна моќност на уредот (изразена во kW) при непрекината работа со декларираниот коефициент на полезно дејство, определени и гарантирани од производителот на уредот;

39. **Загушување во преносот на електрична енергија** е состојба во која преку интерконективен вод не може физички да се пренесат моќности побарани од учесниците на пазарот на електрична енергија за реализација на меѓународна трговија со електрична енергија поради недостаток на капацитет во интерконективниот вод и/или недостаток на преносен капацитет во електропреносниот систем на Република Македонија;

40. **Заштеда на енергија** е измерено и/или проценето намалување на потрошувачката на енергија пред и после примената на една или повеќе мерки за подобрување на енергетската ефикасност, при што се води сметка за нормализација на надворешните услови што влијаат врз потрошувачката на енергијата, односно обезбедување на потребни услови за живеење и работа, како и еднаков квалитет и квантитет на производството во индустријата;

41. **Зграда** е покриена градба што има ѕидови и во која се користи енергија за климатизирање на внатрешниот простор (греење и ладење) и може да се однесува на зграда како целина или на делови од зграда што се наменети или пренаменети за засебно користење;

42. **Значителна реконструкција на зграда** е реконструкција на зградата во согласност со законот со кој се уредува градењето и кога е исполенет еден од следниве услови:
а) вкупната вредност на реконструцијата е поголема од 25% од вредноста на зградата, не сметајќи ја вредноста на земјиштето на кое е изградена зграда и трошоците за уредување на градежното земјиште или
б) повеќе од 25% од плоштината на обвивката на зградата е предмет на реконструкцијата;

43. **Интерконективен вод** е вод за електрична енергија или цевковод за природен гас, вклучувајќи ја и припадната опрема и постројки, со кои се поврзува соодветниот преносен систем во Република Македонија со преносен систем на соседна држава;

44. **Квалификуван купувач** е купувач кој купува енергија или природен гас од производители, снабдувачи или трговци по сопствен избор;

45. **Комбинирана постројка** е постројка во која истовремено и во еден процес се произведува електрична и топлинска енергија и/или механичка енергија;

46. **Корисник на систем** е физичко или правно лице кое го користи енергетскиот систем заради предавање и/или преземање на енергијата или енергентот;

47. **Котел** е комбинација на котел и горилник каде што топлината добиена со согорување се пренесува на течност;

48. **Купувач на енергија или енергент** е физичко или правно лице кое купува енергија или енергент за сопствена потрошувачка или за натамошна продажба;

49. **Лице** е физичко или правно лице кое врши енергетска дејност, а е регистрирано во трговскиот регистар во Република Македонија;

50. **Лице од јавен сектор** е државен орган, орган на единица на локалната самоуправа, јавна установа и јавно претпријатие основано од Република Македонија или од единица на локалната самоуправа, како и претпријатие кое врши дејности од јавен интерес кое е во сопственост или во кое Република Македонија, односно единицата на локалната самоуправа, има мнозинско учество;

51. **Лиценца** е акт издаден од страна на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, а врз основа на кој лицето може да врши енергетска дејност во Република Македонија;

52. **Мали потрошувачи на електрична енергија** се претпријатија што имаат помалку од 50 вработени и вкупен годишен приход или вкупна актива не поголем од 10 милиони евра во денарска противвредност, не вклучувајќи ги производителите на енергија и операторите на преносните и дистрибутивните системи;

53. **Мерки за подобрување на енергетска ефикасност** е секоја мерка насочена кон определена група потрошувачи со чија примена се постигнува подобрување на енергетската ефикасност што може да се измери и потврди или процени, а со која се постигнува намалување на потрошувачката на енергија, при што се задржува степенот на комфор во објектите за живеење и работење и намалување на енергетскиот интензитет за единица производ во индустрија при ист квалитет и квантитет на производство;

54. **Мрежа за пренос на природен гас (преносна мрежа за природен гас)** е мрежа од гасоводи предвидени за работа со номинален притисок од најмалку 12 bar и припадна мерно-регулациона опрема и е дел од системот за пренос на природен гас;

55. **Нафтовод** е цевковод со соодветни уреди и постројки за транспорт на сурова нафта;

56. **Нов интерконективен гасовод** е интерконективен гасовод чијашто изградба не е започната пред денот на влегувањето во сила на овој закон;

57. **Обвивка на зграда** се интегрални елементи на зградата што го разделуваат внатрешниот простор на зградата од надворешноста;

58. **Обврска или обврски за обезбедување на јавна услуга** се една или повеќе обврски коишто им се наметнати на вршителите на регулираните енергетски дејности заради остварување на јавниот интерес во согласност со овој закон, а се однесуваат на сигурноста, вклучувајќи ја и сигурноста на снабдувањето, достапноста на услугата до корисниците во секое време, квалитетот и цената на енергијата или енергентите и услугите, како и заштитата на животната средина, вклучувајќи ја и енергетската ефикасност и заштита од климатските промени;

59. **Обновливи извори на енергија** се нефосилни извори на енергија, односно хидроенергија, ветерна, сончева, аеротермална, хидротермална и геотермална енергија, биомаса, депониски гас, биогас и гас добиен од станици за пречистување на отпадни води и биомаса;

60. **Оперативна сигурност** е непрекинато работење на преносниот систем и, кога е тоа соодветно, на дистрибутивните системи, под предвидливи околности;

61. **Оператор на електродистрибутивен систем** е правно лице кое врши дејност дистрибуција со електрична енергија и управува со електродистрибутивниот систем и е одговорно за работењето на системот, неговото одржување, развој и поврзување со електропреносниот систем и за обезбедување

долгорочна способност на системот за задоволување на разумните потреби за дистрибуција на електрична енергија;

62. **Оператор на електропреносниот систем** е правно лице кое врши пренос на електрична енергија и управува со електроенергетскиот систем на Република Македонија и е одговорно за работењето на системот, неговото одржување, развој и поврзување со електропреносните системи на соседните земји и за обезбедување долгорочна способност на системот за задоволување на разумните потреби за пренесување на електрична енергија;

63. **Оператор на пазарот на електрична енергија** е правно лице кое го организира и управува со пазарот на електрична енергија во Република Македонија;

64. **Оператор на преносна мрежа за природен гас** е правно лице кое врши дејност пренесување на природен гас преку преносна мрежа во негова сопственост или преносна мрежа на која има право на користење и соработува со операторот на преносниот систем за одржување, развој и проширување на мрежата;

65. **Оператор на систем за дистрибуција на природен гас** е правно лице кое врши дејност дистрибуција на природен гас и управува со системот за дистрибуција за кој му е издадена лиценца и е одговорно за неговото работење, одржување, развој и поврзување со други системи за природен гас и за обезбедување долгорочна способност на системот за задоволување на разумните потреби за дистрибуција на природен гас;

66. **Оператор на системот за дистрибуција на топлинска енергија** е правно лице кое врши дејност дистрибуција на топлинска енергија и управува со системот за дистрибуција на топлинска енергија и е одговорен за работењето на дистрибутивниот систем, неговото одржување, развој и за обезбедување долгорочна способност на системот за задоволување на разумните потреби за дистрибуција на топлинска енергија, не вклучувајќи го снабдување со топлинска енергија;

67. **Оператор на системот за пренос на природен гас** е правно лице кое управува со системот за пренос за кој му е издадена лиценца и е одговорно за неговото работење, одржување, развој и поврзување со други системи за природен гас и за обезбедување долгорочна способност на системот за задоволување на разумните потреби за пренесување на природен гас;

68. **Основна потрошувачка на енергија** е нормализирана потрошувачка на енергија во згради, индустриски процеси или постројки, или во јавни или приватни услужни дејности и се користи при определувањето на идните заштеди на енергија;

69. **Пазар на енергија или енергенти (енергетски пазар)** е систем за купување и продавање на енергија или енергенти врз основа на понудата и побарувачката, со примена на услови и постапки пропишани врз основа на овој закон;

70. **Повластен производител на електрична енергија** е производител на електрична енергија од обновливи извори на енергија или од високо ефикасни комбинирани постројки што се стекнал со статусот на повластен производител;

71. **Поврзани претпријатија** се правно самостојни претпријатија кои се поврзуваат и кои воспоставуваат меѓусебни односи претпријатие кое во друго претпријатие има учество, значајно учество, мнозинско учество во основната главнина или мнозинско право во одлучувањето, определени со закон, како и зависно претпријатие, владеачко претпријатие и претпријатија кои дејствуваат заеднички;

72. **Подобрување на енергетска ефикасност** е зголемување на енергетската ефикасност во крајната потрошувачка на енергија како резултат на технолошки и економски промени и/или промени во начинот на однесувањето;

73. **Потрошувач на енергија или енергент** е купувач кој набавената енергија или енергент ја користи за сопствена потрошувачка, вклучувајќи ги и операторите на системите за пренос и за дистрибуција кога купуваат енергија или енергент заради покривање на загубите во соодветните системи и производителите на енергија за сопствена потрошувачка;

74. **Прекугранично тек на електрична енергија** е физички тек на електрична енергија низ електропреносниот систем на Република Македонија што е резултат на активности на производители и/или потрошувачи надвор од електропреносниот систем на Република Македонија;

75. **Пренос на електрична енергија** е пренесување на електрична енергија преку електропреносен систем и управување со електроенергетскиот систем заради испорака на електричната енергија на купувачите и не вклучува снабдување со електрична енергија;

76. **Пренос на природен гас** е транспорт на природен гас низ преносна мрежа за природен гас заради испорака на природниот гас на купувачите, не вклучувајќи снабдување со природен гас;

77. **Преносен капацитет на електропреносниот систем** е капацитет на системот или интерконективните водови за пренесување на електрична енергија без притоа да настане нарушување на нормалните работни параметри на системот, дефинирани во соодветните мрежни правила за пренос;

78. **Преносна мрежа за електрична енергија** е електрична мрежа од меѓусебно поврзани високонапонски електрични водови, трансформатори и друга опрема и постројки која претставува составен дел на електропреносниот систем и преку која се пренесува електричната енергија;

79. **Приклучок на преносен или дистрибутивен систем** е функционална врска на водови (електрични водови или цевководи), опрема и уреди со кои објектите и инсталациите на корисникот се поврзуваат на соодветниот преносен или дистрибутивен систем;

80. **Пристап на трета страна** е обврска на операторот на системот за пренос или дистрибуција на енергија или енергент да овозможи на објективен и недискриминаторен начин користење на системот под регулирани услови и по претходно објавени тарифи;

81. **Договорен пристап на трета страна** е пристап на трета страна по договорени услови;

82. **Продуктовод** е цевковод со соодветни уреди и постројки за транспорт на нафтени деривати или горива за транспорт;

83. **Производител на електрична енергија** е правно или физичко лице кое произведува електрична енергија во постројка за производство на електрична енергија;

84. **Процена на енергетска ефикасност** е стручна анализа заснована на научни, стручни и експериментални методи за утврдување на показателите за потрошувачката на енергија кај поединечните уреди и структурата на потрошената енергија;

85. **Рамнотежа на понуда и побарувачка на енергија** е задоволување на предвидените потреби на

потрошувачите за енергија или енергент без воведување на мерки за ограничување на потрошувачката;

86. **Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија (Регулаторна комисија за енергетика)** е регулаторно тело основано со овој закон заради регулирање на одделни прашања во енергетскиот сектор;

87. **Регулиран договор** е договор кој е предмет на одобрување од страна на Регулаторната комисија за енергетика;

88. **Регулиран производител на топлинска енергија** е производител на топлинска енергија кој има обврска да обезбедува топлинска енергија за потребите на потрошувачите и системски услуги за потребите на операторот на системот за дистрибуција на тополинска енергија на кој производителот е приклучен по регулирани услови, цени и тарифи;

89. **Регулирана енергетска дејност** е енергетска дејност преку која се извршува обврската за јавна услуга и се врши под услови, на начин, цени и тарифи пропишани, односно одобрени од Регулаторната комисија за енергетика;

90. **Регулирана услуга** е услуга која ја обезбедува вршител на регулирана енергетска дејност;

91. Сертификат за енергетски карактеристики на зграда е документ кој ги содржи податоците за енергетските карактеристики на зградата или градежната единица, пресметани на пропишан начин, а го издава трговец поединец или правно лице кое поседува лиценца за вршење на енергетска контрола;

92. **Сигурност** е сигурност во снабдувањето и обезбедувањето на енергија или енергент и техничка сигурност на енергетските системи;

93. **Систем за дистрибуција на електрична енергија (електродистрибутивен систем)** е енергетски систем за дистрибуција на електрична енергија преку високонапонски, среднонапонски и нисконапонски мрежи на дел од територијата на Република Македонија и којшто е поврзан на електропреносниот систем;

94. **Систем за дистрибуција на природен гас (дистрибутивен систем за природен гас)** е енергетски систем за дистрибуција на природен гас на определено подрачје од територијата на Република Македонија којшто е поврзан со систем за пренос во Република Македонија или дистрибутивен систем што се напојува со природен гас транспортиран со авто или железнички цистерни или други облици на транспорт;

95. **Систем за дистрибуција на топлинска енергија (дистрибутивен систем за топлинска енергија)** е енергетски систем за дистрибуција на топлинска енергија на подрачје или дел од подрачје на единица на локалната самоуправа;

96. **Систем за климатизација** е систем составен од уреди неопходни за третирање на воздухот во затворени простори, со кој температурата е контролирана или може да се намали;

97. **Систем за пренос на електрична енергија (електропреносен систем)** е систем за пренос на електрична енергија во Република Македонија преку високонапонска мрежа;

98. **Систем за пренос на природен гас (преносен систем за природен гас)** е енергетски систем за пренос на природен гас составен од една или повеќе мрежи за пренос на природен гас, поврзан со системи за пренос на природен гас надвор од Република Македонија;

99. **Системски или помошни услуги** се неопходни услуги за работата на преносните или дистрибутивните енергетски системи заради обезбедување на сигурно и доверливо работење и управување со системите, а се дефинирани во соодветните мрежни правила;

100. **Складирање на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт** е складирање на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и/или горива за транспорт во посебни резервоари за сопствена потрошувачка, за потребите за преработка на сурова нафта и производство на нафтени деривати или горива за транспорт, како и за трговија со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и/или горива за транспорт;

101. **Снабдување со енергија, односно природен гас** е продажба на енергија, односно природен гас на потрошувачите и може да вклучи трговија со енергија, односно природен гас;

102. **Снабдувач во краен случај со електрична енергија** е снабдувач со електрична енергија кој обезбедува јавна услуга снабдување со електрична енергија за домаќинствата и малите потрошувачи, во случаите утврдени со овој закон;

103. **Снабдувач во краен случај со природен гас** е снабдувач со природен гас кој обезбедува јавна услуга снабдување со природен гас на потрошувачите приклучени на систем за природен гас, во случаите утврдени со овој закон;

104. **Снабдувач со енергија, односно природен гас** е носител на лиценца кој ги снабдува потрошувачите со енергија, односно природен гас и може да врши трговија со енергија, односно природен гас;

105. **Тарифа** е цена на услуга која ја обезбедуваат вршителите на регулираните енергетски дејности пренос и дистрибуција на енергија или природен гас, формирана според прописите за формирање на цени и тарифните системи;

106. **Тарифен систем** е пропис со кој се определуваат елементите за формирање на тарифите за одделни регулирани енергетски услуги;

107. **Технички капацитет на системот за пренос на природен гас** е најголемиот траен капацитет на системот што операторот на системот може да го понуди на корисниците на системот, водејќи сметка за техничките и оперативните можности на преносниот систем;

108. **Топлинска енергија** е енергија во облик на топла вода или пареа добиена во постројки за производство на топлинска енергија со користење на горива (фосилни, биомаса или биогас), геотермални извори или сончева енергија;

109. **Транзит на електрична енергија** е пренесување на електрична енергија преку електропреносната мрежа при што електричната енергија не се произведува ниту пак се презема од потрошувачите во електроенергетскиот систем на Република Македонија;

110. **Транспорт на природен гас** е пренесување на природен гас преку гасоводи или други облици на транспорт, како авто или железнички цистерни и други превозни средства;

111. **Транспорт на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт** е пренесување на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива или горива за транспорт со нафтоводи, продуктоводи и други облици на транспорт, како авто или железнички цистерни и други превозни средства;

112. **Трговец** е лице кој купува енергија или енергенти заради натамошна продажба;

113. **Трговец на големо со горива** е правно лице на кое му е издадена лиценца за трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и/или горива за транспорт;

114. **Трговец на мало со горива** е лице регистрирано за трговија кое врши дејност трговија на мало со нафтени деривати и горива за транспорт;

115. **Трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт** е купување од земјата и странство на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и/или горива за транспорт заради натамошна продажба на трговци, преработувачи или потрошувачи во земјата и странство;

116. **Трговија на мало со нафтени деривати и горива за транспорт** е купување од продавачи во Република Македонија на нафтени деривати и горива за транспорт од производители и трговци на големо со сурова нафта, нафтени деривати и горива за транспорт заради натамошна продажба на нафтени деривати и горива за транспорт на потрошувачите во Република Македонија;

117. **Трговија со енергија или енергенти** е купување на енергија или енергенти и продажба на енергија или енергенти на купувачи;

118. **Управување со потрошувачката на електрична енергија** е систем за следење на потрошувачката на електричната енергија и преземање соодветни мерки за подобро искористување на електричната енергија, вклучувајќи мерки за подобрување на енергетската ефикасност и/или периодот на користење на енергијата;

119. **Управување со систем за пренос на природен гас** е оперативно управување на системот за пренос на природен гас и организација на пазарот на природен гас во Република Македонија, вклучувајќи урамнотежување на планираните и испорачаните количини на природен гас во реално време преку преносните мрежи за природен гас и не вклучува снабдување со природен гас;

120. **Физичко загушување при преносот на природен гас** е состојба кога потрошувачката во системот за пренос на природен гас го надминува техничкиот капацитет на системот и

121. **Фосилни горива** се јаглен, сурова нафта, нафтени деривати и природен гас.

Член 4

(1) Дејности од областа на енергетиката, во смисла на овој закон, се:
1) пренос на електрична енергија;
2) организирање и управување со пазарот на електрична енергија;
3) дистрибуција на електрична енергија;
4) пренос на природен гас;
5) управување со систем за пренос на природен гас;
6) дистрибуција на природен гас;
7) дистрибуција на топлинска енергија;
8) снабдување во краен случај со електрична енергија;
9) снабдување во краен случај со природен гас;
10) производство на електрична енергија;
11) снабдување со електрична енергија;
12) трговија со електрична енергија;
13) снабдување со природен гас;
14) трговија со природен гас,
15) производство на топлинска енергија;
16) снабдување со топлинска енергија;
17) преработка на сурова нафта и производство на нафтени деривати;
18) производство на биогорива;
19) производство на горива наменети за транспорт со намешување на фосилни и биогорива;
20) транспорт на сурова нафта или нафтени деривати преку нафтоводи, односно продуктоводи;
21) складирање на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива наменети за транспорт и
22) трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт.

(2) Дејностите наведени во ставот (1) точки 1 до 9 од овој член се регулирани енергетски дејности.

(3) Производството на електрична енергија за потребите на снабдувачот во краен случај на електрична енергија се смета за регулирана енергетска дејност.

(4) Производството на топлинска енергија од објекти за производство на топлинска енергија или од комбинирани постројки ќе се смета за регулирана енергетска дејност, во смисла на овој закон, кога дејноста ја врши правно лице на кое му е издадена лиценца за регулирано производство на топлинска енергија во согласност со членот 113 од овој закон.

Член 5

(1) Дејностите од членот 4 на овој закон можат да ги вршат домашни и странски лица врз основа на лиценца издадена од страна на Регулаторната комисија за енергетика за секоја од енергетските дејности одделно, освен во случаите од членот 37 ставови (5) и (6) на овој закон. За да се стекнат со лиценца за вршење на енергетска дејност, странските лица основаат подружница регистрирана во трговскиот регистар што го води централниот регистар на Република Македонија.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, лиценца за вршење на регулирана енергетска дејност може да се издаде само на трговски друштва или јавни претпријатија регистрирани во Република Македонија. За стекнување на лиценца за вршење на регулирана енергетска дејност, странското лице основа трговско друштво кое се регистрира во Република Македонија.

(3) Дејностите од членот 4 на овој закон се вршат во согласност со овој закон или други закони и други прописи, како и прописите и правилата донесени или одобрени од Регулаторната комисија за енергетика и издадените лиценци.

(4) Правното лице кое врши една или повеќе регулирани енергетски дејности не може да врши друга енергетска дејност или друга дејност, освен ако поинаку не е уредено со овој закон.

(5) Во случај кога правното лице врши една или повеќе регулирани енергетски дејности или една или повеќе регулирани енергетски дејности и друга енергетска дејност или друга дејност, е должно да води сметководствена евиденција за секоја регулирана енергетска дејност одделно. За нерегулираните енергетски дејности или за другите дејности правното лице може да води консолидирана сметководствена евиденција.

(6) Правното лице кое врши регулирана енергетска дејност е должно до Регулаторната комисија за енергетика да доставува годишни ревидирани финансиски извештаи и истите да ги објавува на својата веб

страница.

(7) Финансиските извештаи од ставот (6) на овој член се изготвуваат, доставуваат и објавуваат за секоја регулирана енергетска дејност одделно, а за нерегулираните енергетски и другите дејности, финансискиот извештај што се доставува до Регулаторната комисија за енергетика може да биде консолидиран.

(8) Покрај финансиските извештаи од ставот (6) на овој член што треба да бидат изготвени со примена на меѓународните сметководствени стандарди, Регулаторната комисија за енергетика може да пропише обврска за доставување на други извештаи, како и да ги пропише нивната форма и содржина.

(9) По исклучок од ставот (4) на овој член правното лице што врши дејност снабдување со електрична енергија, односно дејност снабдување со природен гас може да врши и дејност снабдување во краен случај со електрична енергија, односно снабдување во краен случај со природен гас, при што правното лице е должно да ги применува одредбите од ставот (5) на овој член со цел да се избегне вкрстено субвенционирање во полза на нерегулираната енергетска дејност.

Член 6

(1) Вршителите на регулираните енергетски дејности се должни да ги исполнуваат обврските за обезбедување на јавна услуга. Регулаторната комисија за енергија, во согласност со членот 24 од овој закон, ги утврдува или одобрува цените и условите под кои се обезбедува јавната услуга. Дополнителните обврски за обезбедување на јавна услуга наметнати од Регулаторната комисија за енергетика мора да бидат јасно утврдени, лесно проверливи и недискриминаторни, а таквите дополнителни обврски треба да бидат утврдени во соодветната лиценца и објавени на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика.

(2) Со услугите што ги даваат вршителите на регулираните енергетски дејности се обезбедува сигурна, квалитетна и непрекината испорака на енергија и енергенти на потрошувачите под еднакви услови, цени и тарифи, имајќи ја предвид потребата за подобрување на енергетската ефикасност и заштитата и унапредувањето на животната средина.

(3) Во лиценцата за вршење на регулираната енергетска дејност се наведува обемот и содржината на услугите пропишани со овој закон, подрачјето на кое се обезбедуваат јавните услуги, како и времетраењето на обврската за обезбедување на јавната услуга.

(4) Цените и тарифите од ставот (2) на овој член под кои се обезбедуваат јавните услуги треба да ги надоместат оправданите трошоци и да се обезбеди разумен поврат на капиталот на вршителите на регулираните енергетски дејности при обезбедувањето на јавните услуги, вклучувајќи ги и трошоците за ефикасното користење на енергетските ресурси и заштита и унапредување на животната средина.

(5) Ако на вршителите на енергетски дејности што имаат обврска за обезбедување на јавна услуга им се доделува финансиска компензација, друга форма на компензација и/или ексклузивни права со цел за извршување на обврските дефинирани во овој закон, тоа треба да биде изведено на транспарентен и недискриминаторен начин. Доделената компензација не смее да ги надмине настанатите трошоци при обезбедување на јавната услуга зголемени за разумна добивка, намалени за приходите стекнати од обезбедување на услугата.

(6) На вршителите на енергетски дејности што имаат обврска за обезбедување на јавна услуга може да им се додели државна помош во согласност со Законот за државна помош.

Член 7

(1) Сигурноста во снабдувањето со одделен вид на енергија или енергент се обезбедува особено преку:
1) постигнување на рамнотежа меѓу понудата и побарувачката на пазарот на одделен вид на енергија;
2) прогноза на нивото на очекуваната идна побарувачка од одделен вид на енергија и можностите на задоволување на прогнозираните потреби во однос на расположливите енергетски извори и капацитети;
3) преземање на мерки за изградба на нови енергетски капацитети;
4) квалитетно и на високо ниво одржување на мрежите за пренос и дистрибуција на соодветен вид на енергија, како и
5) мерки за покривање на врвните оптоварувања и мерки за справување при неможност на испорака на одделен вид на енергија.

(2) Државните органи и вршителите на регулираните енергетски дејности во рамките на правата, обврските и надлежностите утврдени со овој закон, се должни да предлагаат и да преземаат мерки за обезбедување на сигурноста во снабдувањето со енергија, предвидени со овој закон.

(3) Регулаторната комисија за енергетика го следи исполнувањето на обврските за обезбедување на сигурност во снабдувањето од страна на вршителите на регулираните енергетски дејности и, во извештајот од членот 35 на овој закон, особено ги вклучува и податоците поврзани со:
1) оперативната сигурност на системите;
2) едногодишниот енергетски биланс; 2
3) можностите за обезбедување на сигурно снабдување со енергија во периодот од пет до 15 години после годината за која се изготвува извештајот и
4) можните инвестиции во интерконективните капацитети во следните пет години.

Член 8

(1) Снабдувачот во краен случај за електрична енергија има обврска да обезбеди снабдување на домаќинствата и малите потрошувачи кои одлучиле да бидат снабдувани од снабдувач во краен случај заради остварување на нивното право во секое време да бидат снабдени со електрична енергија, по разумни и лесно и јасно споредливи и транспарентни цени, утврдени во согласност со прописот од членот 24 став (2) на овој закон.

(2) Снабдувачот во краен случај за природен гас има обврска да обезбеди снабдување на потрошувачите приклучени на систем за пренос или дистрибуција на природен гас заради остварување на нивното право во секое време да бидат снабдени со природен гас, утврдени во согласност со прописот од членот 24 став (2) на овој закон.

(3) Снабдувачите во краен случај обезбедуваат јавна услуга и се должни да обезбедат снабдување со електрична енергија или природен гас на потрошувачите од ставовите (1) и (2) на овој член кои не склучиле договор со некој од снабдувачите, или ако нивните дотогашни снабдувачи престанале да ги исполнуваат обврските од договорите за снабдување.

(4) Снабдувањето на потрошувачите во краен случај со електрична енергија или природен гас се врши по одобрени и контролирани цени, без да се попречува конкуренцијата и нормалното функционирање на пазарите на електрична енергија и природен гас.

(5) Снабдувачи во краен случај со електрична енергија или природен гас ќе бидат снабдувачите за тарифните потрошувачи за подрачјата од територијата на Република Македонија за кои им се издадени лиценци за снабдување на тарифни потрошувачи со електрична енергија или природен гас.

II. ЕНЕРГЕТСКА ПОЛИТИКА

Член 9

(1) Енергетската политика се утврдува со Стратегијата за развој на енергетиката.

(2) Со енергетската политика треба да се обезбеди:
1) безбедно, сигурно и квалитетно снабдување на потрошувачите со сите видови на енергија и енергенти;
2) создавање на транспарентни и стабилни услови за конкурентен и економски функционален енергетски сектор;
3) унапредување на пазарната конкурентност при обезбедување на енергетски услуги, врз основа на принципите на недискриминација и транспарентност;
4) ефикасно обезбедување на услуги за потрошувачите;
5) интегрирање на енергетските пазари во Република Македонија во регионалните и меѓународните енергетски пазари;
6) користење на енергетските извори на начин кој обезбедува одржлив енергетски развој;
7) унапредување на енергетската ефикасност;
8) поттикнување на користење на обновливи извори на енергија;
9) заштита на животната средина од штетните влијанија при вршење на енергетските дејности;
10) исполнување на обврските кои произлегуваат од ратификувани меѓународни документи и
11) мерки за заштита на граѓаните од енергетска сиромаштија.

Член 10

(1) Владата на Република Македонија, по предлог на министерството надлежно за вршење на работите од областа на енергетиката (во натамошниот текст: министерството) ја донесува Стратегијата за развој на енергетиката.

(2) Со Стратегијата за развој на енергетиката се утврдуваат:
1) долгорочните цели за развој на одделни енергетски дејности за да се обезбеди сигурност во снабдувањето со различни видови на енергија;
2) приоритетите на развој;
3) определувањето и користењето на енергетските ресурси и капацитети од стратешка важност за државата;
4) долгорочно планирање на потребите од инвестирање во производни, преносни и дистрибутивни капацитети со цел да се задоволат потребите од енергија и да се обезбеди сигурност во снабдувањето;
5) изворите и начинот за обезбедување на потребните количества енергија,
6) потребните финансиски средства за реализација на предвидените инвестиции и начинот на обезбедување на истите;
7) стимулативните мерки за инвестирање во енергетски објекти во кои се користат обновливи извори на енергија;
8) стимулативните мерки за зголемување на енергетската ефикасност;
9) условите и начините за обезбедување на заштита на животната средина и мерки за реализација на заштитата;
10) исполнувањето на обврските од меѓународните повелби, спогодби, договори, конвенции и други документи кои ги ратификувала и кон кои пристапила Република Македонија;
11) поттикнувањето на конкурентноста на пазарот на енергија на принципите на објективност, транспарентност и непристрасност;
12) заштитата на потрошувачите на енергија;
13) поврзувањето на енергетските системи во Република Македонија или нивни делови со енергетските системи на други земји и
14) други елементи од значење за развојот на енергетскиот сектор на Република Македонија.

(3) Стратегијата за развој на енергетиката се донесува секои пет години и се однесува за наредниот период од најмалку 20 години.

(4) Агенцијата за енергетика на Република Македонија (во натамошниот текст: Агенцијата за енергетика) обезбедува поддршка за изготвувањето на Стратегијата за развој на енергетиката и во спроведувањето на енергетската политика.

(5) Стратегијата за развој на енергетиката се објавува во „Службен весник на Република Македонија".

(6) Средствата за изготвување на Стратегијата за развој на енергетиката се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија, грантови или донации.

Член 11

(1) По предлог на министерството, Владата на Република Македонија, најдоцна една година од денот на донесувањето на Стратегијата за развој за енергетиката, донесува програма за реализација на Стратегијата за развој на енергетиката за период од пет години.

(2) Со програмата од ставот (1) на овој член се утврдуваат мерките, условите, начинот и динамиката на реализација на Стратегијата, како и обврските на државните органи, органите на единиците на локалната самоуправа и вршителите на енергетските дејности што имаат обврска за обезбедување на јавна услуга. Во програмата ќе се утврдат и потребните финансиски средства за нејзина реализација, како и изворите и начинот на обезбедување на средствата.

(3) Министерството секоја година изготвува извештај за реализација на програмата од ставот (1) на овој член во претходната година и, најдоцна до 31 јули, извештајот го доставува до Владата на Република Македонија.

Член 12

(1) Владата на Република Македонија со енергетскиот биланс за период од една година, како индикативен плански документ, ги определува вкупните потреби од енергија и потребите од одделните видови на енергија, како и можностите за нивното задоволување од домашно производство и од увоз. 3

(2) Владата на Република Македонија, на предлог на министерството, а по претходно мислење од Регулаторната комисија за енергетика, го донесува енергетскиот биланс до крајот на календарската година.

4

(3) Министерството ја следи реализацијата на енергетскиот биланс за тековната година и доколку е потребно предлага соодветни мерки на Владата на Република Македонија. 5

(4) Министерот кој раководи со министерството (во натамошниот текст: министерот) донесува Правилник за енергетски биланси и енергетска статистика со кој се пропишува:
1) содржината на енергетските биланси;
2) содржината, начинот и рокот за доставување на податоците потребни за изготвување и за следење на

реализацијата на енергетските биланси;
3) содржината, начинот и рокот на доставување на податоците потребни за изработка на Стратегијата за развој на енергетиката и за изготвување и следење на остварувањата на програмата за реализација на Стратегијата и
4) органите на државната управа и на единиците на локалната самоуправа, носителите на лиценци за вршење на енергетски дејности, како и потрошувачите на енергија или енергенти од кои ќе се бара да доставуваат податоци потребни за изготвување и следење на реализацијата на енергетските биланси, како и роковите за доставување на податоците.

(5) По барање на министерството, субјектите наведени во Правилникот за енергетски биланси и енергетска статистика се должни да доставуваат податоци за изготвување и следење на енергетскиот биланс и податоци неопходни за изработка на стратегиите, програмите и извештаите за реализација на програмите, чиешто донесување е предвидено со овој закон.

Член 13

(1) Владата на Република Македонија, на предлог на министерството, со уредба подетално ги утврдува критериумите и условите за прогласување на кризна состојба, начинот на снабдување со одделни видови на енергија во овие услови, мерките што се преземаат во случај на кризна состојба, како и правата и обврските на носителите на лиценци за вршење на енергетски дејности согласно со Законот за управување со кризи.

(2) Со цел да се заштитат енергетските системи и да се обезбеди сигурност во снабдувањето со соодветен вид на енергија во Република Македонија, операторите на системите за пренос и за дистрибуција на соодветен вид на енергија или енергент, во согласност со прописот од ставот (1) на овој член, се должни да изготват планови за постапување во кризни состојби и да ги достават за одобрување до министерството.

(3) Мерките неопходни за отстранување на настанатите проблеми за заштита на енергетските пазари и енергетските системи на Република Македонија во случај на кризна состојба, треба да бидат привремени и да траат до завршувањето на кризната состојба и да предизвикаат најмало можно нарушување на работењето на енергетските пазари во Република Македонија и во регионот.

(4) За мерките преземени во согласност со ставот (3) на овој член, Владата на Република Македонија, во согласност со обврските преземени врз основа на ратификуваните меѓународни договори, ги известува соседните и другите држави кои се, или можат да бидат засегнати од ефектите на преземените мерки, како и надлежните меѓународни институции и тела основани со ратификуваните меѓународни договори.

Член 14

Заради спроведување на социјалната заштита од енергетската сиромаштија на граѓаните, Владата на Република Македонија, на предлог на министерството подготвен во соработка со министерството надлежно за социјална заштита, донесува годишна програма за намалување на енергетската сиромаштија во која, меѓу другото, се предвидува субвенционирање на потрошувачката на енергија и енергенти за одделни домаќинства, видовите на енергија и енергент кои ќе бидат предмет на субвенцијата, поефикасно користење на енергијата, начинот на спроведување на мерките, изворите на буџетски и други средства за финансирање на мерките и органите одговорни за реализација на мерките.

III. РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА

Член 15

(1) Регулирањето на прашањата поврзани со вршењето на енергетските дејности определени со овој закон го врши Регулаторната комисија за енергетика.

(2) Регулаторната комисија за енергетика е независна во своето работење и одлучување во рамките на надлежностите утврдени со овој закон.

(3) Регулаторната комисија за енергетика има својство на правно лице.

(4) Регулаторната комисија за енергетика донесува статут кој го одобрува Собранието на Република Македонија.

Член 16

(1) Регулаторната комисија за енергетика е составена од пет члена од кои еден е претседател.

(2) Членовите и претседателот на Регулаторната комисија за енергетика на предлог на Владата на Република Македонија ги именува и разрешува Собранието на Република Македонија, имајќи ја предвид соодветната и правичната застапеност на припадниците на сите заедници.

(3) Еден член на Регулаторната комисија за енергетика треба да биде експерт за правни прашања и еден член експерт за економски прашања од областа на енергетиката.

(4) Членовите на Регулаторната комисија за енергетика, на начин и по постапка утврдени со Статутот на Регулаторната комисија за енергетика, определуваат еден член за заменик на претседателот.

(5) Функцијата член на Регулаторната комисија за енергетика се врши професионално и е неспојлива со извршување на друга јавна функција или функција во политичка партија или работно место. На членот на Регулаторната комисија за енергетика му престанува јавната функција или функцијата во политичка партија по сила на закон на денот на неговото именување. Доколку членот на Регулаторната комисија за енергетика пред именувањето бил во работен однос, работниот однос му мирува.

Член 17

(1) За именување на член или претседател на Регулаторната комисија за енергетика се објавува јавен оглас во три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик. 6

(2) За член на Регулаторната комисија за енергетика може да биде именувано лице, државјанин на Република Македонија, кое ги исполнува следниве услови:
1) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен од областа на електротехниката, машинството, технологијата, економијата или правото; 7
2) во последните 15 години пред именувањето да има најмалку десет години работно искуство во енергетиката;
3) најмалку една година пред изборот за член на Регулаторната комисија за енергетика да не бил член на надзорен или управен одбор или одбор на директори во друштво кое врши регулирана енергетска дејност и
4) *Укината* 8
5) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна

санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност; 9
6) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години: 10
- ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) и
7) има положено психолошки тест и тест за интегритет. 11

Член 18

(1) Мандатот на секој член или претседателот на Регулаторната комисија за енергетика изнесува пет години и ниту еден член не може да биде на таа функција повеќе од два мандата.

(2) На членот или претседателот на Регулаторната комисија за енергетика му престанува вршењето на функцијата со истекот на мандатот за кој е именуван.

(3) Владата на Република Македонија му доставува предлог на Собранието на Република Македонија за именување или повторно именување на член или претседател на Регулаторната комисија за енергетика најдоцна 90 дена пред истекот на мандатот на членот или претседателот на Регулаторната комисија за енергетика.

(4) Членот, односно претседателот на Регулаторната комисија за енергетика, на кого му е истечен мандатот ќе ја врши функцијата до именувањето на нов член, односно претседател.

Член 19

(1) На членот или претседателот на Регулаторната комисија за енергетика му престанува вршењето на функцијата пред истекот на мандатот, ако:
1) поднесе оставка до Собранието на Република Македонија;
2) кај него настане трајна или привремена неспобност за непречено вршење на функцијата подолго од шест месеци непрекинато или смрт или
3) стекне услови за остварување на право на пензија.

(2) Член или претседател на Регулаторната комисија за енергетика може да биде разрешен од вршењето на функцијата на која е именуван пред истекот на мандатот доколку се утврди дека несовесно и нестручно ја врши функцијата, врши злоупотреба на службената положба или работи спротивно на закон и друг пропис.

(3) Регулаторната комисија за енергетика со заклучок за кој се изјасниле најмалку тројца од членовите на Регулаторната комисија за енергетика, утврдува дека се исполнети условите за започнување на постапка за престанување на функцијата во согласност со условите од ставот (2) на овој член.

(4) Регулаторната комисија за енергетика ќе го извести Собранието на Република Македонија за постоење на условите за престанок на вршењето на функцијата од ставот (1) на овој член или за заклучокот од ставот (3) на овој член.

(5) Известувањето од ставот (4) на овој член Регулаторната комисија за енергетика ќе го достави до Собранието на Република Македонија во рок од осум дена од дознавањето за исполнетост на условите од ставот (1) на овој член или од донесување на заклучокот од ставот (3) на овој член.

(6) По добивањето на известувањето од ставот (4) на овој член, Собранието на Република Македонија констатира дека е исполнет услов од ставот (1) на овој член и донесува одлука за престанок на функцијата член или претседател на Регулаторната комисија за енергетика.

(7) По добивањето на заклучокот од ставот (3) на овој член, Собранието на Република Македонија ќе започне постапка за донесување на одлука за разрешување.

(8) По донесувањето на одлука за престанок на функцијата, односно разрешувањето од ставовите (6) и (7) на овој член, Собранието на Република Македонија ќе побара од Владата на Република Македонија да достави предлог за именување на нов член на Регулаторната комисија за енергетика. Владата на Република Македонија предлогот го доставува во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето

Член 19-а 12

Вработените во стручната служба на Регулаторната комисија за енергетика кои вршат административни работи имаат статус на административни службеници, а за прашањата кои се однесуваат на работниот однос кои не се уредени со овој закон и со колективен договор, се применуваат одредбите од Законот за административните службеници и општите прописи за работните односи.

(2) Вработените во Регулаторната комисија за енергетика кои вршат помошно-технички работи имаат статус на помошно-технички персонал.

(3) На помошно-техничкиот персонал во Регулаторна комисија за енергетика, ќе се применуваат општите прописи за работни односи.

Член 20

(1) Претседателот, членовите на Регулаторната комисија за енергетика и вработените во стручната служба на Регулаторната комисија за енергетика при извршувањето на своите работни обврски и/или при одлучувањето се должни да:
1) дејствуваат професионално, непристрасно и објективно и без влијанија од вршителите на енергетските дејности и политичките партии;
2) не се раководат од лични, деловни и финансиски интереси;
3) не ги злоупотребуваат овластувањата и статусот што го имаат во Регулаторната комисија за енергетика или како вработени во стручната служба на Регулаторната комисија за енергетика и
4) го штитат угледот на Регулаторната комисија за енергетика.

(2) Регулаторната комисија за енергетика ќе донесе етички кодекс со кој подетално ќе се определат правата и обврските на членовите и на вработените во стручната служба на Регулаторната комисија за енергетика во однос на должностите утврдени во ставот (1) на овој член.

Член 21

(1) Претседател, член или вработен во стручната служба на Регулаторната комисија за енергетика, како и нивен брачен другар или лице во сродство во права линија не може да биде носител или барател на лиценца, акционер, односно содружник или член во органите на управување и раководење на друштво кое е носител или барател на лиценца.

(2) Лицата од ставот (1) на овој член, во случаи спротивни на ставот (1) на овој член, се должни да ги прекинат своите интереси со имателите или барателите на лиценца, преку продажба на акциите и уделите, односно преку повлекување од функциите и вршењето на работите од ставот (1) на овој член.

(3) Во период од две години од денот на престанок на мандатот на членот на Регулаторната комисија за енергетика членот не може да поседува акции или удели или да се вработи во лице кое се стекнало со лиценца за време на неговиот мандат како член на Регулаторната комисија за енергетика.

(4) Во период од една година од денот на престанок на мандатот, на членот на Регулаторната комисија за енергетика кој престанал да ја врши функцијата поради истечен мандат или поради причините од членот 19 став (1) точки 1 и 2 на овој закон има право да остварува паричен надоместок согласно со законот со кој се уредуваат правата за надоместок за лица именувани од Собранието на Република Македонија.

Член 22

Заради обезбедување на ефикасно, конкурентно и непречено функционирање на енергетските пазари, Регулаторната комисија за енергетика ги има следниве надлежности:
1) го следи функционирањето на енергетските пазари заради обезбедување на сигурно снабдување со енергија и енергенти;
2) донесува прописи и тарифни системи и донесува или одобрува методологии за формирање на тарифи за регулираните енергетски дејности;
3) донесува прописи, методологии за формирање на цени и тарифни системи за испорака на одделни видови на енергија и/или енергенти за тарифните потрошувачи;
4) донесува одлуки за цени и тарифи врз основа на соодветните прописи, методологии и тарифни системи;
5) донесува пропис за начинот на формирање на цените за нафтените деривати и за горивата за транспорт и одлуки за цените за нафтените деривати и за горивата за транспорт, наведени во членот 24 став (3) од овој закон, во согласност со обврските преземени од Република Македонија;
6) ги одобрува мрежните правила што ги донесуваат операторите на енергетските системи, водејќи сметка за нивната усогласеност со обврските кои Република Македонија ги презела со меѓународни договори или обврските на операторите на енергетските системи што произлегуваат од членството во меѓународните асоцијации;
7) на предлог на операторите на соодветните енергетски системи, ги одобрува условите и надоместоците за приклучување и пристап до соодветните преносни или дистрибутивни системи;
8) донесува правила за снабдување со електрична енергија, правила за снабдување со топлинска енергија и правила за снабдување со природен гас;
9) донесува правила за снабдување во краен случај со електрична енергија и правила за снабдување во краен случај со природен гас;
10) донесува правила за пазарот на електрична енергија и правила за пазарот на природен гас;
11) по потреба бара од надлежните оператори на системите или операторот на пазарот на електрична енергија да ги променат условите, тарифите, правилата, механизмите и методологиите за приклучување, пристап, урамнотежување или користење на соодветните системи или пазар;
12) одлучува по барања за изземање од обврската за овозможување на пристап на трети страни до енергетските системи или нови интерконективни гасоводи;
13) води регистар на повластени производители и донесува одлука за стекнување на статус на повластен производител;
14) се грижи за заштита и унапредувања на правата на потрошувачите на енергија и енергенти и корисниците на енергетските системи;
15) предлага мерки за поттикнување на конкуренцијата на енергетските пазари;
16) ги пропишува условите, начинот и постапката и донесува одлуки за издавање, менување, пренесување, суспендирање, одземање и престанок на лиценци за вршење на одделни дејности од областа на енергетиката и го следи извршувањето на обврските утврдени со лиценците за вршење одделни дејности од областа на енергетиката;
17) ги одобрува плановите за развој и изградба на преносните и дистрибутивните мрежи и го следи нивното навремено донесување и спроведување;
18) ги одобрува и го следи спроведувањето на програмите за усогласување на операторите на соодветните енергетски системи со кои се обезбедува нивна целосна правна, финансиска, управувачка и функционална независност од работењето на вертикално интегрираните енергетски претпријатија кон кои припаѓаат, како и од поврзаните енергетски претпријатија;
19) решава спорови кои настанале меѓу вршителите на регулираните дејности и нивните корисници, вклучувајќи ги и прекуграничните спорови;
20) соработува со надлежните државни органи, органите на единиците на локалната самоуправа, вршителите на енергетски дејности, корисниците на енергија и други организации и институции;
21) доставува предлог до надлежните органи за преземање на мерки во согласност со нивната надлежност и во постапка пропишана со закон, кон субјектите кои дејноста ја вршат спротивно на овој закон;
22) покренува иницијативи и предлага донесување на нови и изменување на постојните закони и други прописи од областа на енергетиката;
23) учествува во соодветни регионални и меѓународни организации и соработува со други регулаторни тела со цел да придонесе кон развојот на регионалните пазари на енергија, во согласност обврските преземени со ратификуваните меѓународни договори;
24) донесува деловник и други интерни акти за својата работа и
25) врши други работи во согласност со овој закон.

Член 23

(1) Заради ефикасно остварување на нејзината надлежност во поглед на функционирањето на енергетските пазари, Регулаторната комисија за енергетика го следи особено:
1) остварувањето на законски утврдените обврски на вршителите на регулираните енергетски дејности што се однесуваат на обезбедувањето на сигурноста во снабдувањето со електрична енергија, природен гас и топлинска енергија;
2) функционирањето на енергетските пазари со цел да се обезбеди нивно унапредување, како и обезбедување на недискриминација, ефективна конкуренција, транспарентност и ефикасно функционирање на пазарите;
3) примената на правилата за доделување на интерконективните капацитети и за справување со загушувањата на капацитетите на електропреносниот систем и системот за пренос на природен гас, врз основа на обврските на Република Македонија преземени со ратификуваните меѓународни договори;
4) употребата на приходите остварени од справувањето со загушувањето на капацитетите на електропреносниот систем и системот за пренос на природен гас;
5) времето што им е потребно на операторите за системите за пренос и за дистрибуција за приклучување и за поправки;
6) навременото објавување на соодветни информации од страна на операторите на системите за пренос и дистрибуција за интерконекциите, за користењето на мрежата и распределбата на капацитетите на заинтересираните страни, имајќи ја предвид потребата дека поединечните информации треба да се третираат како комерцијално доверливи;
7) промените на сопственичката структура кај вршителите на енергетските дејности им предлага на надлежните државни институции преземање мерки со цел за заштита и унапредување на конкуренцијата на енергетските пазари;

8) примената на тарифните системи и пропишаните тарифи;
9) примената на условите и тарифите за приклучување на нови производни капацитети, земајќи ги предвид трошоците и придобивките од разни технологии на обновливи извори на енергија, дистрибуираното производство и комбинираното производство на топлинска и електрична енергија;
10) работењето на носителите на лиценци во врска со нивните обврски дефинирани во издадените лиценци;
11) квалитетот на услугите на носителите на лиценци;
12) ефективното раздвојување на сметководствената евиденција во согласност со овој закон, со цел да се избегне вкрстено субвенционирање на дејностите за производство, пренос, дистрибуција и снабдување со енергија или природен гас заради отстранување на вкрстените субвенции меѓу групите потрошувачи и прелевање на приходите и трошоците при вршењето на регулираните и/или нерегулираните енергетски дејности и
13) спроведувањето на програмите за усогласување на операторите на соодветните енергетски системи со кои се обезбедува нивна целосна правна, финансиска, управувачка и функционална независност од работењето на вертикално интегрираните енергетски компании кон кои припаѓаат како и од поврзаните енергетски компании, со цел да се обезбеди недискриминаторност, транспарентност и објективност во функционирањето на енергетските пазари.

(2) Доколку при следењето на состојбите и функционирањето на енергетските пазари во согласност со ставот (1) на овој член, Регулаторната комисија за енергетика утврди неправилност донесува одлука со која се забранува определено однесување на вршител на енергетска дејност или се наложува преземање на соодветни мерки, со цел да се обезбеди сигурноста во снабдувањето, ефикасно, конкурентно и недискриминаторно функционирање на енергетските пазари, како и зашитита на правата на потрошувачите и корисниците на енергетските системи. Во одлуката ќе се наведат мерките што треба да бидат преземени од страна на вршителот на регулираната енергетска дејност, како и роковите во кои треба да бидат преземени овие мерки и обврската за доставување на известувања за преземените мерки.

(3) При извршување на активностите од ставот (1) на овој член Регулаторната комисија за енергетика соработува со други надлежни државни органи и институции.

(4) Доколку носителите на лиценци не постапат по одлуката од ставот (2) на овој член Регулаторната комисија за енергетика ќе покрене постапка за одземање на лиценцата, или барање за поведување на прекршочна или друга постапка пред надлежен државен орган.

(5) Регулаторната комисија за енергетика донесува правилник за начинот и постапката за следење на функционирањето на енергетските пазари од ставот (1) на овој член.

(6) Доколку при следењето на функционирањето на пазарите на електрична и топлинска енергија и природен гас Регулаторната комисија за енергетика процени дека не постои ефикасна конкуренција може, во соработка со Комисијата за заштита на конкуренцијата, да изврши дополнителни истражувања и да одлучи да се преземат неопходни и соодветни мерки со кои ќе се обезбеди унапредување на конкуренцијата и ќе се обезбеди ефикасно функционирање на енергетските пазари. Овие мерки можат да содржат и обврски за производителите на енергија за задолжителна продажба на енергија или право на пристап на дел од производните капацитети на заинтересираните снабдувачи за определен временски период.

Член 24

(1) Со прописите и методологиите за формирање на тарифите за услугите за регулираните енергетски дејности, Регулаторната комисија за енергетика ги уредува и начинот на пресметка, одобрување и контрола на остварувањето на приходите за вршење на регулираните енергетски дејности.

(2) Со прописите за формирање на цените на електрична енергија или природен гас за потрошувачите што се снабдуваат преку снабдувач во краен случај Регулаторната комисија за енергетика го уредува начинот на формирањето, одобрувањето и контролата на крајната цена на електричната енергија или природен гас што треба да ја плати потрошувачот, а во која се вклучени производната, односно набавната цена на електричната енергија или природниот гас, соодветните тарифи за користење на енергетските системи и пазари, трошоците за урамнотежување, надоместокот за услугата снабдување, како и финансиските и другите форми на компензации коишто се доделуваат заради исполнување на обврските за обезбедување на јавна услуга.

(3) Со прописот и методологијата за формирање на цените на нафтените деривати и горивата за транспорт, Регулаторната комисија за енергетика го уредува начинот на формирање, одобрување и контрола на рафинерските и малопродажните цени на моторните бензини, дизел горивата, екстралесното масло и мазутот, како и малопродажните цени на мешавините од фосилни горива и биогорива наменети за транспорт.

(4) Прописите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член треба да се засновани на начелата на објективност, транспарентност и недискриминаторност и со нив треба да се обезбеди:
1) урамнотежување на интересите на вршителите на енергетски дејности и потрошувачите;
2) заштита на потрошувачите и корисниците од злоупотреба на доминантна позиција на пазарот и неоправдано високи цени и тарифи;
3) креирање на мерки за поттикнување на ефикасно работење на вршителите на регулираните енергетски дејности;
4) вршителите на соодветните енергетски дејности да ги повратат оправданите трошоци за вршење на енергетската дејност, како и соодветен поврат на капиталот;
5) тарифите за пренос и дистрибуција и соодветните методологии треба да овозможат со неопходните инвестиции во системите да се обезбеди одржливо функционирање на системите и
6) отстранување на вкрстените субвенции меѓу групите потрошувачи и прелевање на приходите и трошоците при вршење на регулираните и/или нерегулираните енергетски дејности.

(5) Со прописите од ставовите (1) и (2) на овој член треба да се утврдат објективни и недискриминаторни критериуми за процена на оправданоста на трошоците неопходни за вршење на регулираните енергетски дејности, водејќи сметка за зголемувањето на ефикасноста на работењето на вршителите на регулираните енергетски дејности.

(6) Со прописите за формирање на тарифата за пренос и тарифите за дистрибуција на енергија или природен гас, трошоците за набавка на енергија или природен гас за покривање на загубите во соодветниот енергетски систем се утврдуваат и се признаваат имајќи ја предвид динамиката за намалување на загубите според плановите за намалување на загубите што операторите на системите ги доставуваат за одобрување до Регулаторната комисија за енергетика.

(7) Во прописите од ставот (1) на овој член треба да се земат предвид:
1) приходите остварени од операторите на преносните системи по основ на прекугранични текови на електрична енергија, односно природен гас и надоместоци за справување со загушувањата во преносните системи и тие приходи:
- да имаат соодветен третман при определување на тарифите за користење на преносните системи или
- да се користат за одржување или инвестирање во зголемувањето на интерконективните капацитети;
2) приходите и трошоците остварени од операторите на преносните системи по основ на урамнотежување и

3) трошоците за набавка на системските услуги, трошоците за покривање на одобрените загуби на енергија или природен гас и други трошоци утврдени во согласност со соодветните методологии.

(8) Во прописите од ставот (1) на овој член што се однесуваат на користењето на електропреносниот и електродистрибутивните системи, Регулаторната комисија за енергетика, за потрошувачите приклучени на електродистрибутивните системи може да предвиди комбинирана тарифа за секое напонско ниво, во која ќе биде вградена и тарифата за користење на електропреносниот систем. При определувањето на комбинираната тарифа за користење на електропреносниот и електродистрибутивниот систем треба да се води сметка за произведената електрична енергија од производителите на електрична енергија приклучени на електродистрибутивната мрежа.

Член 25

(1) Со тарифните системи за пренос или дистрибуција на електрична енергија, топлинска енергија или природен гас и услугите што ги обезбедува операторот на пазарот на електрична енергија се определува начинот на утврдување на тарифите за регулираните услуги врз основа на приходите определени со примена на соодветните методологии од членот 24 став (1) на овој закон.

(2) Со тарифните системи за продажба на електрична енергија и природен гас на потрошувачите кои се снабдуваат преку снабдувачите во краен случај се определува начинот на пресметка на цените за испорачаната електрична енергија или природен гас. Во цените за испорачаната електрична енергија или природен гас се содржани и тарифите за соодветните регулирани услуги, утврдени во согласност со тарифните системи од ставот (1) на овој член.

(3) Тарифните системи од овој член ги донесува Регулаторната комисија за енергетика.

Член 26

(1) Со одлуките за цените за електрична и топлинска енергија или енергенти и тарифите за регулираните услуги се утврдуваат цените на електричната и топлинската енергија или енергентите или регулираната услуга, во согласност со соодветните прописи за формирање на цени.

(2) Одлуките со кои се утврдуваат цените или тарифите од ставот (1) на овој член ги донесува Регулаторната комисија за енергетика, на начин утврден со прописите за формирање на тарифи на регулираните услуги и прописите за цени за енергија или енергенти.

(3) Одлуките од ставот (1) на овој член се објавуваат во „Службен весник на Република Македонија" и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика.

Член 27

Регулаторната комисија за енергетика донесува правила за пазар на електрична енергија и правила за пазар на природен гас, засновани на принципите на транспарентност и недискриминација на корисниците на пазарите на електрична енергија и природен гас.

Член 28

(1) Регулаторната комисија за енергетика за секој вид енергија и природен гас донесеува одделни правила за снабдување со електрична енергија, топлинска енергија и природен гас.

(2) Со правилата од ставот (1) на овој член поблиску се уредуваат општите услови и начинот на снабдување, како и меѓусебните права, обврски и одговорности на снабдувачот, потрошувачот на соодветен вид енергија или природен гас и операторот на соодветниот систем, а особено:
1) условите, начинот и рокот на склучување на договорот за продажба на соодветниот вид енергија или природен гас;
2) начинот на пресметка, фактурирање и наплата на испорачаната енергија или природен гас и услугите за користење на преносните, односно дистрибутивните мрежи;
3) условите и начинот на обештетување на потрошувачот во случај на намалена испорака или прекин;
4) потрошувачите на кои не може да им се прекине испораката и начинот на обезбедување на гаранции за намирување на трошоците за потрошената енергија или природен гас од страна на овие корисници;
5) начинот и постапката за промена на снабдувачот по избор на потрошувачот и право на корисникот без надоместок да го промени снабдувачот;
6) квалитетот на испорачаната енергија или природен гас пропишан во соодветните мрежни правила;
7) квалитетот на услугите што ги обезбедува снабдувачот;
8) минималните услови и начин за организациона поставеност и техничка опременост за обезбедување на комуникација со потрошувачите заради обезбедување на пропишаниот квалитет на услугите што ги обезбедува снабдувачот;
9) начинот и постапките за комуникација и размена на информации меѓу снабдувачот и операторите на соодветните системи заради обезбедување на пропишаниот квалитет на енергијата или природниот гас и услугите што ги обезбедуваат операторите;
10) условите и постапката за исклучување на потрошувачите од преносните, односно дистрибутивните системи во случај кога потрошувачите не ги исполнуваат обврските уврдени со закон, пропис и договор;
11) начинот, формата и роковите за поднесување на извештаите кои снабдувачот е должен да ги достави до Регулаторната комисија за енергетика;
12) неопходните информации што снабдувачите се должни да им ги обезбедат на потрошувачите преку соодветните сметки, како и информациите што треба да бидат јавно достапни, а се од интерес за сите потрошувачи и
13) заштитата на потрошувачите.

(3) Регулаторната комисија за енергетика ќе донесе правила за снабдување во краен случај со електрична енергија за домаќинства и мали потрошувачи и правила за снабдување во краен случај за природен гас.

(4) Покрај одредбите од ставот (2) на овој член, правилата за снабдување во краен случај со електрична енергија за домаќинства и мали потрошувачи треба да содржат и одредби со кои поблиску ќе се уредат начинот и постапката според кои домаќинствата или малите потрошувачи можат да се стекнат со правото да бидат снабдувани преку снабдувачот во краен случај со електрична енергија.

Член 29

(1) За извршувањето на работите од надлежност на Регулаторната комисија за енергетика, државните органи, органите на единиците на локалната самоуправа, како и јавните претпријатија и трговските друштва кои ги вршат дејностите од областа на енергетиката се должни да и ги дадат потребните документи, податоци и информации на нејзино барање, во рок определен од Регулаторната комисија за енергетика.

(2) Документите, податоците и информациите што имаат доверлив карактер, Регулаторната комисија за енергетика ги користи и чува на начин утврден со акт согласно со прописите за заштита на податоците.

(3) Носителите на лиценци за вршење на одделни енергетски дејности се должни да доставуваат до Регулаторната комисија за енергетика месечни, квартални, годишни и други извештаи во врска со вршењето на дејноста, на начин и услови и со содржини определени со лиценците.

(4) Извештаите од ставот (3) на овој член се доставуваат во рок определен со лиценцата.

Член 30

(1) Заради извршување на работите од својата надлежност Регулаторната комисија за енергетика донесува:
1) правилници или правила со кои ги пропишува работите за чиешто уредување е надлежна согласно со овој закон;
2) одлуки со кои одлучува по поединечни работи во согласност со овој закон и прописите донесени во согласност со овој закон, вклучително и одлуки со кои на вршителите на регулираните енергетски дејности им наредува или им забранува определено однесување со цел да се обезбеди сигурност во снабдувањето со енергија или енергенти и ефикасна конкуренција на одделните енергетски пазари;
3) упатства со кои на вршителите на регулираните енергетски дејности им укажува на најдобрите практики за извршување на нивните законски утврдени права и обврски, особено во врска со обезедувањето на јавната услуга, сигурноста во снабдувањето, заштитата на потрошувачите и корисниците на јавната услуга, како и зголемувањето на ефикасноста во нивното работење и
4) решенија со кои одлучува за други прашања од својата надлежност и за прашања за своето внатрешно работење.

(2) Во постапката за донесување на одлуки, Регулаторната комисија за енергетика го применува Законот за општата управна постапка, ако со овој закон е предвидена поинаква постапка.

(3) Правните и физичките лица се должни да се придржуваат на правилниците, правилата и одлуките донесени од Регулаторната комисија за енергетика.

(4) Против носителите на лиценци и другите учесници на енергетските пазари кои не ги применуваат правилата, правилниците и одлуките на Регулаторната комисија за енергетика, Регулаторната комисија за енергетика ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка, во согласност со одредбите од овој закон.

(5) Актите на Регулаторната комисија за енергетика од ставот (1) точки 1 и 2 на овој член се објавуваат во „Службен весник на Република Македонија".

(6) Актите на Регулаторната комисија за енергетика од ставот (1) точки 1, 2 и 3 на овој член се објавуваат на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика.

Член 31

(1) Против поединечните акти на Регулаторната комисија за енергетика може да се поднесе жалба до Комисијата за решавање на жалби во областа на енергетиката (во натамошниот текст: Комисијата за жалби), најдоцна 15 дена 13 на актот на Регулаторната комисија за енергетика. Жалбата не го одлага извршувањето на одлуката на Регулаторната комисија за енергетика.

(2) Комисијата за жалби е составена од три члена и нивни заменици. Претседателот на Комисијата за жалби се избира од редот на членовите на Комисијата за жалби.

(3) Претседателот и членовите на Комисијата за жалби и нивните заменици, на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија ги именува и разрешува Собранието на Република Македонија.

(4) За именување на претседател, членови на Комисијата за решавање на жалби во областа на енергетиката и нивните заменици се објавува јавен оглас во три дневни весници, кои се издаваат на територијата на Република Македонија, од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик. 14

15

(5) За Председател, членови на Комисијата за решавање на жалби во областа на енергетиката и нивни заменици може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови, и тоа:
1) е државјанин на Република Македонија;
2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;
3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
4) има најмалку десет години работно искуство во областа на енергетиката;
5) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години: 16
- ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) и
6) има положено психолошки тест и тест за интегритет.

(6) Мандатот на секој член на Комисијата за жалби и на нивните заменици, изнесува пет години и ниту еден член не може да биде на таа функција повеќе од два мандата.

(7) Ако на член на Комисијата за жалби, односно негов заменик, му престане членството пред истекот на неговиот мандат, на предлог на надлежното тело на Собранието, Собранието на Република Македонија именува нов член, односно заменик за остатокот на мандатот.

(8) Престанок на функцијата член на Комисијата за жалби, односно на негов заменик, пред истекот на неговиот мандат, настанува под исти услови и на ист начин, како и на член на Регулаторната комисија за енергетика, утврдени во членот 19 од овој закон.

(9) Комисијата за жалби одлуките ги донесува со мнозинство гласови од вкупниот број членови. При донесувањето на одлуките од Комисијата за жалби се иззема членот кој има личен интерес во врска со одлуката по жалбата и се заменува со еден од замениците. Се смета дека членот, односно неговиот заменик има личен интерес ако тој, неговиот брачен другар или лице во сродство од права линија се акционери, односно содружници или вработени во друштвата инволвирани во предметот по кој се води жалбената постапка.

(10) Комисијата за жалби одлуките ги донесува во рок од најмногу 60 дена од денот на поднесувањето на жалбата.

(11) На членовите на Комисијата за жалби и на нивните заменици им следува месечен надоместок за

извршената работа што се исплаќа од вкупниот приход на Регулаторната комисија за енергетика.

(12) Месечните надоместоци од ставот (10) на овој член го определува Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија и истите не можат да бидат повисоки од 50% од просечната плата исплатена во Република Македонија во претходната календарска година.

(13) Административните работи на Комисијата за жалби ги врши министерството.

Член 32

(1) Седниците на Регулаторната комисија за енергетика се јавни.

(2) Во случаите кога на седницата на Регулаторната комисија за енергетика има потреба од изнесување на доверливи информации и деловни тајни, Регулаторната комисија за енергетика може да одлучи седницата да биде затворена за јавност.

(3) Регулаторната комисија за енергетика донесува правилници и одлуки со мнозинство гласови од вкупниот број членови, освен ако со деловникот за работа за одделни правилници, односно одлуки не е утврдено дека е потребно поинакво мнозинство.

(4) Секој член на Регулаторната комисија за енергетика има право писмено да ги образложи причините за своето гласање при донесување на правилник, односно одлука и да побара образложението да биде објавено на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика.

(5) Регулаторната комисија за енергетика ги пропишува начинот и постапката за запознавање на јавноста со својата работа и со донесените правилници, односно одлуки.

Член 33

(1) Учеството на заинтересираните субјекти и јавноста во постапката за одлучување на Регулаторната комисија за енергетика, се остварува преку присуство на подготвителни седници и на друг начин пропишан од Регулаторната комисија за енергетика.

(2) Регулаторната комисија за енергетика е должна да ги повика на подготвителна седница заитересираните субјекти, особено во постапките за:
1) донесување прописи за формирање на цени на одделни видови енергија и енергенти и тарифи за услуги во врска со вршењето на одделни енергетски дејности;
2) одобрување правила изготвени од носителите на лиценци;
3) донесување тарифни системи за електрична енергија и природен гас;
4) донесување одлуки за цени на одделни видови на енергија или енергенти и тарифи, во согласност со прописите за формирање на цени и тарифните системи на одделни видови на енергија, услуги во врска со вршењето на одделни енергетски дејности и
5) донесување одлуки за издавање, менување, пренесување, престанок, суспендирање и одземање на лиценци за вршење енергетска дејност.

(3) Регулаторната комисија за енергетика со деловникот за работа поблиску ги уредува постапката и начинот на свикување и одржување на подготвителните седници од ставот (1) на овој член, како и другите начини за учество на заинтересираните субјекти и јавноста во постапката за одлучување.

Член 34

(1) Работењето на Регулаторната комисија за енергетика се финансира од сопствени извори на средства обезбедени преку наплата на надоместок за издадвање на лиценци и преку наплата на годишен надоместок од носителите на лиценци за енергетски дејности.

(2) Регулаторната комисија за енергетика секоја година најдоцна до 1 октомври до Собранието на Република Македонија поднесува за усвојување предлог-финансиски план на Регулаторната комисија за енергетика за следната календарска година. Во предлог-финансискиот план се содржани сите планирани приходи и трошоци на Регулаторната комисија за енергетика, вклучувајќи ги и платите на членовите и на вработените на Регулаторната комисија за енергетика, како и надоместоците за членовите на Комисијата за жалби и нивните заменици.

(3) Собранието на Република Македонија го усвојува предлог-финансискиот план и со одлука го утврдува процентот на зафаќање од вкупниот годишен приход на носителите на лиценци. Процентот на зафаќање од вкупниот приход не може да биде повисок од 0,1%.

(4) Годишниот надоместок од ставот (1) на овој член се пресметува врз основа на процентот од ставот (3) на овој член утврден од страна на Собранието на Република Македонија и вкупниот приход на носителите на лиценци според податоци од Централниот регистар на Република Македонија, остварен во годината што и претходи на годината во која се доставува предлог - финансискиот план.

(5) Носителите на лиценци го уплаќаат годишниот надоместок од ставот (1) на овој член на сметката на Регулаторната комисија за енергетика во два еднакви дела и тоа првиот дел најдоцна до 30 април, а вториот дел најдоцна до 30 септември, во годината за која се однесува финансискиот план од ставот (3) на овој член.

(6) Доколку во една календарска година остварените приходи на Регулаторната комисија за енергетика се поголеми од реализираните расходи, за износот на разликата ќе се намалат планираните приходи во следниот предлог - финансиски план.

Член 35

(1) Секоја година, најдоцна до 31 март, Регулаторната комисија за енергетика до Собранието на Република Македонија доставува за усвојување годишен извештај за својата работа во претходната година. Годишниот извештај содржи детални информации за активностите од членовите 22 и 23 на овој закон, како и детални информации за материјално-финансиското работење на Регулаторната комисија за енергетика.

(2) Годишниот извештај од ставот (1) на овој член се објавува на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, а резимето на извештајот се објавува во едно од јавните гласила.

(3) Регулаторната комисија за енергетика го доставува годишниот извештај од ставот (1) на овој член до Владата на Република Македонија и до министерството заради запознавање.

(4) По барање на Владата на Република Македонија или министерот, Регулаторната комисија за енергетика доставува и други извештаи и информации од делокругот на работата на Регулаторната комисија за енергетика што се од значење за извршување на работите на Владата на Република Македонија и министерството, пропишани со овој закон.

Член 36

(1) Регулаторната комисија за енергетика одлучува по споровите покренати од корисниците на системите или учесниците на пазарите против соодветните носители на лиценци во врска со вршењето на регулираните енергетски дејности и споровите во врска со примената на пропишаните услови, методологии или тарифи за приклучување, пристап, урамнотежување и користење на соодветните системи или пазари и доделување на соодветните интерконективни капацитети, кога барањето за интерконективен капацитет е одбиено од оператор на преносен систем од Република Македонија.

(2) Во постапката од ставот (1) на овој член Регулаторната комисија за енергетика е должна да ја донесе одлуката во што е можно покус рок, но не подоцна од два месеца од денот на покренувањето на спорот.

(3) Рокот од ставот (2) на овој член може да биде продолжен за уште најмногу два месеца по барање на Регулаторната комисија за енергетика заради прибирање на дополнителни информации поврзани со донесувањето на одлуката или за друг временски период доколку за тоа се согласат засегнатите страни.

(4) Одлуката на Регулаторната комисија за енергетика е конечна. Против одлуката на Регулаторната комисија за енергетика може да се поднесе тужба пред надлежен суд.

(5) Регулаторната комисија за енергетика ќе донесе правилник за начинот, условите и постапката за одлучување по споровите од овој член и висината на оправданите надоместоци за трошоците настанати во постапката, водејќи сметка надоместоците да не претставуваат прекумерен товар за домаќинствата и малите потрошувачи на енергија или природен гас.

IV. ЛИЦЕНЦИ

Член 37

(1) Вршителите на дејностите од членот 4 на овој закон не можат да започнат со вршењето на дејноста без да им биде издадена лиценца од Регулаторната комисија за енергетика.

(2) Лиценца не е потребна за:
1) производство на електрична или топлинска енергија наменето за сопствена потрошувачка, при што не се користи соодветниот енергетски систем;
2) пренесување на електрична енергија или природен гас преку директни водови;
3) складирање на нафтени деривати, биогорива и/или горива за транспорт наменети за сопствена потрошувачка;
4) складирање на нафтени деривати и горива за транспорт во објектите за трговија на мало;
5) трговија на мало со нафтени деривати и горива за транспорт и трговија со течен нафтен гас во садови под притисок и
6) трговија со природен гас во случаите кога за транспортот на природниот гас не се користи систем пренос или дистрибуција на природен гас.

(3) Лиценцата се издава за период од три до 35 години во зависност од видот на енергетската дејност, видот и обемот на обврската за обезбедување на јавна услуга во вршењето на енергетската дејност, обемот на средствата потребни за извршување на енергетската дејност, времетраењето на правото за користење на соодветниот енергетски ресурс, како и барањето на вршителот на енергетската дејност.

(4) Лиценцата престанува со истекот на периодот за кој е издадена, со одземање или по барање на носителот на лиценцата. Регулаторната комисија за енергетика ќе донесе одлука за престанување на важењето на лиценцата кога лиценцата престанува да важи по барање на носителот на лиценцата.

(5) На едно лице може да му се издаде една лиценца за вршење на две или повеќе енергетски дејности во следниве случаи:
1) производство на топлинска и електрична енергија во постројки за комбинирано производство на топлинска и електрична енергија и
2) производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија добиена од геотермални извори.

(6) На исто лице по негово барање може да му се издадат повеќе лиценци за вршење на иста енергетска дејност кога дејноста ја врши преку енергетски објекти кои претставуваат засебна техничко-технолошка целина.

(7) Органите на државната управа кои во рамките на своите надлежности утврдени со закон вршат инспекциски надзор над работењето во енергетските дејности за кои е потребна лиценца, по барање од Регулаторната комисија за енергетика, се должни да достават информации кои се од значење за издавање или одземање на лиценцата, вклучувајќи и информации за тековното работење на носителот на лиценцата.

Член 38

(1) Лиценцата не може да се пренесе на друго лице.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член лиценцата може да се пренесе на друго лице во случај кога:
1) енергетската дејност за која е издадена лиценцата се врши врз основа на концесија за користење на природно добро или врз основа на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на енергетски објект, а концедентот во согласност со овој или друг закон донел одлука за пренесување на концесијата или
2) постројката за производство на електрична или топлинска енергија е во состав на објект кој не е енергетски и истата не може да биде одвоена од него, а неенергетскиот објект го променил сопственикот.

(3) Кон барањето за пренос на лиценцата, новиот вршител на енергетската дејност е должен да ја достави соодветната одлука на концедентот од ставот (2) точка 1 на овој член, односно договорот за купопродажба на објектот од ставот (2) точка 2 на овој член.

Член 39

(1) Инвеститорот може да побара да му се издаде лиценца и пред добивање на одобрение за употреба на енергетскиот објект, или пред добивање на извештај за извршен технички преглед од надзорниот инженер за објектите за кои не е потребно издавање на одобрение за употреба, или пред добивање на решение за ставање во употреба на енергетскиот објект, ако:
1) за енергетскиот објект, односно систем е издадено овластување за изградба во согласност со овој закон или
2) е издадено одобрение за градење на објектот, во случај кога за изградбата на објектот не е потребно овластување за изградба на енергетски објект или
3) инвеститорот се стекнал со право на градење на објектот врз основа на спроведена постапка по јавен повик за изградба на објекти за производство на електрична енергија или комбинирано производство на електрична и топлинска енергија или производство на топлинска енергија или
4) инвеститорот стекнал право на градење на објектот, врз основа на концесија на добро од општ интерес, односно изградба на објект, систем или вршење на енергетска дејност врз основа на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство.

(2) Регулаторната комисија за енергетика ќе донесе одлука за влегување во сила на лиценцата издадена во согласност со ставот (1) на овој член откако инвеститорот ќе достави одобрение за употреба на енергетскиот објект или извештај за извршен технички преглед од надзорниот инженер за објектите за кои не е потребно издавање на одобрение за употреба или решение за ставање во употреба на опремата што е вградена во постоечки градежен објект изграден во согласност со закон.

Член 40

(1) По барање на инвеститорот на енергетски објект, Регулаторната комисија за енергетика, во рок од седум дена од денот на приемот на барањето, ќе му издаде времена лиценца за работа на енергетскиот објект за кој е издадена лиценца според членот 39 од овој закон.

(2) Кон барањето од ставот (1) на овој член, инвеститорот ја доставува следнава документација:
1) изјава од производителите на главната опрема за вршење на соодветната енергетска дејност заверена од нотар со која се потврдува дека главната опрема е монтирана во согласност со упатствата на производителите и соодветните технички прописи и стандарди за таков вид на опрема;
2) изјава од инвеститорот заверена од нотар со која се потврдув дека за опремата инсталирана во енергетскиот објект може да почне испитување;
3) изјава од инвеститорот заверена на нотар со која се потврдува дека за време на важноста на времената лиценца инвеститорот е целосно одговорен за сите евентуални проблеми кои можат да настанат кон операторите на соодветните енергетски системи и/или кон трети лица приклучени кон истите енергетски системи за време на испитувањето на енергетскиот објект за кој се издава времена лиценца и
4) договори со операторите на соодветните енергетски систем за времено приклучување на енергетскиот објект, како и за начинот на приклучок и работа за времетраење на времената лиценца.

(3) Начинот, условите и постапката за времено приклучување на преносната, односно дистрибутивната мрежа, како и работата на енергетските објекти со времена лиценца се уредуваат со соодветните мрежни правила.

(4) Времената лиценца за енергетскиот објект се издава само еднаш и е со важност од најмногу девет месеци со можност за нејзино продолжување за најмногу шест месеци.

(5) Носителот на времената лиценца за времетраењето на времената лиценца ги има сите права и обврски како да е носител на лиценца.

Член 40-а

(1) Доколку Регулаторната комисијата за енергетика не одлучи во рокот од членот 40 став (1) од овој закон, подносителот на барањето може во рок од три работни дена да поднесе барање за издавање на времена лиценца до писарницата на Регултораната комисијата за енергетика.

(2) Формата и содржината на барањето од ставот (1) на овој член ги пропишува Регулаторната комисијата за енергетика.

(3) Регулаторната комисијата за енергетика е должна во рок од пет работни дена од приемот на барањето од ставот (1) на овој член да одлучи по барањето за издавање на времена лиценца.

(4) Доколку Регулаторната комисијата за енергетика не одлучи во рокот од ставот (3) на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(5) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (4) на овој член да изврши инспекциски надзор во Регулаторната комисијата за енергетика и да утврди дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот инспекциски надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(6) Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое ја задолжува Регулаторната комисија за енергетика во рок од десет дена да одлучи по барањето, односно да го уважи или одбие барањето и за преземените мерки во истиот рок да го извести испекторот и да му достави примерок од актот со кој е одлучено по барањето.

(7) Доколку Регулаторната комисијата за енергетика не одлучи во рокот од ставот (6) на овој член инспекторот ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција против претседателот и членовите на Регулаторната комисија за енергетика и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој Регулаторната комисија за енергетика ќе одлучи по барањето за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по барањето. Инспекторот во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(8) Доколку Регулаторната комисија за енергетика не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (7) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против претседателот и членовите на Регулаторната комисија за енергетика и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(9) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (4) на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

(10) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена да го разгледа приговорот од ставот (9) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето од ставот (4) или не поднесе барање, односно пријава согласно со ставовите (7) и (8) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за испекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој испекторот ќе изврши надзор во Регулаторната комисија за енергетика дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(11) Доколку инспекторот на постапи и во дополнителниот рок од ставот (10) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(12) Во случајот од ставот (11) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден, ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

(13) Во случаите од ставот (12) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(14) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (11) на овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител, во рок од осум

работни дена.

(15) Доколку Регулаторната комисија за енергетика не одлучи во рокот од ставот (3) на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

(16) Постапката пред Управниот суд е итна.

Член 41

Регулаторната комисија за енергетика донесува Правилник за лиценци со кој поблиску се пропишуваат:
1) условите, начинот и постапката за издавање, менување, продолжување, пренесување, суспендирање, одземање и престанување на важноста на лиценцата и на времената лиценца за работа на енергетскиот објект;
2) времетраењето на лиценцата и на времената лиценца;
3) обрасците што се употребуваат во постапката за издавање, менување, продолжување, пренесување, суспендирање и одземање на лиценцата;
4) формата и содржината на лиценцата и на времената лиценца;
5) следењето и контролата на исполнувањето на обврските содржани во лиценцата и другите обврски што произлегуваат од овој закон и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон и
6) износот на трошоците за постапката на издавање, пренесување, суспендирање, менување, продолжување и одземање на лиценцата.

Член 42

Лиценцата, односно времената лиценца, во зависност од видот на енергетската дејност, особено содржи:
1) податоци за субјектот на кој му се издава лиценца;
2) видот на енергетската дејност којашто ќе се врши, подрачјето на кое ќе се врши дејноста, како и објектот и/или објектите каде што ќе се врши дејноста со технички карактеристики на објектите и постројките;
3) почетокот на вршење на енергетската дејност и рокот на важење на лиценцата;
4) услови и начин за извршување на пропишаните обврски при вршењето на соодветната енергетска дејност;
5) услови, начин и постапка за доставување на извештаи и други податоци за финансиското и деловното работење, статусните измени, како и за начинот на извршување на дејноста;
6) услови, начин и постапка за менување, продолжување, суспендирање и одземање на лиценцата и
7) услови и начин на вршење на регулираната енергетска дејност и остварувањето на обврската за обезбедување на јавна услуга во случај кога е започната постапка за престанување на важењето на лиценцата по барање на носителот на лиценцата, или кога е започната постапка за одземање на лиценцата.

Член 43

(1) Лиценцата може да се менува по барање на носителот на лиценцата, ако промената не е во спротивност со овој закон.

(2) Регулаторната комисија за енергетика ќе поведе постапка за менување на лиценцата по службена должност ако настане промена на законите и другите прописи со кои се уредува вршењето на енергетската дејност за која е издадена лиценцата.

Член 44

(1) Лиценцата може да се продолжи по писмено барање на носителот на лиценцата кое се доставува до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна 60 дена пред истекот на рокот на важење на лиценцата.

(2) Носителот на лиценцата за вршење на регулирана енергетска дејност е должен, една година пред истекот на рокот на важење на лиценцата, да ја извести Регулаторната комисија за енергетика за тоа дали ќе бара продолжување на лиценцата.

Член 45

Носителот на лиценца за вршење на регулирана енергетска дејност не може да престане да ја исполнува обврската за обезбедување на јавната услуга кон поединечен корисник на јавната услуга, освен во случај кога корисникот на јавната услуга:
1) не ги исполнува своите обврски утврдени со закон или други прописи, како и обврските од договорите за користење на соодветните системи и/или снабдување со енергија, односно енергент или
2) со начинот на користење јавната услуга може да предизвика загрозување на животот и здравјето на луѓето, животната средина и природата и имотот или го попречува обезбедувањето на јавната услуга на други корисници.

Член 46

(1) Носителот на лиценца за вршење на регулирана енергетска дејност не може без претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика привремено да прекине со вршењето на дејноста за која е издадена лиценцата.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, носителот на лиценца за вршење на регулирана енергетска дејност може привремено да прекине со вршењето на дејноста без претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, ако:
1) со вршењето на дејноста може да настане или настанала опасност по животот и здравјето на луѓето, животната средина и природата и имотот, за функционирање на енергетските објекти или системи или
2) дејноста не може да се извршува поради виша сила.

(3) За случаите од ставот (2) на овој член, носителот на лиценцата најдоцна во рок од осум часа по прекинот на вршењето на дејноста е должен да побара од Регулаторната комисија за енергетика одобрување за привременото прекинување на вршењето на дејноста.

(4) Одредбите од овој член не се однесуваат на случаите кога вршителот на регулираната енергетска дејност треба делумно да прекине со вршење на дејноста поради одржување, надградба и изградба на мрежите и/или постројките.

Член 47

(1) Регулаторната комисија за енергетика може да донесе одлука за суспендирање на лиценцата, ако на носителот на лиценцата надлежен инспекциски или друг државен орган со решение му изрекол мерка за забрана за вршење на енергетска дејност за определен период.

(2) Во одлуката од ставот (1) на овој член ќе се наведат мерките што треба да бидат преземени од носителот на лиценцата неопходни за обезбедување на потребното ниво на јавната услуга во периодот во кој е суспендирана лиценцата.

(3) Суспендирањето на лиценцата е за периодот за кој е изречена мерката забрана за вршење на енергетска дејност.

(4) Против одлуката за суспендирање на лиценцата од ставот (1) на овој член, носителот на лиценцата има право на жалба до Комисијата за жалби. Жалбата не го одлага извршувањето на одлуката.

Член 48

(1) Лиценцата може да се одземе ако носителот на лиценцата:
1) не започне со вршење на регулираната енергетска дејност за која е издадена лиценцата во рокот определен со лиценцата;
2) не ја врши дејноста за која е издадена лиценцата на начин и под услови пропишани со овој и друг закон и други прописи;
3) во своето работење не се придржува кон одлуките и не ги извршува поединечните акти донесени од Регулаторната комисија за енергетика;
4) во определен рок не постапи по барањето на надлежните органи за отстранување на недостатоците во работењето кои довеле или би можеле да доведат до престанување на обезбедувањето на јавната услуга на начин пропишан со закон, или до намалување на квалитетот, континуитетот, безбедноста или сигурноста во обезбедувањето на јавната услуга или
5) престанал да ги исполнува условите за вршење на енергетската дејност за која е издадена лиценцата.

(2) Одземањето на лиценцата се врши со одлука на Регулаторната комисија за енергетика во која се наведуваат причините за одземање на лиценцата и правата на носителот на лиценцата по донесената одлука.

(3) Најдоцна во рок од осум дена по дознавањето дека постои некоја од причините од ставот (1) на овој член, Регулаторната комисија за енергетика писмено ќе го извести носителот на лиценцата за постоење на услови за започнување на постапката за одземање на лиценцата, повикувајќи го да се произнесе околу причините за одземање на лиценцата во рок од 15 дена од денот на добивањето на известувањето.

(4) По истекот на рокот од ставот (3) на овој член, Регулаторната комисија за енергетика може да донесе одлука за започнување на постапката за одземање на лиценцата, земајќи го предвид произнесувањето на носителитот на лиценцата. Ако носителот на лиценцата не се произнел околу причините во тој рок, Регулаторната комисија за енергетика ќе донесе одлука за започнување на постапката за одземање на лиценцата.

(5) Во одлуката од ставот (4) на овој член, меѓу другото, се утврдуваат постапките, мерките и активностите што носителот на лиценцата е должен да ги преземе заради отстранување на причините поради кои е започната постапката за одземање на лиценцата, поединечните рокови за нивно исполнување, како и крајниот рок за отстранување на причините, кој не може да биде подолг од шест месеци.

(6) Во одлуката од ставот (4) на овој член се определува и обврската за носителот на лиценцата редовно да ја известува Регулаторната комисија за енергетика околу начинот на спроведување на постапките, мерките и активностите за отстранување на причините за започнување на постапката за одземање на лиценцата во роковите утврдени со одлуката.

(7) Регулаторната комисија за енергетика одлуката од ставот (4) на овој член ја објавува во јавните гласила и на својата веб страница.

(8) По приемот на одлуката од ставот (4) на овој член носителот на лиценцата ќе пристапи кон спроведување на постапките, мерките и активностите за застранување на причините поради кои е започната постапката за одземање на лиценцата во роковите утврдени во одлуката, вклучително и во шестмесечниот краен рок.

(9) Против одлуката за започнување на постапка за одземање на лиценцата носителот на лиценцата има право на жалба до Комисијата за жалби.

(10) Ако носителот на лиценцата не ги исполни обврските во крајниот рок определен со одлуката за започнување на постапката за одземање на лиценцата, Регулаторната комисија за енергетика, најдоцна 30 дена од истекот на крајниот рок, ќе донесе одлука за одземање на лиценцата.

(11) Против одлуката на Регулаторната комисија за енергетика за одземање на лиценцата од ставот (10) на овој член носителот на лиценцата има право на жалба до Комисијата за жалби.

V. ИЗГРАДБА НА НОВИ ЕНЕРГЕТСКИ ОБЈЕКТИ

V.1. Изградба на нови објекти за производство на енергија

Член 49

(1) Нови објекти за производство на електрична енергија, комбинирано производство на електрична и топлинска енергија или производство на топлинска енергија можат да се градат ако за тоа е издадено овластување за изградба на нови објекти за производство на електрична и/или топлинска енергија, во согласност со овој закон.

(2) Овластување од ставот (1) на овој член е потребно и во случај на зголемување на инсталираната моќност на постојните енергетски објекти.

(3) Овластување не е потребно, ако:
1) производниот енергетски објект е со вкупна инсталирана електрична и/или топлинска моќност помала или еднаква на 10 MW;
2) со проширувањето на производниот енергетски објект вкупната инсталирана електрична и/или топлинска моќност се зголемува за најмногу 10 MW и
3) произведената енергија во енергетскиот објект ќе се користи исклучиво за сопствени потреби.

(4) Овластување за изградба на енергетски објекти од ставот (1) на овој член не е потребно ако вршењето на енергетската дејност производство на соодветниот вид енергија е условено со обезбедување на концесија за користење на природно добро. Условите за изградба на соодветниот енергетски објект се утврдуваат во концесискиот договор.

(5) Изградбата на нови или проширувањето на постојните објекти за производство на електрична и/или топлинска енергија се врши во согласност со законите и другите прописи со кои се уредува градењето.

(6) Одлуката за овластување за изградба на нови или проширување на постојни објекти за производство на електрична енергија или комбинирано производство на електрична и топлинска енергија ја донесува Владата на Република Македонија.

(7) Одлуката за овластување за изградба на нови или проширување на постојни објекти за производство на

топлинска енергија ја донесува советот на единицата на локалната самоуправа.

(8) Заради заштита и унапредување на животната средина постројките за производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија, како и од високоефикасните комбинирани постројки што ги исполнуваат условите пропишани во согласност со членот 151 од овој закон се објекти од јавен интерес.

Член 50

(1) Постапката за издавање на овластување за изградба или проширување на објекти за производство на електрична енергија, комбинирано производство на електрична и топлинска енергија или производство на топлинска енергија ќе биде заснована на начелата за објективност, транспарентност и недискриминација.

(2) Овластувањата се издаваат според критериуми што се однесуваат на:
1) сигурност во снабдувањето со соодветен вид на енергија;
2) безбедност и сигурност на енергетскиот систем, објектите и соодветната опрема;
3) заштита на јавното здравје и сигурност;
4) заштита на животната средина;
5) користење на земјиштето и локациите;
6) користење на јавното земјиште;
7) енергетска ефикасност;
8) видот на примарната енергија и
9) специфични карактеристики за подносителот на барањето за неговата техничка, финансиска и економска способност.

Член 51

(1) За издавање на овластување за изградба на нови или реконструција на производните објекти наведени во членот 49 став (6) од овој закон заинтересираните домашни и странски инвеститори до Владата на Република Македонија поднесуваат барање за издавање на овластување, а за производните објекти наведени во членот 49 став (7) од овој закон до единицата на локалната самоуправа.

(2) Владата на Република Македонија во рок од осум дена од денот на приемот на барањето, ќе го објави барањето во „Службен весник на Република Македонија" и истото ќе го достави до министерството.

(3) Градоначалникот на единицата на локалната самоуправа, во рок од осум дена од денот на приемот на барањето, ќе го објави барањето во службеното гласило на единицата на локалната самоуправа.

(4) Министерот поблиску ги пропишува формата и содржината на барањето за овластување за изградба или реконструкција на објектите од членовите 49 став (6), 61 став (1) и 64 став (1) од овој закон.

Член 52

Покрај барањето за овластување, подносителот е должен да ја достави и следнава документација:
1) идеен проект и економска анализа;
2) согласност за приклучување на преносниот или дистрибутивен систем за електрична енергија во согласност со соодветните мрежни правила и/или согласност за приклучување на преносниот или дистрибутивниот систем за природен гас во случаите кога како гориво се користи природениот гас;
3) решение со кое се дава согласност за спроведување на проектот, односно решение со кое се одобрува елаборатот за животна средина, доколку во согласно со закон, за проектот е потребна студија или елаборат;
4) извод од постојната планска документација, односно извод од државна урбанистичка планска документација или извод од локална урбанистичка планска документација;
5) финансиска конструкција за планираниот објект;
6) изјава од реномирана финансиска институција или банка за нејзината намера на лицето да му овозможи кредитна линија за реализација на проектот, доколку за реализиција на проектот се предвидува користење на кредит;
7) доказ за финансиската способност на барателот за обезбедување на сопственото учество во финансирањето на објектот;
8) референци на барателот и можните партнери поврзани со реализацијата на проекти од овој вид;
9) документи од регистрацијата на барателот;
10) документи од надлежен орган дека барателот не е во постапка за стечај или ликвидација;
11) документи од надлежен орган дека против барателот не се води кривична или прекршочна постапка во врска со неговата професионална дејност и
12) изјава од барателот за веродостојноста на податоците.

Член 53

(1) Постапката за издавање на овластување за изградба или реконструција на објектите ја спроведува Комисија за спроведување на постапка за доделување на овластувања за објекти наведени во членот 49 став (6) од овој закон што ја формира министерот, имајќи ја предвид соодветната и правична застапеност на припадниците на сите заедници.

(2) Комисијата од ставот (1) на овој член е составена од девет члена, од кои два од министерството и по еден претставник од министерствата надлежни за вршење на работите од областа на градежништвото, финансиите, за животната средина и земјоделството, Агенцијата за енергетика, операторот на електропреносниот систем, како и еден член од други институции или независни експерти. За претседател на Комисијата ќе биде назначен еден од претставниците на министерството. Мандатот на членовите на Комисијата изнесува четири години. На членовите на Комисијата им следува месечен надоместок за извршената работа што го определува Владата на Република Македонија, а средствата се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

(3) Членовите на Комисијата од ставот (1) на овој член треба да ги исполнуваат следниве услови:
1) високо образование од областа на надлежност од органот, односно институцијата од ставот (2) на овој член и
2) најмалку три години работно искуство на работи и работни задачи поврзани со постапувањето на комисијата од ставот (1) на овој член.

(4) Постапката за издавање на овластување за изградба на производни објекти наведени во членот 49 став (7) на овој закон ја спроведува петчлена комисија што ја формира градоначалникот на единицата на локалната самоуправа, составена од експерти од областа на енергетиката, економијата и правото. Мандатот на членовите на комисијата изнесува четири години. На членовите на комисијата им следува месечен надоместок за извршената работа што ќе биде определен од советот на единицата на локалната самоуправа, а средствата се обезбедуваат од средствата на буџетот на единицата на локалната самоуправа.

(5) Претседателот и членовите на комисиите од ставовите (1) и (3) на овој член се должни да ја почитуваат постапката и роковите за спроведување на постапката, утврдени со овој и друг закон.

(6) Комисиите од ставовите (1) и (3) на овој член донесуваат деловник за својата работа.

(7) Месечните надоместоци од ставовите (2) и (3) на овој член не можат да бидат повисоки од 30% од просечната плата исплатена во Република Македонија во претходната календарска година.

Член 54

(1) Ако комисиите од членот 53 ставови (1) и (3) на овој закон утврдат дека барањето за овластување не е целосно, во рок не подолг од 15 дена од денот на објавувањето на барањето во „Службен весник на Република Македонија", односно во службеното гласило на единицата на локалната самоуправа, ќе му предложат на министерот, односно на градоначалникот да го задолжи подносителот да ја комплетира пропишаната документација според членот 52 од овој закон.

(2) Министерот, односно градоначалникот во рок од најмногу седум дена со заклучок ќе го задолжи барателот на овластувањето да ја комплетира документацијата во рок што не може да биде покус од 15 дена од денот на приемот на заклучокот.

(3) Ако подносителот на барањето не ја комплетира документацијата во рокот определен со заклучокот од ставот (2) на овој член, Владата на Република Македонија на предлог на министерот, односно советот на единицата на локалната самоуправа на предлог на градоначалникот, ќе донесе одлука за запирање на постапката.

(4) Против одлуката од ставот (3) на овој член подносителот на барањето може да заведе управен спор.

Член 55

(1) Владата на Република Македонија, на предлог на министерот, во рок од 60 дена од денот на приемот на барањето, ќе донесе одлука за издавање или одбивање на барањето за издавање на овластување за изградба на нови или реконструција на постојни објекти за производство на електрична енергија или комбинирано производство на електрична и топлинска енергија. Владата на Република Македонија пред донесување на одлуката ќе побара мислење од Регулаторната комисија за енергетика.

(2) Владата на Република Македонија ќе донесе одлука со образложение за одбивање на барањето за издавање на овластување доколку е исполнет некој од следниве услови:
1) донесено е правосилно решение со кое се одбива барањето за спроведување на проектот, односно решение со кое не се одобрува елаборатот за животна средина;
2) во постојната планска документација не е предвидена изградба на производни енергетски објекти кога барањето се однесува за нов објект за производство на електрична и/или топлинска енергија и
3) ако барателот не докаже дека може да го обезбеди финансирањето на изградбата на објектот.

(3) Одлуката за издавање на овластување од ставот (1) на овој член се објавува во „Службен весник на Република Македонија".

(4) Советот на единицата на локалната самоуправа, на предлог на градоначалникот, во рок од 60 дена од денот на приемот на барањето ќе донесе одлука за издавање или одбивање на барањето за издавање на овластување за изградба на нови или реконструкција на постојни објекти за производство на топлинска енергија.

(5) Советот на единицата на локалната самоуправа ќе донесе одлука со образложение за одбивање на барањето за издавање на овластување, ако е исполнет некој од условите наведени во ставот (2) на овој член.

(6) Одлуката за издавање на овластување од ставот (4) на овој член се објавува во службеното гласило на единицата на локалната самоуправа.

(7) Против одлуките од ставовите (1) и (4) на овој член може да се заведе управен спор.

Член 56

Со овластувањето за изградба на нови или реконструкција на постојни објекти за производство на електрична енергија, комбинирано производство на електрична и топлинска енергија или производство на топлинска енергија особено се утврдува:
1) видот, карактеристиките, инсталираната моќност и очекуваното годишно производство на енергија, видот и потребните количини на гориво;
2) локацијата на објектот во согласност со соодветната урбанистичко-планска документација;
3) рокот на важност на овластувањето;
4) постапувањето со објектот по престанување на неговата работа;
5) начинот на употреба на јавната инфраструктура;
6) условите кои треба да се исполнат за заштитата на животната средина во согласност со закон;
7) условите во врска со ефикасноста на работењето на објектот и
8) други услови во врска со изградбата на објектот.

Член 57

(1) Рокот на важноста на овластувањето од членот 56 на овој закон е три години од денот на неговото влегување во сила.

(2) Овластувањето за изградба или реконструкција на енергетски објекти престанува да важи доколку носителот на овластувањето не обезбеди одобрение за градење на објектот во рокот определен во ставот (1) од овој член.

Член 58

(1) По барање на носителот на овластување овластувањето може да се пренесе на друго лице по претходно добиена согласност од Владата на Република Македонија, односно советот на единицата на локалната самоуправа.

(2) Кон барањето за пренесување на овластувањето треба да се достават податоците и документите за лицето на кое треба да се пренесе овластувањето наведени во членот 52 став (1) точки 5 до 12 од овој закон. Постапката за пренесување на овластувањето ја спроведува Комисијата од членот 53 став (1), односно ставот (3) на овој закон, на начин и по постапка, како и за доделување на овластување.

Член 59

(1) Ако врз основа на издадените овластувања за изградба на нови и реконструкција на постојни објекти за производство на електрична енергија и комбинирано производство на електрична и топлинска енергија, а во согласност со Стратегијата за развој на енергетиката на Република Македонија, прогнозите за потрошувачката на електрична енергија земајќи ги предвид мерките за зголемување на енергетската ефикасност и управувањето со потрошувачката и можностите за обезбедување на овие потреби, се оцени дека може да биде нарушена сигурноста во снабдувањето со енергија, Владата на Република Македонија, на

предлог на министерството, може да донесе одлука и да распише јавен повик за изградба на објекти за производство на електрична енергија и комбинирано производство на електрична и топлинска енергија.

(2) Јавниот повик од ставот (1) на овој член може да се објави и за изградба на објекти што можат да се стекнат со статус повластен производител на електрична енергија во согласност со Стратегијата за развој на енергетиката на Република Македонија, поради потребата од намалување на негативни влијанија на животната средина и унапредување на искористувањето на обновливите извори на енергија, како и за воведување на нови технологии и комбинирано производство на електрична и топлинска енергија.

(3) Со одлуката од ставот (1) на овој член се определува начинот и потребните средства за подготовка на тендерската документација.

(4) Министерството е надлежно за изготвување на тендерската документација од ставот (3) на овој член, како и за спроведувањето на постапката по јавниот повик од ставот (1) на овој член.

(5) Пред доставувањето на предлогот за донесување на одлуката од ставот (1) на овој член, министерството е должно да утврди дали може сигурноста на снабдувањето со електрична енергија да се обезбеди со мерки за ефикасно користење на електричната енергија и управување со потрошувачката.

(6) При донесување на одлуката за распишување на јавниот повик треба да се разгледаат и понудите за испорака на електрична енергија со гаранции за долгорочна испорака на енергија од постојни производни објекти.

(7) Ако врз основа на издадените овластувања за изградба на нови објекти за производство на топлинска енергија и прогнозите за побарувачката на топлинска енергија, земајќи ги предвид мерките за зголемување на енергетската ефикасност и управувањето со оптоварувањата и можностите за обезбедување на овие потреби, се оцени дека не е обезбедена сигурноста за снабдување, единицата на локалната самоуправа може да донесе одлука и да распише јавен повик за изградба на објекти за производство на топлинска енергија.

(8) Со одлуката од ставот (7) на овој член се определува начинот на подготовка, потребните средства и органот, односно институцијата која ќе ја подготви тендерската документација.

(9) Јавниот повик од ставот (7) на овој член го спроведува градоначалникот на единицата на локалната самоуправа.

Член 60

(1) Надлежниот орган за спроведување на постапката од членот 59 на овој закон го објавува јавниот повик во најмалку две јавни гласила и во "Службен весник на Република Македонија", односно во службеното гласило на единицата на локалната самоуправа.

(2) Јавниот повик од ставот (1) на овој член особено содржи:
1) вид на енергетски објект за кој се распишува јавниот повик;
2) планиран капацитет;
3) рок за започнување на изградбата на објектите;
4) локација на која ќе се гради објектот, утврдена врз основа на извод од постојната планска документација, државна урбанистичка планска документација или локална урбанистичка планска документација;
5) потребни економски, технички или оперативни способности на понудувачот;
6) можни стимулативни мерки и
7) начин и рок на доставување на понудите.

(3) Рокот за доставување на понудите не може да биде покус од 90 дена од денот на објавувањето на јавниот повик.

(4) Тендерската документација особено треба да содржи:
1) вид на енергетски објект за кој се распишува јавниот повик;
2) планиран капацитет;
3) рок за започнување на изградбата на објектите;
4) локација на која ќе се гради објектот;
5) потребните економски, технички или оперативни способности на понудувачот;
6) начин и рок на доставување на понудите;
7) критериуми за избор на најповолен понудувач;
8) начин и услови за производство и за поврзување со соодветните мрежи;
9) договор за доделување на правото за градба со кој ќе се уредат меѓусебните права и обврски во врска со изградбата на објектот;
10) можни стимулативни мерки;
11) постапување со објектот по престанување на неговата работа;
12) начин на употреба на јавната инфраструктура;
13) услови кои треба да се исполнат за заштитата на животната средина во согласност со закон;
14) услови во врска со ефикасноста на работењето на објектот и
15) други неопходни податоци.

(5) За секој јавен повик од членот 59 на овој закон, институцијата надлежна за спроведување на јавниот повик ќе формира комисија за спроведување на постапката за јавниот повик.

(6) Владата на Република Македонија, односно советот на единицата на локалната самоуправа, на предлог на надлежниот орган за спроведување на јавниот повик, дава согласност на тендерската документација.

(7) Владата на Република Македонија, односно советот на единицата на локалната самоуправа, на предлог на надлежниот орган за спроведување на јавниот повик, донесува одлука за избор на најповолен понудувач на кој ќе му биде доделено правото на градба на енергетскиот објект.

(8) Постапката за спроведување на јавниот повик и критерумите за учество и одлучување треба да бидат засновани на начелата на транспарентност, објективност, конкурентност и недискриминираност.

(9) На постапката за спроведување на јавните повици од членот 59 на овој закон соодветно се применуваат одредбите од овој закон и Законот за концесии и јавно приватно партнерство.

V.2. Изградба на нови преносни и дистрибутивни системи и директни водови

Член 61

(1) Изградбата на нови системи за дистрибуција на електрична енергија, на нови мрежи за пренос на природен гас и на нови објекти за транспорт на сурова нафта и нафтени деривати се врши од страна на правни лица врз основа на овластување.

(2) На предлог на министерот, Владата на Република Македонија донесува одлука за овластување за изградба на нови системи, мрежи или објекти од ставот (1) на овој член.

(3) За постапката за издавање на овластувањата од ставот (1) на овој член се применуваат одредбите од членовите 50 до 58 на овој закон.

Член 62

(1) Изградбата на нови системи за дистрибуција на природен гас на определено подрачје од територијата на Република Македонија се врши од страна на правни лица врз основа на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство доделен од Владата на Република Македонија.

(2) Договорот од ставот (1) на овој член го содржи и правото на вршење на регулираната енергетска дејност дистрибуција на природен гас.

(3) Периодот за кој се доделува договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство не може да биде подолг од 35 години. Приватниот партнер има право да го пренесе договорот за воспоставување на јавното приватно партнерство на друго лице по претходна писмена согласност од јавниот партнер согласно со условите под кои е воспоставен постоечкиот договор за јавно приватно партнерство, без притоа да се загрози континуираното работење, квалитетното вршење на услугата, како и цената. Јавниот партнер кој го склучува договорот за пренос треба тоа да го изведе под услови и на начини утврдени во постоечкиот договор за јавно приватно партнерство.

(4) Владата на Република Македонија, на предлог на министерот, на предлог на органите на државната управа или на предлог на единицата на локалната самоуправа, донесува одлука за започнување на постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на нов систем за дистрибуција на природен гас.

(5) Пред донесувањето на одлуката од ставот (4) на овој член Владата на Република Македонија, во согласност со Законот за локалната самоуправа, може да склучи договор за соработка со единиците на локалната самоуправа на чиишто подрачја треба да се гради системот за дистрибуција на природен гас.

(6) Постапката за доделување концесија ја подготвува, организира и спроведува комисија формирана од страна на министерот. По предлог на министерот, Владата на Република Македонија дава согласност за тендерската документација.

(7) На постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство и на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство се применуваат одредбите од Законот за концесии и јавно приватно партнерство.

(8) Владата на Република Македонија го овластува министерот во име на Владата да го склучи договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство.

Член 63

(1) Изградбата на нови системи за дистрибуција на топлинска енергија за подрачје на единица на локалната самоуправа се врши врз основа на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство што го доделува советот на единицата на локалната самоуправа.

(2) Договорот од ставот (1) на овој член го содржи и правото на вршење на регулираната енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија.

(3) Периодот за кој се доделува договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство не може да биде подолг од 35 години. Приватниот партнер нема право да го пренесе договорот за воспоставување на јавното приватно партнерство на друго лице без претходна писмена согласност од јавниот партнер.

(4) Советот на единицата на локалната самоуправа, на предлог на градоначалникот, донесува одлука за започнување на постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на нов систем за дистрибуција на топлинска енергија.

(5) Постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство ја подготвува, организира и спроведува комисија формирана од страна на градоначалникот. Комисијата ја подготвува тендерската документација. По предлог на градоначалникот, советот на единицата на локалната самоуправа со одлука ја усвојува тендерската документација.

(6) На постапката за доделување на договор за воспоставување на договор за јавно приватно партнерство и на договорот за јавно приватно партнерство се применуваат одредбите од Законот за коцесии и јавно приватно партнерство и одредбите од овој закон.

(7) Советот на единицата на локалната самоуправа ќе го овласти градоначалникот во име на советот да го склучи договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство.

Член 64

(1) Директните водови за пренесување на електрична енергија или пренесување на природен гас се градат врз основа на овластување за изградба.

(2) Директните водови можат да се градат само во случаите кога потрошувачот или снабдувачот не може да добие право на приклучок или пристап на постоечки систем за пренос, односно дистрибуција на електрична енергија или природен гас.

(3) Барањето за изградба на директен вод се поднесува до Владата на Република Македонија.

(4) Кон барањето за изградба на директен вод барателот треба да ја достави документацијата од членот 52 со исклучок на согласноста од точката 2 на овој закон, како и одлуката со која Регулаторната комисија за енергетика ја потврдува одлуката на операторот на соодветниот преносен или дистрибутивен систем за одбивање на барањето за приклучување или пристап.

(5) Во постапката за издавање на овластувањата од ставот (1) на овој член соодветно се применуваат одредбите од членовите 50 до 58 на овој закон.

(6) Директниот вод не се смета за дел од системите за пренос, односно дистрибуција на електрична енергија или природен гас.

VI. ПАЗАР НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Член 65

(1) Производителот на електрична енергија може да врши продажба на електрична енергија и/или системски услуги во земјата и странство на трговци, снабдувачи со електрична енергија и операторот на електропреносниот систем и операторите на електродистрибутивните системи.

(2) Производителот на електрична енергија е должен:
1) да обезбеди достапност на договорената енергија и/или системски услуги до точката на прием во преносниот или дистрибутивниот систем, во согласност со лиценцата;
2) да работи согласно со законите, другите прописи, како и мрежните правила за пренос или мрежните правила за дистрибуција, пазарните правила и условите определени во лиценците;
3) да доставува извештаи, податоци и информации до Регулаторната комисија за енергетика во согласност со условите пропишани со лиценцата;
4) да доставува извештаи, податоци и информации до операторот на електропреносниот систем или операторот на дистрибутивниот систем, во согласност со мрежните правила за пренос или мрежните правила за дистрибуција;
5) да доставува до операторот на пазарот на електрична енергија и до операторот на електропреносниот систем податоци и информации од договорите за продажба на електрична енергија, расположливост на производниот капацитет и/или системски услуги, освен комерцијално-финансиските податоци во согласност со пазарните правила и
6) да обезбеди електрична енергија за сопствените потреби од своите капацитети или од отворен пазар.

(3) Со цел за обезбедување на сигурност во снабдувањето со електрична енергија, производителите на електрична енергија кои користат мазут како гориво, се должни во секое време да имаат оперативни резерви од мазут кои се најмалку еднакви на петнаесетдневните потреби за работа со максимален капацитет.

Член 66

(1) Производителот на електрична енергија на кој во лиценцата му е утврдена обврска да обезбеди јавна услуга, обврската за јавната услуга ќе ја обезбеди преку производство на електрична енергија за потребите на домаќинствата и малите потрошувачи што се снабдуваат преку снабдувачот во краен случај за електрична енергија.

(2) Производителот од ставот (1) на овој член и снабдувачот во краен случај за електрична енергија најдоцна до 30 ноември секоја календарска година се должни до Регулаторната комисија за енергетика да достават на одобрување договор за купопродажба на електрична енергија за наредната година, чиешто времетрање не може да биде покусо од една календарска година.

(3) Регулаторната комисија за енергетика е должна да го одобри договорот од ставот (2) на овој член во рок од десет дена од неговото доставување. Договорот се смета дека е склучен откако ќе биде одобрен од Регулаторната комисија за енергетика.

(4) Со договорот од ставот (2) на овој член особено се уредува:
1) начинот на усогласување на планираната испорака на електрична енергија од производителот и потребите на потрошувачите што ги снабдува снабдувачот во краен случај за секој месец во текот на годината врз основа на годишните прогнози изготвени од снабдувачот во краен случај;
2) начинот на секојдневно усогласување на планираната испорака на електрична енергија од производителот и потребите на потрошувачите што ги снабдува снабдувачот во краен случај за секој час од наредниот ден врз основа на деталните прогнози изготвени од снабдувачот во краен случај и водејќи сметка за расположливоста и оптималното искористување на производните капацитети на приозводителот;
3) начинот и постапката на размена на податоци, промена и усогласување на договорените количини на месечно, дневно и часовно ниво;
4) цената по која снабдувачот во краен случај ја набавува електричната енергија, одобрена од Регулаторната комисија за енергетика во согласност со прописот од членот 24 став (2) на овој закон и
5) меѓусебните права и обврски на производителот и снабдувачот за случајот утврден во членот 80 став (7) од овој закон.

(5) Ако договорот од ставот (2) на овој член не биде доставен во определниот рок, или ако Регулаторната комисија за енеретика не го одобри договорот во рок од десет дена од неговото доставување, Регулаторната комисија за енеретика најдоцна до 15 декември во календарската година ќе донесе одлука за уредување на односите меѓу производителот од ставот (1) на овој член и снабдувачот во краен случај со електрична енергија, во која ќе бидат уредени прашањата од ставот (4) на овој член.

(6) Производителот од ставот (1) на овој член и снабдувачот во краен случај со електрична енергија се должни да ја применуваат одлуката од ставот (5) на овој член се додека договорот од ставот (2) на овој член не биде склучен.

(7) Производителот од ставот (1) на овој член, по задоволувањето на потребите за потрошувачите дефинирани со договорите од ставот (2) или одлуката од ставот (5) на овој член, може да врши продажба на вишок на електрична енергија на пазарот во согласност со правилата претходно одобрени од Регулаторната комисија за енергетика.

(8) Правилата од ставот (7) на овој член за продажба на вишокот електрична енергија на пазарот ги изготвува производителот од ставот (1) на овој член и со нив треба да се уредат условите, начинот и постапката на продажбите, засновани на транспарентни и недискриминаторни начела.

(9) Производителот од ставот (1) на овој член е должен до Регулаторната комисија за енергетика да доставува одделни месечни извештаи за продажбите од ставовите (2) и (7) на овој член.

(10) Производителот од ставот (1) на овој член, покрај обврските од членот 65 на овој закон, е должен:
1) до Регулаторната комисија за енергетика да доставува финансиски извештаи во согласност со членот 5 на овој закон и
2) да води одвоена сметководствена евиденција за продажбата на снабдувачот во краен случај и продажбата на електрична енергија и системски услуги на пазарот, како и да ја чува целокупната документација и евиденција и да овозможи пристап до истата по барање на Регулаторната комисија за енергетика.

Член 67

(1) Операторот на електропреносниот систем ја одржува, надградува и проширува преносната мрежа, управува со електроенергетскиот систем на Република Македонија и обезбедува поврзување на преносниот систем со преносните системи на соседните земји.

(2) Операторот на електропреносниот систем е должен да обезбеди:
1) доверливо и сигурно функционирање на електроенергетскиот систем на Република Македонија, во согласност со важечките прописи со кои се утврдени техничките правила;
2) сигурен, безбеден и квалитетен пренос и испорака на електрична енергија преку преносната мрежа на Република Македонија, на недискриминаторен и транспарентен начин, со пропишан квалитет;
3) приклучување на производителите, потрошувачите и операторите на дистрибутивните системи на преносната мрежа, како и пристап на трети страни за користење на електропреносниот систем, во согласност со овој закон и мрежните правила за пренос, а врз основа на објективни, транспарентни и недискриминаторни начела;
4) изградба на нови интерконективни капацитети со соседните системи водејќи сметка за ефикасно искористување на постојните интерконективни капацитети и рамнотежата меѓу инвестиционите трошоци и

придобивките за потрошувачите;
5) прекугранични текови на електрична енергија преку преносната мрежа на Република Македонија во рамките на расположливиот преносен капацитет;
6) развој, обновување и одржување на преносниот систем заради сигурно и ефикасно функционирање на системот, во согласност со важечките прописи со кои се утврдени техничките правила и да обезбеди долгорочна способност на системот да одговори на оправданите барања за пренос на електрична енергија;
7) план за одржување на мрежата во согласност со мрежните правила за пренос, негово доставување до Регулаторната комисија за енергетика и објавување на веб страницата на операторот;
8) управување во реално време со тековите на електрична моќност водејќи сметка за производството на електрична енергија во Република Македонија, декларираниот увоз, декларираниот извоз и декларираните транзити низ преносниот систем на Република Македонија, врз основа на номинациите од учесниците на пазарот доставени до операторот на пазарот на електрична енергија во согласност со правилата за пазар на електрична енергија;
9) паралелна работа на електроенергетскиот систем на Република Македонија и соседните електроенергетски системи, како и размена на податоци со операторите на други електропреносни системи, во согласност со обврските што Република Македонија ги презела со меѓународни договори или обврските на операторот што произлегуваат од неговото членство во меѓународните асоцијации;
10) објавување на податоците за расположливите преносни капацитети на интерконективните водови со соседните системи, заради обезбедување на недискриминаторен, објективен и транспарентен пристап и користење на електропреносниот систем;
11) инсталирање и одржување на мерните уреди на сите мерни места во точките на прием и испорака од преносниот систем;
12) мерење на електричната енергија во точките на прием и испорака од преносниот систем и доставување на податоците од мерењата до соодветните корисници на преносниот систем и до операторот на пазарот;
13) електрична енергија за покривање на загубите во електропреносниот систем по пазарни услови, на транспарентен, недискриминаторен и конкурентен начин, според правилата за пазар на електрична енергија;
14) набавка на системски услуги и соодветна оперативна резерва, по пазарни услови, на транспарентен, недискриминаторен и конкурентен начин, според правилата за пазар на електрична енергија;
15) разрешување на преоптоварувањата во преносниот систем во согласност со мрежните правила за пренос;
16) урамнотежување на отстапувањата меѓу фактичката и планираната потрошувачка на електрична енергија во реално време, во согласност со мрежните правила за пренос на електрична енергија;
17) транспарентна и недискриминаторна примена на постапките за урамнотежување на најавените и реализираните трансакции на пазарот на електрична енергија и начинот за наплата на услугите;
18) воспоставување на потребни измени на редоследот и времето на ангажирање на производните капацитети и набавка на електрична енергија во случај на загрозување на сигурноста во снабдувањето со електрична енергија, хаварии или поголеми отстапувања на потрошувачката на електрична енергија од предвидените количини;
19) пристап на корисниците до мерните уреди што се во сопственост на операторот, во согласност со овој закон и мрежните правила за пренос;
20) доверливост на комерцијалните и деловните податоци на корисниците на услугите на системот и
21) соработка со оператори на електропреносни системи и соодветните асоцијации во согласност со преземените обврски во ратификувани меѓународни договори или обврски преземени од меѓународните организации.

(3) Операторот на електропреносниот систем е должен да води диспечерска книга, записи за доверливост на електропреносниот систем, податоци од системот за надзор и управување, мерни податоци и таквите книги, записи и податоци да ги чува најмалку десет години.

(4) Операторот на електропреносниот систем е должен да води евиденција за работењето на електропреносниот систем и за тоа да ја известува Регулаторната комисија за енергетика, по нејзино барање.

(5) Надоместокот за користењето на електропреносниот систем го плаќаат потрошувачите на електрична енергија во Република Македонија, според објавената тарифа. Операторот на електропреносниот систем им го фактурира надоместокот за користење на системот на:
1) потрошувачите директно приклучени на електропреносниот систем коишто самостојно настапуваат на пазарот на електрична енергија;
2) снабдувачите или трговците за потрошувачите директно приклучени на електропреносниот систем кои не настапуваат самостојно на пазарот на електрична енергија и
3) операторите на електродистрибутивните системи или снабдувачите запотрошувачите приклучени на електродистрибутивните системи.

(6) Операторот на електропреносниот систем им фактурира на учесниците на пазарот на електрична енергија за настанатите отстапувања од најавените физички трансакции, по цени пресметани во согласност со методологијата за пресметка за надоместок за услугите за урамнотежување.

(7) Операторот на електропреносниот систем може привремено да ја прекине испораката на електрична енергија од преносната мрежа при вршење на планирани прегледи, испитувања, контролни мерења, одржување, реконструкции, проширувања на мрежите, уредите и инсталациите, приклучување на нови корисници на преносната мрежа, како и во случај на потреба од спречување на ризик од нарушување во електроенергетскиот систем. Начинот, постапките и известувањата за прекините се вршат на објективни, транспарентни и недискриминаторни принципи, а подетално ќе се уредат со мрежните правила за пренос на електрична енергија.

Член 68

(1) Операторот на електропреносниот систем е одговорен за долгорочно планирање на развојот на електропреносниот систем.

(2) Операторот на електропреносниот систем е должен секоја година да донесува план за развој на електропреносниот систем за период од следните пет години. Операторот го доставува планот до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 31 октомври и, по добиената согласност од Регулаторната комисија за енергетика, планот го објавува на својата веб страница. Во планот треба да бидат содржани сите неопходни информации за проширувањето и надградбата на системот, а неговата содржина се уредува со мрежните правила за пренос.

(3) Операторот на електропреносниот систем подготвува и, најдоцна до 31 октомври секоја календарска година, доставува до министерството и Регулаторната комисија за енергетика едногодишни, петгодишни и десетгодишни прогнози за потребите од електрична енергија во Република Македонија.

(4) За секој регулиран период операторот на електропреносниот систем изготвува и доставува за одобрување до Регулаторната комисија за енергетика план за инвестирање во преносниот систем, во кој особено треба да биде прикажано очекуваното зголемување на ефикасноста на работата на електропреносниот систем преку намалувањето на загубите на електрична енергија и подобрувањето на квалитетот на испорачаната електрична енергија од преносната мрежа, како резултат на предвидените

инвестиции.

(5) Операторот на електропреносниот систем е должен до Регулаторната комисија за енергетика да поднесува извештаи за финансискиот и физичкиот обем на планираните и реализирани услуги, на начин, под услови и во рокови определени со лиценцата.

Член 69

Операторот на електропреносниот систем е должен да ги донесе и, по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, да ги објави во „Службен весник на Република Македонија" и на својата веб страница мрежните правила за пренос со кои особено се уредуваат:
1) техничките и другите услови за сигурно и безбедно функционирање на преносниот систем;
2) техничко-технолошките услови и начинот за приклучување на корисниците врз основа на транспарентни и недискриминаторни принципи;
3) условите, начинот и методологијата за определување на надоместокот за приклучување на преносната мрежа, базирани на транспарентни и недискриминаторни принципи;
4) условите и начинот на пристап на трети страни на преносниот систем врз основа на транспарентни и недискриминаторни принципи;
5) објективни, недискриминаторни и транспарентни постапки за разрешување на преоптоварувањата во преносниот систем;
6) техничко-технолошките услови за работа на објектите за производство на електрична енергија во режим на работа со времена лиценца;
7) планирањето на одржувањето и развојот на преносниот систем;
8) содржината на плановите за развој на преносниот систем, како и начинот и постапката според која корисниците на системот ги доставуваат неопходните податоци за изготвување на плановите за развој;
9) начинот и постапката за прогнозирање на потребите од електрична енергија како и обврските на корисниците на електропреносниот систем (снабдувачи со електрична енергија, производители на електрична енергија и потрошувачите директно поврзани на електропреносниот систем) во поглед на доставување на неопходните податоци потребни за изготвување на прогнозите;
10) мерките за обезбедување на потребната оперативна сигурност на електропреносниот систем;
11) мерките, активностите и постапките во случај на нарушувања и хаварии;
12) функционалните барања и класата на точност на мерните уреди, како и начинот на мерење на електричната енергија и моќност;
13) критериумите за обезбедување на системските услуги;
14) диспечирањето на електричната енергија;
15) квалитетот на електрична енергија која се испорачува преку преносниот систем;
16) квалитетот на услугите што операторот ги обезбедува на корисниците;
17) комуникациските протоколи за системот за надзор и управување;
18) работата на системите за оперативно управување;
19) начинот на објавување на информациите кои согласно со овој закон е должен да ги објави и
20) начинот и постапката за известување на корисниците на системот.

Член 70

(1) Операторот на електропреносниот систем е должен, по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, да донесе и да објави во „Службен весник на Република Македонија" и на својата веб страница правила за доделување на прекугранични преносни капацитети.

(2) Правилата од ставот (1) на овој член се засновани на принципите на транспарентност и недискриминација на корисниците на системот и обврските што Република Македонија ги има преземено со меѓународните договори, како и техничките можности на електропреносниот систем и со нив особено се уредува:
1) начинот на пресметка на расположливите прекугранични капацитети;
2) начинот на доделување на прекуграничните преносни капацитети водејќи сметка за загушувањата во електропреносниот систем;
3) начинот на плаќање при користење на прекуграничните преносни капацитети во случај на загушувања на интерконективните водови и
4) начинот на објавување на податоците.

Член 71

(1) Правното лице што ја врши дејноста пренос на електрична енергија не може да има лиценца за вршење на дејностите производство, дистрибуција, трговија, снабдување со електрична енергија и снабдување во краен случај со електрична енергија.

(2) Со цел да обезбеди независност во вршењето на енергетската дејност пренос на електрична енергија, како и исполнувањето на обврската за обезбедување на јавна услуга на недискриминаторен, објективен и транспарентен начин, операторот на електропреносниот систем треба да обезбеди:
1) лицата кои се одговорни за управувањето и раководењето со операторот на електропреносниот систем да не можат да учествуваат во управувачките и раководните структури во носителите на лиценци за производство, дистрибуција, трговија или снабдување со електрична енергија;
2) лицата одговорни за управувањето и раководењето со операторот на електропреносниот систем да имаат независност во нивната работа и одлучување и
3) донесувањето на одлуките во врска со средствата неопходни за функционирање, одржување и развој на системот да биде независно од интересите на вертикално интегрираното претпријатие кон кое припаѓа операторот или интересите на поврзаното претпријатие.

(3) Операторот на електропреносниот систем е должен да донесе и да достави за одобрување до Регулаторната комисија за енергетика програма за усогласување со која ќе се предвидат мерки за спречување на дискриминаторно однесување и ќе се обезбедат соодветни обврски за вработените, во согласност со ставот (2) од овој член.

Член 72

(1) Операторот на пазарот на електрична енергија е одговорен за организирање, ефикасно функционирање и развој на пазарот на електрична енергија во согласност со начелата на јавност, транспарентност, недискриминаторност и конкурентност, обезбедување на услугите кои се во негова надлежност согласно со овој закон и согласно со условите дадени во лиценцата.

(2) Операторот на пазарот на електрична енергија подготвува и доставува информации до операторот на електропреносниот систем потребни за изготвување на распоредот за диспечирање во согласност со пазарните правила.

(3) Операторот на пазарот на електрична енергија води евиденција за физичките трансакции на електрична енергија, врз основа на информациите за трансакциите за купопродажба и транзит на електрична енергија, доставени од корисниците на пазарот на електрична енергија.

(4) Операторот на пазарот на електрична енергија врши пресметки за преземената, пренесената и испорачаната електрична енергија меѓу учесниците на пазарот на електрична енергија, како и настанатите неурамнотежувања меѓу најавените и реализираните трансакции и пресметките ги доставува до операторот на електропреносниот систем.

(5) Надоместокот за користење на пазарот на електрична енергија го плаќаат снабдувачите или трговците во име на потрошувачите во Република Македонија со коишто имаат склучено договори за снабдување, односно продажба на електрична енергија. Надоместокот за користење на пазарот на електрична енергија го плаќаат и операторите на електропреносниот и дистрибутивните системи кога купуваат електрична енергија за покривање на загубите на електрична енергија.

(6) Операторот на пазарот на електрична енергија го пресметува надоместокот за користење на пазарот врз основа на најавените трансакции и со примена на објавената тарифа, претходно одобрена од Регулаторната комисија за енергетика.

(7) Операторот на пазарот на електрична енергија е должен да обезбеди доверливост на комерцијалните и деловните податоци што учесниците на пазарот на електрична енергија се должни да му ги доставаат.

Член 73

(1) Со правилата за пазар на електрична енергија, што ги донесува Регулаторната комисија за енергетика, особено се уредува:
1) организација на пазарот на електрична енергија;
2) услови што треба да ги исполнат учесниците на пазарот на електрична енергија;
3) начин и услови на здружување на купувачите и/или производителите на електрична енергија во балансни групи заради намалување на трошоците за урамнотежување;
4) воспоставување, организирање и контрола на тргувањето со електрична енергија и системски услуги, вклучувајќи го и прекуграничното тргување;
5) методологија за пресметка на надоместокот за услугите за урамнотежување и начинот на наплата на услугите, како и финансиски обезбедувања за обврските на учесниците на пазарот на електрична енергија за плаќање на услугите за урамнотежување;
6) постапка за пресметка на отстапувањата на договорените и остварените трансакции, врз основа на податоците од мерењата направени од страна на операторот на електропреносниот систем и операторите на дистрибутивните системи;
7) условите, начинот и постапката за набавка на електрична енергија и системски услуги од страна на вршителите на регулираните енергетски дејности, со цел за набавките да бидат спроведени на транспарентен и недискриминаторен начин и да се обезбеди рамноправен пристап на сите заинтересирани домашни и странски понудувачи;
8) откупот на електричната енергија од повластените производители на електрична енергија и продажбата на истата на снабдувачите или трговците, како и начинот на уредување на правата и обврските на операторот на пазарот и операторите на преносниот и дистрибутивните системи и повластените производители и
9) постапка и начин за прибирање и доставување на податоци до Регулаторната комисија за енергетика за состојбите и појавите на пазарот на електрична енергија.

(2) Во правилата за пазарот на електрична енергија ќе се определат еднакви договорни права и обврски за повластените производители, во зависност од типот на електроцентралата, со кои операторот на пазарот треба да склучи договор, според одредбите од членот 153 на овој закон, како и елементите на договорите во согласност со одлуките на Регулаторната комисија за користење на повластените тарифи.

(3) Операторот на пазарот на електрична енергија е должен да соработува со Регулаторната комисија за енергетика при изготвувањето на правилата за пазар на електрична енергија.

Член 74

(1) Операторот на дистрибутивен систем за електрична енергија, за дистрибутивниот систем преку кој ја врши дејноста, има обврска да го одржува, надградува, проширува и управува со дистрибутивниот систем, како и да обезбеди негово поврзување со електропреносниот систем.

(2) Операторот на дистрибутивниот систем е должен да обезбеди:
1) сигурно и доверливо функционирање на дистрибутивниот систем, во согласност со важечките прописи со кои се утврдени техничките правила;
2) сигурна, безбедна и квалитетна дистрибуција и испорака на електрична енергија преку дистрибутивниот систем преку којшто управува, на недискриминаторна и транспарентна основа, со пропишан квалитет;
3) приклучување на производителите и потрошувачите на дистрибутивната мрежа, како и пристап на трети страни за користење на дистрибутивниот систем, во согласност со овој закон и мрежните правила за дистрибуција, а врз основа на објективни, транспарентни и недискриминаторни начела;
4) развој, обновување и одржување на дистрибутивниот систем, во согласност со важечките прописи со кои се утврдени техничките правила и да обезбеди долгорочна способност на системот за да се задоволат разумните барања за дистрибуција на електрична енергија;
5) план за одржување на мрежата во согласност со мрежните правила за дистрибуција и негово доставување до Регулаторната комисија за енергетика;
6) усогласување на манипулациите во дистрибутивниот систем со операторот на електропреносниот систем;
7) електрична енергија за покривање на загубите во дистрибутивната мрежа и системските услуги по пазарни услови на транспарентен, недискриминаторен и конкурентен начин, според правилата за пазар на електрична енергија;
8) мерење на електричната енергија што се презема од производителите и од електропреносниот систем и електричната енергија испорачана на потрошувачите приклучени на дистрибутивниот систем и доставување на податоците од мерењата до производителите или снабдувачите или трговците, како и до операторот на пазарот;
9) пристап на корисниците до мерните уреди што се во сопственост на операторот на дистрибутивниот систем, во согласност со овој закон и мрежните правила за дистрибуција;
10) изготвување на извештаи за финансискиот и физичкиот обем на планираните и реализирани услуги и нивно доставување до Регулаторната комисија за енергетика, на начин, под услови и во рокови определени со лиценцата;
11) водење на диспечерска книга, записи за доверливост на системите за комуникација, податоци од системот за надзор и управување, мерни податоци и таквите книги, записи и податоци да ги чува најмалку десет години и
12) доверливост на комерцијалните и деловните податоци за корисниците на дистрибутивниот систем.

(3) Надоместокот за користењето на дистрибутивниот систем го плаќаат потрошувачите на електрична енергија приклучени на дистрибутивната мрежа.Операторот на дистрибутивниот систем на потрошувачите приклучени на електродистрибутивниот систем им го фактурира надоместокот за користење на електродистрибутивниот систем, како и надоместокот за користење на електропреносниот систем според објавените тарифи.

(4) По исклучок од ставот (3) на овој член, операторот на електродистрибутивниот систем може да склучи

договор со снабдувачите или трговците со електрична енергија и истите да ги овласти да ги наплаќаат надоместоците од ставот (3) на овој член.

(5) Операторот на дистрибутивниот систем за електрична енергија, може привремено да ја прекине испораката на електрична енергија од дистрибутивната мрежа при вршење на планирани прегледи, испитувања, контролни мерења, одржување, реконструкции, проширувања на мрежите, уредите и инсталациите, како и во случај на потреба од спречување на ризик од нарушување во електроенергетскиот систем. Начинот, постапките и известувањата за ваквите прекини операторот на дистрибутивниот систем за електрична енергија го врши во согласност со мрежните правила за дистрибуција.

Член 75

(1) Операторот на дистрибутивниот систем е одговорен за долгорочно планирање на развојот на дистрибутивниот систем на подрачјето на кое ја врши дејноста.

(2) Операторот на дистрибутивниот систем е должен секоја година да донесува план за развој на дистрибутивниот систем за период од следните пет години. Операторот го доставува планот до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 31 октомври и, по добиената согласност од Регулаторната комисија за енергетика, планот го објавува на својата веб страница. Во планот треба да бидат содржани сите неопходни информации за проширувањето и надградбата на системот, а неговата содржина се уредува со мрежните правила за дистрибуција.

(3) Операторот на дистрибутивниот систем подготвува и, најдоцна од 31 октомври секоја година, доставува до министерството и Регулаторната комисија за енергетика едногодишни и петгодишни прогнози за потребите од електрична енергија за дистрибутивниот систем со кој управува.

(4) За секој регулиран период операторот на дистрибутивниот систем изготвува и доставува за одобрување до Регулаторната комисија за енергетика план за инвестирање во дистрибутивниот систем, во кој особено треба да биде прикажано очекуваното зголемување на ефикасноста на работата на дистрибутивниот систем преку намалувањето на загубите на електрична енергија и подобрувањето на квалитетот на испорачаната електрична енергија од дистрибутивната мрежа, како резултат на предвидените инвестиции.

Член 76

(1) Операторот на дистрибутивен систем е должен електричната енергија што ја презема од и испорачува на корисниците приклучени на дистрибутивната мрежа да ја мери со мерни уреди во согласност со овој закон и мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

(2) Мерните уреди кај новоизградените приклучоци се во сопственост на операторот на дистрибутивниот систем.

(3) Операторот на дистрибутивниот систем има право да ги замени со нови постојните мерни уреди во сопственост на корисниците приклучени на дистрибутивната мрежа во рокови утврдени со мрежните правила. Ново поставените мерни уреди се во сопственост на операторот на дистрибутивниот систем. Трошоците за замена на мерните уреди се на сметка на операторот на дистрибутивниот систем и истите ќе ги надомести преку тарифата за дистрибуција за електрична енергија.

(4) Локацијата на мерните уреди ја утврдува операторот на дистрибутивниот систем во зависност од техничките можности на самото место и истата може да биде во или надвор од границите на имотот на корисниците приклучени на дистрибутивната мрежа. Ако операторот на дистрибутивниот систем утврди дека при замена на постојниот мерен уред во сопственост на корисникот е потребно да се изврши дислокација на мерното место, е должен на своја сметка да ја изведе дислокацијата со минимално нарушување на обезбедувањето на услугата на корисникот. Штетите врз имотот на корисникот настанати како последица на дислокацијата на мерното место, операторот на дистрибутивниот систем е должен да ги надомести.

(5) Ако мерниот уред се наоѓа на имот од корисникот, корисникот е должен да му овозможи на овластено лице на операторот на дистрибутивниот систем право на пристап на секој имот или објект до мерниот уред заради:
1) читање на мерните уреди;
2) контрола, вградување, надзор, замена и одржување на опремата на мерното место;
3) исклучување на корисникот кога постапува спротивно со условите за користење на дистрибутивниот систем пропишани во мрежните правила за дистрибуција и
4) исклучување на потрошувачот по барање на снабдувачот, во согласност со одредбите од Правилата за снабдување.

Член 77

(1) Операторот на дистрибутивен систем е должен, по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, да ги донесе и објави во "Службен весник на Република Македонија" и на својата веб страница мрежните правила за дистрибуција со кои особено се уредуваат:
1) техничко-технолошките услови и начинот за приклучување на електроенергетски објекти врз основа на транспарентни и недискриминаторни принципи;
2) условите и начинот на користење на дистрибутивниот систем од трети страни врз основа на транспарентни и недискриминаторни принципи;
3) техничките и другите услови за сигурно и безбедно функционирање на дистрибутивниот систем и обезбедување на квалитетна услуга;
4) техничко-технолошките услови за работа на објектите за производство на електрична енергија во режим на работа со привремена лиценца;
5) планирањето, одржувањето и развојот на дистрибутивниот систем;
6) мерките, активностите и постапките во случај на нарушувања и хаварии;
7) методологијата за определување на надоместокот за приклучување на дистрибутивната мрежа, засновани на транспарентни и недискриминаторни начела;
8) доверливоста на комерцијалните и деловните податоци на корисниците на услугите на дистрибутивниот систем;
9) функционалните барања и класата на точност на мерните уреди, како и начинот на мерење на електричната енергија и моќност;
10) квалитетот на електрична енергија која се испорачува преку дистрибутивниот систем;
11) квалитетот на услугите што операторот ги обезбедува на корисниците,
12) содржината на плановите за развој на дистрибутивниот систем, како и начинот и постапката според која корисниците на системот ги доставуваат неопходните податоци за изготвување на плановите за развој;
13) доставувањето на податоци за долгорочна прогноза на потребите од електрична енергија до операторот на електропреносниот систем;
14) комуникациските протоколи за системот за надзор, управување и контрола и надзорот и контролата на системите за управување со дистрибутивниот систем и
15) начинот и постапката за известување на корисниците на системот.

(2) Во случај на постоење на повеќе оператори на системи за дистрибуција на електрична енергија, Регулаторната комисија за енергетика треба да обезбеди хармонизација на одделните мрежни правила за

дистрибуција.

Член 78

(1) Правното лице што ја врши дејноста дистрибуција на електрична енергија не може да има лиценца за вршење на дејностите производство, пренос, трговија, снабдување со електрична енергија или снабдување во краен случај со електрична енергија.

(2) Со цел да обезбеди независност во вршењето на енергетската дејност дистрибуција на електрична енергија, како и исполнување на обврската за обезбедување на јавна услуга на недискриминаторен, објективен и транспарентен начин, операторот на дистрибутивниот систем треба да обезбеди:
1) лицата кои се одговорни за управувањето и раководењето со операторот на дистрибутивниот систем да не можат да учествуваат во управувачките и раководните структури во носителите на лиценци за производство, пренос, трговија или снабдување со електрична енергија;
2) лицата одговорни за управувањето и раководењето со операторот на дистрибутивниот систем да имаат независност во нивната работа и одлучување и
3) донесувањето на одлуките во врска со средствата неопходни за функционирање, одржување и развој на системот да биде независно од интересите на вертикално интегрираното претпријатие кон кое припаѓа операторот или интересите на поврзаното претпријатие.

(3) Операторот на електродистрибутивниот систем е должен да донесе и да достави за одобрување до Регулаторната комисија за енергетика програма за усогласување со која ќе се предвидат мерки за спречување на дискриминаторно однесување и ќе се обезбедат соодветни обврски за вработените, во согласност со ставот (2) од овој член.

(4) По исклучок од ставот (1) на овој член, правното лице што врши дејност дистрибуција на електрична енергија може да врши дејности снабдување со електрична енергија и снабдување во краен случај со електрична енергија ако на неговиот дистрибутивен систем се приклучени помалку од 100.000 потрошувачи.

Член 79

(1) Снабдувачот на електрична енергија набавува електрична енергија од земјата и од странство заради продажба на потрошувачи, трговци, други снабдувачи, операторот на електропреносниот систем или операторите на електродистрибутивните системи, како и на купувачи во странство.

(2) Снабдувачот на електрична енергија за електричната енергија која се обврзал да ја испорача на своите потрошувачи обезбедува од операторите соодветен преносен и/или дистрибутивен капацитет во согласност со важечките тарифи, пазарните правила, мрежните правила за пренос и мрежните правила за дистрибуција.

(3) Снабдувачот на електрична енергија на своите потрошувачи им фактурира за испорачаната електрична енергија по договорната цена и надоместок за користење на пазарот на електрична енергија. Доколку снабдувачот има склучено договор со операторот на дистрибутивниот систем, согласно со членот 74 став (4) од овој закон, снабдувачот на електрична енергија на своите потрошувачи им ги фактурира и надоместоците за користење на преносниот и/или дистрибутивниот систем. Фактурирањето се врши врз основа на мерењата за потрошената активна и/или реактивна електрична енергија и за ангажираната електрична моќност, извршени од соодветниот оператор на системот.

(4) Снабдувачот на електрична енергија е должен да:
1) работи во согласност со правилата за снабдување и правилата за пазарот на електричната енергија во однос на доверливоста и обемот на снабдување, со цел да се исполнат обврските кон купувачите;
2) доставува до операторот на пазарот на електрична енергија податоци за трансакциите и плановите за потрошувачката на електрична енергија за своите потрошувачи неопходни за пресметка на неурамнотежувањата, во согласност со пазарните правила, мрежните правила за пренос и мрежните правила за дистрибуција;
3) ги исполни барањата за финансиско обезбедување утврдени со пазарните правила;
4) да ги плати набавените количини на електрична енергија, како и закупените капацитети и соодветните регулирани услуги од операторите на електропреносниот систем и/или на дистрибутивните системи и операторот на пазарот на електрична енергија и
5) достави до Регулаторната комисија за енергетика, по нејзино барање и во определен рок, информации и извештаи за своите трансакции и деловните активности што произлегуваат, завршуваат или поминуваат на територијата на Република Македонија.

Член 80

(1) Снабдувачот во краен случај со електрична енергија набавува електрична енергија за потребите на домаќинствата и малите потрошувачи коишто одлучиле да бидат снабдувани од снабдувач во краен случај. Цените за набавка и соодветните договори со производителот од членот 66 на овој закон, ги одобрува Регулаторната комисија за енергетика.

(2) Снабдувачот во краен случај со електрична енергија обезбедува, за потребите на своите потрошувачи, потребен преносен и/или дистрибутивен капацитет, како и услуги од операторот на пазарот на електрична енергија.

(3) Снабдувачот во краен случај со електрична енергија им фактурира на своите потрошувачи за испорачаната електрична енергија и обезбедени услуги, во согласност со Тарифниот систем за продажба на електрична енергија на домаќинствата и малите потрошувачи.

(4) Снабдувачот во краен случај со електрична енергија може да набави електрична енергија на пазарот по пазарни цени, ако:
1) пазарните услови и цени се поповолни од условите и цените утврдени за производителот од членот 66 на овој закон или
2) во определени периоди електричната енергија произведена од производителот од членот 66 на овој закон не е доволна за задоволување на потребите од електрична енергија на домаќинствата и малите потрошувачи.

(5) Регулаторната комисија за енергетика ги одобрува правилата за набавка на електрична енергија од ставот (4) на овој член изговени од снабдувачот во краен случај со електрична енергија, а кои ги содржат условите, начинот и постапката на набавките, засновани на транспарентни и недискриминаторни начела.

(6) Снабдувачот во краен случај со електрична енергија е должен да доставува до операторот на пазарот на електрична енергија податоци за трансакциите, односно договорите и билансите за потребите од електрична енергија на своите потрошувачи неопходни за пресметка на неурамнотежувањата, во согласност со пазарните правила, мрежните правила за пренос и мрежните правила за дистрибуција.

(7) По исклучок од ставот (4) на овој член и во мерка неопходна заради обезбедување на сигурноста во снабдувањето на домаќинствата и малите потрошувачи, Регулаторната комисија за енергетика, по барање

на снабдувач во краен случај, може со одлука привремено да задолжи друг учесник на пазарот којшто е носител на обврска за обезбедување на јавна услуга, во рок утврден со одлуката да набавува електрична енергија за домаќинствата и малите потрошувачи. Снабдувачот во краен случај ќе обезбеди доказ за неговата неможност да набави електрична енегија на начин со којшто се обезбедува сигурност во снабдувањето.

(8) Регулаторната комисија за енергетика може да ја укине одлуката од ставот (7) на овој член веднаш штом ќе утврди дека причините за нејзиното донесување престанале да постојат.

Член 81

(1) Трговецот со електрична енергија купува електрична енергија од земјата и од странство заради продажба на други трговци, снабдувачи, операторот на електропреносниот и операторите на дистрибутивните системи, како и продажба на купувачи во странство.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член трговецот, во својство на снабдувач, може да продава електрична енергија и на потрошувачи кои ги исполнуваат условите за самостојно учество на пазарот на електрична енергија, утврдени во пазарните правила.

(3) Трговецот со електрична енергија е должен на операторот на пазарот на електрична енергија да му достави информациии за количините на електрична енергија и соодветниот временски распоред од сите договори за купопродажба на електрична енергија, како и договорите за прекугранични трансакции низ преносната мрежа, во согласност со пазарните правила.

(4) Трговецот со електрична енергија, во случаите кога врши прекугранични трансакции на електрична енергија, за електричната енергија која се обврзал да ја испорача на своите купувачи, е должен да обезбеди доволен прекуграничен преносен капацитет и/или дистрибутивен капацитет и регулирани услуги во согласност со пазарните правила, мрежните правила за пренос и/или дистрибуција, како и Правилата за доделување на прекуграничните преносни капацитети.

(5) Трговецот со електрична енергија е должен да:
1) работи во согласност со правилата за пазар на електрична енергија во однос на доверливоста и обемот на снабдување, со цел да се исполнат обврските кон купувачите;
2) ги исполни барањата за финансиско обезбедување утврдени со пазарните правила и
3) по барање на Регулаторната комисија за енергетика да достави информации и извештаи за трансакциите за електрична енергија и деловните активности што произлегуваат, завршуваат или поминуваат на територијата на Република Македонија.

Член 82

(1) Сите купувачи на електрична енергија се квалификувани купувачи на електрична енергија.

(2) Потрошувачите на електрична енергија купуваат електрична енергија од снабдувачите на електрична енергија според овој закон и условите и начелата дефинирани во Правилата за снабдување.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, потрошувачите кои ги исполнуваат условите за самостојно учество на пазарот на електрична енергија, утврдени во пазарните правила, можат да купуваат електрична енергија и од трговци со електрична енергија.

(4) На потрошувачите што немаат договор за снабдување со електрична енергија операторот на соодветниот систем ќе им ја прекине испораката на електрична енергија.

(5) По исклучок на ставот (4) на овој член операторот на соодветниот систем нема да им ја прекине испораката на електрична енергија на потрошувачите од категориите домаќинства и мали потрошувачи и тие потрошувачи ќе бидат снабдувани од снабдувачот во краен случај .

(6) Потрошувачите на електрична енергија можат да се снабдуваат со електрична енергија и преку директни водови.

Член 83

Заради транспарентно, ефикасно и конкурентно тргување со електрична енергија и системски услуги, учесниците на пазарот на електрична енергија, можат да тргуваат со електрична енергија или системски услуги преку берза за електрична енергија во Република Македонија основана во согласност со закон или преку регионална берза за електрична енергија.

VII. ПАЗАР НА ПРИРОДЕН ГАС

Член 84

(1) Операторот на преносната мрежа за природен гас врши пренос на природен гас преку преносна мрежа за природен гас во негова сопственост или преку мрежа на која има право на користење и ќе соработува со операторот на системот за пренос на природен гас заради одржување, надградба и проширување на преносната мрежа.

(2) Операторот на преносната мрежа е одговорен за:
1) финансирање на инвестициите во преносната мрежа, во согласност со планот за развој на преносниот систем изготвен од страна на операторот на системот за пренос на природен гас, а одобрен од Регулаторната комисија за енергетика;
2) одржување на мрежата по налог на операторот на системот за пренос на природен гас, во согласност со постапките утврдени во мрежните правила за пренос;
3) изградба на приклучоците и приклучување на нови корисници на преносниот систем или други оператори на преносни мрежи врз основа на согласност за приклучување издадена од операторот на системот за пренос на природен гас;
4) соработка со другите мрежни оператори и со операторот на преносот и
5) доверливост на комерцијалните и деловните податоци на корисниците поврзани на преносната мрежа.

(3) Заради обезбедување на поддршка на операторот на системот за пренос во исполнување на неговите надлежности, операторот на преносната мрежа е должен да соработува со операторот на системот за пренос и да му ги обезбеди сите неопходни информации и за таа цел е должен да:
1) инсталира и да ги одржува мерните уреди на мерните места од неговата мрежа преку кои природниот гас се прима во или испорачува од преносниот систем;
2) ги мери количините на природниот гас во точките преку кои природниот гас се прима во или испорачува од преносниот систем и да ги доставува податоците од мерењата до операторот на системот за пренос;
3) им овозможи пристап до мерните уреди на корисниците на преносниот систем и операторот на преносот, во согласност со овој закон и мрежните правила за пренос и
4) ги доставува сите релевантни информации до операторот на системот и другите оператори на мрежи, во согласност со мрежните правила и правилата за пазарот на природен гас.

(4) Операторот на преносна мрежа е должен на операторот на системот за пренос да му ги предаде во владение деловите на преносната мрежа неопходни за управување со системот за пренос на денот на правосилноста на одобрението за употреба на соодветните објекти од преносната мрежа.

Член 85

(1) Операторот на системот за пренос на природен гас е јавно претпријатие или трговско друштво во сопственост на Република Македонија или трговско друштво во кое Република Македонија има доминантна сопственост кое управува со системот за пренос за природен гас и обезбедува поврзување на преносниот систем со преносните системи на соседните земји.

(2) Операторот на преносниот систем е одговорен за:
1) сигурен, безбеден, економичен и квалитетен пренос и испорака на природен гас преку преносниот систем, на недискриминаторен и транспарентен начин и со пропишан квалитет;
2) доверливо и сигурно функционирање на преносниот систем, во согласност со важечките прописи со кои се утврдени техничките правила;
3) планирање на развојот на преносниот систем под економски услови заради сигурно и ефикасно функционирање на преносниот систем, водејќи сметка за животната средина и во согласност со важечките прописи со кои се утврдени техничките правила, како и да обезбеди долгорочна способност на системот да се задоволат разумните барања за пренос на природен гас;
4) планирање на изградба на нови интерконективни капацитети со преносните системи во странство, водејќи сметка за ефикасно искористување на постојните интерконективни капацитети и рамнотежата меѓу инвестиционите трошоци и придобивките за потрошувачите;
5) донесување на план за развој на преносниот систем во согласност со мрежните правила за пренос и доставување на планот до Регулаторната комисија за енергетика заради негово одобрување, како и објавување на планот на веб страницата на операторот на преносниот систем;
6) одржување на системот за пренос на природен гас во согласност со планот за одржување на системот за пренос на природен гас;
7) донесување на план за одржување на системот за пренос на природен гас во согласност со мрежните правила за пренос на предлог на операторите на преносните мрежи, доставување на планот до Регулаторната комисија за енергетика и објавување на планот за одржување на веб страницата на операторот на преносниот систем;
8) одобрување на барање на корисниците за приклучување на преносниот систем;
9) пристап на трети страни за користење на системот за пренос, во согласност со овој закон и мрежните правила за пренос, а врз основа на објективни, транспарентни и недискриминаторни начела;
10) доделување на распложливите преносни капацитети и разрешување на преоптоварувањата во преносната мрежа, во согласност со мрежните правила за пренос на природен гас и правилата за пазар на природен гас;
11) усогласена работа на преносниот систем и преносните системи со кои е директно поврзан, како и соработка и размена на податоци со операторите на други преносни системи, во согласност со обврските утврдени со овој закон, како и обврските што Република Македонија ги презела со меѓународни договори или обврските на операторот што произлегуваат од неговото членство во меѓународните асоцијации;
12) објавување на податоците за расположливите преносни капацитети на интерконективните водови со соседните преносни системи или транснационални гасоводи, заради обезбедување на недискриминаторен, објективен и транспарентен пристап и користење на системот за пренос;
13) природен гас за покривање на загубите во системот за пренос на природен гас и потребни помошни услуги, по пазарни услови на транспарентен и недискриминаторен начин, според правила однапред одобрени од Регулаторната комисија за енергетика;
14) дневно диспечирање на планираните увозни и извозни трансакции и на трансакциите за транзит низ неговиот преносен систем, врз основа на номинациите од учесниците на пазарот на природен гас и ажурирање на распоредот на редовни временски интервали, согласност со мрежните правила за пренос;
15) урамнотежување на отстапувањата меѓу фактичката и планираната потрошувачка на природен гас во реално време, во согласност со правилата за пазар на природен гас;
16) транспарентна и недискриминаторна примена на постапките за урамнотежување на најавените и реализираните трансакции на природен гас и начинот за наплата на услугите;
17) водење евиденција и распоред на физичките трансакции и пресметка на отстапувањата од најавените трансакции и наплата на корисниците за настанатите неурамнотежувања;
18) воспоставување на потребни измени во распоредот на диспечирање на природен гас во случај на загрозување на сигурноста во снабдувањето со природен гас, хаварии и поголеми отстапувања на потрошувачката на природен гас од утврдените количини;
19) доверливост на комерцијалните и деловните податоци на корисниците на услугите на системот;
20) информации на операторите на преносните и дистрибутивните системи со кои е поврзан за да се обезбеди безбедно и ефикасно функционирање на системите и интерконективните водови;
21) изготвување на извештаи за финансискиот и физичкиот обем на планираните и реализирани услуги и нивно доставување до Регулаторната комисија за енергетика на начин, под услови и во рокови определени со лиценцата;
22) водење на диспечерска книга, записи за доверливост на преносниот систем, податоци од системот за надзор и управување, мерни податоци и таквите книги, записи и податоци да ги чува најмалку десет години и
23) водење на евиденција за работењето на преносниот систем и за тоа да ја известува Регулаторната комисија за енергетика, по нејзино барање.

(3) Операторот на системот за пренос на природен гас е должен на својата веб страница постојано да објавува и да ги обновува објавените податоци што се однесуваат на техничките информации, на нумерички и разбирлив начин, во врска со договорениот и расположливиот преносен капацитет за секое место на пристап, вклучувајќи ги и влезните и излезните точки на системот за пренос на природен гас, во согласност со мрежните правила за пренос на природен гас.

(4) Надоместокот за користењето на системот за пренос на природен гас го плаќаат сите потрошувачи во Република Македонија кои се напојуваат со природен гас преку системот за пренос. Операторот на системот им го фактурира надоместокот за користење на системот, според објавената тарифа, претходно одобрена од Регулаторната комисија за енергетика на:
1) потрошувачите кои самостојно учествуваат на пазарот на природен гас, директно приклучени на преносниот систем и
2) снабдувачите за потрошувачите кои не ги исполнуваат условите за самостојно учество на пазарот на природен гас приклучени на преносниот систем или на дистрибутивните системи поврзани со преносниот систем.

(5) Надоместокот за користење на преносниот систем од ставот (4) на овој член се состои од дел за пренос на природен гас и дел за управување со системот за пренос, при што:
1) делот од надоместокот за управување се определува врз основа на регулираниот приход на операторот на преносниот систем, вклучувајќи ги и трошоците за одржување на средствата што не се во сопственост на операторот на системот за пренос, а
2) делот од надоместокот наменет за пренос на природниот гас се пресметува врз основа на вкупниот регулиран приход на сите оператори на преносните мрежи.

(6) Регулаторната комисија за енергетика, во соодветните прописи и методологии од членовите 24 став (1) и

25 став (1) на овој закон ќе го пропише начинот на којшто операторот на системот за пренос ќе го распредели приходот остварен од надоместокот за користење на преносниот систем на операторите на преносните мрежи. Регулаторната комисија за енергетика може да ги задолжи операторот на преносниот систем и снабдувачите во фактурите од ставот (4) на овој член одделно да ги искажат деловите од надоместокот за управување со системот и за пренос.

(7) Операторот на системот за пренос на природен гас им фактурира на учесниците на пазарот на природен гас за настанатите отстапувања од најавените физички трансакции, по цени пресметани во согласност со методологијата за пресметка за надоместок за услугите за урамнотежување, што е составен дел од правилата за пазар на природен гас.

Член 86

(1) Операторот на системот за пренос на природен гас е одговорен за долгорочно планирање на развојот на преносниот систем.

(2) Операторот на системот за пренос на природен гас е должен секоја година да донесува план за развој на преносниот систем за природен гас со кој управува за период од следните десет години. Операторот го доставува планот до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 31 октомври и, по добиеното одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, планот го објавува на својата веб страница. Во планот треба да бидат содржани сите неопходни информации за проширувањето и надградбата на системот, како и обврските на операторите на преносните мрежи за реализација на планот.

(3) Операторот на преносниот систем ги изготвува плановите за развој од ставот (2) на овој член во соработка со операторите на преносните мрежи. Во плановите за развој операторот на системот ќе определи кој од операторите на мрежите ќе биде задолжен за финансирање на потребните инвестиции за развој.

(4) Операторите на преносните мрежи се должни да ги достават сите неопходни податоци за планирањето и се должни да ги исполнат своите обврски што произлегуваат од планот за развој од ставот (2) на овој член.

(5) Ако оператор на преносна мрежа, освен во случаите што се надвор од неговата контрола, не започнал со реализација на инвестициите од планот во ставот (2) на овој член предвидени за завршување во следните три години, операторот на преносниот систем ќе побара од Регулаторната комисија за енергетика со одлука да го задолжи операторот на преносната мрежа:
1) да го започне реализирањето на планираните инвестиции во определен рок или
2) да организира и спроведе отворен јавен повик за реализација на планираните инвестиции од други инвеститори, со соодветна примена на одредбите од законот со кој се уредуваат јавните набавки или
3) да прифати финансирање на планираните инвестиции преку зголемување на капиталот со вложувања од други инвеститори.

(6) Одлуката за избор на најповолен понудувач во постапката од ставот (5) точка 2 на овој член, операторот на преносната мрежа ќе ја донесе по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика. По завршување на предвидената инвестиција, најповолниот понудувач е должен да склучи договор со операторот на мрежата за пренос на природен гас од ставот (5) на овој член за закуп или продажба.

(7) Операторот на системот за пренос на природен гас за секој регулиран период изготвува и доставува за одобрување до Регулаторната комисија за енергетика план за инвестирање во преносниот систем, во кој особено треба да биде прикажано очекуваното зголемување на ефикасноста на работата на системот, како резултат на предвидените инвестиции.

(8) Операторот на системот за пренос на природен гас е должен да подготвува и, најдоцна до 31 октомври секоја календарска година, да доставува до министерството и Регулаторната комисија за енергетика едногодишни, петгодишни и десетгодишни прогнози за потребите од природен гас за системот со кој управува.

Член 87

(1) Операторот на системот за пренос на природен гас или операторот на преносна мрежа за природен гас по претходно добиена согласност од операторот на системот за пренос на природен гас, може привремено да ја прекине испораката на природен гас од преносната мрежа при вршење на планирани прегледи, испитувања и контролни мерења, ремонти, одржување, реконструкции и проширувања на објектите, уредите и инсталациите, како и во случај на потреба од спречување на ризик од нарушување во преносната мрежа. Начинот, постапките и известувањата за ваквите прекини, операторите го вршат во согласност со мрежните правила за пренос на природен гас.

(2) Привремениот прекин од ставот (1) на овој член ќе се врши во време кога најмалку им се нанесува штета на корисниците, во согласност со програмата за одржување на објектите, уредите и постројките и годишниот енергетски биланс, а за денот, часот и очекуваното траење на привремениот прекин, операторот на системот за природен гас е должен, најмалку седум дена пред прекинот, писмено да ги извести корисниците и министерството.

(3) Операторот на преносната мрежа за природен гас и операторот на системот за пренос на природен гас заради надзор, контрола и одржување имаат право на пристап до инсталациите и мерно-регулационите станици, што се составен дел на преносната мрежа, а кои се наоѓаат на имотите на потрошувачите или корисниците директно приклучени на системот за пренос на природен гас, на начин и под услови утврдени во мрежните правила за пренос на природен гас.

Член 88

Операторот на системот за пренос на природен гас, за системот со кој управува, е должен да ги донесе мрежните правила за пренос на природен гас и, по одобрувањето од Регулаторната комисија за енергетика, да ги објави во „Службен весник на Република Македонија" и на својата веб страница, а со кои особено се уредуваат:
1) техничко-технолошките услови за приклучување на објектите, уредите и постројките со системот за пренос на природен гас;
2) условите, начинот и методологијата за определување на надоместокот за приклучување на преносната мрежа, базирани на транспарентни и недискриминаторни принципи;
3) постапката за давање на согласност за приклучување на корисници на преносните мрежи, како и соработката и обврските на операторот на преносниот систем и операторите на преносните мрежи;
4) начинот на користење на системот за природен гас во објектите за производство на електрична и топлинска енергија во режим на работа со времена лиценца;
5) условите и начинот на пристап на трети страни на преносниот систем врз основа на транспарентни и недискриминаторни принципи;
6) техничките и другите услови за сигурно и безбедно функционирање на системот за преносната мрежа;
7) планирањето на одржувањето и развојот на преносниот систем;
8) содржината на плановите за развој и одржување на преносниот систем, како и начинот и постапката според која корисниците на системот ги доставуваат неопходните податоци за изготвување на плановите;

9) начинот и постапката за прогнозирање на потребите од природен гас, како и обврските на корисниците на системот за пренос на природен гас (снабдувачи со природен гас и потрошувачите директно поврзани на системот за пренос на природен гас) во поглед на доставување на неопходните податоци потребни за изготвување на прогнозите;
10) мерките, активностите и постапките во случај на нарушувања и хаварии ;
11) функционалните барања и класата на точност на мерните уреди, како и начинот на мерење на количините на природниот гас;
12) критериумите за обезбедување на системските услуги;
13) начинот и постапката за објавување на расположливиот преносен капацитет и алокација на расположливиот преносен капацитет и разрешување на преоптеретувањата на преносната мрежа;
14) начинот и постапката за пристап до инсталациите и мерно-регулационите станици што се составен дел на преносната мрежа, а се во сопственост на потрошувачите или корисниците;
15) квалитетот на услугите што операторот ги обезбедува на корисниците;
16) работата на системите за управување;
17) начинот на објавување на информациите што согласно со овој закон е должен да ги објави;
18) начинот и постапката за известување на корисниците на системот и
19) начинот на соработка меѓу операторите на системите за природен гас.

Член 89

(1) Правно лице носител на лиценца за пренос на природен гас не може да има лиценца за вршење на дејностите управување со системот за пренос, трговија, снабдување со природен гас или снабдување во краен случај со природен гас. Правно лице носител на лиценца за управување со системот за пренос на природен гас не може да има лиценца за вршење на дејностите пренос на природен гас, трговија, снабдување со природен гас или снабдување во краен случај со природен гас.

(2) Со цел да обезбеди независност во вршењето на енергетските дејности пренос на природен гас и управување со системот за пренос на природен гас, како и исполнувањето на обврската за обезбедување на јавна услуга на недискриминаторен, објективен и транспарентен начин, правните лица од ставот (1) на овој член треба да обезбедат:
1) лицата кои се одговорни за управувањето и раководењето на правните лице од ставот (1) на овој член да не можат да учествуваат во управувачките и раководните структури во други правни лица носители на лиценци за кои правното лице, во согласност со ставот (1) на овој член, не може да има лиценца;
2) лицата одговорни за управувањето и раководењето со операторот на преносниот систем или операторот на преносна мрежа да имаат независност во нивната работа и одлучување и
3) активностите поврзани со функционирањето, одржувањето и развојот на системот да бидат независни од интересите на вертикално интегрираното претпријатие кон кое припаѓа правното лице од ставот (1) на овој член, или интересите на поврзаното претпријатие.

(3) Правните лица од ставот (1) на овој член се должни да донесат и да достават за одобрување до Регулаторната комисија за енергетика програма за усогласување со која ќе се предвидат мерки за спречување на дискриминаторно однесување и ќе се обезбедат соодветни обврски за вработените, во согласност со ставот (2) од овој член.

Член 90

Со правилата за пазар на природен гас што ги донесува Регулаторната комисија за енергетика, особено се уредува:
1) организацијата на пазарот на природен гас;
2) условите што треба да ги исполнат учесниците на пазарот на природен гас;
3) начинот и условите на здружување на купувачите и/или продавачите на природен гас во балансни групи заради намалување на трошоците за урамнотежување;
4) воспоставувањето, организирањето и контролата на тргувањето со природен гас и системски услуги, вклучувајќи го и прекуграничното тргување;
5) методологијата за пресметка на надоместокот за услугите за урамнотежување и начинот на наплата на услугите, како и финансиски обезбедувања за обврските на учесниците на пазарот на природен гас за плаќање на услугите за урамнотежување;
6) постапката за пресметка на отстапувањата на договорените и остварените трансакции, врз основа на податоците од мерењата направени од страна на операторот на системот за природен гас и операторите на дистрибутивните системи;
7) условите, начинот и постапката за набавка на природен гас и помошни услуги од страна на вршителите на регулираните енергетски дејности, со цел да се обезбеди набавките да бидат спроведени на транспарентен и недискриминаторен начин и да се обезбеди рамноправен пристап на сите заинтересирани домашни и странски понудувачи и
8) постапката и начинот за прибирање и доставување на податоци до Регулаторната комисија за енергетика за состојбите и појавите на пазарот на природен гас.

Член 91

(1) Операторот на дистрибутивниот систем за природен гас, за делот од територијата на Република Македонија на која ја врши дејноста го одржува и, доколку тоа е економски исплатливо го надградува и проширува дистрибутивниот систем, управува со дистрибутивниот систем, како и обезбедува негово поврзување со систем за пренос на природен гас.

(2) Операторот на дистрибутивниот систем за природен гас е должен да обезбеди:
1) сигурно, безбедно, економично и доверливо функционирање на дистрибутивниот систем, во согласност со важечките прописи со кои се утврдени техничките правила;
2) сигурна, безбедна и квалитетна дистрибуција и испорака на природен гас преку дистрибутивната мрежа на недискриминаторна и транспарентна основа;
3) приклучување на потрошувачите на дистрибутивната мрежа, како и пристап на трети страни за користење на дистрибутивниот систем, во согласност со овој закон и мрежните правила за дистрибуција, а врз основа на објективни, транспарентни и недискриминаторни начела;
4) развој, обновување и одржување на дистрибутивниот систем, во согласност со важечките прописи со кои се утврдени техничките правила и да обезбеди долгорочна способност на системот да ги задоволи разумните барања за дистрибуција на природен гас;
5) изготвување план за одржување на мрежата во согласност со мрежните правила за дистрибуција, негово доставување до Регулаторната комисија за енергетика и негово објавување на веб страницата на операторот;
6) потребните количини на природен гас за вршење на своите функции со транспарентни, недискриминаторни и пазарни процедури, според правила однапред одобрени од Регулаторната комисија за енергетика;
7) мерење на количините природен гас што се испорачуваат на потрошувачите и доставување на податоците од мерењата до снабдувачите;
8) пристап на корисниците до мерните уреди што се во сопственост на операторот на дистрибутивниот систем, во согласност со овој закон и мрежните правила за дистрибуција;
9) изготвување на извештаи за финансискиот и физичкиот обем на планираните и реализираните услуги и

нивно доставување до Регулаторната комисија за енергетика, на начин, под услови и во рокови определени со лиценцата;
10) водење на диспечерска книга, записи за доверливост на системите за комуникација, податоци од системот за надзор и управување, мерни податоци и таквите книги, записи и податоци да ги чува најмалку десет години и
11) доверливост на комерцијалните и деловните податоци за корисниците на дистрибутивниот систем.

(3) Операторот на дистрибутивниот систем за природен гас, може привремено да ја прекине испораката на природен гас од дистрибутивната мрежа при вршење на планирани прегледи, испитувања, контролни мерења, одржување, реконструкции, проширувања на мрежите, уредите и инсталациите. Привремениот прекин може да се врши во време кога најмалку им нанесува штета на корисниците, во согласност со мрежните правила за дистрибуција.

(4) Операторот на системот за дистрибуција на природен гас е должен да изготви и да ги достави на одобрување до Регулаторната комисија за енергетика правила за набавката на природен гас од ставот (2) точка 6 на овој член, во согласност со упатството за набавка и продажба на електрична енергија и природен гас и набавка на системски услуги од страна на вршителите на регулираните енергетски дејности, донесени од Регулаторната комисија за енергетика.

(5) По исклучок од ставот (1) на овој член, ако дистрибутивниот систем не е поврзан со систем за пренос на природен гас и се напојува со компримиран природен гас транспортиран со авто или железнички цистерни или други облици на транспорт, операторот на дистрибутивниот систем е должен во мрежните правила за дистрибуција на природен гас, донесени во согласност со членот 94 од овој закон, да го уреди и обезбедувањето на помошните услуги и урамнотежувањето на отстапувањата меѓу фактичката и планираната потрошувачка на природен гас во реално време.

Член 92

(1) Операторот на дистрибутивниот систем е одговорен за долгорочно планирање на развојот на дистрибутивниот систем на подрачјето на кое ја врши дејноста.

(2) Операторот на дистрибутивниот систем е должен секоја година да донесува план за развој на дистрибутивниот систем со кој управува за период од следните пет години. Операторот го доставува планот до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 31 октомври и, по добиената согласност од Регулаторната комисија за енергетика, планот го објавува на својата веб страница. Во планот треба да бидат содржани сите неопходни информации за проширувањето и надградбата на системот, а неговата содржина се уредува со мрежните правила за дистрибуција.

(3) Операторот на дистрибутивниот систем подготвува и, најдоцна од 31 октомври секоја календарска година, доставува до министерството и Регулаторната комисија за енергетика едногодишни и петгодишни прогнози за потребите од природен гас за системот со кој управува.

(4) За секој регулиран период операторот на дистрибутивниот систем изготвува и доставува за одобрување до Регулаторната комисија за енергетика план за инвестирање во дистрибутивниот систем, во кој особено треба да биде прикажано очекуваното зголемување на ефикасноста на работата на дистрибутивниот систем како резултат на предвидените инвестиции.

Член 93

(1) Операторот на дистрибутивен систем е должен количините на природниот гас што го испорачува на корисниците приклучени на дистрибутивниот систем да ги мери со мерни уреди во согласност со овој закон и мрежните правила за дистрибуција на природен гас.

(2) Мерните уреди од ставот (1) на овој член се во сопственост на операторот на дистрибутивниот систем.

(3) Локацијата на мерните уреди ја утврдува операторот на дистрибутивниот систем во зависност од техничките можности на самото место и истата може да биде во или надвор од границите на имотот на потрошувачот.

(4) Ако мерниот уред се наоѓа на имот од корисникот, корисникот е должен да му овозможи на овластено лице на операторот на дистрибутивниот систем право на пристап на секој имот или објект до мерниот уред заради:
1) читање на мерните уреди;
2) контрола, вградување, надзор, промена и замена на мерниот уред;
3) исклучување на корисникот кога постапува спротивно со условите за користење на дистрибутивниот систем пропишани во мрежните правила за дистрибуција и
4) исклучување на потрошувачот по барање на снабдувачот, во согласност со одредбите од правилата за снабдување со природен гас.

Член 94

(1) Операторот на дистрибутивен систем за природен гас е должен, во рок утврден во лиценцата, да ги донесе и, по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, да ги објави во „Службен весник на Република Македонија" и на својата веб страница мрежните правила за дистрибуција на природен гас за мрежата со која управува, со кои особено се уредуваат:
1) техничките услови за приклучување на дистрибутивната мрежа на потрошувачите на природен гас, врз основа на транспарентни и недискриминаторни принципи;
2) методологијата за определување на надоместокот за приклучување на дистрибутивната мрежа, базирани на транспарентни и недискриминаторни принципи;
3) условите и начинот за пристап на трети страни на системот врз основа на транаспарентни и недискриминаторни принципи;
4) техничките и другите услови за сигурно и безбедно функционирање на системот;
5) мерките, активностите и постапките во случај на нарушувања и хаварии;
6) начинто и постапката за надзор и тестирање на дистрибутивната мрежа;
7) начинот и постапката за регулирање на протокот и притисокот на природниот гас низ дистрибутивната мрежа;
8) начинот и постапката за усогласување на манипулациите во дистрибутивниот систем со манипулациите во системот за пренос на природен гас,
9) функционалните барања и класата на точност на мерните уреди, како и начинот на мерење на природниот гас;
10) планирањето на одржувањето и развојот на дистрибутивната мрежа;
11) содржината на плановите за развој на дистрибутивниот систем, како и начинот и постапката според која корисниците на системот ги доставуваат неопходните податоци за изготвување на плановите за развој;
12) квалитетот на испораката на природен гас во согласност со правилата за снабдување;
13) прогнозата на потребите од природен гас врз основа на податоците добиени од снабдувачите и развојните планови на потрошувачите;
14) начинот и постапката за известување на корисниците на системот и
15) начинот на соработка на другите оператори на системи за природен гас.

(2) Во случај на постоење на повеќе оператори на системи за дистрибуција на природен гас, Регулаторната комисија за енергетика треба да обезбеди хармонизација на одделните мрежни правила за дистрибуција на природен гас.

Член 95

(1) Правното лице што врши дејност дистрибуција на природен гас не може да има лиценца за вршење на дејностите трговија, снабдување со природен гас или снабдување во краен случај со природен гас.

(2) Со цел да обезбеди независност во вршењето на енергетската дејност дистрибуција на природен гас, како и исполнувањето на обврската за обезбедување на јавна услуга на недискриминаторен, објективен и транспарентен начин, треба да се обезбеди:
1) лицата кои се одговорни за управувањето и раководењето со операторот на системот за дистрибуција на природен гас да не можат да учествуваат во управувачките и раководните структури во носителите на лиценци за пренос, трговија или снабдување со природен гас;
2) лицата одговорни за управувањето и раководењето со операторот на дистрибутивниот систем да имаат независност во нивната работа и одлучување и
3) донесувањето на одлуките во врска со средствата неопходни за функционирање, одржување и развој на системот да биде независно од интересите на вертикално интегрираното претпријатие кон кое припаѓа операторот, или интересите на поврзаното претпријатие.

(3) Операторот на системот за дистрибуција на природен гас е должен да донесе и да достави за одобрување до Регулаторната комисија за енергетика програма за усогласување со која ќе предвидат мерки за спречување на дискриминаторно однесување и ќе се обезбедат соодветни обврски за вработените, во согласност со ставот (2) од овој член.

(4) По исклучок од ставот (1) на овој член, правното лице што врши дејност дистрибуција на природен гас може да врши и дејности снабдување со природен гас и снабдување во краен случај со природен гас, ако на неговиот дистрибутивен систем се приклучени помалку од 100.000 корисници.

Член 96

(1) На правно лице, како комбиниран оператор на системи за пренос и дистрибуција на природен гас, можат да му се издадат лиценци за пренос и за дистрибуција на природен гас.

(2) Комбинираниот оператор од ставот (1) на овој член ги има правата и обврските утврдени со овој закон за оператор на систем за пренос и оператор на систем за дистрибуција со природен гас.

(3) На комбинираниот оператор од ставот (1) на овој член не може да му се издаде лиценца за дејностите снабдување или трговија со природен гас.

Член 97

(1) Снабдувачот со природен гас продава природен гас на потрошувачи, трговци, други снабдувачи, производители на електрична и/или топлинска енергија, операторите на системите за пренос или дистрибуција на природен гас, како и на купувачи во странство.

(2) Снабдувачот со природен гас, за потребите на потрошувачите со кои има склучено договор за снабдување, набавува природен гас од земјата и од странство.

(3) Снабдувачот со природен гас обезбедува соодветен преносен и/или дистрибутивен капацитет и регулирани услуги во согласност со важечките тарифи, мрежните правила за пренос и мрежните правила за дистрибуција, за природниот гас што се обврзал да го испорача на потрошувачите.

(4) Снабдувачот со природен гас, врз основа на извршени мерења од соодветниот оператор на мрежата, на потрошувачите со кои има склучено договор за снабдување им фактурира за испорачаниот природен гас по договорна цена и за надоместоците за користење на преносниот и/или дистрибутивниот систем.

(5) Снабдувачот со природен гас е должен да:
1) работи во согласност со правилата за снабдување во поглед на доверливоста на податоците и количините природен гас испорачани до корисниците;
2) ги исполни барањата за финансиски гаранции утврдени од страна на операторот системот за пренос на природен гас во однос на обврските поврзани со урамнотежувањата меѓу предвидените и реализираните трансакции;
3) достави во определен рок до Регулаторната комисија за енергетика, по нејзино барање, информации и извештаи за трансакциите и деловните активности што произлегуваат, завршуваат или поминуваат на територијата на Република Македонија;
4) им фактурира на своите купувачи за природниот гас, како и за преносниот и/или дистрибутивниот капацитет;
5) ги плати набавените количини природен гас, како и закупените капацитети и регулирани услуги на операторите на преносниот и/или дистрибутивните системи и
6) работи во согласност со законите и другите прописи во Република Македонија, прописите утврдени од страна на Регулаторната комисија за енергетика, мрежните правила за пренос и мрежните правила за дистрибуција.

Член 98

(1) Снабдувачот во краен случај со природен гас ги снабдува потрошувачите во Република Македонија приклучени на систем за пренос или дистрибуција на природен гас и кои не склучиле договор со некој од снабдувачите со природен гас или ако нивните дотогашни снабдувачи престанале да ги исполнуваат обврските од договорите за снабдување.

(2) Регулаторната комисија за енергетика ги одобрува правилата за набавка на природен гас, изготвени од снабдувачот во краен случај со природен гас, а кои ги содржат условите, начинот и постапката на набавките, засновани на транспарентни и недискриминаторни начела.

(3) Снабдувачот во краен случај со природен гас, за потребите на своите потрошувачи, обезбедува потребен преносен и/или дистрибутивен капацитет и други услуги од операторите на преносниот и дистрибутивниот систем, по цени и тарифи одобрени и претходно објавени од Регулаторната комисија за енергетика.

(4) Снабдувачот во краен случај со природен гас врши фактурирање на испорачаниот природен гас и услугите, согласно со Тарифниот систем за продажба на природен гас на потрошувачите што се снабдуваат преку снабдувачот во краен случај врз основа на извршените мерења од страна на соодветните мрежни оператори, а во согласност со Правилата за снабдување во краен случај и соодветните мрежни правила.

(5) Снабдувачот во краен случај со природен гас е должен да изготвува биланси за потребите на своите потрошувачи и да ги доставува до операторите на преносните и/или дистрибутивните системи, во согласност со мрежните правила за пренос и/или мрежните правила за дистрибуција.

Член 99

(1) Трговецот со природен гас купува природен гас заради препродажба на други трговци, снабдувачи, производители на електрична и/или топлинска енергија, операторите на системите за пренос и дистрибуција на природен гас или на купувачи од странство.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, трговецот во својство на снабдувач може да продава природен гас и на потрошувачи кои ги исполнуваат условите за самостојно учество на пазарот на природен гас, утврдени во правила за пазар на природен гас. Меѓусебните права и обврски на трговецот и потрошувачот, како и обврските кон операторот на преносниот систем и/или операторите на дистрибутивните системи, се уредуваат со договор.

(3) Трговецот со природен гас е должен на операторот на системот за пренос на природен гас да му достави информација за количините на природен гас и соодветниот временски распоред од сите договори за купопродажба на природен гас за природниот гас што се обврзал да го испорача на своите купувачи, како и договорите за транзит низ преносниот систем.

(4) Трговецот со природен гас, во случаите кога врши извоз на природен гас или транзит, е должен да обезбеди доволен преносен капацитет во согласност со важечките тарифи и мрежните правила за пренос.

(5) Трговецот со природен гас е должен да:
1) ги исполни барањата за финансиски гаранции утврдени од страна на операторот на системот за пренос на природен гас во однос на обврските поврзани со урамнотежувањата меѓу предвидените и реализираните трансакции;
2) достави во определен рок до Регулаторната комисија за енергетика, по нејзино барање, информации и извештаи за трансакциите и деловните активности што произлегуваат, завршуваат или поминуваат на територијата на Република Македонија;
3) им фактурира на своите купувачи за природниот гас, како и за преносниот капацитет и/или дистрибутивен капацитет, доколку за нивното обезбедување е овластен од страна на купувачот;
4) работи во согласност со законите и другите прописи во Република Македонија, прописите утврдени од страна на Регулаторната комисија за енергетика, мрежните правила за пренос и мрежните правила за дистрибуција и
5) работи во согласност со правилата за снабдување во поглед на доверливоста на податоците и количините на природниот гас испорачан на потрошувачите.

Член 100

(1) Сите купувачи на природен гас се квалификувани купувачи на природен гас.

(2) Потрошувачите на природен гас можат да склучуваат договори за набавка на природен гас со снабдувачите на природен гас, според условите дефинирани во правилата за снабдување.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, потрошувачите кои ги исполнуваат условите за самостојно учество на пазарот на природен гас, утврдени во правилата за пазар на природен гас, како и производителите на електрична и/или топлинска енергија од природен гас можат да купуваат природен гас од трговци, како и од странство.

(4) Купувачите на природен гас за своите потреби обезбедуваат соодветен преносен и/или дистрибутивен капацитет или таа обврска можат да ја пренесат на своите снабдувачи.

(5) Купувачите на природен гас можат да се снабдуваат со природен гас и преку директни водови.

VIII. ПАЗАР НА СУРОВА НАФТА, НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ И ГОРИВА ЗА ТРАНСПОРТ

Член 101

(1) Вршителите на енергетските дејности:
1) преработка на сурова нафта и производство на нафтени деривати;
2) производство на биогорива;
3) производство на горива наменети за транспорт со намешување на фосилни и биогорива;
4) транспорт на сурова нафта или нафтени деривати преку нафтоводи, односно продуктоводи;
5) складирање на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива наменети за транспорт и
6) трговија со сурова нафта, нафтени деривати, горива за транспорт и биогорива, се должни објектите, уредите и постројките за вршење на енергетските дејности да ги користат и одржуваат во согласност со техничките прописи и стандарди и другите прописи за сигурно и безбедно работење и заштита на животната средина.

(2) Техничките прописи од ставот (1) на овој член ги донесува министерот по претходна согласност на министерот надлежен за работите од областа на транспортот и врските, министерот надлежен за работите од областа на заштита на животната средина и министерот надлежен за работите од областа на внатрешните работи.

Член 102

(1) Вршителот на дејност транспорт на сурова нафта и/или нафтени деривати преку нафтовод и/или продуктовод е должен да донесе правила за работа на нафтоводот, односно продуктоводот и истите да ги објави на својата веб страница. Во овие правила особено ќе бидат уредени:
1) техничките услови за транспорт на сурова нафта, односно нафтени деривати;
2) техничките услови за одржување и безбедно функционирање на нафтоводот, односно продуктоводот;
3) мерките и постапките во случај на хаварии;
4) начинот, условите и постапката за договорен пристап на трети страни до системот за транспорт на сурова нафта, односно нафтени деривати;
5) функционалните барања и класата на точност на мерните уреди, како и начинот на мерење на транспортираните количини на сурова нафта, односно нафтените деривати и
6) другите услови неопходни за безбеден и сигурен транспорт.

(2) Вршителот на дејност транспорт на сурова нафта и/или нафтени деривати преку нафтовод и/или продуктовод е должен правилата од ставот (1) на овој член да ги изготви во согласност со техничките прописи од членот 101 на овој закон. Правилата од ставот (1) на овој член се доставуваат до министерството заради одобрување, по претходно добиени мислења од министрите од членот 101 став (2) на овој закон. Министерствата се должни мислењата да ги достават до министерството во рок не подолг од 60 дена.

Член 103

(1) Трговецот на големо со горива купува сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и/или горива за транспорт од производителите, тргува со други трговци на големо со горива и ги снабдува трговците на мало

со горива и потрошувачите.

(2) Трговецот на големо со горива треба да има во сопственост или да има право на користење простор за складирање на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и/или горива за транспорт.

(3) Трговецот на големо со горива е должен во секое време да има оперативни резерви од нафтени деривати и горива за транспорт за покривање на петдневен просечен обем на трговија, пресметан врз основа на остварениот обем на трговија за секој дериват одделно во претходната година.

(4) Потрошувачите можат да набавуваат нафтени деривати или горива за транспорт и од странство доколку нафтените деривати или горивата за транспорт ги користат исклучиво за свои потреби, за што не е потребна лиценца за трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива или горива за транспорт.

Член 104

(1) Трговецот на големо со сурова нафта, нафтени деривати и горива за транспорт може да полни и дистрибуира садови под притисок со течен нафтен гас за еднократна или повеќекратна употреба, ако има изградено или има право на користење полнилници за течен нафтен гас што ги задоволуваат пропишаните услови и стандарди за изградба, одржување и безбедно функционирање.

(2) Логото на трговецот задолжително треба да биде истакнато на секој поединечен сад под притисок за течен нафтен гас.

Член 105

(1) Трговецот на мало со горива ја врши својата дејност преку бензински станици или објекти што ги исполнуваат условите пропишани со закон или друг пропис.

(2) Трговецот на мало со горива може да го истакне на бензинската станица и може на друг начин да го користи логото на производителот на горивото или трговецот на големо со горива во согласност со меѓусебен договор, со цел да се покаже потеклото на нафтениот дериват или горивото за транспорт, со што на потрошувачите им се гарантира сигурно и непрекинато снабдување со нафтени деривати и горива за транспорт со квалитетот што го гарантира производителот или трговецот на големо.

Член 106

(1) Објектите и резервоарите за складирање на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива или горива за транспорт треба да бидат изградени и да се користат во согласност со пропишаните услови за изградба, одржување и безбедно функционирање.

(2) Објект за складирање на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива или горива за транспорт претставува техничко-технолошка и функционална целина наменета за складирање составена од резервоари и помошни постројки.

(3) Сопствениците или закупувачите на објектите наменети за складирање на сурова нафта, нафтени деривати или горива за транспорт што не се користат за складирање за сопствени потреби или не се во состав на бензински станици, се должни да поседуваат лиценца за вршење на дејноста складирање на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и/или горива за транспорт.

Член 107

(1) Заради заштита на животната средина Владата на Република Македонија во согласност со Акциониот план од членот 146 на овој закон, со одлука ја определува годишната процентуална застапеност на биогоривата во вкупните количини на горивата за транспорт во Република Македонија.

(2) Одлуката од ставот (1) на овој член може да се однесува за една или повеќе календарски години и истата се донесува најдоцна шест месеци пред нејзиното влегување во сила.

(3) Со одлуката од ставот (1) на овој член ќе се определи и минималниот процент на намешаност на биогоривата во мешавините од фосилни и биогорива за транспорт, како и преодниот период за замена на резервите на мешавините од фосилни и биогорива за транспорт.

Член 108

(1) Владата на Република Македонија, на предлог на министерството, донесува уредба за квалитетот на течните горива.

(2) Уредбата од ставот (1) на овој член, особено содржи:
1) вид на течни горива што можат да се пуштат на пазарот со нивните карактеристики;
2) начин на утврдување на квалитативните својства на течните горива;
3) начин и постапка за следење на квалитетот на течните горива;
4) права и обврски на учесниците на пазарот на сурова нафта, нафтени деривати и горива за транспорт од членот 110 на овој закон и
5) права и обврски на учесниците на пазарот и државните органи во преодниот период потребен за замена на резервите на мешавините од фосилни и биогорива за транспорт.

(3) Учесниците на пазарот на течните горива се должни да се придржуваат кон обврските утврдени во уредбата од ставот (1) на овој член.

Член 109

(1) Највисоките рафинериски и малопродажни цени на нафтените деривати и највисоките малопродажни цени на мешавините на фосилни горива и биогорива се определуваат во согласност со прописот за формирање на цените на нафтените деривати и горивата за транспорт од членот 24 став (3) на овој закон.

(2) При определување на највисоките малопродажни цени на мешавините од фосилните горива и биогоривата треба да се земат предвид највисоката рафинериска цена на соодветниот нафтен дериват, берзанската цена на биогоривото и трошоците за намешување, во согласност со прописот од членот 24 став (3) на овој закон.

(3) Одлуката за највисоките рафинериски и малопродажни цени на нафтените деривати ја донесува Регулаторната комисија за енергетика по барање за определување на највисоките рафинериски цени на нафтени деривати поднесено од трговското друштво за преработка на сурова нафта и производство на нафтени деривати, во согласност со прописот од членот 24 став (3) на овој закон.

(4) Одлуката за највисоките малопродажни цени на мешавините од фосилните горива и биогорива ја донесува Регулаторната комисија за енергетика по влегувањето во сила на одлуката од ставот (3) на овој член, во согласност со прописот од членот 24 став (3) на овој закон.

Член 110

(1) За квалитетот на нафтените деривати и горивата за транспорт се одговорни производителите, трговците на големо со горива и трговците на мало со горива, во согласност со уредбата за квалитетот за течните горива од членот 108 на овој закон.

(2) Квалитетот на нафтените деривати и горивата за транспорт се потврдува со изјава за сообразност што производителите или трговците на големо на дериватот или горивото за транспорт ја обезбедуваат од акредитирана лабораторија.

IX. ПАЗАР НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА

Член 111

Заради сигурно, безбедно, непрекинато и квалитетно снабдување со топлинска енергија на потрошувачите на своето подрачје единиците на локалната самоуправа се должни да овозможат извршување на следниве енергетски дејности:
1) производство на топлинска енергија;
2) дистрибуција на топлинска енергија и
3) снабдување со топлинска енергија.

Член 112

(1) Производителот на топлинска енергија поседува и управува со работата на постројка за производство на топлинска енергија во согласност со закон, други прописи, мрежните правила и условите и критериумите пропишани во лиценцата и врши продажба на топлинска енергија на операторот на системот на дистрибуција на топлинска енергија на кој е приклучен, под услови определени со овој закон.

(2) Производителот на топлинска енергија може да продава топлинска енергија и на потрошувачи кои не се приклучени во системот за дистрибуција на топлинска енергија, а се директно поврзани на неговата производна постројка.

(3) Производителот на топлинската енергија, во согласност со издадената лиценца, е должен да доставува годишни извештаи до Регулаторната комисија за енергетика и до градоначалникот на единицата на локалната самоуправа во врска со опремата, капацитетите, плановите за одржување, како и планираната расположливост.

(4) Со цел да се обезбеди сигурност во снабдувањето со топлинска енергија производителите на топлинска енергија, кои користат мазут како гориво, се должни во секое време да имаат оперативни резерви од мазут кои се најмалку еднакви на петнаесетдневни потреби за работа со максимален капацитет.

Член 113

(1) Регулираниот производител на топлинска енергија има обврска за обезбедување на јавна услуга производство на топлинска енергија за потребите на потрошувачите и обезбедува енергија за покривање на загубите во системот, системска резерва и системски услуги за одржување на потребни работни параметри (температура и притисок) во рамките на системот за топлинска енергија на што е приклучен.

(2) Дејноста регулирано производство на топлинска енергија се врши врз основа на лиценца што се издава по спроведен јавен повик од страна на Регулаторната комисија за енергетика. Во јавниот повик треба да бидат наведени условите што треба да бидат исполнети од страна на вршителот на дејноста, а особено:
1) да поседува, или да има право на користење на капацитети што се наменети за производство на топлинска енергија, не помали од две третини од вкупната инсталирана моќност на приклучените потрошувачи во годината која и претходи на годината во која се објавува јавниот повик;
2) да има способност да го одржува пропишаниот температурен режим на своите постројки за производство на топлинска енергија и потребниот притисок на топлоносителот утврден со мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија;
3) да приложи докази за финансиска способност за набавка на потребното гориво за производство на топлинска енергија и
4) да има организациона структура и стручни лица кои ќе овозможат сигурно, безбедно и непрекинато производство на топлинска енергија со пропишан квалитет.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, во системите за дистрибуција на топлинска енергија во кои има само еден производител на топлинска енергија, на тој производител ќе му биде издадена лиценца за регулирано производство на топлинска енергија.

(4) Регулаторната комисија за енергетика, по барање од регулираниот производител, го определува надоместокот што регулираниот производител ќе го добие за обезбедување на услугите во системот за топлинска енергија. При определувањето на надоместокот треба да се земат предвид фиксните и варијабилните трошоци на регулираниот производител, како и разумен повраток на капиталот. Надоместокот се состои од два дела: надоместок за обезбедување на системски услуги и системска резерва и регулирана цена за произведената топлинска енергија.

(5) Регулаторната комисија за енергетика донесува правилник за цени на топлинска енергија и системски услуги, заснован на начелата од членот 24 став (4) на овој закон, со кој ќе се уреди начинот, постапката и методологијата за определување на надоместокот за системските услуги и системската резерва, регулираната цена за произведената топлинска енергија од ставот (4) на овој член, како и начинот на пресметка и периодот за кој се пресметува просечната цена на топлинската енергија од членот 116 став (7) на овој закон.

Член 114

(1) Дистрибуција на топлинска енергија се врши од страна на правни лица сопственици на систем за дистрибуција на топлинска енергија или врз основа на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на нов систем или договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за јавна услуга, управување, користење, одржување и проширување/надградување на постоечки систем за дистрибуција на топлинска енергија или од јавни претпријатија основани од единиците на локалната самоуправа.

(2) Операторот на системот за дистрибуција на топлинска енергија, врз основа на издадената лиценца, врши дејност дистрибуција на топлинска енергија и управување со системот за дистрибуција на топлинска енергија.

(3) Корисници на системот на дистрибуција на топлинска енергија се производителите, снабдувачите и потрошувачите на топлинска енергија.

(4) Операторот на системот за дистрибуција на топлинска енергија може привремено да ја прекине

испораката на енергија од системот за топлинска енергија при вршење на планирани прегледи, испитувања и контролни мерења, ремонти и реконструкции и проширувања на објектите, уредите и инсталациите.

(5) Привремениот прекин од ставот (4) на овој член операторот на системот за дистрибуција на топлинска енергија може да го врши во време кога најмалку им нанесува штета на корисниците, во согласност со мрежните правила за дистрибуција.

Член 114-а

(1) Постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за управување, користење, одржување и проширување/надградување на постоечки систем за дистрибуција на топлинска енергија од страна на единиците на локалната самоуправа.

(2) Периодот за кој се доделува договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство од ставот (1) на овој член не може да биде подолг од 35 години.

(3) Приватниот партнер нема право да го пренесе договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство на друго правно лице, без претходна писмена согласност на јавниот партнер.

(4) Советот на единицата на локалната самоуправа, на предлог на градоначалникот, донесува одлука за започнување на постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за управување, користење, одржување и проширување/надградување на постоечки систем за дистрибуција на топлинска енергија.

(5) На постапката за доделување на договор за воспоставување на договор за јавно приватно партнерство и на договор за јавно приватно партнерство од ставот (1) на овој член се применуваат одредбите од Законот за коцесии и јавно приватно партнерство и одредбите од овој закон.

Член 115

Операторот на системот за дистрибуција на топлинска енергија има обврска да ја одржува, надградува и проширува дистрибутивната мрежа на топлинска енергија во системот и е должен да обезбеди:
1) безбедно и сигурно функционирање и управување со системот за дистрибуција на топлинска енергија во согласност со мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија и условите утврдени во лиценцата;
2) одржување, развој и, кога тоа е економски исплатливо, проширување на системот за дистрибуција, во согласност со мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија и со плановите за развој на системот, усогласени со плановите и програмите за развој на енергетиката на единиците на локалната самоуправа на кои се простира топлинскиот систем;
3) пристап и/или приклучување на корисниците на системот за дистрибуција во согласност со мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија и со примена на цени и тарифи одобрени и претходно објавени од страна на Регулаторната комисија за енергетика;
4) топлинска енергија за покривање на загубите во дистрибутивната мрежа и системските услуги од регулираниот производител;
5) набавка, поставување и одржување на мерните уреди на излез од производните постројки и во топлинските потстаници на кои се приклучени објектите на потрошувачите и мерење на топлинската енергија што се презема или испорачува од топлинскиот систем, во согласност со мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија;
6) преземање на сите пропишани мерки за безбедност во текот на користењето на системот за дистрибуција на топлинска енергија, како и мерките за заштита на животната средина;
7) пренесување на топлинската енергија од местата на приклучок на производните постројки до местата на приклучување на потрошувачите на системот (топлинска потстаница), во согласност со мрежните правила за дистрибуција и условите утврдени во лиценцата;
8) квалитет на испораката на топлинска енергија преку системот за дистрибуција;
9) усогласување на погонските манипулации во системот со производителите заради непречено вршење на дистрибуцијата на топлинска енергија;
10) надзор и тестирање на системот за дистрибуција на топлинска енергија;
11) следење на техничката и функционалната подготвеност на објектите за дистрибуција на топлинска енергија и
12) долгорочна прогноза на побарувачката на топлинска енергија.

Член 116

(1) Операторот на системот за дистрибуција на топлинска енергија ја откупува топлинската енергија произведена од производителите приклучени на дистрибутивниот систем со кој тој управува.

(2) Учеството на производството на регулираниот производител во вкупната енергија испорачана во дистрибутивниот систем се определува врз основа на техничките можности на постројките на регулираниот производител и параметрите на испорачаната топлинска енергија од другите производители.

(3) Операторот на системот за дистрибуција на топлинска енергија, по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, е должен да склучи договор со регулираниот производител на топлинска енергија со времетраење не покусо од една година за:
1) обезбедување на системска резерва;
2) системски услуги за обезбедување на потребните работни параметри во дистрибутивниот систем;
3) топлинска енергија за покривање на загубите во дистрибутивниот систем и
4) топлинска енергија за потребите на потрошувачите.

(4) Со договорот од ставот (3) на овој член особено ќе се уреди:
1) начинот и постапката за обезбедување на системската резерва и системските услуги, во согласност со мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија и
2) начинот на плаќање на услугите и топлинската енергија што регулираниот производител ги обезбедува во дистрибутивниот систем.

(5) Операторот на системот за дистрибуција на топлинска енергија е должен да ја откупува топлинската енергија испорачана од производителите на топлинска енергија во дистрибутивниот систем, доколку цената на топлинската енергија понудена од производителот е пониска од регулираната цена за топлинската енергија од регулираниот производител.

(6) Операторот на системот за дистрибуција на топлинска енергија, по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, е должен да склучи договори со снабдувачите со топлинска енергија за продажба на топлинска енергија наменета за потребите на потрошувачите.

(7) Цената по која операторот на системот за дистрибуција на топлинска енергија ја продава топлинската енергија на снабдувачите се пресметува како просечна цена од регулираната цена на регулираниот производител и цените на набавка од другите производители и во неа ќе биде вклучен и надоместокот за обезбедување на системска резерва и системските услуги што ги обезбедува регулираниот производител.

(8) Операторот на системот за дистрибуција на топлинска енергија е должен да ја достави до Регулаторната

комисија за енергетика целокупната документација во врска со извршувањето на договорите со производителите и снабдувачите со топлинска енергија, како и финансиски извештаи и ревизија на финансиските извештаи изработени од овластен ревизор, извештаи за работењето и други податоци согласно со условите пропишани со лиценцата издадена од Регулаторната комисија за енергетика.

Член 117

Операторот на системот за дистрибуција на топлинска енергија, по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, е должен да ги донесе и да ги објави во „Службен весник на Република Македонија" и на својата веб страница мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија со кои особено се уредуваат:
1) техничко-технолошките услови за приклучување на потрошувачите и на производителите на топлинска енергија на системот за дистрибуција на топлинска енергија, засновани на начелата на недискриминаторност, објективност и транспарентност;
2) техничките и другите услови што треба да ги обезбедат корисниците на системот за дистрибуција на топлинска енергија;
3) мерките, активностите и постапките во случај на хаварии;
4) условите и начинот за пристап на трети страни на системот за дистрибуција на топлинска енергија засновани на начелата на недискриминаторност, објективност и транспарентност;
5) функционалните барања и класата на точност на мерните уреди, како и начинот на мерење и пресметка на испорачаната топлинска енергија;
6) содржината на плановите за развој на дистрибутивниот систем, како и начинот и постапката според која корисниците на системот ги доставуваат неопходните податоци за изготвување на плановите за развој;
7) начинот и постапката за обезбедување на системската резерва и системските услуги од страна на регулираниот производител;
8) начинот и постапката на размена на податоците меѓу операторот на дистрибутивниот систем, регулираниот производител, производителите и снабдувачите и
9) начинот и постапката за известување на корисниците на системот.

Член 118

(1) Снабдувачот со топлинска енергија на потрошувачите со кои има склучено договор е должен да обезбеди сигурно, континуирано и квалитетно снабдување со топлинска енергија во согласност со Правилата за снабдување со топлинска енергија, договорите за снабдување склучени со потрошувачите и издадената лиценца.

(2) Снабдувачот со топлинска енергија, за секој систем за топлинска енергија на којшто снабдува потрошувачи, е должен да склучи годишен договор со операторот на системот за дистрибуција на топлинска енергија за набавка на топлинска енергија за потребите на своите потрошувачи, како и договор за користење на дистрибутивниот систем, по цени и тарифи одобрени и претходно објавени од Регулаторната комисија за енергетика.

(3) Договорите од ставот (2) на овој член ги одобрува Регулаторната комисија за енергетика и со нив подетално се уредуваат меѓусебните односи на снабдувачите и операторите на дистрибутивните системи, а се засновани на мрежните правила за дистрибуција и правилата за снабдување со топлинска енергија.

(4) Снабдувачот со топлинска енергија е должен да доставува податоци до Регулаторната комисија за енергетика и годишни извештаи за продадената топлинска енергија, според условите утврдени во лиценцата.

(5) Годишните извештаи од ставот (4) на овој член снабдувачот со топлинска енергија е должен да ги достави и до министерството и градоначалниците на единиците на локалната самоуправа на чиишто подрачја снабдувачот ја врши дејноста.

Член 119

(1) Мерните уреди на излез од производната постројка и мерните уреди во топлинските потстаници преку кои објектите на потрошувачите се приклучени на дистрибутивната мрежа се во сопственост на операторот на системот за дистрибуција на топлинска енергија.

(2) Локацијата на мерните уреди ја утврдува операторот на системот за дистрибуција во зависност од техничките можности на приклучното место и истата може да биде во или надвор од границите на имотот на потрошувачот.

(3) Ако мерниот уред се наоѓа на имотот на корисникот, корисникот е должен да му овозможи на овластено лице на операторот на системот за дистрибуција на топлинска енергија право на пристап на секој имот или објект до мерниот уред, односно приклучокот заради:
1) читање на мерните уреди;
2) контрола, вградување, надзор, замена и одржување на опремата на мерното место;
3) исклучување на корисникот кога постапува спротивно со условите за користење на дистрибутивната мрежа пропишани во мрежните правила за дистрибуција и
4) исклучување на потрошувачот по барање на снабдувачот, во согласност со одредбите од Правилникот за снабдување.

(4) Уредите врз основа на кои се врши локално распределување на топлинската енергија меѓу различни потрошувачи во еден објект за кои има еден мерен уред се составен дел од системот за мерење на потрошената топлинска енергија во објектот и се во сопственост на операторот на дистрибутивниот систем.

(5) Вградувањето на уредите од ставот (4) на овој член, како и методологијата за распределбата и пресметката на потрошената топлинска енергија, се уредува со мрежните правила за дистрибуција.

(6) Начинот на отчитување на уредите од ставот (4) на овој член се уредува со договорот за снабдување меѓу снабдувачот и потрошувачот, во согласност со Правилата за снабдување со топлинска енергија.

Член 120

(1) Потрошувачите на топлинска енергија приклучени на системот за дистрибуција во подрачјето на кое е воспоставен систем за топлинска енергија имаат право на слободен избор од кој снабдувачите ќе бидат снабдувани.

(2) Снабдувачот со топлинска енергија, врз основа на отчитувањата на мерните уреди и отчитувањата на уредите за локално распределување од членот 119 став (4) на овој закон, врши фактурирање и наплата на испорачаната топлинска енергија на потрошувачите по цена која се состои од просечната цена на топлиската енергија од членот 116 ставот (7) на овој закон за пресметковниот период определен во согласност со правилникот од членот 113 став (5) на овој закон, тарифата за користење на дистрибутивниот систем и надоместокот за снабдување со топлинска енергија.

(3) Највисокиот износ на надоместокот за снабдување од ставот (2) на овој член го определува

Регулаторната комисија за енергетика со одлука што ја донесува пред почетокот на секоја календарска година.

Член 121

(1) Носителот на лиценца за дејноста регулирано производство на топлинска енергија не може да биде носител на лиценца за дејностите дистрибуција на топлинска енергија и снабдување со топлинска енергија.

(2) Носителот на лиценца за дејноста дистрибуција на топлинска енергија не може да биде носител на лиценца за дејностите производство на топлинска енергија и снабдување со топлинска енергија.

(3) По исклучок од одредбите на ставовите (1) и (2) на овој член, ако во еден систем за топлинска енергија вкупната инсталирана моќност на потрошувачите е помала од 80 MW лиценците за вршење на дејностите за производство или регулирано производство на топлинска енергија, оператор на системот за дистрибуција на топлинска енергија и снабдување со топлинска енергија можат да му бидат доделени на едно лице.

X. ПРИСТАП НА ТРЕТИ СТРАНИ И ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА МРЕЖИ

Член 122

(1) Операторите на системите за пренос и/или дистрибуција, врз основа на објавени тарифи, се должни да им овозможат пристап на квалификуваните купувачи до соодветниот систем на објективен и транспарентен начин со којшто се оневозможува дискриминација на корисниците на системот.

(2) Операторите на системите за пренос и/или дистрибуција се должни да им овозможат приклучување на соодветниот систем во согласност со соодветните мрежни правила:
1) на сите потрошувачи на електрична енергија и сите корисници на системот за пренос и системите за дистрибуција на електрична енергија на територијата на Република Македонија и
2) на сите потрошувачи на природен гас или топлинска енергија и на сите корисници на системите за пренос и дистрибуција на природен гас или топлинска енергија на подрачјето на кое се обезбедува услугата, кога тоа е економски оправдано.

(3) Операторите на електропреносните или електродистрибутивните системи ќе обезбедат приоритет за пристап на системите за електричната енергија произведена од обновливи извори, водејќи сметка за ограничувањата што произлегуваат од оперативните можности на електроенергетскиот систем.

Член 123

(1) Операторот на системот за пренос, односно дистрибуција на соодветен вид на енергија или природен гас е должен, во согласност со соодветните мрежни правила и правилата за снабдување, на постојните и новите корисници да им овозможи пристап на мрежата за пренос, односно дистрибуција на соодветен вид на енергија:
1) на објективен, транспарентен и недискриминаторен начин;
2) заснован на начелото на регулиран пристап на трета страна и
3) со примена на цени и тарифи кои пред нивното објавување се одобрени од Регулаторната комисија за енергетика.

(2) Операторот на системот за пренос, односно дистрибуција на соодветен вид на енергија може да одбие пристап на мрежата само во случаи кога има недостакот на соодветен капацитет за пренос или дистрибуција на енергија или природен гас и за тоа е должен на лицето кое го барало пристапот во писмена форма детално и недвосмислено да му ги образложи причините за одбивањето. Операторот на системот за пренос на природен гас може да одбие пристап на системот и доколку е загрозена сигурноста на снабдувањето во Република Македонија.

(3) Лицата на кои им е одбиен пристап на мрежата или се незадоволни од условите за пристапот на мрежата можат да поднесат жалба до Регулаторната комисија за енергетика.

Член 124

(1) Операторот на електропреносниот систем или операторот на системот за пренос на природен гас можат да достават барање до Регулаторната комисија за енергетика за изземање од обврската за овозможување на пристап на трети страни кога се инвестира во нови интерконективни водови или значително се зголемува капацитетот на постојните интерконективни водови со цел да се зголемат можностите за снабдување.

(2) Регулаторната комисија за енергетика ќе ги одобри барањата од ставот (1) на овој член доколку се исполнети следниве услови:
1) инвестицијата да ја зголемува конкуренцијата и сигурноста во снабдувањето со електрична енергија, односно природен гас;
2) ризикот поврзан со инвестицијата е таков што истата нема да биде реализирана доколку не се овозможи изземање од обврската за овозможување пристап на трети страни;
3) интерконективниот вод, односно гасовод за кој се бара изземање од обврската за овозможување на пристап на трети страни мора да биде во сопственост на правно или физичко лице кое е независно, барем во неговата правна форма, од операторите на системите каде што водот ќе се гради;
4) корисниците на водот ќе плаќаат надоместок за неговото користење;
5) ниту еден дел од инвестициите или оперативните трошоци за интерконективниот вод да не можат да се повратат преку надоместоците за користење на системите кои ги поврзува интерконективниот вод и
6) изземањето од обврската за овозможување на пристап на трети страни да не влијае врз конкуренцијата и ефикасноста на пазарот на електрична енергија, односно пазарот на природен гас или врз ефикасното функционирање на регулираниот систем за пренос на кој водот, односно гасоводот се приклучува.

(3) Регулаторната комисија за енергетика ќе ги пропише детално постапката, условите и начинот за одлучување по барањата од ставот (1) на овој член, како и начинот на објавување на одлуката и нејзиното доставување до надлежните меѓународни институции, во согласност со обврските што Република Македонија ги презела со ратификуваните меѓународни договори.

Член 125

(1) Операторот на системот за пренос, односно дистрибуција на соодветен вид на енергија е должен во мрежните правила да воспостави правила за приклучување на мрежата и методологија за пресметка на надоместокот за приклучување. Правилата за приклучување треба да ги земат предвид последиците од приклучувањето кои ќе ги претрпат другите корисници на мрежата, местото на приклучување на постројките, објектите и уредите за кои се бара приклучување и видот на потребната инсталација за приклучување на мрежата.

(2) Надоместокот за приклучување на мрежата, како и надоместокот за измена на енергетските параметри дефинирани во согласноста за приклучување на постоечки корисник, го плаќа корисникот и се состои од надоместок за изградба на приклучокот или надоградба на постоечки приклучок, како и учество во

трошоците за создавање технички услови во системот за приклучување на нови корисници или зголемување на капацитетот на постојни приклучоци. Надоместокот се пресметува со примена на методологијата содржана во соодветните мрежни правила.

(3) Операторот на системот за пренос, односно дистрибуција на соодветен вид на енергија е должен да им обезбеди на лицата кои бараат приклучување на соодветната мрежа детална процена на трошоците за изградба на приклучокот и процена на трошоците за создавање на техничките услови во мрежата.

(4) Регулаторната комисија за енергетика ќе ги задолжи операторите на соодветните енергетски системи да ги поднесат трошоците за приклучување на повластените производители на соодветниот систем и трошоците за приклучување, операторите да ги повратат преку тарифата за регулираната услуга, кога е потребно да се:
1) поттикне производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија или од високоефикасни комбинирани постројки или
2) остварат целите на Стратегијата за развој на енергетиката, Стратегијата за енергетска ефикасност или Стратегијата за обновливи извори на енергија.

(5) Регулаторната комисија за енергетика ќе го пропише периодот за кој ќе се применува обврската на операторите од ставот (4) на овој член, како и условите што треба да ги исполнат повластените производители за да бидат приклучени на соодветниот систем во согласност со ставот (4) на овој член.

Член 126

(1) Лицата кои бараат приклучување на енергетски систем или корисниците што бараат измени на постоен приклучок се должни да поднесат барање за приклучување до операторот на соодветниот систем за пренос, односно дистрибуција во согласност со мрежните правила.

(2) Лицата кои бараат приклучување на мрежата можат да се приклучат на истата само врз основа на добиено решение за согласност за приклучување, издадена од операторот на системот за пренос, односно дистрибуција во согласност со мрежните правила.

(3) Во решението од ставот (2) на овој член особено се утврдуваат:
1) техничките услови за приклучување;
2) надоместокот за приклучување што треба да го плати корисникот;
3) рокот за приклучување и
4) обврските на операторот на енергетскиот систем или операторот на преносната мрежа за природен гас во врска со приклучувањето.

(4) Решението за согласноста за приклучување ќе престане да важи доколку изградбата на приклучокот не е започната во рокот определен во одобрението за градење на приклучокот.

(5) Операторот на преносната мрежа за природен гас ќе соработува со операторот на системот за пренос на природен гас во постапката за издавање на согласност за приклучување на преносната мрежа, во постапка утврдена со мрежните правила за пренос за природен гас.

Член 127

(1) Операторот на енергетскиот систем во соодветните мрежни правила треба да предвиди временски рокови во кои треба да донесе одлука во врска со барањето за издавање на согласност за приклучување и временски рокови во кои треба да биде остварено приклучувањето на мрежата.

(2) Доколку операторот на енергетскиот систем не издаде решение за согласност за приклучување, или издаденото решение не е во согласност со соодветните мрежни правила, лицето кое бара приклучување може да поднесе жалба до Регулаторната комисија за енергетика.

Член 128

(1) Новите објекти за проширување на постоен енергетски систем, вклучувајќи ја изградбата на нови или надоградба на постојни приклучоци во сопственост на операторот на системот или операторот на мрежата на природен гас, кога тоа е предвидено со овој закон, ги гради операторот на соодветниот систем или мрежа и се во негова сопственост.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, во случаи кога приклучокот е наменет за поврзување на еден корисник (потрошувач, енергетски систем или постројка за производство на електрична или топлинска енергија) приклучокот, по претходно одобрение од операторот на системот, може да го изгради корисникот, во согласност со соодветните мрежни правила и приклучокот ќе биде во негова сопственост.

(3) Во одобрението од ставот (2) на овој член операторот на системот, врз основа на мрежните правила, ќе ги утврди условите и начинот за изградба на приклучокот.

(4) Против решението на операторот на системот со кое се одбива барањето на корисникот да го изгради приклучокот од ставот (2) на овој член, корисникот може да поднесе жалба до Регулаторната комисија за енергетика.

(5) Доколку корисникот го гради приклучокот, е должен да го плати делот од надоместокот за приклучување што се однесува на создавањето технички услови во системот за приклучување на нови корисници или зголемување на капацитетот на постојни приклучоци.

(6) Ако корисникот го изградил приклучокот, тој може да го предаде приклучокот во сопственост на операторот на системот или операторот на мрежата без надоместок.

(7) Ако корисникот го задржи приклучокот во своја сопственост, тој е должен да:
1) му овозможи на операторот на системот управување со истиот на начин и по постапка предвидена со соодветните мрежни правила и
2) обезбеди одржување на приклучокот според критериумите дефинирани во соодветните мрежни правила.

(8) Надоместоците за приклучување од членот 125 став (2) на овој закон што ги наплаќа операторот на соодветниот систем или операторот на преносната мрежа за природен гас кога тој го гради приклучокот, надоместоците од ставот (5) на овој член кога корисниците ги градат приклучоците, како и приклучоците или други делови од мрежата што корисниците ги отстапуваат на соодветниот оператор треба да бидат земени предвид при определувањето на регулираните приходи на операторот. Регулаторната комисија за енергетика, во прописите од членот 24 став (1) на овој закон, детално ги пропишува начинот и постапката на водењето на евиденцијата на надоместоците за приклучоците и средствата што корисниците без надоместок ги отстапуваат на операторите.

(9) За електроенергетските објекти што се дел од енергетскиот систем, изградени со средства и се во сопственост на корисници на енергетскиот систем, а не се составен дел од приклучокот што го користи исклучиво сопственикот на електроенергетскиот објект, операторот на системот и сопственикот на објектот ќе склучат договор со кој ќе ги регулираат меѓусебните права и обврски што произлегуваат од користењето

на објектот од страна на операторот на начин и под услови утврдени во соодветните мрежни правила.

(10) Заради остварување на обврската за обезбедување на јавна услуга, операторот на преносен или дистрибутивен систем е должен да ги одржува енергетските објекти кои се составен дел на соодветниот енергетски систем и чијшто сопственик не е познат.

XI. ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

Член 129

(1) Политиката на енергетската ефикасност се остварува преку мерки и активности за ефикасно користење на енергијата, донесување на програми и планови за подобрување и унапредување на енергетската ефикасност и нивно спроведување, вршењето на услуги за енергетска ефикасност и енергетските контроли, како и преку исполнување на обврските на јавниот сектор во поглед на енергетската ефикасност и заштедата на енергија.

(2) Со политиката на енергетската ефикасност се обезбедува остварување на целите на одржливиот енергетски развој, намалување на негативните влијанија врз животната средина при вршењето на енергетските дејности и потрошувачката на енергија, подобрување на сигурноста во снабдувањето со енергија, како и исполнување на меѓународните обврски на Република Македонија во врска со намалувањето на емисијата на стаклениčките гасови.

Член 130

(1) Политиката за ефикасно користење на енергијата се утврдува со Стратегијата за енергетската ефикасност, што ја донесува Владата на Република Македонија на предлог на министерството, а се однесува на период од десет години, во согласност со Стратегијата за развој на енергетиката.

(2) Стратегијата за енергетска ефикасност содржи приказ и оцена на состојбите за бруто финалната потрошувачка на енергија, процена на потенцијалот за комбинирано производство во високоефикасни комбинирани постројки, показатели за енергетската ефикасност, мерки за подобрување и унапредување на енергетската ефикасност и долгорочни цели што треба да се постигнат со тие мерки, како и поттикнувачки мерки за спроведување на енергетската ефикасност.

(3) Средствата за изготвување на Стратегијата за енергетската ефикасност се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија и други извори.

(4) За реализација на целите од Стратегијата за енергетската ефикасност Владата на Република Македонија може да воспостави механизми за финансиска поддршка.

(5) Средствата за финансиската поддршка се обезбедуваат од:
1) Буџетот на Република Македонија;
2) буџетите на единиците на локалната самоуправа;
3) грантови, донации и спонзорства;
4) кредити и
5) државна помош во согласност со Законот за државна помош.

(6) Заради ефикасно спроведување на мерките и постигнување на индикативните цели од акционите планови за енергетска ефикасност од членот 131 на овој закон, со закон може да се основа фонд за енергетска ефикасност преку кој ќе се реализира поддршката на јавниот и приватниот сектор за спроведување на обврските за подобрување на енергетската ефикасност.

Член 131

(1) Заради спроведување на Стратегијата за енергетска ефикасност на Република Македонија Владата на Република Македонија, по предлог од министерството, на секои три години, донесува акционен план за енергетска ефикасност.

(2) Агенцијата за енергетика учествува во изготвувањето на акциониот план за енергетска ефикасност.

(3) Акциониот план за енергетска ефикасност особено содржи:
1) анализа и извештај за спроведување на мерките и активностите од претходниот акционен план;
2) мерки и активности за подобрување на енергетската ефикасност во следниот тригодишен период, со цел да се постигнат индикативните цели за заштеда на енергија;
3) едукативни и промотивни активности насочени кон поттикнување на рационално користење на енергијата;
4) рокови во кои треба да се спроведат одделните активности;
5) потребни средства за реализација на предвидените активности и начин на нивно обезбедување и
6) носители на одделни активности.

(4) Владата на Република Македонија, на предлог на министерството, ќе донесе уредба со која ќе се утврдат индикативните цели за заштеда на енергија за периодот од девет години од денот на донесување на првиот акционен план за енергетска ефикасност. Индикативните цели се определуваат во согласност со Стратегијата за енергетска ефикасност. Составен дел на уредбата е и методологијата за пресметка на индикативните цели.

(5) Агенцијата за енергетика го следи спроведувањето на мерките и активностите од акционите планови за енергетска ефикасност, како и исполнувањето на динамиката за постигнување на индикативните цели пропишани со уредбата од ставот (4) на овој член и доставува до министерството годишни извештаи најдоцна до 31 март секоја година.

Член 132

(1) Во согласност со Стратегијата за енергетска ефикасност на Република Македонија и акциониот план за енергетска ефикасност, советот на единицата на локалната самоуправа, на предлог на градоначалникот, а по претходно мислење од Агенцијата за енергетика, донесува програма за енергетска ефикасност што се однесува за период од три години.

(2) Програмата од ставот (1) на овој член содржи приказ и оцена на состојбите и потребите на енергија, индикативни цели за заштеда на енергија на локално ниво, мерки за подобрување и унапредување на енергетската ефикасност и целите што треба да се постигнат со тие мерки, изворите за финансирање на вложувањата потребни за спроведување на мерките, активности и рокови за спроведување на мерките, носители на активностите и други потребни податоци.

(3) Спроведувањето на програмата од ставот (1) на овој член се врши со годишен план кој, на предлог на градоначалникот, го донесува советот на единицата на локалната самоуправа.

(4) Единиците на локалната самоуправа ги доставуваат програмите за енергетска ефикасност од ставот (1)

на овој член до Агенцијата за енергетика најдоцна 30 дена по нејзиното усвојување. Агенцијата за енергетика, најдоцна 30 дена од денот на доставувањето на програмата од единицата на локалната самоуправа, е должна да достави извештај до министерството за усогласеноста на програмата од ставот (1) на овој член со Стратегијата за енергетска ефикасност на Република Македонија и акциониот план од членот 131 на овој закон.

(5) Единицата на локалната самоуправа, најдоцна до крајот на февруари до Агенцијата за енергетика го доставува годишниот план од ставот (3) на овој член за тековната година, како и информација за спроведување на програмата од ставот (1) на овој член во претходната година. Агенцијата за енергетика, најдоцна до 31 мај, до министерството доставува збирен извештај изготвен врз основа на доставените годишни планови на единиците на локалната самоуправа и информациите за спроведување на програмите.

Член 133

Снабдувачите со енергија се должни најдоцна до 31 јануари секоја година да достават до министерството и Агенцијата за енергетика податоци за претходната календарска година кои содржат вкупен приказ и структура на потрошувачката на потрошувачите кои ги снабдуваат, географски распоред и групирање на потрошувачите според карактеристики на нивната потрошувачка, оцена на состојбата на енергетската ефикасност, предлог-мерки за подобрување на енергетската ефикасност, како и други потребни податоци за спроведување на акциониот план за енергетска ефикасност.

Член 134

(1) Лицата од јавниот сектор се должни да применуваат мерки за подобрување на енергетската ефикасност на зградите, градежните единици, уредите и постројките.

(2) Во исполнувањето на обврските од ставот (1) на овој член, лицата од јавниот сектор се должни:
1) да донесуваат тригодишни програми за подобрување на енергетската ефикасност и да ги спроведуваат мерките утврдени со програмата;
2) да изготвуваат годишни анализи за потрошувачката на енергија и да организираат мониторинг над потрошувачката на енергија;
3) да обезбедат најмалку еднаш на секои три години енергетски контроли за зградите или градежните единици во кои ја вршат дејноста;
4) да обезбедат сертификат за енергетските карактеристики на зградата за зградите или градежните единици што се во сопственост на лица од јавниот сектор и
5) при изградба на нови или значителна реконструкција на згради или градежни единици во нивна сопственост да вградат сончеви колектори за топла вода, ако тоа е економски исплатливо, во согласност со Правилникот за енергетски карактеристики на зградите од членот 136 на овој закон.

(3) Извршувањето на обврските од ставот (2) на овој член за јавните установи и јавните претпријатија основани од Република Македонија или единиците на локалната самоуправа ќе го обезбедат надлежните министерства, односно единиците на локалната самоуправа.

(4) Лицата од јавниот сектор, односно надлежните министерства или единиците на локалната самоуправа од ставот (3) на овој член, најдоцна до крајот на февруари се должни до Агенцијата за енергетика да достават збирни извештаи за извршените енергетски контроли во претходната календарска година. Агенцијата за енергетика, врз основа на збирните извештаи, е должна да подготвува и, најдоцна до крајот на јуни, до министерството да доставува годишни извештаи за извршените енергетски контроли во претходната календарска година.

(5) Во акциониот план за енергетска ефикасност ќе се определат мерките што лицата од јавниот сектор, во зависност од дејноста што ја вршат, се должни да ги применуваат во своето работење заради остварување на целите на заштеда на енергија и енергетска ефикасност.

(6) При спроведување на постапките за јавни набавки, лицата од јавниот сектор се должни да определат дека задолжителен критериум за избор на најповолна понуда ќе биде и енергетската ефикасност на предметот на јавната набавка.

(7) Во случаите кога лицата од јавниот сектор земаат под закуп деловен простор, зградата или градежната единица во кој се наоѓа деловниот простор треба да поседува сертификат за енергетските карактеристики.

(8) Агенцијата за енергетика, по претходно прибавено мислење од Бирото за јавни набавки, донесува упатство за примена на мерките за енергетска ефикасност и заштеда на енергија при определување на карактеристиките на стоките и услугите што се предмет на јавните набавки, како и за примена на критериумите што се однесуваат на енергетската ефикасност и заштедата на енергија при изборот на најповолен понудувач.

(9) Упатството од ставот (8) на овој член ќе биде објавено на веб страниците на Агенцијата за енергетика и Бирото за јавни набавки.

Член 134-а

(1) Лицата од јавниот сектор се должни да ја следат и да управуваат со потрошувачката на енергија во зградите или градежните единици во коишто ја вршат дејноста на начин на кој се остварува енергетска ефикасност и заштеда на енергија.

(2) Единиците на локалната самоуправа, покрај обврските од ставот (1) на овој член, се должни да ја следат и да управуваат со потрошувачката на енергија во јавното осветлување на начин на кој се остварува енергетска ефикасност и заштеда на енергија.

(3) Заради исполнување на обврските од ставовите (1) и (2) на овој член, министерството определува лица од редот на своите вработени за користење на податоците од единствениот информациски систем за следење и управување со потрошувачката на енергија кај лицата од јавниот сектор (во натамошниот текст: информациски систем) воспоставен и одржуван од страна на Агенцијата за енергетика.

(4) Информацискиот систем особено содржи податоци за потрошувачка на енергија и трошоци за потрошената енергија во зградите или градежните единици, односно за јавното осветлување, нивни општи карактеристики, како и климатолошки податоци потребни за пресметување на енергетските карактеристики на зградите.

(5) Лицата од јавниот сектор се должни од редот на своите вработени да определат лица задолжени за прибирање и внесување на податоци во информацискиот систем и верификација на истите, како и други активности поврзани со следење и управување на потрошувачката на енергија согласно со ставот (11) на овој член.

(6) Лицата од јавниот сектор се должни:
1) да ги евидентираат податоците за месечната потрошувачка на енергија за секоја зграда или градежна единица во кои ја вршат дејноста, односно за јавното осветлување и истите да ги внесуваат во информацискиот систем и

2) да ги евидентираат податоците за трошоци за потрошената енергија и истите да ги внесуваат во информацискиот систем.

(7) Управата за хидрометеоролошки работи, која согласно со Законот за хидрометеоролошка дејност поседува климатолошки податоци, е должна од редот на своите вработени согласно со ставот (11) на овој член да определи лице задолжено за внесување на климатолошките податоци во информацискиот систем.

(8) Лицата од ставовите (5) и (7) на овој член се должни редовно да внесуваат во информацискиот систем точни, сеопфатни и релевантни податоци, согласно со ставот (11) на овој член.

(9) Податоците од информацискиот систем се внесуваат и користат за подготовка на програмите и плановите за енергетска ефикасност согласно со овој закон, како и за пресметка на емисиите на стакленички гасови во атмосферата, емитирани како резултат на потрошената енергија.

(10) При изготвување на извештаите за реализација на програмите и плановите за енергетска ефикасност, согласно со овој закон, Агенцијата за енергетика ги користи податоците од информацискиот систем.

(11) Министерот со Правилник за информациски систем за следење и управување со потрошувачката на енергија кај лицата од јавниот сектор поблиску ги пропишува:
1) содржината и формата на информацискиот систем за следење и управување со потрошувачката на енергија;
2) начинот на воспоставување, водење и одржување на информацискиот систем за следење и управување со потрошувачката на енергија;
3) начинот, постапката и роковите за внесување и одобрување на податоците во информацискиот систем за следење и управување со потрошувачката на енергија;
4) корисниците на информацискиот систем и начинот на користење и објавување и пристап до информациите од информацискиот систем за следење и управување со потрошувачката на енергија;
5) индикативна листа на лица од јавниот сектор кои имаат обврска за внесување на податоци во информацискиот систем за следење и управување со потрошувачката на енергија;
6) корисниците на информацискиот систем и нивното својство, како и овластувањата на лицата одговорни за прибирање, внесување и одобрување на податоците во информацискиот систем и
7) видот и содржината на податоци од информацискиот систем за следење и управување со потрошувачката на енергија кои корисниците на информацискиот систем ги прибираат, внесуваат и одобруваат.

Член 135

(1) Со енергетската контрола се обезбедува:
1) процена и исплатливос на можностите за намалување на потрошувачката на енергија во зградите, придружните (помошните) постројки и опрема, како и во индустриските процеси;
2) издавање на сертификат за енергетски карактеристиките на зградата, во согласност со посебните прописи и
3) утврдување на остварените заштеди како резултат од примената на мерките за подобрување на енергетската ефикасност и заштедата на енергија.

(2) Нарачателот на енергетската контрола е должен на правното лице или трговец поединец кој поседува лиценца за вршење на енергетска контрола со кој склучил договор за енергетска контрола да му ги достави на увид сите податоци, техничка и друга документација за предметот за енергетска контрола и да му овозможи услови за непречено вршење на енергетска контрола.

(3) Енергетската контрола се состои од прибирање и анализа на податоци кои се однесуваат на предметот на енергетската контрола, мерење на потрошувачката на енергија во објектот, процена на енергетската ефикасност и исплатливоста на можностите за заштеда на енергија, како и изготвување и доставување на извештај за наодите од енергетската контрола.

(4) Извештајот за наодите од енергетската контрола особено содржи:
1) податоци за основната потрошувачка на енергија на зградата, градежната единица, уредите и постројките и со показатели за потрошувачката;
2) податоци за усогласеноста на својствата на објектот предмет на енергетска контрола со техничките прописи за енергетските карактеристики на градежните објекти и другите прописи со кои се уредува енергетската ефикасност на зградите и градежните единици;
3) процена на енергетската ефикасност;
4) идентификација на мерките за намалување на потрошувачката на енергија и подобрување на енергетската ефикасност;
5) процена за заштеда на енергија и постапка за утврдување на заштедата;
6) пресметка за исплатливоста на примената на мерките за подобрување на енергетската ефикасност;
7) препораки за примена на мерките за подобрување на енергетската ефикасност и
8) други потребни податоци.

(5) Министерот донесува Правилник за енергетска контрола со кој поблиску се уредува:
1) спроведувањето на енергетската контрола;
2) начинот на процена на основната потрошувачка на енергија;
3) содржината и формата на извештајот за енергетската контрола;
4) основни елементи на програмата за усовршување на енергетските контролори;
5) начинот, постапката и условите за избор на правни лица што ќе вршат обуки за енергетски контролори;
6) основните елементи на програмата и начинот на вршење на обука и полагање на стручен испит за енергетски контролори;
7) постапката за издавање, продолжување и одземање на овластување за енергетски контролор, како и постапката за издавање, продолжување и одземање на лиценца за вршење на енергетска контрола;
8) содржината и формата на барањето за издавање, продолжување и признавање на овластување за енергетски контролор и барањето за издавање, продолжување и признавање на лиценца за вршење на енергетска контрола;
9) формата, содржината и начинот на водење на регистарот на издадени, одземени и признаени овластувања за енергетски контролори и регистарот на издадени, одземени и признаени лиценци за вршење на енергетски контроли за вршење енергетска контрола и 17
10) содржината и формата на овластувањето за енергетски контролор и лиценцата за вршење на енергетска контрола;
11) содржината и формата на извештаите од членот 134 став (4) на овој закон што ги доставуваат лицата од јавниот сектор, односно Агенцијата за енегетика.

(6) Составен дел на Правилникот за енергетска контрола е и методологијата за мерење и верификација на заштедата на енергија.

Член 136

(1) Сертификат за енергетски карактеристики на зграда се издава за згради или градежни единици со плоштина на корисната подна површина поголема од плоштината утврдена во Правилникот за енергетски карактеристики на зградите од ставот (8) на овој член.

(2) Сертификатите за енергетски карактеристики на зградите ги издаваат трговци поединци или правни лица кои поседуваат лиценци за вршење на енергетска контрола со период на важење според Правилникот за енергетски карактеристики на зградите од ставот (8) на овој член, кој не може да биде подолг од десет години сметајќи од денот на издавањето на сертификатот.

(3) Инвеститорот е должен кон барањето за издавање на одобрение за градење на нови згради или значителна реконструкција на постојни згради, како составен дел на основниот проект да приложи потврда од трговец поединец или правно лице кое поседува лиценца за вршење на енергетска контрола со која потврдува дека минималните барања за енергетска ефикасност кои се содржани во основниот проект се во согласност со минималните барања за енергетска ефикасност утврдени во правилникот од ставот (8) на овој член. Трговец поединец или правно лице кое поседува лиценца за вршење на енергетска контрола наплаќа надомест за издадената потврда. 18

(4) По завршување на изградбата на згради или по значителна реконструкција на постојните згради, инвеститорот е должен да обезбеди сертификат за енергетски карактеристики на зградата и истиот да го поднесе во постапката за ставање во употреба согласно Законот за градење. Сертификат за енергетски карактеристики на зградата се обезбедува пред издавање на одобрението за употреба, односно пред изготвувањето на извештајот за извршен технички преглед од надзорен инженер, односно пред давањето на изјава заверена кај нотар под полна материјална и кривична одговорност од изведувачот со која тој потврдува дека зградата, односно градежната единица е изградена во согласност со одбрението за градење и основниот проект или проектот на изведена состојба, во зависност од категоријата на зградата. 19

(5) Продавачите или закуподавачите на згради или градежни единици се должни на купувачите или закупците да им го предадат сертификатот за енергетски карактеристики на зградата во оригинал или копија заверена од нотар.

(6) Продавачите или закуподавачите на згради или градежни единици за зградите или градежните единици чијашто изградба не е завршена се должни на купувачите или закупците да им ја достават потврдата од ставот (3) на овој член заверена од нотар, додека обврската од ставот (5) на овој член ќе ја исполнат по добивањето на одобрението за употреба на зградата или градежната единица.

(7) Сопствениците на зградите или градежните единици со плоштина на корисната подна површина поголема од плоштината пропишана во Правилникот од ставот (8) на овој член се должни да го истакнат на видно место сертификатот за енергетски карактеристики на зградата за згради или градежни единици што се во сопственост или се закупени од лица од јавниот сектор, како и згради или градежни единици од јавен карактер.

(8) Заради постигнување на подобрување на енергетска ефикасност на зградите, министерот со Правилникот за енергетски карактеристики на зградите ги пропишува барањата и условите што се однесуваат на:
1) методологија за определување на енергетските карактеристики на зградите, односно градежните единици;
2) минималните барања за енергетската ефикасност на новите згради и градежни единици, како и зградите и градежните единици што се предмет на значителна реконструкција;
3) начинот на контрола на усогласеноста на зградите и градежните единици, уреди и постројки со одредбите на Правилникот;
4) услови за проектирање и градба на нови и значителна реконструкција на постојни згради или градежни единици од аспект на енергетска ефикасност;
5) начинот и периодот на контрола на системите за греење со котли за греење на просторот во згради со ефективна моќност поголема од 20 kW;
6) начинот и периодот на контрола на системите за климатизација во згради со ефективна моќност поголема од 12 kW;
7) типовите на згради и градежни единици во сопственост на лицата од јавниот сектор за кои е задолжително вградувањето на сончеви колектори за топла вода при изградбата на нови и значителна реконструција на постојните објекти;
8) означувањето на зградите и градежните единици во поглед на нивните енергетски карактеристики;
9) формата и содржината на потврдата со која се потврдува дека минималните барања за енергетска ефикасност кои се содржани во основниот проект се во согласност со минималните барања за енергетска ефикасност
10) формата, содржината како и периодот на важење на сертификатите за енергетски карактеристики на зградите;
11) најмалата плоштина на корисната подна површина на зградите или градежните единици за кои постои обврската за прибавување и истакнување на сертификатот за енергетски карактеристики и
12) начинот на вршење на надзор на издадени сертификати за енергетски карактеристики на зградите и на изготвени извештаи за наодите од контролата на системите за греење на просторот во згради со котли со ефективна моќност поголема од 20 kW и на системите за климатизација во згради со ефективна моќност поголема од 12 kW.

(9) Министерот ја пропишува максималната висина на надоместокот за издавање на потврдата од ставот (3) на овој член, врз основа на плоштината на корисната подна површина на зградите и категориите на зградите определени со правилникот од ставот (8) од овој член.

Член 137

20

(1) Со овластување за енергетски контролор може да се стекне секое физичко лице ако ги исполнува следните услови:
1) да има најмалку високо образование во областа на градежништвото, архитектурата, машинството или електроенергетика (диплома за завршено високо образование VII/1 или диплома согласно со Болоњската декларација најмалку со 180 кредити според европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС));
2) да има најмалку пет години работно искуство во струката на работи на проектирање, надзор и одржување на градежни објекти, испитување на енергетски или процесни постројки, вршење на енергетски контроли или други енергетски услуги или работа на стручни или научни дејности од областа на енергетиката;
3) да има завршено обука за енергетски контролор кај правните лица за спроведување на обуки за енергетски контролори и
4) положен стручен испит за енергетски контролор.

(2) Физичкото лице кое се стекнало со овластување за енергетски контролор може да врши енергетска контрола само ако е вработено кај трговец поединец или правно лице кои се стекнале со лиценца за вршење на енергетска контрола.

(3) Овластувањето за енергетски контролор од ставот (1) на овој член важи за период од три години, со можност за продолжување од по три години. Овластувањето може да се продолжи само ако енергетскиот контролор успешно заврши обука за усовршување на енергетските контролори, согласно со правилникот од член 135 од овој закон. Енергетскиот контролор поднесува барање за продолжување на овластувањето 30 дена пред истекот на рокот на важност на добиеното овластување.

(4) Агенцијата за енергетика најмалку еднаш на три години објавува повик за избор на правни лица за спроведување на обуки за енергетски контролори, како и обуки за усовршување на енергетските контролори, врз основа на програмата за обука и програмата за усовршување на енергетските контролори, изготвени на начин пропишан со правилникот од членот 135 од овој
закон.

(5) Агенцијата за енергетика ги изготвува и донесува програмата за обука и програмата за усовршување на енергетските контролори најдоцна до 31 октомври во тековната година за наредниот период од најмногу три години. Програмите се објавуваат во "Службен весник на Република Македонија" и на веб страницата на Агенцијата за енергетика.

(6) Агенцијата за енергетика донесува решение за избор на правните лица од ставот (4) на овој член, кое е со важност од три години.

(7) Агенцијата за енергетика води евиденција на избраните правни лица од ставот (4) на овој член и истата ја објавува на својата веб страница.

(8) Правните лица од ставот (4) на овој член ја спроведуваат обуката за енергетски контролори согласно правилникот од член 135 од овој закон. За завршената обука правните лица од ставот (4) издаваат уверение за успешно завршена обука за енергетски контролор.

(9) Правните лица од ставот (4) на овој член ја спроведуваат обуката за усовршување на енергетски контролори согласно правилникот од член 135 од овој закон. За завршената обука за усовршување правните лица од ставот (4) издаваат уверение за успешно завршена обука за усовршување на енергетски контролор.

(10) Формата, содржината и начинот на издавање на уверението од ставите (8) и (9) ги пропишува министерот.

(11) Максималната висина на надоместокот за учество на обука и максималната висина на надоместокот за учество на обука за усовршување на енергетските контролори се определува во зависност од просторните и материјалните услови како и за ангажирање на стручни лица за спроведување на обуки и се определуваат со тарифникот што го донесува Агенцијата за енергетика, а го одобрува Владата на Република Македонија.

Член 137-а

(1) Со лиценца за вршење на енергетска контрола може да се стекне трговец поединец или правно лице кое има вработено најмалку двајца овластени енергетски контролори.

(2) Министерството за економија наплаќа надоместок за издавање на лиценца за вршење на енергетска контрола во износ од 6.000 денари и надоместок за продолжување на лиценца за вршење на енергетска контрола во износ од 3.000 денари.

(3) Лиценцата од ставот (1) на овој член се издава на барање од трговец поединец или правно лице. Кон барањето подносителот е должен да достави решение за упис во трговски регистар и регистар за други правни лица што го води Централниот регистар на Република Македонија, доказ за вработување на најмалку двајца овластени енергетски контролори, овластувањата за енергетските контролори и доказ дека на сметка на министерството е извршена уплатата од ставот (2) на овој член.

(4) Министерот издава лиценца за вршење на енергетска контрола, доколку трговецот поединец или правното лице ги исполнува условите утврдени во ставовите (1), (2) и (3) на овој член. Доколку трговецот поединец или правното лице не ги исполнува условите утврдени во ставовите (1), (2) и (3) на овој член министерот донесува решение со кое се одбива барањето за издавање на лиценца за вршење на енергетска контрола.

(5) Лиценцата за вршење на енергетска контрола важи за период од пет години, со можност за продолжување од по пет години. Лиценцата може да се продолжи само ако трговецот поединец или правното лице ги исполнува условите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член, како и да поднесе барање согласно со правилникот од членот 135 од овој закон. Трговецот поединец или правното лице поднесува барање за продолжување на лиценцата 30 дена пред истекот на рокот на важност.

(6) Трговецот поединец или правното лице кое се стекнало со лиценца за вршење на енергетска контрола е должно во рок од 15 дена од настаната промена да го извести министерството за секоја настаната промена во уписот во трговскиот регистар и регистарот за други правни лица и/или за промената на вработените овластени енергетски контролори, при што треба да приложи доказ за настанатите промени.

(7) Лиценцата или друг соодветен документ за вршење на енергетска контрола издадена од надлежно тело на друга држава може да се признае од страна на министерството на барање на носителот на лиценцата или друг соодветен документ за вршење на енергетска контрола. Во постапката за признавање на лиценцата или друг соодветен документ за вршење на енергетска контрола издадена од надлежно тело на друга држава, министерството наплаќа надоместок во износ од 6.000 денари.

(8) Признавањето на лиценцата или друг соодветен документ за вршење на енергетска контрола го спроведува Комисија за признавање на лиценцата или друг соодветен документ за вршење на енергетска контрола издадена од надлежно тело на друга држава, што ја формира министерот имајќи ја предвид соодветната и правичната застапеност на припадниците на сите заедници.

(9) Комисијата од ставот (8) на овој член е составена од три члена од кои по еден претставник од министерството, Агенцијата за енергетика и министерството надлежно за работите од областа на градежништвото. Мандатот на членовите на Комисијата изнесува четири години. Комисијата донесува деловник за својата работа.

(10) Барањето за признавање на лиценцата или друг соодветен документ за вршење на енергетска контрола од ставот (7) на овој член се доставува до министерството. Кон барањето носителот на лиценцата или друг соодветен документ за вршење на енергетска контрола издадена од надлежно тело на друга држава треба да достави:
1) оригинал од лиценцата или друг соодветен документ за вршење на енергетска контрола и заверен превод на лиценцата или друг соодветен документ за вршење на енергетска контрола на македонски јазик;
2) заверен превод на писмен документ врз основа на кој надлежното тело може да издава таков вид на лиценца или друг соодветен документ за вршење на енергетска контрола;
3) доказ дека има вработено најмалку две лица на кои им е издадено, односно признато овластување за енергетски контролор во Република Македонија и
4) оригинал од овластувањата, односно решенијата за признавање на овластувањето или другиот соодветен документ за енергетски контролор.

(11) Ако Комисијата од ставот (8) на овој член утврди дека барањето за признавање на лиценцата или другиот соодветен документ за вршење на енергетска контрола е комплетно, во рок не подолг од 30 дена од денот на приемот на барањето, ќе му предложи на министерот да донесе решение за признавање на лиценцата или другиот соодветен документ за вршење на енергетска контрола од ставот (7) на овој член.

(12) Ако Комисијата од ставот (8) на овој член утврди дека барањето за признавање на лиценцата или другиот соодветен документ за вршење на енергетска контрола не ги исполнува условите за признавање на лиценцата или другиот соодветен документ за вршење на енергетска контрола, во рок не подолг од 30 дена од денот на приемот на барањето, ќе му предложи на министерот да донесе решение со кое се одбива барањето за признавање на лиценцата или другиот соодветен документ за вршење на енергетска контрола. Против решението со кое се одбива барањето за признавање на лиценцата или другиот соодветен документ за вршење на енергетска контрола може да се поведе управен спор.

(13) Министерот донесува решение за одземање на лиценцата за вршење на енергетски контроли, ако:
1) трговецот поединец или правното лице не го исполнува условот од ставот (1) на овој член;
2) трговецот поединец или правното лице не го достави годишниот извештај во рокот согласно со членот 138 став (4) од овој закон до Агенцијата за енергетика и
3) трговецот поединец или правното лице не го извести министерството за секоја настаната промена во уписот во трговскиот регистар и/или за промената на вработените овластени енергетски контролори согласно со ставот (6) на овој член.

(14) Против решението на министерот од ставовите (4) и (13) на овој член може да се поведе управен спор.

(15) Трговец поединец или правно лице кое поседува лиценца за вршење на енергетска контрола е должно најдоцна до 31 декември во тековната година да достави доказ од надлежен орган за водење на евиденција на вработени лица за исполнување на условите од ставот (1) на овој член.

(16) Министерството води регистар за издадени, одземени и признаени лиценци за вршење на енергетски контроли. Листата на издадени, одземени и признаени лиценци за вршење на енергетски контроли се објавува на веб страницата на министерството.

21

(17) Стручниот испит од членот 137 став (1) точка 3 од овој закон (во натамошниот текст: испит) се полага заради проверка на потребното стручно знаење.

(18) Испит може да полага лице кое ги исполнува следниве услови:
- да е државјанин на Република Македонија,
- да има живеалиште во Република Македонија,
- да има високо образование во областа на градежништвото, архитектурата, машинството или електроенергетика (диплома за завршено високо образование VII/1 или диплома согласно со Болоњската декларација најмалку со 180 кредити според европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС),
- со правосилна одлука да не му е изречна забрана за вршење на професија, дејност или должност се додека траат последиците од забраната и
- да има најмалку пет години работно искуство по дипломирањето, на работи на проектирање, надзор и одржување на градежни објекти, испитување на енергетски или процесни постројки, вршење на енергетски контроли или други енергетски услуги или работа на стручни или научни дејности од областа на енергетиката. 22
- да поседува уверение за успешно завршена обука за енергетски контролор. 23

Член 137-б 24

(1) Испитот се состои од два дела, и тоа:
- прв дел (теоретски дел), со кој се проверува теоретското знаење на кандидатите и
- втор дел (практичен дел), со кој се проверува практичната способност на кандидатите.

(2) Првиот дел од испитот од ставот (1) на овој член се полага писмено по електронски пат со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.

(3) Вториот дел од испитот се состои од:
- практичен пример и прашања кои треба кандидатот да ги одговори врз основа на анализа и решавање на практичниот пример и
- спроведување на една енергетска контрола, со примена на софтверска алатка која е во согласност со методологијата за пресметка на енергетски карактеристики на зградите од правилникот од член 136 став (8) од овој закон, изработка на извештај за спроведената енергетска контрола и одговор на прашања.

(4) Испитот се полага според програма во која се содржани градивото, прописите и литературата.

(5) Програмата за полагање на испитот ја донесува министерот за економија.

Член 137-в 25

(1) Базите на прашања за првиот и базите на практични примери за вториот дел на испитот од членот 137-ј од овој закон ги изготвуваат професори од областа на машинството, електроенергетиката, градежништвото и архитектурата кои имаат најмалку десет години работно искуство во соодветната област, определени од министерот за економија.

(2) Прашањата од првиот дел од испитот и прашањата и практичните примери од вториот дел од испитот ги верификува Комисија составена од:
- двајца претставници од Министерството за економија, назначени од министерот за економија,
- двајца претставници од Агенцијата за енергетика на Република Македонија, назначени од Агенцијата за енергетика на Република Македонија,
- еден претставник од Комората на овластени архитекти и инженери, назначени од Комората на архитекти и инженери и
- двајца претставници назначени од Македонската академија на науките и уметностите.

(3) Комисијата од ставот (2) на овој член определува место за вршење на енергетска контрола и го врши оценувањето на кандидатот во врска со вториот дел од испитот од член 137–б став (3) алинеја 2 од овој закон и врши. ревизија и ажурирање на базите на прашања и базите на практични примери од членот 137-ј од овој закон најмалку еднаш годишно. 26

(4) При ревизијата Комисијата особено ги има предвид измените на прописите на кои е засновано прашањето, односно практичниот пример, бројот на кандидати кои го одговарале, успешноста во одговарањето на истите, како и други критериуми кои можат да влијаат врз подобрувањето на квалитетот на базите од членот 137-ј од овој закон.

(5) Врз основа на извршената ревизија и ажурирање на базите на прашања и базите на практични примери, Комисијата одлучува прашањата и практичните примери да бидат изменети или целосно отстранети од базите од членот 137-ј од овој закон.

(6) Професорите и лицата од ставот (1) на овој член и членовите на Комисијата за верификација од ставовите (1) и (2) на овој член имаат право на паричен надоместок што го определува министерот за економија.

(7) Износот на паричниот надоместок од ставот (6) на овој член се определува врз основа на бројот на кандидати кои го полагаат испитот од член 137-б став (3) алинеја 2 од овој закон и бројот на верифицирани, ревидирани и изготвени прашања и практични примери..

(8) Годишниот износ на паричниот надоместок од ставот (6) на овој член не го надминува нивото на три просечни месечни плати исплатени во Република Македонија за претходната година објавен од Државниот завод за статистика.

(9) Исплатата на надоместокот на членовите на Комисијата од став (2) на овој член се врши од сметката на сопствени приходи на Министерството за економија, од уплатените средства од кандидатите кои полагат испит.

Член 137-г 27

(1) Стручните и административните работи за потребите на спроведување на стручниот испит ги врши Министерството за економија, а испитот технички го спроведува правно лице регистрирано во Централниот регистар избрано од министерот за економија.

(2) По исклучок од став (1) на овој член, за потребите од спроведување на енергетската контрола и изработка на извештајот за спроведената енергетска контрола, кандидатите може да ја користат софтверска алатка за енергетска контрола што ја поседуваат правните лица за спроведување на обуки за енергетски контролори од член 137 став (4) на овој закон

(3) Стручниот испит за енергетски контролор се спроведува во февруарска, јунска и октомвриска испитна сесија.

Член 137-д 28

(1) Барањето за полагање на испит кандидатот го поднесува до Министерството за економија.

(2) Со барањето за полагање на испитот кандидатот е должен да поднесе докази за исполнување на условите за полагање на стручниот испит пропишани со овој закон.

Член 137-ѓ 29

(1) Министерот за економија или од него овластено лице, утврдува дали кандидатот ги исполнува условите за полагање на испитот.

(2) Против решението со кое е одбиено барањето за полагање на испитот, може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од приемот на решението.

Член 137-е 30

(1) На кандидатот на кој му е одобрено барањето за полагање на испитот му се определува времето и местото за полагање на испитот, а кандидатот се известува најдоцна во рок од осум дена пред полагање на испитот.

(2) На кандидатот му се овозможува да започне да го полага испитот во првиот наредeн термин од денот на одобреното барање за полагање на испитот.

Член 137-ж 31

(1) Испитот се полага во просторија за полагање на испит, посебно опремена за полагање на стручен испит со материјално-техничка и информатичка опрема, интернет врска и опрема за снимање на полагањето.

(2) Јавноста се информира за датумот и времето на полагањето на испитот најмалку три дена пред одржувањето на испитот.

(3) Полагањето на испитот се снима и во живо се емитува на веб страницата на Министерството за економија, а ако поради технички причини снимањето се прекине, сминката од целиот испит се поставува на веб страницата на Министерството за економија.

(4) Правното лице кое го спроведува испитот треба да ги исполни критериумите во однос на просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на просториите за полагање на испитот, кои услови ги пропишува министерот за економија.

(5) Во просторијата за полагање на испитот за време на полагање на испитот се присутни двајца претставници од Министерството за економија, еден претставник од Агенцијата за енергетика на Република Македонија, еден претставник од Комората на овластени архитекти и инженери, еден претставник од Владата на Република Македонија на предлог на Канцеларијата на претседателот на Владата и еден претставник од Министерството за информатичко општество и администрација (информатичар).

Член 137-з 32

(1) Пред почетокот на полагањето на стручниот испит претставник од Министерството за економија го утврдува идентитетот на кандидатот со увид во лична карта.

(2) На кандидатот за време на полагањето на првиот дел од испитот не му се дозволува користење на закони, закони со коментар и објаснување, подзаконски акти и програми, прирачници и упатства, мобилен телефон, преносни компјутерски уреди и други технички и информатички средства, претходно подготвени предмети и слично.

(3) На кандидатот за време на полагањето на вториот дел од испитот му се дозволува користење единствено на закони (без коментари и објаснувања) и подзаконски акти кои во електронска верзија се наоѓаат на компјутерот на кој кандидатот го полага испитот, како и софтверски алатки потребни за полагањето.

(4) На кандидатот за време на полагањето на првиот и вториот дел од испитот не му се дозволува да контактира со други кандидати или лица освен со информатичарите од членот 137-ж од овој закон, во случај доколку има технички проблем со компјутерот.

(5) Ако техничките проблеми со компјутерот ќе бидат отстранети за пет минути испитот продолжува, а доколку не бидат отстранети во овој рок испитот само за тој кандидат се прекинува и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.

(6) Ако има проблеми со повеќе од пет комјутери и ако тие не бидат отстранети во рок од пет минути испитот се прекинува за сите кандидати кои го полагаат испитот и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.

(7) Доколку кандидатот при полагањето на првиот и вториот дел од испитот постапува спротивно од ставовите (2), (3) и (4) на овој член нема да му се дозволи натамошно полагање на испитот во тој утврден

термин.

(8) Во случаите од ставот (7) на овој член се смета дека кандидатот не го положил стручниот испит и истото се констатира во записникот за полагање на стручниот испит.

(9) Овластените претставници од членот 137-ж став (5) од овој закон за време на полагањето на испитот не смеат да се задржуваат подолго од пет секунди во непосредна близина на кандидатот кој го полага испитот, освен во случај на отстранување на технички проблем кога не смеат да се задржат подолго од пет минути.

Член 137-s 33

(1) Ако во текот на полагањето на испитот настанат оправдани причини поради кои кандидатот не може да го продолжи полагањето на испитот (болест, породилно отсуство и слично), ќе се прекине испитот за определено време, кое не може да биде подолго од шест месеци.

(2) Решение за продолжување на испитот донесува министерот за економија по молба на кандидатот. Молбата се поднесува во рок од осум дена од престанокот на причините за одлагање на испитот, но најдоцна во рок од шест месеци.

(3) Ако кандидатот не поднесе молба за продолжување на испитот во рокот определен во ставот (2) на овој член ќе се смета дека испитот не го положил.

(4) Против решението на министерот за економија од ставот (2) на овој член кандидатот може да поведе управен спор пред надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

(5) Во продолжувањето на испитот кандидатот не го полага оној дел од испитот што претходно веќе го има полагано.

Член 137-и 34

(1) Испитот започнува со полагање на првиот дел (теоретскиот дел), а потоа на вториот дел (практичен дел).

(2) Вториот дел од испитот од член 137-б став (3) алинеја 1 од овој закон се полага истиот ден по успешно полагање на првиот дел.

(3) Министерот за економија со Правилник го пропишува начинот на бодирање на првиот и вториот дел од испитот.

(4) Првиот дел од испитот содржи најмалку 50 прашања со пет опции за заокружување од кои една е точна, две се слични со точниот одговор, една не е точна во мал обем (на неа се губат мал број поени) и една не е точна во голем обем (на неа се губат поголем број поени).

(5) Услов за полагање на вториот дел од испитот е кандитатот да го положи првиот дел од испитот.

(6) Доколку кандидатот не го положил првиот дел од испитот согласно со ставот (5) на овој член ќе се смета дека испитот не го положил.

(7) Вториот дел од испитот се состои од:
1) решавање на практичен пример и одговарање на пет прашања кои произлегуваат од практичниот пример и решението на практичниот пример, при што секое прашање од практичниот пример има пет можни опции на одговор, од кои една е точна, две се слични со точниот одговор, додека две се неточни и целосно спротивни на точниот одговор и
2) спроведување на една енергетска контрола, со примена на софтверска алатка која е во согласност со методологијата за пресметка на енергетски карактеристики на зградите од правилникот од член 136 став (8) од овој закон, изработка на извештај за спроведената енергетска контрола и одговор на прашања.

(8) Вториот дел од испитот од член 137-б став (3) алинеја 2 од овој закон се состои од посета на зграда или градежна единица и прибирање на податоци за добиената зграда или градежна единица, внесување и обработка на податоци во соодветна софтверска алатка, подготовка на извештај за спроведена енергетска контрола и презентирање на истиот извештај.

(9) Услов за полагање на вториот дел од испитот од член 137-б став (3) алинеја 2 од овој закон е кандидатот да го положи вториот дел од испитот од член 137-б став (3) алинеја 1 од овој закон.

(10) Кандидатот кој го положил вториот дел од испитот од член 137-б став (3) алинеја 1 од овој закон има обврска во рок од 15 работни дена:
- да спроведе една енергетска контрола на зграда или градежна единица. Локацијата на зградата или градежната едница кандидатот ја добива од Комисијата за верификација, најдоцна два работни дена од денот на успешно полагање на вториот дел од испитот од член 137-б став (3) алинеја 1 од овој закон. Претставник од Комисијата ги придружува кандидатите при посетата на локацијата на зградата или градежната единица;
- да изготви извештај за спроведената енергетска контрола, при што ќе користи соодветна софтверска алатка и
- да го достави извештајот за спроведената енергетска контрола до Комисијата за верификација, во хартиена форма.

(11) Кандидатот има обврска најдоцна во рок од три дена по доставувањето да го презентира извештајот за спроведената енергетска контрола пред Комисијата за верификација и да одговара на прашањата кои ќе му ги постави Комисијата за верификација. Комисијата за верификација му поставува на кандидатот пет прашања кои се во врска со извештајот за спроведената енергетска контрола како и спроведувањето на енергетската контрола.

(12) Комисијата за верификација го оценува презентираниот извештај за спроведената енергетска контрола и одговорите на прашањата, согласно правилникот од ставот (3) од овој член. Секое прашање има три опции на одговор, од кои една е точна, една е помалку точна и една е неточна.

(13) Се смета дека кандидатот го положил вториот дел од испитот од член 137-б став (3) алинеја 2 од овој закон ако постигнал најмалку 70% од вкупниот број предвидени поени со одговарање на прашањата од став (12) од овој член.

(14) Резултатите од полагањето на вториот дел од испитот од член 137-б став (3) алинеја 2 од овој закон се објавуваат на интернет страницата на Министерството за економија во рок од три работни дена од денот на презентирање на извештајот за спроведената енергетска контрола и одговарањето на прашањата кои се во врска со истиот извештај.

Член 137-ј 35

(1) Полагањето на првиот дел од стручниот испит се врши со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.

(2) Прашањата од тестот, зависно од тежината, се вреднуваат со поени определени во тестот.

(3) Полагањето на вториот дел од стручниот испит од член 137-б став (3) алинеја 1 од овој закон се врши со решавање на практичниот пример и одговарање на пет прашања кои произлегуваат од практичниот пример, во вид на електронско решение (во натамошниот текст: електронски практичен пример).

(4) Прашањата од практичниот пример, зависно од тежината, се вреднуваат со поени определени во практичниот пример.

(5) Прашањата содржани во тестовите за полагање на првиот дел на стручниот испит и нивните одговори, како и практичниот пример и прашањата кои произлегуваат од практичните примери и нивните одговори се чуваат во единствениот електронски систем за полагање на стручниот испит.

(6) Електронскиот систем од ставот (5) на овој член содржи и јавно достапна база од најмалку 500 прашања, како и јавно достапна база од најмалку 100 практични примери за потребите на вториот дел од испитот.

(7) Во електронскиот систем е содржано и посочување на прописите и литературата во кои се содржани одговорите на прашањата од првиот дел од испитот и прописите за вториот дел од испитот.

(8) Бројот на прашања и практични примери во базите од ставот (6) на овој член се зголемува за 10% годишно, почнувајќи од 2016 година.

(9) Резултатите од полагањето на првиот и вториот дел од испитот кој се однесува на практичниот пример и прашањата кои произлегуваат од практичниот пример му се достапни на кандидатот на компјутерот на кој го полагал испитот, веднаш по неговото завршување.

Член 137-к 36

(1) На денот на полагањето на првиот, односно вториот дел од испитот претставник на Министерството за економија му дава на кандидатот пристапен код, односно лозинка со кој му се одобрува пристап во електронскиот систем од членот 137-ј од овој закон.

(2) По одобрувањето на пристапот кандидатот добива електронски тест за првиот дел од испитот, односно електронски практичен пример за вториот дел од испитот, компјутерски генерирани, чија содржина по случаен избор ја одредува софтверот на електронскиот систем од членот 137-ј став (5) од овој закон, од базите од членот 137-ј став (6) од овој закон.

(3) Првиот и вториот дел од испитот содржат упатство за начинот на решавање на истиот за кое претставник на Министерството за економија дава појаснување, пред да започне полагањето на испитот.

(4) Електронскиот систем за полагање на испитот не може да дозволи постоење на идентична содржина на електронски тест за првиот дел од испитот, односно електронски практичен пример за вториот дел од испитот во еден термин за повеќе од еден кандидат.

Член 137-л 37

(1) Во случај на спреченост на спроведување на првиот или вториот дел од испитот, поради причини што доведуваат до техничка неможност на функционирање на електронскиот систем од членот 137-ј од овој закон, полагањето на испитот се прекинува.

(2) Доколку причините од ставот (1) на овој член се отстранат во рок од 60 минути од прекинувањето на испитот истиот продолжува веднаш по нивното отстранување.

(3) Доколку причините од ставот (1) на овој член не се отстранат во рокот од ставот (2) на овој член испитот се презакажува за друг термин.

(4) Вкупното траење на времето определено за одговарање на прашањата од првиот дел од тестот за полагање на испитот изнесува 120 минути.

(5) Се смета дека првиот дел од испитот го положил оној кандидат кој со точни одговори на прашањата од тестот постигнал најмалку 70% од вкупниот број предвидени позитивни поени.

(6) Вкупното траење на времето определено за решавање на практичниот пример и одговор на прашањата од вториот дел од испитот од член 137-б став (3) алинеја 1 од овој закон изнесува 120 минути.

(7) Се смета дека вториот дел од испитот од член 137-б став (3) алинеја 1 од овој закон. го положил оној кандидат кој со точни одговори на прашањата од практичниот пример постигнал најмалку 70% од вкупниот број предвидени позитивни поени. 38

(8) Кандидатот кој не го положил вториот дел одиспитот се смета дека не го положил испитот.

Член 137-љ 39

(1) На кандидатите кои го положиле испитот им се издава овластување за енергетски контролор во рок од 15 дена од денот на завршувањето на испитот.

(2) Формата и содржината на овластувањето од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за економија.

(3) На барање на кандидатот Министерството за економија го информира за направените грешки во тестот за полагање на стручниот испит со овозможување непосреден увид во тестот.

Член 137-м 40

(1) Тестовите и практичните примери се користат и се даваат на кандидатот само за време на полагањето на стручниот испит.

(2) Материјалите од одржаните испити, особено хартиените верзии од тестовите и практичните примери за полагање на стручниот испит и специмените за проверка на точноста на одговорите на тестот и практичниот пример, како и снимките од одржаните испити се чуваат во Министерството за економија.

(3) Министерот за економија формира Комисија за ревизија на одржаните испити која во својата работа ги користи материјалите од ставот (2) на овој член и во која, покрај претставник од Министерството за економија, претставник од Агенцијата за енергетика на Република Македонија и претставник од Комората на овластени архитекти и инженери, членуваат и претставник од Владата на Република Македонија и информатичар од Министерството за информатичко општество и администрација определен од Владата на Република Македонија.

(4) Комисијата од ставот (3) на овој член се состанува најмалку еднаш годишно и врши ревизија на начинот на спроведување на најмалку два испита одржани во тековната година.

(5) Комисијата има право да изврши ревизија и на начинот на спроведување на испитите одржани во последните пет години до денот на одржувањето на состанокот на Комисијата, но не порано од денот на примена на овој закон.

(6) Доколку Комисијата утврди нерегуларности во спроведувањето на испитот од страна на поединци во смисла на членот 137-ј став (5) од овој закон, предлага одземање на овластувањето од членот 137-љ од овој закон.

(7) Министерот донесува решение за одземање на овластувањето врз основа на предлогот на Комисијата во рок од три дена од приемот на предлогот.

(8) Против решението од ставот (7) на овој член може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од приемот на решението.

Член 137-н 41

(1) Трошоците за полагање на испитот ги сноси кандидатот доколку институцијата каде што е вработен не ги плати.

(2) Висината на надоместокот од ставот (1) на овој член ја определува министерот за економија врз основа на реално направените трошоци за полагање на испитот, неопходни за спроведување на првиот и вториот дел на испитот, подготовката на базите на прашања, спроведувањето на електронскиот тест, изготвување на материјали и покани и изготвување на уверенија.

(3) Трошоците за полагање на испитот се уплатуваат на сметката на сопствени приходи на Министерството за економија.

(4) Ако трошоците не се уплатени на соодветна сметка на Министерството за економија најдоцна 15 дена пред денот определен за спроведување на испитот на кандидатот не му се дозволува полагање на испитот.

(5) Ако кандидатот во рок од една година од денот на уплатата на средствата не го полага испитот, уплатените средства се враќаат согласно со закон.

Член 137-њ 42

(1) Издадените, одземените и продолжените овластувања за енергетски контролори, како и овластувањата за енергетските контролори кои престанале да важат, се евидентираат во Регистарот кој го води Министерството за економија.

(2) Регистарот од ставот (1) на овој член се објавува на веб страницата и на огласната табла на Министерството за економија и на веб страницата на стопанските комори.

(3) Формата и содржината на Регистарот и начинот на неговото водење ги пропишува министерот за економија.

Член 137-о 43

(1) Овластување или друг соодветен документ за енергетски контролор издаден од надлежно тело на друга држава може да се признае од страна на Министерството за економија на барање на носителот на овластувањето или другиот соодветен документ за енергетски контролор. Во постапката за признавање на овластувањето или друг соодветен документ за енергетски контролор издаден од надлежно тело на друга држава, Министерството за економија наплаќа административни такси согласно со Законот за административни такси.

(2) Признавањето на овластувањето или другиот соодветен документ за енергетски контролор го спроведува Комисијата за признавање на овластување или друг соодветен документ за енергетски контролор издаден од надлежно тело на друга држава, што ја формира министерот за економија имајќи ја предвид соодветната и правичната застапеност на припадниците на сите заедници.

(3) Комисијата од ставот (2) на овој член е составена од три члена, од кои по еден претставник од Министерството за економија, Агенцијата за енергетика и министерството надлежно за работите од областа на градежништвото. Мандатот на членовите на Комисијата изнесува четири години. Комисијата донесува деловник за својата работа.

(4) Барањето за признавање на овластувањето или друг соодветен документ од ставот (1) на овој член се доставува до Министерството за економија. Кон барањето носителот на овластувањето или другиот соодветен документ за енергетски контролор издаден од надлежно тело на друга држава треба да достави:
1) оригинал од овластувањето или друг соодветен документ за енергетски контролор и заверен превод на овластувањето или друг соодветен документ за енергетски контролор на македонски јазик и
2) заверен превод на писмен документ врз основа на кој надлежното тело може да издава таков вид на овластувањето или друг соодветен документ за енергетски контролор.

(5) Ако Комисијата од ставот (2) на овој член утврди дека барањето за признавање на овластувањето или друг соодветен документ за енергетски контролор е комплетно, во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето ќе предложи на министерот за економија да донесе решение за признавање на овластувањето или друг соодветен документ за енергетски контролор од ставот (1) на овој член.

(6) Ако Комисијата од ставот (3) на овој член утврди дека барањето за признавање на овластувањето или друг соодветен документ за енергетски контролор не ги исполнува условите за признавање на овластувањето или друг соодветен документ за енергетски контролор, во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето ќе предложи на министерот за економија да донесе решение со кое се одбива барањето за признавање на овластувањето или друг соодветен документ за енергетски контролор. Против решението со кое се одбива барањето за признавање на овластувањето или друг соодветен документ за енергетски контролор може да се поведе управен спор.

(7) Министерот за економија со решение го одзема овластувањето за енергетски контролор, ако:
1) енергетскиот контролор не ја врши енергетската контрола независно, самостојно и објективно, односно во согласност со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон;
2) на енергетскиот контролор му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на професија;
3) делумно ја изгуби деловната способност и
4) не посетува утврден број на обуки согласно со програмата за усовршување на енергетски контролори.

(8) Против решението за одземање на овластувањето од ставот (7) на овој член може да се поведе управен спор.

9) Енергетскиот контролор на кого му е одземено овластувањето врз основа на ставот (7) точки 1 и 4 на овој член не може да поднесе барање за издавање на ново овластување пред истекот на период од една година сметано од денот на одземањето на овластувањето.

(10) Енергетскиот контролор на кого му е одземено овластувањето врз основа на ставот (7) точки 2 и 3 на овој член по истекот на времето за која е изречена прекршочната санкција, односно по престанок на причините за делумно губење на деловната способност, со доставување на соодветен акт од надлежен орган може да побара издавање на ново овластување.

(11) Министерството за економија води регистар на признаени овластувања за енергетски контролори. Листата на признаени овластувања се објавува на веб страницата на Министерството за економија.

Член 138

(1) Трговец поединец или правно лице кое поседува лиценца за вршење на енергетска контрола е должно да ја врши енергетската контрола независно, самостојно и објективно, во согласност со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

(2) Извештајот за наодите од енергетската контрола го изготвува трговец поединец или правно лице кое поседува лиценца за вршење на енергетска контрола и истиот мора да биде заверен и да биде потпишан од овластен енергетски контролор.

(3) Трговец поединец или правно лице кое поседува лиценца за вршење на енергетска контрола е должно да води евиденција за извршените енергетски контроли и да ја чува документацијата за извршените контроли најмалку десет години.

(4) Трговец поединец или правно лице кое поседува лиценца за вршење на енергетска контрола е должно, најдоцна до 31 јануари во тековната година, да достави до Агенцијата за енергетика годишен извештај за извршените енергетски контроли во претходната календарска година, кон кој ги приложува сите поединечни извештаи за извршените енергетски контроли за извештајниот период.

(5) Агенцијата за енергетика, врз основа на годишните извештаите од ставот (4) на овој член, подготвува годишен извештај за претходната календарска година и, најдоцна до 31 март во тековната година, го доставува до министерството.

(6) Енергетскиот контролор не смее да извршува енергетска контрола ако нарачателот е правно лице:
1) во кое поседува акции или удел;
2) со кое соработувал во изградбата на проектот, ревизија на проектот, вршел надзор на градење, или вршел работи на одржување на објектот за кој се бара енергетската контрола или
3) во кое е член на орган на управување, прокурист, полномошник или вработен.

(7) Енергетски от контролор не смее да извршува енергетска контрола ако нарачателот е физичко лице:
1) со кое соработувал во изградбата на проектот, ревизија на проектот, вршел надзор на градење, или вршел работи на одржување на објектот за кој се бара енергетската контрола и
2) со кој е брачен другар или роднина.

(8) Трговец поединец или правно лице кое поседува лиценца за вршење на енергетска контрола издава сертификат за енергетски карактеристики на зградите, врз основа на извршена енергетска контрола.

(9) За нови згради и градежни единици како и за згради и градежни единици кои биле предмет на значителна реконструкција, определени со правилникот од член 136 став (8) од овој закон, трговец поединец или правно лице кое поседува лиценца за вршење на енергетска контрола издава сертификат за енергетските карактеристики на зградата врз основа на податоци од основниот проект, проектот на изведена состојба и одобрението за градење, како и визуелна контрола на зградата. Трговец поединец или правно лице кое поседува лиценца за вршење на енергетска контрола наплаќа надомест за издадениот сертификат за енергетски карактеристики на зграда за нови згради и градежни единици како и за згради и градежни единици кои биле предмет на значителна реконструкција. 44

(10) Министерот ја пропишува максималната висина на надоместокот за издавање на сертификат за енергетските карактеристики на зграда, врз основа на плоштината на корисната подна површина на зградите и категориите на зградите определени со правилникот од член 136 став (8) од овој закон.

(11) Трговец поединец или правно лице кое поседува лиценца за вршење на енергетска контрола за извршената енергетска контрола согласно член 134 став (2) и член 136 став (5) од овој закон и став (8) од овој член наплаќа надомест.

(12) Владата на Република Македонија, на предлог на Министерот ја пропишува максимална висина на надоместокот за извршената енергетска контрола, врз основа на плоштината на корисната подна површина на зградите и категориите на зградите определени со правилникот од член 136 став (8) од овој закон.

Член 139

(1) Со договорите за енергетски услуги што ги склучуваат лицата од јавниот сектор задолжително се уредува:
1) предметот на договорот што опфаќа обем на енергетските услуги или другите услуги во функција на подобрување на енергетската ефикасност;
2) утврдувањето на основната потрошувачка на енергија во објектот, уредите и постројките во согласност со Правилникот за енергетска контрола;
3) процена на заштедата со примена на мерките на енергетска ефикасност, како и гарантираните заштеди на енергија и постапки за утврдување на заштедата;
4) обемот и начинот на финансирање на вложувањата за реализација на договорот и
5) начинот на надоместување на услугите.

(2) Потребни вложувања од ЕСКО за реализација на договорите од ставот (1) на овој член ЕСКО ќе ги надомести преку намалувањето на трошоците за енергија како резултат на заштедата на енергија, пресметана во однос на основната потрошувачка на енергија пред склучувањето на договорот.

(3) По истекот на рокот за кој е склучен договорот за енергетски услуги, инсталираната опрема, уреди и постројки што се вградени во објектот заради реализација на договорите од ставот (1) на овој член остануваат во сопственост на лицето од јавниот сектор.

Член 140

(1) Операторите на системите за дистрибуција на соодветен вид на енергија или природен гас, како и снабдувачите со енергија и енергенти ја поттикнуваат примената на мерките за енергетска ефикасност преку објавување на информации за услугите за енергетска ефикасност на својата веб страница и периодично преку средствата за јавно информирање.

(2) Информациите за услугите од ставот (1) на овој член треба да ги содржат можните мерки за подобрување на енергетската ефикасност и ефектите од примена на овие мерки, индикативните цени по кои се обезбедуваат услугите, можните начини и механизмите за финансирање, типски договори, како и контакт информации за можните даватели на услуги.

Член 141

(1) Во соодветните мрежни правила за дистрибуција на енергија или природен гас треба да се утврдат обврски за операторот на системот за дистрибуција, во границите на техничката и економската оправданост, да ги дефинира техничките спецификации на уредите за мерење на потрошената енергија со кои на потрошувачите ќе им се овозможи добивање точни податоци за потрошената енергија или природен гас и времето во кое се користела енергијата или природниот гас.

(2) Во соодветните мрежни правила, кога тоа е технички изводливо и економски исплатливо во однос на долгорочната заштеда на енергија, може да се предвиди вградување на мерни уреди и за секој дел од градбата што претставува самостојна целина.

(3) Операторот на соодветниот систем за дистрибуција и/или снабдувачите со електрична или топлинска енергија и природен гас се должни да обезбедат, каде што е технички и економски можно, пресметката на потрошената енергија да се темели на реално потрошената енергија и тоа да биде прикажано на јасен, недвосмислен и разбирлив начин.

(4) Снабдувачите со електрична или топлинска енергија и природен гас се должни на јасен и недвосмислен начин да ги информираат потрошувачите преку сметките за:
1) детален приказ на цените и потрошената енергија или природен гас;
2) споредба на потрошената енергија со енергијата потрошена во истиот период претходната година, по можност во графички облик;
3) споредба на потрошената енергија со нормализирани вредности или потрошувачката на референтен потрошувач од истата категорија на потрошувачи, кога тоа е можно и корисно и
4) организациите на потрошувачи, тела или установи за енергетика со податоци за контакт, вклучувајќи интернет адреса од која може да се добијат информации за мерки за енергетска ефикасност, спецификации на опремата и споредба на потрошената енергија на различни групи на потрошувачи.

(5) Операторите на системите за дистрибуција и снабдувачите со електрична или топлинска енергија и природен гас не смеат да ги попречуваат развојот на пазарот за енергетски услуги, преземањето на други мерки за енергетска ефикасност и извршувањето на енергетските услуги од страна на ЕСКО.

Член 142

(1) Заради постигнување на целите на Стратегијата од членот 130 на овој закон, министерот ќе донесе Правилникот за означување на потрошувачката на енергија и другите ресурси за производите што користат енергија.

(2) Со Правилникот од ставот (1) на овој член особено ќе се уреди:
1) производите кои треба да бидат означени;
2) начинот на означување на производите;
3) начинот на определување на карактеристиките на производите;
4) формата и содржината на ознаката и
5) начинот на контрола на означувањето.

(3) Производите од ставот (2) точка 1 на овој член можат да се увезат и/или пуштат на пазарот во Република Македонија само ако се означени во согласност со Правилникот од ставот (1) на овој член.

Член 143

(1) Агенцијата за енергетика издава и води регистар на издадени гаранции за потеклото на електричната енергија произведена од високоефикасни комбинирани постројки.

(2) За добивање на гаранции за потекло на електрична енергија од ставот (1) на овој член производителот на електрична енергија е должен да уплати надоместок на сметката на Агенцијата за енергетика, според тарифникот што го донесува Агенцијата за енергетика, а го одборува Владата на Република Македонија.

(3) Гаранцијата за потекло на електричната енергија од високоефикасни комбинирани постројки содржи податоци за производителот и постројката, за топлотната вредност на користеното гориво, периодот на производството, искористувањето на произведената топлинска енергија, количеството на произведената електрична енергија и заштедите на примарна енергија пресметани согласно со методологијата за пресметка донесена од министерот.

(4) Гаранциите за потекло на електрична енергија од високоефикасни комбинирани постројки издадени во други држави се признаваат под услови и начин пропишани во согласност со овој закон.

(5) Министерот со Правилникот за високоефикасни комбинирани постројки поблиску ќе ги пропише:
1) методологијата за пресметка на коефициентот на полезно дејство на високоефикасните комбинирани постројки за производство на електрична и топлинска енергија;
2) методологијата за процена на заштедата на примарната енергија во високоефикасните комбинирани постројки;
3) содржината, формата и начинот за водење на регистарот на високоефикасните комбинирани постројки;
4) начинот за издавање, пренесување и одземање на гаранциите за потеклото на електричната енергија произведена од високоефикасните комбинирани постројки, како и начинот, постапката и условите за признавање на гаранциите за потекло издадени во странство;
5) начинот и постапката за определување на енергетската вредност на горивата што се користат во високоефикасните комбинирани постројки и
6) содржината, формата и начинот на водењето на регистар на издадени гаранции за потекло на електрична енергија од високоефикасните комбинирани постројки.

(6) Агенцијата за енергетика му дава поддршка на министерството во подготовката на прописот од ставот (5) на овој член.

XII. ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА

Член 144

(1) Политиката за искористувањето на обновливите извори на енергија во Република Македонија се утврдува со Стратегијата за обновливите извори на енергија во Република Македонија, во согласност со Стратегијата за развој на енергетиката.

(2) Владата на Република Македонија, на предлог на министерството, на секои пет години донесува Стратегија за обновливите извори на енергија која се однесува за период од наредните десет години.

(3) Средствата за изготвување на Стратегијата за обновливите извори на енергија се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија, грантови или донации.

Член 145

(1) Стратегијата за обновливите извори на енергија во Република Македонија ги дефинира целите за искористувањето на обновливите извори на енергија и начините на кои таквите цели се постигнуваат, а особено:
1) потенцијалот на обновливите извори на енергија;
2) изводливоста на искористувањето на потенцијалот на обновливите извори на енергија;
3) зацртаниот обем и динамиката за зголемување на учеството на енергијата од обновливите извори и биогоривата во бруто финалната потрошувачка на енергија, како и учеството на биогоривата во вкупната потрошувачка во горивата во транспортот и
4) дефинирање на мерки за поддршка на искористувањето на обновливите извори на енергија.

(2) За реализација на целите од Стратегијата за обновливите извори на енергија можат да се применат мерки за поддршка со кои треба да се постигне:
1) намалување на трошоците за производство на енергијата од обновливите извори и производство на биогорива;
2) зголемување на цените по која енергијата од обновливите извори или биогоривата се продаваат или откупуваат или
3) обврски за откуп на енергијата произведена од обновливи извори или обврска за намешување на фосилни горива и биогорива во горивата наменети за транспорт.

(3) Мерките за поддршка од ставот (2) на овој член особено опфаќаат:
1) инвестициска поддршка;
2) даночни олеснувања;
3) задолжителен откуп на електричната енергија произведена од обновливи извори од страна на снабдувачите со електрична енергија и обврска за задолжителен пласман на мешавини од фосилни горива и биогорива;
4) издавање на гаранции за потекло на електричната енергија;
5) повластени тарифи за откуп на произведената електрична енергија или
6) зголемување на цените што потрошувачите ги плаќаат за користење на обновливите извори на енергија.

(4) Финансиските средства за спроведување на мерките за поддршката од ставот (3) на овој член можат да се обезбедат, меѓу другото, преку:
1) Буџетот на Република Македонија;
2) грантови, донации и спонзорства;
3) кредити или
4) државна помош во согласност со закон.

Член 146

(1) Заради реализација на Стратегијата за обновливите извори на енергија Владата на Република Македонија, на предлог на министерството, донесува акционен план за обновливите извори на енергија за период од десет години.

(2) Акциониот план за обновливите извори на енергија ги дефинира мерките за унапредување на искористувањето на обновливите извори на енергија, а особено содржи:
1) очекувана бруто финална потрошувачка на електрична енергија, горива за транспорт, енергија за греење и ладење, во согласност со Стратегијата за развој на енергетиката и Стратегијата за обновливите извори на енергија, притоа водејќи сметка за мерките за зголемување на енергетската ефикасност;
2) зацртани цели и годишна динамика на пораст на учеството на енергијата од обновливи извори во потрошувачката на енергија;
3) мерки за остварување на зацртаните цели;
4) приказ на релевантните политики и мерки за промоција на обновливите извори на енергија;
5) специфични мерки за намалување на административните бариери, мерки за информирање и обуки и соодветен развој и усовршување на преносните и дистрибутивни системи;
6) мерки за поддршка од членот 145 на овој закон за производство на електричната енергија, за искористување за греење и ладење, транспорт и користење на биомасата;
7) оцена на очекуваниот придонес на одделните обновливи извори на енергија заради постигнување на целите зацртани во Стратегијата за обновливи извори на енергија;
8) оцена на можни заеднички проекти со други земји со цел за исполнување на целите зацртани во Стратегијата за обновливи извори на енергија;
9) финансиски извори и
10) носителите и роковите за реализација на предвидените активности.

(3) Министерството на секои две години изготвува извештај за реализација на акциониот план за обновливи извори на енергија во изминатиот период. Доколку врз основа на наодите од извештајот се оцени дека не се остварува предвидената годишна динамика од ставот (2) точка 2 на овој член министерството ќе и предложи на Владата на Република Македонија дополнителни мерки и соодветни измени во акциониот план.

(4) Владата на Република Македонија со одлука ги пропишува целите и годишната динамика на порастот на учеството на енергијата од обновливи извори во финалната потрошувачка на енергија, во согласност со акциониот план за обновливи извори на енергија и обврските на Република Македонија преземени со ратификуваните меѓународни договори.

(5) Агенцијата за енергетика дава поддршка на министерството во изготвувањето на Стратегијата за обновливите извори на енергија и акциониот план за обновливи извори на енергија.

Член 147

(1) Агенцијата за енергетика издава, пренесува и одзема гаранции за потеклото на електричната енергија произведена од обновливи извори на енергија и води регистар на издадените гаранции.

(2) За добивање на гаранции за потекло на електрична енергија од ставот (1) на овој член производителот на електрична енергија е должен да уплати надоместок на сметката на Агенцијата за енергетика, според тарифникот што го донесува Агенцијата за енергетика, а кој треба да биде одобрен од Владата на Република Македонија.

(3) Гаранцијата за потеклото на електричната енергија од обновливи извори на енергија се издава за најмала количина од 1 MWh и содржи податоци за производителот и електроцентралата, обновливиот извор од кој е произведена електричната енергија, периодот на производството и други податоци предвидени во Правилникот за обновливи извори на енергија од членот 148 на овој закон.

(4) Гаранциите за потеклото на електричната енергија од обновливи извори на енергија издадени во други држави се признаваат под услови и на начин пропишани во согласност со овој закон.

Член 148

(1) Министерот со Правилникот за обновливи извори на енергија поблиску ги пропишува:
1) видовите на постројки за производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија;
2) методологијата за пресметка на потребниот процент на намешување на фосилните и биогоривата за

транспорт, заради реализација на зацртаните цели од акциониот план за обновливи извори на енергија;
3) начинот на мерење на потенцијалот на ветерот за производство на електрична енергија;
4) начинот за издавање на одобрение за мерење на потенцијалот на ветерот за производство на електрична енергија;
5) содржината, формата и начинот за водење на регистарот на електроцентралите што користат обновливи извори на енергија;
6) начинот за издавање, пренесување и одземање на гаранциите за потеклото на електричната енергија произведена од обновливи извори на енергија по електронски пат со кој треба да обезбеди точност, доверливост и да се оневозможат злоупотреби;
7) начинот, постапката и условите за признавање на гаранциите за потеклото издадени во странство и
8) содржината, формата и начинот на водењето на електронски регистар на издадени гаранции за потеклото на електричната енергија од обновливи извори на енергија, водејќи сметка иста количина на електрична енергија произведена од обновливите извори да биде регистрирана само еднаш.

(2) Агенцијата за енергетика издава одобрение за мерење на потенцијалот на ветерот за производство на електрична енергија и води регистар на постројки кои користат обновливи извори на енергија.

(3) Агенцијата за енергетика дава поддршка на министерството во подготовката на прописот од ставот (1) на овој член.

XIII. ПОВЛАСТЕНИ ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Член 149

Со цел да се стимулира изградбата на нови електроцентрали за обновливи извори или на високоефикасни комбинирани постројки, овие производни објекти можат да се стекнат со статус на повластен производител, а со тоа и со право за продажба на произведената електрична енергија по повластени тарифи.

Член 150

(1) Повластените тарифи од членот 149 на овој закон можат да ги користат производителите што ќе се стекнат со статус на повластен производител на начин и постапка пропишани со овој закон и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон.

(2) Владата на Република Македонија на предлог на министерот, со уредба за повластени тарифи за електрична енергија, за секој вид повластен производител одделно, ги пропишува:
1) специфичните услови што треба да ги исполни електроцентралата за да се стекне со статус на повластен производител;
2) горната граница на инсталираната моќност на електроцентралата што може да се стекне со статус на повластен производител и
3) повластените тарифи за електрична енергија и периодот на нивно користење.

(3) Владата на Република Македонија на предлог на министерот, во зависност од исполнувањето на целите и динамиката на реализација зацртани во Стратегијата за обновливи извори на енергија, акциониот план на обновливите извори на енергија, Стратегијата за енергетска ефикасност и акциониот план за енерегетска ефикасност, со одлука ја пропишува вкупната инсталирана моќност на повластените производители за секој одделен обновлив извор на енергија и за високоефикасните комбинирани постројки во Република Македонија.

Член 151

(1) Електроцентрала може да се стекне со статус на повластен производител ако ги исполнува следниве услови:
1) произведува електрична енергија од обновливи извори на енергија или во високоефикасни комбинирани електроцентрали;
2) ги исполнува специфичните услови и горната граница на инсталирана моќност, пропишани со уредбата од членот 150 на овој закон и
3) збирот на инсталираната моќност на електроцентралата и вкупната инсталирана моќност на електроцентралите од ист тип што до тој момент се заведени во регистарот на повластени производители да не ја надминува вкупната инсталирана моќност на повластени производители од тој тип, предвидена во одлуката на Владата на Република Македонија од членот 150 став (3) на овој закон.

(2) Покрај условите од ставот (1) на овој член, за стекнување на статус повластен производител е потребно да биде исполнет и еден од следниве услови:
1) има добиено овластување за изградба на енергетски објекти во согласност со овој закон или
2) има обезбедено одобрение за градење за енергетските објекти за кои не е потребно овластување или
3) има склучено договор за концесија за користење на природно добро за производството на електрична енергија или
4) правото на изградба на енергетски објект е стекнато во постапка со јавен повик, во согласност со овој закон.

(3) Регулаторната комисија за енергетика издава решение за стекнување на статус на повластен производител и води регистар на повластените производители. Регулаторната комисија за енергетика донесува Правилник за повластени производители во кој се пропишува начинот и постапката за стекнување на статусот на повластен производител, начинот и постапката за донесување на одлука за користење на повластена тарифа, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на повластени производители. Регистарот на повластени производители се објавува на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика.

(4) Заинтересираните страни доставуваат барање за стекнување на статус на повластен производител до Регулаторната комисија за енергетика и со барањето ја доставуваат потребната документација пропишана со Правилникот за повластени производители.

(5) Доколку предвидената електроцентрала ги исполнува условите за стекнување статус на повластен производител, Регулаторната комисија за енергетика, во рок не подолг од 30 дена од денот на доставувањето на барањето, на барателот ќе му издаде привремено решение за упис во регистарот на повластени производители. Во привременото решение ќе се предвиди и рок до кој електроцентралата треба да биде пуштена во употреба и истиот треба да биде усогласен со рокот од документот доставен во согласност со ставот (2) на овој член.

(6) Носителот на привременото решение од ставот (5) на овој член има право да побара од Регулаторната комисија за енергетика продолжување на важноста на привременото решение, на начин и по постапка утврдени во Правилникот за повластени производители.

(7) Регулаторната комисија за енергетика ќе ја избрише постројката од регистарот на повластени производители ако електроцентралата не е пуштена во употреба во рокот предвиден со привременото решение од ставот (5) на овој член и на електроцентралата и престанува статусот на повластен

производител.

(8) Повластените производители ќе ја користат повластената тарифа според условите што важеле на денот на добивањето на привременото решение од став (5) на овој член.

(9) Регулаторната комисија за енергетика ќе ги започне постапките за издавање на лиценцата за производство на електрична енергија и за издавање на решение за повластен производител кога барателот ќе ја достави потребната документација за издавање на лиценца и за стекнување на статус на повластен производител. Во постапката за издавање на решение за стекнување на статус на повластен производител, Регулаторната комисија за енергетика од Агенцијата за енергетика ќе побара потврда дека постројката е изградена и ги исполнува специфичните услови и инсталираната моќност утврдени со уредбата од став (2) и од одлуката од став (3) на членот 150 од овој закон што биле во сила на денот на издавање на привременото решение за повластен производител.

(10) Доколку потврдата издадена од Агенцијата за енергетика е позитивна, Регулаторната комисија ќе издаде решение за повластен производител и одлука за користење на повластена тарифа со важност од денот на донесувањето на решението, со што повластениот производител се стекнува со сите права што произлегуваат од овој закон.

(11) Агенцијата за енергетика е должна да ја издаде потврдата од ставот (9) на овој член во рок не подолг од 15 дена од денот на поднесувањето на барањето.

(12) За издавање на потврдата од ставот (9) на овој член Регулаторната комисија за енергетика ќе и плати надоместок на Агенцијата за енергетика според тарифникот донесен од Агенцијата за енергетика, изготвен врз основа на трошоците на Агенцијата за енергетика во постапката за издавање на потврдата од ставот (9) на овој член.

(13) Тарифникот од ставот (12) на овој член го одобрува Владата на Република Македонија.

Член 152

Повластениот производител на електрична енергија, покрај обврските од членот 65 став (2) на овој закон, е должен:
1) да ја продава произведената електрична енергија на операторот на пазарот на електричната енергија, во согласност со договорот за откуп на електричната енергија од членот 153 став (2) на овој закон;
2) да доставува планови за производство на електрична енергија до операторот на пазарот на електрична енергија во согласност со пазарните правила и
3) во текот на работењето да се придржува до условите предвидени во уредбата од членот 150 став (2) на овој закон.

Член 153

(1) Операторот на пазарот на електрична енергија е должен да ја откупи електричната енергија произведена од повластените производители на електрична енергија.

(2) Операторот на пазарот со електрична енергија е должен, по барање на повластениот производител, да склучи договор за откуп на електричната енергија од ставот (1) на овој член. Договорот треба да е во согласност со овој закон, одлуката за користење на повластената тарифа издадена од Регулаторната комисија за енергетика и пазарните правила.

(3) Операторот на пазарот на електрична енергија е должен, во рок не подолг од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето, да го склучи договорот од ставот (2) на овој член, а со важност од денот на влегувањето во сила на решението за повластен производител издадено од Регулаторната комисија за енергетика.

(4) Повластениот производител има право да го раскине договорот од ставот (2) на овој член и пред истекот на рокот за којшто е склучен договорот и во тој случај ќе го изгуби статусот на повластен производител, без право повторно да се стекне со тој статус.

(5) Операторот на пазарот на електрична енергија е должен на операторот на електропреносниот систем да му ги надомести трошоците за урамнотежување и потребните системски услуги поврзани со работата на повластените производители.

(6) Електричната енергија од ставот (1) на овој член операторот на пазарот на електрична енергија ја продава на снабдувачите и трговците со електрична енергија коишто продаваат електрична енергија на потрошувачите од членот 82 став (3) на овој закон.

(7) Снабдувачите и трговците од ставот (6) на овој член се должни од операторот на пазарот секој ден да откупуваат количина на електрична енергија произведена од повластените производители, соодветно на учеството на најавите за потребите од електрична енергија на нивните потрошувачи во вкупните предвидени потреби на потрошувачите на електрична енергија во Република Македонија. Цената по која операторот на пазарот ја продава електричната енергија на снабдувачите и трговците се пресметува на крајот од месецот како просечна цена по која операторот ја откупил електричната енергија од повластените производители, зголемена за трошоците од ставот (5) на овој член направени во истиот месец.

(8) Цените, количините на електрична енергија, како и начинот на плаќање по обврските од ставот (7) на овој член подетално ќе бидат уредени со Правилата за пазарот на електрична енергија.

(9) Снабдувачите и трговците од ставот (6) на овој член се должни во сметките, односно фактурите што ги доставуваат до своите потрошувачи да достават информации за процентот на учество на електричната енергија произведена од повластените производители и просечната цена од ставот (7) на овој член.

XIV. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

Член 154

(1) Корисникот на енергетскиот систем е должен:
1) да ги користи и/или управува своите енергетски објекти, уреди или инсталации во согласност со закон, други прописи и соодветни мрежни правила и да не ги загрозува животот и здравјето на луѓето и имотот;
2) да ги отстрани во определениот рок недостатоците на неговите енергетски објекти, уреди или инсталации што го утврдил Државниот инспекторат за техничка инспекција;
3) да не врши приклучување на својот објект, уред или инсталација на енергетскиот систем, односно преку своите објекти, уреди или инсталации да не овозможува приклучување на друг корисник без согласност на операторот на системот за пренос или дистрибуција;
4) да овозможи правилно евидентирање на потрошената енергија или природен гас и истите да не ги користи без мерни уреди или да ги користи со мерни уреди кои не се вградени од операторот на соодветниот систем;
5) да не врши манипулација со мерните уреди;

6) да не ја попречува испораката на енергијата на други корисници;
7) да ја плати испорачаната енергија или природен гас на снабдувачот, во пропишан или договорен рок и
8) во случај на кризна состојба да се придржува кон мерките пропишани во согласност со членот 13 од овој закон.

(2) Инвеститорот од членот 39 на овој закон за пуштање во употреба на опрема вградена во новоизграден енергетски објект или вградена во постоечки градежен објект, треба да има решение за ставање во употреба на опремата по прв пат издадено од Државниот инспекторат за техничка инспекција, по претходно спроведена постапка за ставање по прв пат во употреба на опремата во согласност со Законот за техничка инспекција.

Член 154-а

(1) Корисниците на системот се должни да обезбедат контакт податоци (име и презиме/назив на корисникот, адреса/седиште, матичен/даночен број, број на документ за идентификација, телефон, факс, е-пошта) на соодветните оператори на системот кој го користат, како и на снабдувачите со енергија, односно природен гас и на трговците заради вршење на енергетски дејности и обезбедување на јавна услуга.

(2) Операторите на системите, како и снабдувачите со енергија, односно природен гас и трговците се должни да водат евиденција на корисниците на системот која ги содржи податоците од ставот (1) на овој член и истите имаат право да ги обработуваат, ажурираат и разменуваат меѓу себе заради остварување на обврските кои произлегуваат од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон да ги доставуваат на барање на државните органи и судовите, како и на други органи и организации во постапка согласно со закон.

(3) Податоците на корисниците наведени во ставот (1) на овој член можат да се користат заради:
1) уредување на договорни односи (приклучување на системите за енергија или природен гас, испорака на енергија или природен гас итн.);
2) наплата на побарувањата;
3) водење на судски или управни постапки и
4) комуникација со корисниците заради исполнување на обврските од овој закон и прописите донесени врз онова на овој закон.

(4) При престанување на договорните односи, податоците за корисниците од ставот (1) на овој член се чуваат за период од три години од денот на издавањето на последната сметка на корисникот за обезбедените услуги согласно со овој закон.

(5) Корисниците на системите се должни во рок не подолг од 30 дена да ги информираат соодветните оператори на системот кој го користат, како и на снабдувачите со енергија, односно природен гас и на трговците за промената на податоците од ставот (1) на овој член.

Член 155

(1) Операторот на соодветниот систем за пренос или дистрибуција на енергија или природен гас има право на надоместок на штетата што настанала како резултат на неовластено преземена енергија или природен гас или нерегистрирани количини на енергија или природен гас заради неовластена манипулација со мерните уреди.

(2) Постапката за утврдување на причините за настанатата штета, како и начинот на пресметка на штетата и надоместокот што корисникот треба да го плати, се утврдуваат со соодветните мрежни правила.

(3) Потрошувачите на енергија или природен гас имаат право на надоместок на штетата настаната поради намалена испорана или прекин во испораката на енергијата или природниот гас од страна на операторот на соодветниот систем за пренос или дистрибуција, под услови и на начин утврдени во соодветните правила за снабдување со енергија или природен гас.

(4) Производителите на енергија имаат право на надоместок на штетата од страна на операторот настаната поради намалена испорана или прекин во испораката на енергијата во системот под услови и на начин утврдени во мрежните правила за соодветниот енергетски систем.

Член 156

(1) По барање на снабдувач, операторот на преносниот, односно дистрибутивниот систем, може да исклучи потрошувач од соодветниот систем во постапка утврдена со правилата за снабдување.

(2) Операторот на преносниот, односно дистрибутивниот систем може да исклучи корисник од системот под услови и постапка утврдени во соодветните мрежни правила.

Член 157

(1) Ракувачите со енергетски уреди и постројки мораат да имаат положен испит за стручна оспособеност (во натамошниот текст: испит). [45]

[46]

Член 157-а [47]

Право на полагање на испит стекнуваат ракувачите на одделни видови на енергетски уреди и постројки, ако ги исполнуваат следниве услови за:
1) ракување со парни турбини:
- над 10 MW, стручно образование од четиригодишно траење од енергетска, електро или машинска струка и 12 месеци работа под надзор на ракување со турбински постројки и
- до 10 MW, стручно образование од четиригодишно траење од енергетска, електро или машинска струка и девет месеци работа под надзор на ракување со турбински постројки под надзор;
2) ракување со гасни турбини кои служат за производство на електрична енергија, стручно образование од четиригодишно траење од енергетска, електро или машинска струка и 12 месеци работа под надзор на ракување со турбински постројки;
3) ракување со хидротурбини кои служат за производство на електрична енергија, стручно образование од четиригодишно траење од енергетска, електро или машинска струка и 12 месеци работа под надзор на ракување со турбински постројки;
4) ракување со котларници со АТК (автоматска термичка команда) инсталирана моќност:
- над 20 MW, стручно образование од четиригодишно траење од енергетска, електро или машинска струка и 12 месеци работа под надзор на ракување со котловски постројки,
- до 20 MW, стручно образование од четиригодишно траење од енергетска, електро или машинска струка и 12 месеци работа под надзор на ракување со котловски постројки и
- до 5 MW, со стручно оспособување со двегодишно траење од енергетска, електро или машинска струка и 12 месеци работа под надзор на ракување со котловски постројки;
5) ракување со котли:

- со механизирано палење, стручно образование од четиригодишно траење од енергетска, електро или машинска струка и 12 месеци работа под надзор на ракување со котловски постројки и
- со рачно палење, со стручно оспособување со двегодишно траење од енергетска, електро или машинска струка и шест месеци работа под надзор на ракување со котловски постројки;
6) ракување со парни клипни машини, со стручно оспособување со двегодишно траење од енергетска, електро или машинска струка и 12 месеци работа под надзор на ракување со парни клипни машини;
7) ракување со мотори со внатрешно согорување во вкупна моќност:
- над 200 KW, стручно образование од четиригодишно траење од енергетска, електро или машинска струка и 12 месеци работа под надзор на ракување со мотори и
- до 200 KW, со стручно оспособување со двегодишно траење од енергетска, електро или машинска струка и 12 месеци работа под надзор на ракување со мотори;
8) ракување со компресори и разладни постројки:
- со вкупна моќност над 200 KW, стручно образование од четиригодишно траење од енергетска, електро, машинска или хемиско-технолошка струка и 12 месеци под надзор со компресори и разладни постројки и
- со вкупна моќност до 200 KW, со стручно оспособување со двегодишно траење од енергетска, електро, машинска или хемиско-технолошка струка и 12 месеци работа под надзор на ракување со компресори и разладни постројки;
9) ракување со црпни станици:
- со вкупна моќност над 200 KW, стручно образование од четиригодишно траење од енергетска, електро или машинска струка и 12 месеци работа под вадзор на ракување со црпни станици и
- со вкупна моќност до 100 KW, со стручно оспособување со двегодишно траење од енергетска, електро, машинска или хемиско-технолошка струка и 12 месеци работа под надзор на ракување со црпни станици;
10) ракување со генератори на гас, со стручно оспособување со двегодишно траење од електро или машинска струка и 12 месеци работа под надзор на ракување со генераторите на гас;
11) ракување со котли за централно греење:
- со инсталирана моќност над 1 MW работен притисок 0,5 бара, температура до 110 С на излезната вода, стручно образование од четиригодишно траење од енергетска, електро или машинска струка и 12 месеци работа под надзор на ракување со котли и
- со инсталирана моќност од преку 0,2 MW до 1 MW работен притисок од 0,5 бара, температура од 110 С на излезната вода, со стручно оспособување со двегодишно траење од енергетска, електро или машинска струка, 12 месеци работа под надзор, од кои шест месеци на ракување со котли или завршено основно училиште и 18 месеци работа под надзор, од кои шест месеци ракување;
12) ракување со климатизација, со стручно оспособување со двегодишно траење од енергетска, електро или машинска струка и шест месеци работа под надзор на ракување со климатизацијата;
13) ракување со уредите за подготвување на напојна, котловска и разладна вода преку 15 м3 на час, со стручно оспособување со двегодишно траење од хемиско-технолошка или машинска струка и шест месеци работа под надзор на ракување со уредите за подготвување на напојната котловската и разладната вода;
14) ракување со уредите за полнење и манипулација со технички гасови, со стручно оспособување со двегодишно траење од електро или машинска струка и шест месеци работа под надзор или завршено основно училиште и 12 месеци работа под надзор;
15) ракување со садови под притисок од прва и втора класа, со стручно оспособување со двегодишно траење од енергетска, електро или машинска струка и шест месеци работа под надзор на ракување за работниците со енергетска струка, односно 12 месеци за работниците со електро или машинска струка;
16) ракување со трафостаници и разводни електропостројки стручно образование од четиригодишно траење од електро или енергетска струка и 12 месеци работа под надзор на ракување со трафостаници разводни електропостројки;
17) ракување со диспечерски центри и електрокоманди, стручно образование од четиригодишно траење од електро или енергетска струка и 12 месеци работа под надзор на ракување со диспечерски центри и електрокоманди;
18) ракување со енергетскиот блок за производство на електрична енергија, стручно образование од четиригодишно траење од енергетска, електро или машинска струка и 12 месеци работа под надзор на ракување со енергетскиот блок;
19) ракување со уредите за сушење на топлотниот ефект:
- над 500 KW, стручно образование од четиригодишно траење од енергетска, електро или машинска струка и шест месеци работа под надзор на ракување со уредите за сушење и
- до 500 KW, стручно оспособување со двегодишно траење од енергетска, електро или машинска струка и шест месеци работа под надзор на ракување со уредите за сушење и
20) ракување со технолошки печки со ефект мад 0,5 MW што се палат со течно и гасно гориво, стручно образование од четиригодишно траење од енергетика, електро или машинска струка и 12 месеци работа под надзор на ракување со технолошките печки.

Член 157-б 48

(1) Испитот се состои од два дела, и тоа:
- прв дел (теоретски дел), со кој се проверува теоретското знаење на кандидатите и
- втор дел (практичен дел), со кој се проверува способноста на кандидатите за ракување на соодветни енергетски уреди и постројки за кои се пријавил кандидатот за полагање.

(2) Испитот од ставот (1) на овој член се полага писмено по електронски пат со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.

(3) Првиот дел од испитот се полага по прашања утврдени согласно со Програмата за полагање на испит за стручна оспособеност.

(4) Вториот дел на испитот се полага на соодветни енергетски уреди и постројки со симулација или по пат на непосредна работа од страна на кандидатите.

Член 157-в 49

(1) Испитот се полага според програма во која се содржани градивото и областите во зависност од видот на енергетските уреди и постојки.

(2) Програмата за полагање на испитот ја донесува министерот за економија.

Член 157-г 50

(1) Едукаторите определени од министерот за економија ги изготвуваат базите на прашања за првиот и базите на прашања за вториот дел на испитот од членот 157-м од овој закон.

(2) Прашањата за првиот дел од испитот и прашањата за вториот дел на испитот ги верификува Комисија составена од:
- претставник од Министерството за економија, сектор енергетика,
- претставник од Државниот инспекторат за техничка инспекција,
- претставник од АД ЕВН Македонија,
- претставник од АД ЕЛЕМ,
- вработен од АД Македонски енргетски ресурси и
- вработен од АД ТЕ-ТО Балкан Енерџи Груп.

(3) Комисијата ја формира и разрешува министерот надлежен за работи од областа на енергетиката.

(4) Комисијата од ставот (2) на овој член врши и ревизија и ажурирање на базите на прашања од членот 157-м од овој закон најмалку еднаш годишно.

(5) При ревизијата Комисијата особено ги има предвид измените на техничките прописи на кои е засновано прашањето, бројот на кандидати кои го одговориле, успешноста во одговарањето на истите, како и други критериуми кои можат да влијаат врз подобрувањето на квалитетот на базите од членот 157-м од овој закон.

(6) Врз основа на извршената ревизија и ажурирање на базите на прашања Комисијата одлучува прашањата да бидат изменети или целосно отстанети од базите од членот 157-м од овој закон.

(7) Едукаторите и членовите на Комисијата од ставовите (1) и (2) на овој член имаат право на паричен надоместок што го определува министерот за економија.

(8) Износот на паричниот надоместок од ставот (7) на овој член се определува врз основа на бројот на кандидати и бројот на верифицирани, ревидирани и изготвени прашања.

(9) Годишниот износ на паричниот надоместок од ставот (7) на овој член не го надминува нивото на три просечни месечни плати исплатени во Република Македонија за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика.

(10) Исплатата на надоместокот на членовите на Комисијата од став (2) од овој член и член 157-љ став (3) од овој закон се врши од сметката на сопствени приходи на Министерството за економија, од уплатените средства од кандидатите кои полагат испит.

Член 157-д 51

Стручните и административните работи за потребите на спроведување на испитот ги врши Министерството за економија, а испитот технички го спроведува правно лице регистрирано во Централниот регистар избрано од министерот за економија.

Член 157-ѓ 52

Испитот се полага во мартовска, мајска, септемвриска и декемвриска испитна сесија.

Член 157-е 53

(1) Барањето за полагање на испит кандидатот го поднесува до Министерството за економија.

(2) Со барањето за полагање на испитот кандидатот е должен да поднесе заверен препис од дипломата за стручна подготовка, извод од матична книга на родени и потврда за работно искуство на соодветни енергетски уреди и постројки под надзор согласно со овој закон, како и доказ за платен надоместок за полагање на стручниот испит.

Член 157-ж 54

(1) Министерот за економија или од него овластено лице со решение утврдува дали кандидатот ги исполнува условите за полагање на испитот.

(2) Против решението со кое е одбиено барањето за полагање на испитот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од приемот на решението.

Член 157-з 55

(1) На кандидатот на кој му е одобрено барањето за полагање на испитот му се определува времето и местото за полагање на испитот, а кандидатот се известува најдоцна во рок од осум дена пред полагањето на испитот.

(2) На кандидатот мора да му се овозможи да започне да го полага испитот во првата наредна сесија од денот на одобреното барање за полагање на испитот.

(3) Кандидатот е должен да го пријави учеството на испитна сесија од 1 до 15 ден од месецот кој претходи на месецот во кој се одржува испитна сесија (февруари, април, август и ноември).

Член 157-ѕ 56

(1) Испитот се полага во просторија за полагање на испит, посебно опремена за полагање на стручен испит со материјално-техничка и информатичка опрема, интернет врска и опрема за снимање на полагањето.

(2) Јавноста се информира за датумот и времето на полагањето на испитот најмалку три дена пред одржувањето на испитот.

(3) Полагањето на испитот се снима и во живо се емитува на веб страницата на Министерството за економија, а ако поради технички причини снимањето се прекине, сминката од целиот испит се поставува на веб страницата на Министерството за економија.

(4) Правното лице кое го спроведува испитот треба да ги исполнува критериумите во однос на просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на просториите за полагање на испитот кои услови ги пропишува министерот за економија.

(5) Во просторијата за полагање на испитот за време на полагање на испитот се присутни еден претставник од Министерството за економија, еден претставник од Државниот инспекторат за техничка инспекција, еден претставник од Владата на Република Македонија на предлог на Канцеларијата на претседателот на Владата и двајца претставници на Министерството за информатичко општество и администрација (информатичари).

Член 157-и 57

(1) Пред почетокот на полагањето на испитот претставникот од Министерството за економија го утврдува идентитетот на кандидатот со увид во лична карта.

(2) На кандидатот за време на полагањето на првиот дел од испитот не му се дозволува користење на литература, мобилен телефон, преносни компјутерски уреди и други технички и информатички средства, претходно подготвени предмети и слично.

(3) На кандидатот за време на полагањето на вториот дел од испитот му се дозволува користење заштитна опрема за безбедност при манипулација.

(4) На кандидатот за време на полагањето на првиот дел од испитот не му се дозволува да контактира со други кандидати или лица освен со информатичарите од членот 157-ѕ став (5) од овој закон, во случај

доколку има технички проблем со компјутерот.

(5) Ако техничките проблеми со компјутерот ќе бидат отстранети за пет минути испитот продолжува, а доколку нема да бидат отстранети во овој рок испитот само за тој кандидат се прекинува и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.

(6) Ако има проблеми со повеќе од пет компјутери и ако тие не бидат отстранети во рок од пет минути испитот се прекинува за сите кандидати кои го полагаат испитот и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.

(7) Доколку кандидатот при полагањето на првиот и вториот дел од испитот постапува спротивно од ставовите (2), (3) и (4) на овој член нема да му се дозволи натамошно полагање на испитот во таа испитна сесија.

(8) Во случаите од ставот (7) на овој член се смета дека кандидатот не го положил испитот и истото се констатира во записникот за полагање на испитот.

(9) Овластените претставници од членот 157-s став (5) од овој закон за време на полагањето на испитот не смеат да се задржуваат подолго од пет секунди во непосредна близина на кандидатот кој го полага испитот, освен во случај на отстранување на технички проблем кога не смеат да се задржат подолго од пет минути.

Член 157-ј 58

(1) Ако во текот на полагањето на испитот настанат оправдани причини поради кои кандидатот не може да го продолжи полагањето на испитот (болест, породилно отсуство, школување во странство и слично), ќе се прекине испитот за определено време, кое не може да биде подолго од шест месеци.

(2) Решение за продолжување на испитот донесува министерот за економија по молба на кандидатот. Молбата се поднесува во рок од осум дена од престанокот на причините за одлагање на испитот, но најдоцна во рок од шест месеци.

(3) Ако кандидатот не поднесе молба за продолжување на испитот во рокот определен во ставот (2) на овој член ќе се смета дека испитот не го положил.

(4) Против решението на министерот за економија од ставот (2) на овој член кандидатот може да поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

(5) Во продолжувањето на испитот кандидатот не го полага оној дел од испитот што претходно веќе го има полагано.

Член 157-к 59

(1) Испитот започнува со полагање на првиот дел (теоретскиот дел), а потоа на вториот дел (практричен дел).

(2) Вториот дел се полага во рок од најмалку 15 дена по успешното полагање на првиот дел.

(3) Министерот за економија со Правилник го пропишува начинот на бодирање на првиот и вториот дел од испитот.

Член 157-л 60

(1) Првиот дел од испитот се полага по прашања утврдени согласно со Програмата за полагање на испит за стручна оспособеност и содржи 30 прашања со пет опции за заокружување од кои една е точна, две се слични со точниот одговор, една не е точна во мал обем (на неа се губат мал број поени) и една не е точна во голем обем (на неа се губат поголем број поени).

(2) Кандидатот мора да го положи првиот дел од испитот за да може да го полага вториот дел од испитот.

(3) Доколку кандидатот не го положил првиот дел од испитот согласно со ставот (2) на овој член ќе се смета дека испитот не го положил.

Член 157-љ 61

(1) Вториот дел од испитот се состои од пет прашања од соодветната област за манипулација и работа во соодветниот енергетски уред и постројка согласно со Програмата за полагање на испит за стручна оспособеност, кои кандидатот по случаен пат ги извлекува од припремените 50 прашања.

(2) Вториот дел од испитот покрај одговор на прашањата вклучува и практична работа со соодветната постројка.

(3) Во зависност од областа за која се полага испитот практичната работа со соодветната постројка ја оценува Комисија формирана од министерот за економија составена од:
- претставник од Министерството за економија, сектор енергетика,
- претставник од Државниот инспекторат за техничка инспекција,
- претставник од АД ЕВН Македонија,
- претставник од АД ЕЛЕМ,
- вработен од АД Македонски енергетски ресурси и
- вработен од АД ТЕ-ТО Балкан Енерџи Груп.

(4) Доколку кандидатот не го положил вториот дел од испитот ќе се смета дека испитот не го положил.

Член 157-м 62

(1) Полагањето на првиот дел од испитот се врши со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.

(2) Прашањата од тестот, зависно од тежината, се вреднуваат со поени определени во тестот.

(3) Полагањето на вториот дел од испитот се врши со симулација или по пат на непосредна работа со енергетски уред и постројка за која кандидатот се пријавил за полагање.

(4) Прашањата од вториот дел од испитот, зависно од тежината, се вреднуваат со поени определени од членовите на комисијата.

(5) Прашањата содржани во тестовите за полагање на првиот дел на испитот и нивните одговори, како и прашањата од практичниот дел на испитот и нивните одговори се чуваат во единствениот електронски систем за полагање на испитот.

(6) Електронскиот систем од ставот (5) на овој член содржи и јавно достапна база од најмалку 200 прашања

од областа на која кандидатот се пријавил за полагање за потребите на првиот и вториот дел од испитот од кои дел од прашањата се од општиот дел, стручен дел и делот за заштита при работа.

(7) Во електронскиот систем е содржано и посочување на Програмата и литература во кои се содржани одговорите на прашањата од првиот дел од испитот и за вториот дел од испитот.

(8) Бројот на прашања за вториот дел од испитот се зголемува за 10% годишно, почнувајќи од 2016 година.

(9) Резултатите од полагањето на првиот дел од испитот му се достапни на кандидатот на компјутерот на кој го полагал испитот веднаш по неговото завршување.

Член 157-н 63

(1) На денот на полагањето на првиот дел од испитот претставникот од Министерството за економија му дава на кандидатот пристапен код, односно лозинка со кој му се одобрува пристап во електронскиот систем од членот 19 од овој закон.

(2) По одобрувањето на пристапот кандидатот добива електронски тест за првиот дел од испитот, компјутерски генериран, чија содржина по случаен избор ја одредува софтверот на електронскиот систем од членот 157-м став (5) од овој закон, од базите од членот 157-м став (6) од овој закон.

(3) Првиот дел од испитот содржи упатство за начинот на решавање на истиот за кое претставникот од Министерството за економија дава појаснување пред да започне полагањето на испитот.

(4) Електронскиот систем за полагање на испитот не може да дозволи постоење на идентична содржина на електронски тест за првиот дел од испитот во една сесија за повеќе од еден кандидат.

Член 157-ња 64

(1) Во случај на спреченост на спроведување на првиот или вториот дел од испитот, поради причини што доведуваат до техничка неможност на функционирање на електронскиот систем или постројката каде што треба да манипулира кандидатот, полагањето на испитот се прекинува.

(2) Доколку причините од ставот (1) на овој член се отстранат во рок од 60 минути од прекинувањето на испитот истиот продолжува веднаш по нивното отстранување.

(3) Доколку причините од ставот (1) на овој член не се отстранат во рокот од ставот (2) на овој член испитот се презакажува за друг термин.

Член 157-о 65

(1) Вкупното траење на времето определено за одговарање на прашањата од првиот дел од тестот за полагање на испитот изнесува 120 минути.

(2) Се смета дека испитот го положил оној кандидат кој со точни одговори на прашањата од тестот постигнал најмалку 60% од вкупниот број предвидени позитивни поени.

Член 157-п 66

(1) Вкупното траење на времето определено за одговарање на прашањата од вториот дел на испитот изнесува 15 минути.

(2) Се смета дека испитот го положил оној кандидат кој со точни одговори на прашањата постигнал најмалку 70% од вкупниот број предвидени позитивни поени.

Член 157-р 67

(1) На кандидатите кои го положиле испитот им се издава уверение за положен стручен испит во рок од 30 дена од денот на завршувањето на испитот за ракување со определен вид на енергетски уреди и постројки.

(2) Формата и содржината на уверението од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за економија.

Член 157-с 68

На барање на кандидатот Министерството за економија го информира за направените грешки во тестот за полагање на испитот со овозможување непосреден увид во тестот.

Член 157-т 69

(1) Тестовите и прашањата од практичниот дел на испитот се користат и се даваат на кандидатот само за време на полагањето на испитот.

(2) За постапката на спроведување на стручниот испит се води трајна документација која се состои од евиденција на пријавени кандидати и кандидати кои ги исполниле условите за полагање на испитот, досиеја на пријавените кандидати со прилози од документација, книга за евиденција за овластените претставници, книга за записниците за резултатите од испитот и евиденција на издадени уверенија за положен стручен испит, како и снимките од одржаните испити кои се чуваат во Министерството за економија.

(3) Министерот за економија формира Комисија за ревизија на одржаните испити која во својата работа ги користи материјалите од ставот (2) на овој член и во која, покрај другите членови, членуваат и претставник од Владата на Република Македонија и информатичар од Министерството за информатичко општество и администрација определен од Владата на Република Македонија.

(4) Комисијата за ревизија од ставот (3) на овој член се состанува најмалку еднаш годишно и врши ревизија на начинот на спроведување на најмалку две сесии одржани во тековната година.

(5) Комисијата за ревизија има право да изврши ревизија и на начинот на спроведување на испитите одржани во последните пет години до денот на одржувањето на состанокот на Комисијата, но не порано од денот на примената на овој закон.

(6) Доколку Комисијата за ревизија утврди нерегуларности во спроведувањето на испитот од страна на поединци во смисла на членот 15 од овој закон, предлага одземање на уверението од членот 157-р од овој закон.

(7) Министерот донесува решение за одземање на уверението врз основа на предлогот на Комисијата за ревизија во рок од десет дена од приемот на предлогот.

(8) Против решението од ставот (7) на овој член може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од приемот на решението.

Член 157-ќ 70

(1) Трошоците за полагање на испитот ги сноси кандидатот доколку институцијата каде што е вработен не ги плати.

(2) Висината на надоместокот од ставот (1) на овој член ја определува министерот за економија врз основа на реално направените трошоци за полагање на испитот, неопходни за спроведување на првиот и вториот дел на испитот, подготовката на базите на прашања, спроведувањето на електронскиот тест, изготвување на материјали и покани и изготвување на уверенија.

(3) Трошоците за полагање на испитот се уплатуваат на сметката на сопствени приходи на Министерството за економија.

(4) Ако трошоците не се уплатени на соодветна сметка на Министерството за економија најдоцна 15 дена пред денот определен за почеток на испитната сесија, на кандидатот нема да му се дозволи полагање на испитот.

(5) Ако кандидатот во рок од една година од денот на уплатата на средствата не го полага испитот, уплатените средства се враќаат согласно со закон.

Член 158

(1) Министерот со Правилник за контрола на квалитетот на електричната енергија ќе ги пропише начинот и постапката на мерењата на квалитетот на електричната енергија испорачана преку електропреносниот систем или електродистрибутивните системи.

(2) По барање на корисник на системот за пренос и/или дистрибуција на електрична енергија Државниот инспекторат за техничка инспекција или инспекциско тело акредитирано според Законот за акредитација врши мерење на квалитетот на испорачаната електрична енергија од операторот на електропреносниот или електродистрибутивниот систем во услови на нормален режим на работа на соодветниот систем.

(3) Кога корисникот е потрошувач на електрична енергија тој доставува барање за мерење на квалитетот на испорачаната електрична енергија до Државниот инспекторат за техничка инспекција преку неговиот снабдувач или трговец или склучува договор со акредитирано инспекциско тело.

(4) Надоместокот за мерењата на квалитетот на електричната енергија што ги врши Државниот инспекторат за техничка инспекција, на предлог на министерот, го пропишува Владата на Република Македонија, во зависност од видот на мрежата и посебните барања за мерењето на квалитетот.

(5) Надоместокот за мерењата на квалитетот на електричната енергија што ги врши акредитирано инспекциско тело се определува со договорот од ставот (3) на овој член.

(6) Ако резултатите од извршените мерења се во согласност со квалитетот пропишан со правилата за снабдување со електрична енергија и мрежните правила за пренос или дистрибуција, надоместокот за извршените мерења го плаќа корисникот.

(7) Ако резултатите од извршените мерења направени од Државниот инспекторат за техничка инспекција или од акредитираното инспекциско тело не се во согласност со квалитетот пропишан со правилата за снабдување со електрична енергија и мрежните правила за пренос или дистрибуција, операторот на системот преку кој не се испорачува електрична енергија со пропишаниот квалитет го плаќа надоместокот за извршените мерења кој не може да биде повисок од износот определен во прописот од ставот (4) на овој член.

(8) Операторите на електропреносниот и дистрибутивниот систем вршат контрола на квалитетот на електричната енергија и проверка дали корисниците на соодветниот систем го користат системот, според условите и критериумите пропишани во соодветните мрежни правила.

(9) На предлог на Државниот инспекторат за техничка инспекција министерот, најдоцна до 31 декември, донесува план за мерење на квалитетот со електрична енергија со опфат на мерни точки и динамика за спроведување на мерењата за следната календарска година.

(10) Државниот инспекторат за техничка инспекција, најдоцна до 15 март, доставува извештај до министерството и до Регулаторната комисија за енергетика за реализацијата на планот од ставот (9) на овој член за претходната календарска година.

Член 159

Инвеститорот на енергетски објект може да побара од Државниот инспекторат за техничка инспекција по изградбата, а пред донесувањето на одобрението за употреба на објектот, да му се одобри ставање на опремата во енергетскиот објект за прв пат во употреба, во согласност со Законот за техничка инспекција.

Член 160

(1) Вршителите на енергетски дејности се должни да обезбедат и да гарантираат доверливост на деловните податоци и информации што ги добиваат од корисниците при вршењето на дејноста во согласност со закон.

(2) Обврската за обезбедување на доверливост на информациите од ставот (1) на овој член не се однесува на:
1) информации што се достапни до јавноста;
2) информации за кои постои писмена согласност од лицето за кое се однесуваат информациите,
3) информации кои носителот на лиценцата треба да ги обезбеди согласно со обврските утврдени во лиценцата, одлука на надлежен суд или на барање на државен орган и
4) информации што се неопходни за извршувањето на обврските утврдени во лиценцата.

(3) Вршителите на енергетските дејности не смеат да ги злоупотребуваат деловните тајни и информации што се добиени при вршење на дејноста заради стекнување на деловна корист, како и заради преземање на дискриминаторски дејствија во корист на трети лица.

Член 161

(1) Не се дозволува изградба и изведување на други работи, засадување на растенија и дрвја на земјиште под, над и покрај енергетските објекти, уреди и постројки, со кои се нарушува процесот на производство, пренесување и дистрибуција на енергија или се загрозува безбедноста на луѓето и имотот, освен во случаи определени со овој закон.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, ако изведувањето на работите е неопходно заради заштита на определен јавен интерес вршителот на енергетската дејност, по барање на изведувачот на работите, е должен да даде согласност за изведување на работите во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на барањето, со која ги определува и потребните заштитни мерки на објектите, уредите и постројките.

(3) Преземање на заштитните мерки определени во согласноста од ставот (2) на овој член е на трошок на изведувачот на работите.

Член 162

(1) Сопственикот, односно корисникот на земјиштето е должен да дозволи привремен премин преку тоа земјиште за вршење премер, снимање, проектирање и изведување на работи на одржување и реконструкција на преносни и дистрибутивни енергетски објекти, како и вршење на инспекциски надзор на земјиштето на кое тие се поставени.

(2) Сопственикот, односно корисникот на земјиштето има право на надоместок на евентуална штета настаната со работите од ставот (1) на овој член.

Член 163

(1) Кога вршителот на регулирана енергетска дејност побара отворање на стечајна постапка со лично управување, пред доставување на барањето за отворање на стечајна постапка, е должен планот за лично управување да го достави на мислење до Регулаторната комисија за енергетика.

(2) Регулаторната комисија за енергетика, во рок не подолг од 30 дена од денот на приемот на планот за лично управување од ставот (1) на овој член, е должна мислењето по планот за лично управување да го достави до вршителот на регулираната енергетска дејност. Во мислењето по планот Регулаторната комисија за енергетика, покрај обврските утврдени во лиценцата, може да определи и други обврски за вршителот на регулираната енергетска дејност при спроведување на планот за лично управување.

(3) Стечајниот судија е должен до Регулаторната комисија за енергетика да го достави решението за отворање на стечајна постапка со лично управување.

(4) Кога над вршител на регулирана енергетска дејстност е отворена стечајна постапка по барање на доверител:
1) стечајниот судија е должен да го достави решението за отворање на стечајната постапка до Регулаторната комисија за енергетика;
2) стечајниот управник е должен, во рок не подолг од три дена од денот на донесувањето на одлуките, да ги достави до Регулаторната комисија за енергетика сите одлуки донесени од стечајниот судија, стечајниот управник, одборот и собранието на доверители;
3) Регулаторната комисија за енергетика ќе ја пренесе лиценцата за регулираната енергетска дејност од претпријатието за кое е отворена стечајна постапка, на претпријатието во стечај и
4) стечајниот управник е должен да обезбеди преку претпријатието во стечај непречено извршување на регулираната енергетска дејност до донесувањето на одлука од страна на собранието на доверители.

(5) Во текот на стечајната постапка собранието на доверители не може да донесе одлука претпријатието во стечај да се ликвидира.

(6) Доколку во стечајната постапка се донесе одлука за реорганизација на претпријатието, стечајниот судија е должен да го достави планот за реорганизација до Регулаторната комисија за енергетика.

(7) Регулаторната комисија за енергетика, во рок не подолг од 30 дена од денот на приемот на планот за реорганизација од ставот (6) на овој член, е должна да достави до стечајниот судија и собранието на доверители мислење по планот за реорганизација на претпријатието.

(8) По одобрувањето на планот за реорганизација и доколку мислењето за планот за реорганизација од Регулаторната комисија за енергетика е позитивно, Регулаторната комисија за енергетика, во рок не подолг од седум дена од денот на добивањето на известувањето од стечајниот управник за усвојување на планот за реорганизација, ќе донесе одлука за пренос на лиценцата за вршење на енергетската дејност на претпријатието што го спроведува планот за реорганизација на претпријатието.

Член 164

(1) Кога лиценцата за вршење на регулирана енергетска дејност престанала по барање од носителот на лиценцата или лиценцата е одземена во согласност со членот 48 од овој закон, за одлуката со која престанува важноста на лиценцата, односно со која се одзема лиценцата Регулаторната комисија за енергетика веднаш ќе ја извести Владата на Република Македонија и, во соработка со министерството, ќе и предложи на Владата на Република Македонија итни мерки неопходни за обезбедување на квалитетно, континуирано, безбедно и сигурно вршење на јавната услуга поврзана со регулираната енергетска дејност.

(2) Во случаите од ставот (1) на овој член Регулаторната комисија за енергетика ќе објави јавен повик за избор на нов носител на лиценца. Во постапката за јавниот повик соодветно ќе се применуваат одредбите од Законот за концесии и други видови јавно приватно партнерство.

(3) Регулаторната комисија за енергетика ќе го објави јавниот повик од ставот (2) на овој член во рок не подолг од 90 дена од денот на влегувањето во сила на одлуката за престанување на важењето, односно одземањето на лиценцата.

(4) До правосилноста на одлуката за избор на нов носител на лиценца за вршење на соодветната регулирана енергетска дејност и започнувањето на вршење на дејноста од новиот носител на лиценцата, претходниот носител на лиценцата е должен да постапува во согласност со мерките од ставот (1) на овој член и да продолжи со вршењето на дејноста под условите утврдени со односните мерки, остварувајќи приход според важечките цени и тарифи.

Член 165

(1) Производите кои користат енергија или производите кои влијаат врз потрошувачката на енергија можат да се увезат, да се пуштат на пазар во Република Македонија и/или да се стават во употреба само, ако:
1) се сообразни со пропишаните барања за еко дизајн на производите;
2) сообразноста со пропишаните барања е утврдена во пропишана постапка и
3) се означени во согласност со прописот што се однесува на таа група на производи.

(2) Влада на Република Македонија, на предлог на министерството, во соработка со министерството надлежено за животната средина, ќе донесе уредба за еко дизајн со кој поблиску ќе ги пропише:
1) општите услови за еко дизајн на производите;
2) методите за определување на генеричките и специфичните барања за еко дизајн;
3) генеричките и специфичните барања за еко дизајн на одделни видови на производи или групи производи;
4) внатрешната контрола на еко дизајнот;
5) системот за управување со оцената на сообразноста;
6) динамиката и роковите за примената на условите и барањата од уредбата за одделни видови на производи;
7) другите услови со кои треба да се обезбеди дека производите кои користат енергија или влијаат врз

потрошувачката на енергија ги исполнуваат барањата за еко дизајн и
8) условите кои треба да ги исполнуваат телата за оцена на сообразноста за секој одделен вид на производ или група на производи кои користат енергија или кои влијаат врз потрошувачката на енергија, а кои особено се однесуваат на соодветен стручен кадар, просторна и техничка опременост, независност и непристрасност во однос на субјектите кои се непосредно или посредно поврзани со производот чија сообразност се оценува, доверливост во работата, одговорност за извршената работа, осигурување од професионална одговорност и други услови кои се потребни за соодветно извршување на пропишаната постапка, согласно со Законот за безбедност на проиозводите.

(3) Производителите и увозниците на производите од ставот (1) на овој член се должни да се придржуваат кон обврските пропишани со уредбата од ставот (2) на овој член.

(4) Во постапката за издавање на овластување на телата за оцена на сообразноста од ставот (2) точка 8 на овој член се применуваат одредби од Законот за безбедност на производите.

Член 166

Министерот донесува технички прописи за изградба, одржување и безбедно функционирање на енергетски објекти, уреди и инсталации.

Член 166-а

(1) Проектирањето, изградбата, ставањето во употреба, функционирањето и одржувањето на постројки и инсталации за природен гас се врши врз основа на технички правила.

(2) Владата на Република Македонија, на предлог на министерството, донесува уредба за техничките правила за проектирање, изградба, ставање во употреба, функционирање и одржување на постројки и инсталации за природен гас.

Член 166-б

(1) Сертификат за изведување, односно заварување на полиетиленски цевки за гасоводни системи издаден од надлежно тело на друга држава може да се признае во Република Македонија на барање на носителот на сертификатот.

(2) Признавањето на сертификатот од ставот (1) на овој член го спроведува Комисија за признавање на сертификати за изведување, односно заварување на полиетиленски цевки за гасоводни системи издаден од надлежно тело на друга држава, што ја формира министерот имајќи ја предвид соодветната и правичната застапеност на припадниците на сите заедници.

(3) Комисијата од ставот (2) на овој член е составена од пет члена од кои по еден претставник од министерството, министерството надлежно за работите од областа на градежништвото, Државниот инспекторат за техничка инспекција, Комората на овластени инженери и надворешен експерт од областа на гасната техника. Мандатот на членовите на Комисијата изнесува четири години.

(4) Комисијата донесува деловник за својата работа.

(5) Барањето за признавање на сертификатот од ставот (1) на овој член се доставува до министерството. Кон барањето носителот на сертификатот издаден од надлежно тело на друга држава треба да достави:
1) оригинал сертификат и заверен превод на сертификатот за изведување - заварување на полиетиленски цевки за гасоводни системи на македонски јазик и
2) заверен превод на писмен документ врз основа на кој надлежното тело може да издава таков вид на сертификати.

(6) Ако Комисијата од ставот (2) на овој член утврди дека барањето за признавање на сертификатот од ставот (1) на овој член е комплетно, во рок не подолг од 30 дена од денот на приемот на барањето, ќе му предложи на министерот да донесе решение за признавање на сертификатот од ставот (1) на овој член.

(7) Ако Комисијата од ставот (2) на овој член утврди дека барањето за признавање на сертификатот од ставот (1) на овој член не ги исполнува условите за признавање на сертификатот од ставот (1) на овој член, во рок не подолг од 30 дена од денот на приемот на барањето, ќе му предложи на министерот да донесе решение со кое се одбива барањето за признавање на сертификатот од ставот (1) на овој член. Против решението со кое се одбива барањето за признавање на сертификатот од ставот (1) на овој член може да се поведе управен спор.

XV. НАДЗОР

Член 167

(1) Министерството врши надзор над спроведувањето на овој закон и на прописите донесени врз основа на овој закон, освен прописите донесени од Регулаторната комисија за енергетика.

(2) Министерството врши надзор над работењето на Агенцијата за енергетика и на претпријатијата што вршат регулирани енергетски дејности во спроведувањето на обврските пропишани со овој закон.

(3) Министерството врши надзор над спроведувањето на обврските на лицата од јавниот сектор утврдени со членот 134 на овој закон.

(4) Министерството врши надзор над законитоста на работата на единиците на локалната самоуправа.

(5) Во рамките на вршењето на надзорот од ставовите (2) и (3) на овој член, Министерството врши и надзор над спроведувањето на плановите и програмите чие донесување е пропишано со овој закон.

(6) Вршењето на надзорот од ставовите (2), (3) и (4) на овој член се заснова на начелото на законитост, одговорност и самостојност во остварувањето на надлежностите утврдени со овој и друг закон.

Член 168

(1) При вршење на надзорот од членот 167 став (2) на овој закон, министерството е должно да ги информира лицата кај кои е извршен надзорот за констатираните неправилности и недостатоци и да им предложи рок за нивно отстранување.

(2) Ако лицата лицата кај кои е извршен надзор не ги отстранат констатираните неправилности и недостатоци во утврдениот рок, министерството ќе преземе мерки за нивно отстранување.

(3) Во случај кога констатираните неправилности и недостатоци можат да предизвикаат штетни последици за интересите на граѓаните или за работата на министерството, министерството за тоа веднаш ќе ја извести Владата на Република Македонија, а по потреба и други органи и ќе и предложи мерки за нивно отстранување.

(4) Кога неправилностите и недостатоците од ставот (3) на овој член се констатирани при вршењето на надзор кај претпријатијата што вршат регулирани енергетски дејност, а не се отстранети во рокот определен со известувањето од ставот (1) на овој член, министерството може да побара од Реагулаторната комисија за енергетика да започне постапка за суспендирање, односно одземање на лиценцата.

Член 169

(1) При вршењето на надзорот од членот 167 став (4) на овој закон, министерството:
1) ја следи законитоста на работата на советот и градоначалникот на единицата на локалната самоуправа, презема мерки и активности и поднесува иницијативи за остварување на нивните надлежности во согласност со закон;
2) оценува дали органите на единицата на локалната самоуправа обезбедуваат вршењето на работите од нивна надлежност да се извршува согласно со стандардите и постапките утврдени со овој закон;
3) им укажува на советот и градоначалникот на единицата на локалната самоуправа за пречекорување на нивните надлежности утврдени со закон и друг пропис и им предлага соодветни мерки за надминување на ваквата состојба;
4) укажува на определени материјални и процедурални недостатоци во работата на советот и градоначалникот на единицата на локалната самоуправа кои би можеле да го оневозможат вршењето на работите од јавен интерес од локално значење;
5) дава препораки за доследно спроведување на надлежностите на советот и градоначалникот на единицата на локалната самоуправа кои треба да ги вршат во рамките на законот, на нивно барање;
6) го следи навременото донесување на актите утврдени со овој закон од страна на советот и градоначалникот на единицата на локалната самоуправа;
7) поднесува иницијативи и предлози до советот и градоначалникот на единицата на локалната самоуправа, доколку констатира неспроведување на законот како резултат на судир на надлежности меѓу органите на општината;
8) ја следи законитоста на решенијата што градоначалникот ги донесува во решавање на управните работи за права, обврски и интереси на физичките и правните лица донесени врз основа на овој и друг закон и презема мерки по овластување со закон и
9) навремено ги известува органите на советот и градоначалникот на единицата на локалната самоуправа за констатираните состојби во нивната работа и за преземените мерки при вршењето на надзорот.

(2) За преземените мерки и активности од ставот (1) на овој член, министерството го информира советот и градоначалникот на единицата на локалната самоуправа.

(3) Доколку и покрај укажувањата и преземените мерки и активности советот и градоначалникот на единицата на локалната самоуправа не го обезбедат извршувањето на работите од ставот (1) на овој член, по сила на закон им се одзема или ограничува вршењето на соодветната надлежност.

(4) Вршењето на одземените работи ги презема министерството, но најмногу до една година од денот на нивното преземање.

(5) Вршењето на одземените работи од надлежност на советот и градоначалникот на единицата на локалната самоуправа, министерството ги врши во име и за сметка на единицата на локалната самоуправа.

Член 170

(1) Инспекциски надзор врз спроведувањето на овој закон вршат Државниот инспекторат за техничка инспекција и Државниот пазарен инспекторат.

(2) Инспекцискиот надзор опфаќа надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон, други прописи, правила, стандарди, технички спецификации и норми за квалитетот што се однесуваат на вршење на енергетските дејности од страна на вршителите на енергетските дејности, лицата од јавниот сектор, корисниците на енергетските системи и потрошувачите на енергија и енергенти.

(3) Во вршењето на инспекцискиот надзор инспекциските органи од ставот (1) на овој член можат да овластат стручни лица од други тела и установи, односно други правни лица да вршат одделни работи во врска со инспекцискиот надзор, ако за нивното извршување е потребна посебна стручност или опрема.

Член 171

Министерот може да нареди да се врши заеднички инспекциски надзор од страна на инспекциските органи од членот 170 став (1) на овој закон, во случај ако:
1) тоа е неопходно за отстранување на непосредна опасност по животот или здравјето на луѓето или имотот од поголема вредност;
2) тоа е неопходно за преземање на итни мерки кои не трпат одлагање;
3) тоа е неопходно заради сложеноста на надзорот или значењето за отстранување на недостатоците;
4) тоа е неопходно за контрола на објекти од посебно значење за енергетиката;
5) се оцени дека надзорот на тој начин може да се изврши побрзо и со помалку трошоци и губење време на субјектот на надзорот и инспекторите и
6) тоа е неопходно за разгледување на наводи во иницијатива или поплака, а тоа е во надлежност на двата инспекциски органи.

Член 172

Вршителите на енергетските дејности, лицата од јавниот сектор, корисниците на енергетските системи и потрошувачите на енергија и енергенти се должни да постапат по барањето, односно наредбата од инспекциските органи од членот 170 на овој закон, а особено:
1) да овозможат непречено вршење на инспекцискиот надзор;
2) да стават на увид исправи и податоци кои се потребни за вршење на надзорот;
3) да обезбедат услови неопходни за непречена работа и утврдување на фактичката состојба;
4) да овозможат во определен рок пристап до просториите, производите, документите или кое било друго средство кое е предмет на инспекцискиот надзор;
5) по писмено барање на инспекцискиот орган да го прекинат работењето за време на инспекцискиот надзор, доколку тоа е потребно за вршење на надзорот и утврдување на фактичката состојба и
6) по писмено барање на инспекцискиот орган, во рок определен со барањето, на инспекторот да му достават или подготват точни и целосни податоци, извештаи, материјали или други документи кои се неопходни за извршување на инспекцискиот надзор.

Член 173

(1) Ако при вршењето на инспекцискиот надзор инспектор од Државниот инспекторат за техничка инспекција утврди дека не се применуваат или несоодветно се применуваат одредбите од овој закон, други прописи, правила, стандарди, технички спецификации и норми за квалитет ќе донесе решение со кое:
1) ќе нареди да се отстранат утврдените недостатоци кои влијаат врз функционирањето на постројките и уредите и ќе определи рок во кој треба да се отстранат;
2) ќе ја забрани употребата на објектот, постројката, уредот или инсталацијата ако лицето не ги отстрани

утврдените неисправности и неправилности во определениот рок и
3) ќе ја забрани употребата, односно градбата и изведувањето на објектот, постројката, уредот или инсталацијата се додека утврдените неисправности и неправилности не се отстранат.

(2) За донесеното решение од ставот (1) на овој член кое се однесува на носител на лиценца за вршење на енергетска дејност инспекторот е должен да ја извести Регулаторната комисија за енергетика и да побара одземање или суспендирање на лиценцата за вршење на енергетската дејност.

Член 174

(1) Ако при вршењето на инспекцискиот надзор државниот пазарен инспектор утврди дека:
1) не се применуваат или несоодветно се применуваат правилата со кои се уредува снабдувањето на потрошувачите со енергија или природен гас, ќе донесе решение со кое ќе определи рок за отстранување на недостатокот и ќе определи инспекциска мерка;
2) утврди дека трговец поединец или правно лице кое поседува лиценца за вршење на енергетска контрола не ги исполнува условите за поседување на лиценца за вршење на енергетска контрола согласно со членот 137-а од овој закон веднаш ќе го извести министерството;
3) учесниците на пазарот на течните горива не се придржуваат кон обврските утврдени со уредбата за квалитетот на течните горива, ќе донесе решение со кое ќе нареди да се повлечат од промет течните горива чијшто квалитет не одговара на пропишаниот и ќе определи инспекциска мерка и
4) означувањето на производите што користат енергија не е во согласност со Правилникот за означување на потрошувачката на енергија и другите ресурси за производите што користат енергија ќе донесе решение со кое ќе нареди да се повлечат од пазар несоодветно означените производи и ќе определи рок за отстранување на неправилностите и недостатоците.

(2) Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор државниот пазарен инспектор утврди дека е сторена неправилност од ставот (1) точка 4 на овој член државниот пазарен инспектор е должен да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на утврдената неправилност во рок од осум дена и со истовремено врачување на покана за спроведување на едукација на лицето или субјектот каде што е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.

(3) Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ги пропишува министерот.

(4) Едукацијата ја организира и спроведува државниот пазарен инспекторат, односно во рок не подолг од осум дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор. Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или историдни неправилности за еден или за повеќе субјекти.

(5) Доколку во закажаниот термин лицето или субјектот над кој се спроведува едукација не се јави на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

(6) Доколку лицето или субјектот над кој се спроведува едукација се јави на закажаната едукација и истата ја заврши, ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност.

(7) Доколку државниот пазарен инспектор при спроведувањето на контролниот надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, донесува заклучок со кој ја запира постапката на инспекцискиот надзор.

(8) Доколку државниот пазарен инспектор при спроведувањето на контролниот надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред Прекршочната комисија.

(9) Државниот пазарен инспекторат води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот.

(10) Министерството - Државниот пазарен инспекторат изготвува квартални извештаи за извршените инспекциски надзори што се објавуваат на веб страницата на министерството.

Член 174-а

(1) Агенцијата за енергетика врши надзор на издадените сертификати за енергетски карактеристики на зградите и на изготвените извештаи за наодите од контролата на системите за греење на просторот во згради со котли со ефективна моќност поголема од 20 kW и на системите за климатизација во згради со ефективна моќност поголема од 12 kW.

(2) Агенцијата за енергетика врши надзор над исполнетоста на условите на издадените овластувања за енергетски контролори.

XVI. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 175

(1) Поведување на прекршочна постапка за прекршоци утврдени во овој закон можат да побараат органите кои со овој закон се задолжени да вршат инспекциски надзор, Регулаторната комисија за енергетика и Агенцијата за енергетика.

(2) За прекршоците од членовите 179, 180, 182, 183, 185 став (1), 186 став (1), 187, 188, 189 став (1) и 190 став (1) на овој закон надлежните органи од ставот (1) на овој член, поднесуваат барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд.

(3) На постапките покренати во согласност со ставот (2) од овој член се применуваат одредбите од Законот за прекршоците.

(4) За прекршоците од членовите 179, 180, 182, 183, 185 став (1), 186 став (1), 187 ставови (1) и (2), 188, 189 став (1) и 190 став (1) на овој закон, прекршочна постапка не може да се поведе ниту да се води ако поминат четири години од денот кога е сторен прекршокот.

(5) Ако прекршоците од членовите 179, 180, 182, 183, 185 став (1), 186 став (1), 187 ставови (1) и (2), 188, 189 став (1) и 190 став (1) на овој закон, се сторени од користољубие или со нивното сторување се предизвика поголема имотна штета, надлежниот суд може да изрече глоба во висина од десеткратен износ од определениот минимум.

Член 176

(1) Министерството ја води прекршочната постапка и изрекува прекршочни санкции за прекршоците од членовите 181 став (1), 182 ставови (2) и (3), 184 ставови (1), (2) и (3), 185 став (2), 186 став (2), 189 став (2) и 190 став (2) на овој закон.

(2) За водење на прекршочната постапка и изрекување на прекршочна санкција за прекршоците утврдени во ставот (1) на овој член министерот со решение формира Прекршочна комисија, составена од три члена од редот на лицата вработени во министерството, и тоа:
1) еден член дипломиран правник, со положен правосуден испит и со пет години работно искуство во својата област, којшто е претседател на Прекршочната комисија;
2) еден член со висока стручна подготовка од областа на техничките науки со пет години работно искуство во својата област и
3) еден член со висока стручна подготовка од областа на економските науки со пет години работно искуство во својата област.

(3) Прекршочната комисија се избира за период од три години со право на повторен избор на членовите.

(4) Министерот на предлог на претседателот на Прекршочната комисија може да донесе решение за разрешување на член на Прекршочната комисија во следниве случаји:
1) со истекот на времето за кое е именуван за член;
2) по негово барање;
3) со исполнување на условите за старосна пензија согласно со закон;
4) *укината* 71
5) ако му се утврди трајна неспособност за учество во работата на Прекршочната комисија;
6) ако со правосилна судска одлука се утврди прекршување на прописите за водење на прекршочната постапка;
7) ако не ги исполнува обврските кои произлегуваат од работењето во Прекршочната комисија и
8) ако не пријавил постоење на конфликт на интереси за случај за кој решава Прекршочната комисија.

(5) *Укинат* 72

(6) Прекршочната комисија донесува деловник за својата работа кој го одобрува министерот.

(7) Прекршочната комисија работи во совет, а одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

(8) Членовите на Прекршочната комисија одлучуваат самостојно и независно врз основа на закон и според своето стручно знаење и сопствено убедување.

(9) Против решенијата на Прекршочната комисија со кои се изрекува прекршочна санкција може да се поведе управен спор.

(10) Министерот ќе го пропише начинот на кој Прекршочната комисија ќе води единствена евиденција на прекршоците, изречените санкции и донесените одлуки, како и начинот на пристап до информациите кои се содржани во евиденцијата.

Член 177

(1) Кога надлежниот инспектор ќе утврди дека е сторен прекршок, ќе состави записник во кој ќе ги забележи битните елементи на дејствието, времето, местото и начинот на сторувањето на прекршокот, описот на дејствието и лицата затекнати на самото место.

(2) Пред да поднесе барање за прекршочна постапка за прекршоците утврдени во членовите 181 став (1) точка 3, 182 став (1) точки 1, 2 и 8, 183 став (1) точки 2 и 7, 184 став (3), 185 став (1) точки 2 и 8, 186 став (1) точки 2 и 7 и став (2) точка 1, 187 став (1) точки 1 и 3, 188 став (1) точка 2 и 189 став (1) точка 3 на овој закон, надлежниот инспектор е должен на сторителот на прекршокот да му предложи постапка за порамнување.

(3) Ако сторителот на прекршокот е согласен за поведување на постапка за порамнување, надлежниот инспектор во записникот од ставот (1) на овој член ќе го утврди начинот на кој во постапката за порамнување ќе се отстранат штетните последици од прекршокот, како и начинот на надминување на последиците од сторувањето на прекршокот.

(4) Надлежниот инспектор во постапката за порамнување на сторителот на прекршокот ќе му даде платен налог. Доколку сторителот го прими платниот налог истиот ќе го потпише.

(5) Кога сторител на прекршок е правно лице, записникот и платниот налог го потпишува службено, односно одговорното лице кое се нашло на самото место при инспекцискиот надзор или друго службено или одговорно лице кое изјавило дека има право да го потпише записникот и да го прими платниот налог.

(6) Примањето на платниот налог од сторителот на прекршокот од ставот (4) на овој член и изјавата од ставот (5) на овој член се забележува во записникот.

(7) Надлежниот инспектор е должен да води евиденција за покренатите постапки за порамнување и за нивниот исход.

Член 178

(1) За прекршоците од членовите 182 став (1) точка 12, 183, став (1) точка 12, 185 став (1) точка 11, 186 став (1) точка 11, 187 став (1) точка 4, 189 став (1) точка 11 и 190 став (1) точка 8 на овој закон надлежниот инспектор може на сторителот на прекршокот да му понуди посредување и постигнување согласност со која сторителот на прекршокот треба да ја плати глобата, другите давачки или да ги острани последиците од прекршокот.

(2) Во случаите од ставот (1) на овој член надлежниот инспектор составува записник во кој се констатира согласноста на двете страни за покренување на постапка за посредување на кој се потпишува и сторителот на прекршокот.

(3) Постапката за посредување се покренува со барање од страна на надлежниот инспектор во рок од осум дена од денот кога е констатирано сторувањето на прекршокот.

(4) Согласноста за посредувањето треба да се постигне во рок од осум дена од денот кога е започната постапката за посредување.

(5) Министерот ќе формира комисија за посредување која ќе ја води постапката за посредување и ќе донесе деловник за работа и ќе ги утврди трошоците за работа на комисијата врз основа на реалните трошоци што ги има органот заради обезбедување на работа на комисијата за посредување, како и разумна награда за членовите на комисијата.

(6) Комисијата од ставот (5) на овој член составена од три члена, од кои еден ја врши функцијата на претседател. Членовите на комисијата се избираат од редот на државните службеници вработени во министерството од кои еден е дипломиран правник.

(7) Претседателот е должен да ја започне постапката за посредување во рок од 24 часа од денот кога е пристигнато барањето од ставот (3) на овој член.

(8) Комисијата работи на седница на која задолжително присуствуваат претставници на сторителот на прекршокот и надлежниот инспектор.

(9) За склучената согласност по посредувањето се составува спогодба во која се констатира согласноста на двете страни и се утврдуваат обврските на сторителот на прекршокот, а особено:
1) висината и начинот на плаќање на глобата;
2) висината и начинот на плаќање на други давачки и трошоци и
3) мерките кои треба да ги преземе сторителот со цел да ги отстрани последиците од прекршокот.

(10) Во случаите во кои е постигната согласност за посредување, глобата на сторителот може да биде намалена најмногу за една половина од највисоката глоба пропишана за прекршокот со овој закон.

(11) Комисијата за посредување е должна да води евиденција за поведените постапки за посредување и за нивниот исход.

Член 179

(1) Глоба во износ од 5.000 до 7.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице:
1) кое врши една или повеќе регулирани енергетски дејности, а не води одвоена сметководствена евиденција за секоја регулирана дејност (член 5 став (5));
2) кое врши регулирана енергетска дејност, а не ги доставува своите годишни ревидирани финансиски извештаи до Регулаторната комисија за енергетика и не ги објавува на својата веб страница (член 5 став (6))
3) оператор на систем за пренос и дистрибуција на соодветен вид на енергија или енергент, кое не изготвило план за постапување во кризни состојби и не ги доставило за одобрување до министерството (член 13 став (2));
4) не се придржува кон цените и тарифите утврдени во одлуките што ги донесува Регулаторната комисија за енергетика (член 26 став (4));
5) вршител на енергетска дејност, ако по негово барање и во определен рок не и ги даде на Регулаторната комисија за енергетика потребните документи, податоци и информации (член 29 став (1));
6) започне со вршење на енергетска дејност без да му биде издадена лиценца за вршење на дејноста (член 37 став (1));
7) носител на лиценца за вршење на регулирана енергетска дејност ако без претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика привремено прекинал со вршењето на дејноста за која е издадена лиценцата (член 46 став (1)) и
8) носител на лиценца за вршење на регулирана енергетска дејност ако во рок од осум часа по прекинот на вршењето на дејноста не побара од Регулаторната комисија за енергетика одобрување за привременото прекинување на вршењето на дејноста (член 46 став (3)).

(2) Глоба во износ од 700 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на службеното лице во правното лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.

(4) Глоба во износ од 700 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице за дејствијата од ставот (1) точки 4, 5 и 6 на овој член.

Член 180

(1) Глоба во износ од 5.000 до 7.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице:
1) носител на лиценца за вршење на енергетски дејности или потрошувач на енергија или енергенти кое не доставува податоци за изготвување и следење на енергетскиот биланс и податоци неопходни за изработка на стратегиите, програмите и извештаите за реализација на програмите, чиешто донесување е предвидено со овој закон (член 12 став (8));
2) носител на лиценца кое не постапило во согласност со одлуката на Регулаторната комисија за енергетика од членот 23 став (2) на овој закон и
3) носител на лиценца ако не доставува до Регулаторната комисија за енергетика месечни, квартални, годишни и други извештаи во врска со вршењето на дејноста, на начин и под услови и со содржини определени во лиценцата (член 29 став (3)).

(2) Глоба во износ од 500 до 700 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 200 до 400 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на службеното лице во правното лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.

(4) Глоба во износ од 700 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице носител на лиценца или потрошувач на енергија за дејствијата од ставот (1) на овој член.

XVI.1. Прекршочни одредби за пазарот на електрична енергија

Член 181

(1) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице, производител на електрична енергија кое:
1) не доставува извештаи, податоци и информации до операторот на електропреносниот систем или операторот на дистрибутивниот систем, во согласност со мрежните правила за пренос или мрежните правила за дистрибуција (член 65 став (2) точка 4);
2) не доставува до операторот на пазарот на електрична енергија податоци и информации од договорите за продажба на електрична енергија и/или системски услуги, во согласност со пазарните правила (член 65 став (2) точка 5);
3) во своето производство користи мазут како гориво, а не обезбедило во секое време да има оперативни резерви од мазут кои се најмалку еднакви на петнаесетдневните потреби за работа со максимален капацитет (член 65 став (3)) и
4) како производител на електрична енергија што обезбедува јавна услуга не доставува до Регулаторната комисија за енергетика одделни месечни извештаи за продажбите на снабдувачот на електрична енергија во краен случај и на пазарот на електрична енергија (член 66 став (9)).

(2) Глоба во износ од 700 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на службеното лице во правното лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.

(4) Глоба во износ од 700 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице за

дејствијата од ставот (1) на овој член.

Член 182

(1) Глоба во износ од 5.000 до 7.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице, оператор на електропреносниот систем, ако:
1) не обезбеди доверливо и сигурно функционирање на електроенергетскиот систем на Република Македонија, во согласност со важечките прописи со кои се утврдени техничките правила (член 67 став (2) точка 1);
2) не обезбеди приклучување на производителите, потрошувачите и операторите на дистрибутивните системи на преносната мрежа, како и пристап на трети страни за користење на електропреносниот систем, во согласност со овој закон и мрежните правила за пренос, а врз основа на објективни, транспарентни и недискриминаторни начела (член 67 став (2) точка 3);
3) не обезбеди развој , обновување и одржување на преносниот систем заради сигурно и ефикасно функционирање на системот, во согласност со важечките прописи со кои се утврдени техничките правила и да обезбеди долгорочна способност на системот да одговори на оправданите барања за пренос на електрична енергија (член 67 став (2) точка 6);
4) не обезбеди план за одржување на мрежата во согласност со мрежните правила за пренос, негово доставување до Регулаторната комисија за енергетика и објавување на веб страницата на операторот (член 67 став (2) точка 7);
5) не обезбеди инсталирање и одржување на мерните уреди на сите мерни места во точките на прием и испорака од преносниот систем (член 67 став (2) точка 11);
6) не обезбеди мерење на електричната енергија во точките на прием или испорака од преносниот систем и доставување на податоците од мерењата до соодветните корисници на преносниот систем и до операторот на пазарот (член 67 став (2) точка 12);
7) не обезбеди транспарентна и недискриминаторна примена на методологијата за пресметка на надоместокот за услугите за урамнотежување и начинот за наплата на услугите (член 67 став (2) точка 17);
8) не обезбеди пристап на корисниците до мерните уреди што се во сопственост на операторот, во согласност со овој закон и мрежните правила за пренос (член 67 став (2) точка 19);
9) не донесе план за развој на електропреносниот систем (член 68 став (2));
10) не подготви и не достави до министерството и Регулаторната комисија за енергетика едногодишни, петгодишни и десетгодишни прогнози за потребите од електрична енергија во Република Македонија (член 68 став (3));
11) не донесе мрежни правила за пренос во рок определен со овој закон (член 69 став (1)) и
12) не донесе и не достави на одобрување до Регулаторната комисија за енергетика програма за усогласување (член 71 став (3)).

(2) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице, оператор на електропреносниот систем, ако:
1) не обезбеди објавување на податоците за расположливите преносни капацитети на интерконективните водови со соседните системи, заради обезбедување на недискриминаторен, објективен и транспарентен пристап и користење на електропреносниот систем (член 67 став (2) точка 10);
2) не обезбеди разрешување на преоптоварувањата во преносниот систем во согласност со мрежните правила за пренос (член 67 став (2) точка 15);
3) не обезбеди урамнотежување на отстапувањата меѓу фактичката и планираната потрошувачка на електрична енергија во реално време, во согласност со правилата за пазар на електрична енергија (член 67 став (2) точка 16);
4) не обезбеди водење на диспечерска книга, записи за доверливост на електропреносниот систем, податоци од системот за надзор и управување, мерни податоци и нивно чување најмалку десет години (член 67 став (3)) и
5) не обезбеди водење на евиденција за работењето на електропреносниот систем и за тоа не ја известува Регулаторната комисија за енергетика, по нејзино барање (член 67 став (4)).

(3) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице, оператор на пазар на електрична енергија, ако не подготвува и доставува информации до операторот на електропреносниот систем потребни за изготвување на распоредот за диспечирање за задоволување на оптоварувањата во согласност со пазарните правила (член 72 став (2)).

(4) Глоба во износ од 700 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.

(5) Глоба во износ од 500 до 700 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за дејствијата од ставовите (2) и (3) на овој член.

(6) Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на службеното лице во правното лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.

(7) Глоба во износ од 200 до 400 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на службеното лице во правното лице за дејствијата од ставовите (2) и (3) на овој член.

Член 183

(1) Глоба во износ од 5.000 до 7.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице, оператор на дистрибутивниот систем за електрична енергија, ако:
1) не обезбеди сигурно и доверливо функционирање на дистрибутивниот систем, во согласност со важечките прописи кои се утврдени во техничките правила (член 74 став (2) точка 1);
2) не обезбеди приклучување на производителите и потрошувачите на дистрибутивната мрежа, како и пристап на трети страни за користење на дистрибутивниот систем, во согласност со овој закон и мрежните правила за дистрибуција, а врз основа на објективни, транспарентни и недискриминаторни начела (член 74 став (2) точка 3);
3) не обезбеди развој , обновување и одржување на дистрибутивниот систем, во согласност со важечките прописи со кои се утврдени техничките правила и да обезбеди долгорочна способност на системот за да се задоволат разумните барања за дистрибуција на електрична енергија (член 74 став (2) точка 4);
4) не обезбеди план за одржување на мрежата во согласност со мрежните правила за дистрибуција, негово доставување до Регулаторната комисија за енергетика и негово објавување на веб страницата на операторот (член 74 став (2) точка 5);
5) не обезбеди усогласување на манипулациите во дистрибутивниот систем со операторот на електропреносниот систем (член 74 став (2) точка 6);
6) не обезбеди мерење на електричната енергија што се презема од производителите и од електропреносниот систем и електричната енергија испорачана на потрошувачите приклучени на дистрибутивниот систем и доставување на податоците од мерењата до производителите или снабдувачите или трговците, како и до операторот на пазарот (член 74 став (2) точка 8);
7) не обезбеди пристап на корисниците до мерните уреди што се во сопственост на операторот на дистрибутивниот систем, во согласност со овој закон и мрежните правила за дистрибуција (член 74 став (2) точка 9);
8) не обезбеди водење на диспечерска книга, записи за доверливост на системите за комуникација, податоци од системот за надзор и управување, мерни податоци и таквите книги, записи и податоци да ги

чува најмалку десет години (член 74 став (2) точка 11);
9) не донесува секоја година план за развој на дистрибутивниот систем за период од следните пет години (член 75 став (2));
10) не подготви и не достави до министерството и Регулаторната комисија за енергетика едногодишни и петгодишни прогнози за потребите од електрична енергија за дистрибутивниот систем со кој управува (член 75 став (3));
11) електричната енергија што ја презема од и испорачува на корисниците приклучени на дистрибутивната мрежа не ја мери со мерни уреди во согласност со овој закон и мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија (член 76 став (1));
12) не ги донесе мрежните правила за дистрибуција во рокот определен со овој закон (член 77 став (1)) и
13) не донесе и не достави на одобрување до Регулаторната комисија за енергетика програма за усогласување (член 78 став (3)).

(2) Глоба во износ од 700 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на службеното лице во правното лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.

(4) Глобата од ставовите (1) до (3) на овој член ја изрекува Прекршочната комисија.

Член 184

(1) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице, снабдувач со електрична енергија ако не достави до:
1) операторот на пазарот на електрична енергија податоци за трансакциите, односно договорите и билансите за потребите од електрична енергија на своите потрошувачи неопходни за пресметка на неурамнотежувањата, во согласност со пазарните правила, мрежните правила за пренос и мрежните правила за дистрибуција (член 79 став (4) точка 2) и
2) Регулаторната комисија за енергетика, по нејзино барање и во определен рок, информации и извештаи за трансакциите и деловните активности што произлегуваат, завршуваат или поминуваат на територијата на Република Македонија (член 79 став (4) точка 5).

(2) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице, трговец со електрична енергија, ако по барање и во определен рок од Регулаторната комисија за енергетика, не достави информации и извештаи за трансакциите и деловните активности што произлегуваат, завршуваат или поминуваат на територијата на Република Македонија (член 81 став (5) точка 3).

(3) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице, корисник на системот за дистрибуција на електрична енергија, ако не му овозможи на овластено лице на операторот на дистрибутивниот систем право на пристап заради извршување на работите од членот 76 став (5) на овој закон.

(4) Глоба во износ од 500 до 700 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за дејствијата од ставовите (1), (2) и (3) на овој член.

(5) Глоба во износ од 200 до 400 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на службеното лице во правното лице за дејствијата од ставовите (1), (2) и (3) на овој член.

(6) Глоба во износ од 700 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице снабдувач со електрична енергија, трговец со електрична енергија или корисник на систем за дистрибуција на електрична енергија за дејствијата од ставовите (1), (2) и (3) на овој член.

XVI.2. Прекршочни одредби за пазарот на природен гас

Член 185

(1) Глоба во износ од 5.000 до 7.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице, оператор на преносната мрежа за природен гас, ако:
1) не обезбеди приклучување на нови корисници на системот или други оператори на преносни мрежи за природен гас (член 84 став (2) точка 3);
2) не обезбеди инсталирање и одржување на мерните уреди на сите мерни места во точките на прием и испорака од преносниот систем (член 84 став (3) точка 1);
3) не обезбеди мерење на количините на природниот гас во точките на прием или испорака од преносниот систем и доставување на податоците од мерењата до соодветните корисници на преносниот систем (член 84 став (3) точка 2);
4) не обезбеди пристап на корисниците или операторот на преносниот систем до мерните уреди што се во сопственост на операторот на преносната мрежа, во согласност со овој закон и мрежните правила за пренос (член 84 став (3) точка 3);
5) не донесе и не достави на одобрување до Регулаторната комисија за енергетика програма за усогласување (член 89 став (3)) и
6) не ги предаде во владение на операторот на системот за пренос на природен гас деловите од преносната мрежа неопходни за управување (член 84 став (4) и член 204 став (3)).

(2) Глоба во износ од 5.000 до 7.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице, оператор на системот за пренос на природен гас, ако:
1) не обезбеди доверливо и сигурно функционирање на преносниот систем, во согласност со важечките прописи со кои се утврдени техничките правила (член 85 став (2) точка 2);
2) пристап на трети страни за користење на системот за пренос, во согласност со овој закон и мрежните правила за пренос, а врз основа на објективни, транспарентни и недискриминаторни начела (член 85 став (2) точка 9);
3) не обезбеди доделување на распложливите преносни капацитети и разрешување на преоптоварувањата во преносната мрежа, во согласност со мрежните правила за пренос на природен гас (член 85 став (2) точка 10);
4) не донесе план за развој на преносниот систем за природен гас (член 86 став (2));
5) не обезбеди план за одржување на мрежата во согласност со мрежните правила за пренос, негово доставување до Регулаторната комисија за енергетика и објавување на веб страницата на операторот (член 85 став (2) точка 6);
6) не обезбеди транспарентна и недискриминаторна примена на методологијата за пресметка на надоместокот за услугите за урамнотежување и начинот за наплата на услугите (член 84 став (2) точка 15);
7) не подготвува и не доставува до министерството и Регулаторната комисија за енергетика едногодишни, петгодишни и десетгодишни прогнози за потребите од природен гас за системот со кој управува (член 86 став (8));
8) не ги донесе мрежните правила за пренос на природен гас во рокот определен со овој закон (член 88 став (1)) и
9) не донесе и не достави на одобрување до Регулаторната комисија за енергетика програма за

усогласување (член 89 став (3)).

(3) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице, оператор на системот за пренос на природен гас, ако:
1) не обезбеди пристап на трети страни за користење на системот за пренос, во согласност со овој закон и мрежните правила за пренос, а врз основа на објективни, транспарентни и недискриминаторни начела (член 85 став (2) точка 9);
2) не обезбеди усогласена работа на преносниот систем и соседните преносни системи со кои што е поврзан (член 85 став (2) точка 11);
3) не обезбеди објавување на податоците за расположливите преносни капацитети на интерконективните водови со соседните преносни системи, заради обезбедување на недискриминаторен, објективен и транспарентен пристап и користење на системот за пренос (член 85 став (2) точка 12);
4) не обезбеди урамнотежување на отстапувањата меѓу фактичката и планираната потрошувачка на природен гас во реално време, во согласност со мрежните правила за пренос на природен гас (член 85 став (2) точка 15);
5) не обезбеди информации на операторите на преносните и дистрибутивните системи со кои е поврзан за да се обезбеди безбедно и ефикасно функционирање на системите и интерконективните водови (член 85 став (2) точка 20);
6) не обезбеди водење на евиденција за работењето на преносниот систем и за тоа да ја известува Регулаторната комисија за енергетика, по нејзино барање (член 85 став (2) точка 17) и
7) не објавува постојано и не ги обновува објавените податоци што се однесуваат на техничките информации, на нумерички и разбирлив начин, во врска со договорениот и расположливиот преносен капацитет за секое место на пристап, вклучувајќи ги и влезните и излезните точки на системот за пренос на природен гас (член 85 став (3)).

(4) Глоба во износ од 700 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за дејствијата од ставовите (1) и (2) на овој член.

(5) Глоба во износ од 500 до 700 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за дејствијата од ставот (3) на овој член.

(6) Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност ќе се изрече на службеното лице во правното лице за дејствијата од ставовите (1) и (2) на овој член.

(7) Глоба во износ од 200 до 400 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на службеното лице во правното лице за дејствијата од ставот (3) на овој член.

Член 186

(1) Глоба во износ од 5.000 до 7.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице, оператор на системот за дистрибуција на природен гас, ако:
1) не обезбеди сигурно, безбедно, економично и доверливо функционирање на дистрибутивниот систем, во согласност со важечките прописи со кои се утврдени техничките правила (член 91 став (2) точка 1);
2) не обезбеди приклучување на потрошувачите на дистрибутивната мрежа, како и пристап на трети страни за користење на дистрибутивниот систем, во согласност со овој закон и мрежните правила за дистрибуција, а врз основа на објективни, транспарентни и недискриминаторни начела (член 91 став (2) точка 3);
3) не обезбеди развој , обновување и одржување на дистрибутивниот систем, во согласност со важечките прописи со кои се утврдени техничките правила и да обезбеди долгорочна способност на системот да ги задоволи разумните барања за дистрибуција на природен гас (член 91 став (2) точка 4);
4) не обезбеди изготвување план за одржување на мрежата во согласност со мрежните правила за дистрибуција, негово доставување до Регулаторната комисија за енергетика и негово објавување на веб страницата на операторот (член 91 став (2) точка 5);
5) не обезбеди потребни количини на природен гас за вршење на функциите со транспарентни, недискриминаторни и пазарни процедури (член 91 став (2) точка 6);
6) не обезбеди мерење на количините природен гас што се испорачуваат на потрошувачите и доставување на податоците од мерењата до снабдувачите (член 91 став (2) точка 7);
7) не обезбеди пристап на корисниците до мерните уреди што се во сопственост на операторот на дистрибутивниот систем, во согласност со овој закон и мрежните правила за дистрибуција (член 91 став (2) точка 8);
8) не обезбеди водење на диспечерска книга, записи за доверливост на системите за комуникација, податоци од системот за надзор и управување, мерни податоци и таквите книги, записи и податоци да ги чува најмалку десет години (член 91 став (2) точка 10);
9) не донесе план за развој на дистрибутивниот систем (член 92 став (2);
10) не подготви и не достави до министерството и Регулаторната комисија за енергетика едногодишни и петгодишни прогнози за потребите од природен гас за системот со кој управува (член 92 став (3));
11) не ги донесе мрежните правила за дистрибуција за природен гас во рок определен во лиценцата (член 94 став (1)) и
12) не донесе и не достави на одобрување до Регулаторната комисија за енергетика програма за усогласување (член 95 став (3)).

(2) Глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице:
1) корисник на системот за дистрибуција на природен гас, ако не му овозможи на овластено лице на операторот на дистрибутивниот систем право на пристап заради извршување на работите од членот 93 став (3) на овој закон и
2) трговецот со природен гас, ако на операторот на системот за пренос на природен гас не му достави информација за количините на природен гас и соодветниот временски распоред од сите договори за купопродажба на природен гас за природниот гас што се обврзал да го испорача на своите купувачи, како и договорите за транзит низ преносниот систем (член 99 став (3)).

(3) Глоба во износ од 700 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за дејствијата од ставовите (1) и (2) на овој член.

(4) Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на службеното лице во правното лице за дејствијата од ставовите (1) и (2) и на овој член.

(5) Глоба во износ од 700 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице за дејствијата од ставот (2) на овој член.

XVI.3. Прекршочни одредби за пазарона сурова нафта, нафтени деривати и горива за транспорт

Член 187

(1) Глоба во износ од 5.000 до 7.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице кое врши дејност:
1) преработка на сурова нафта и производство на нафтени деривати, производство на биогорива,

производство на горива наменети за транспорт со намешување на фосилни и биогорива, транспорт на сурова нафта или нафтени деривати преку нафтоводи, односно продуктоводи, складирање на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива наменети за транспорт и/или трговија со сурова нафта, нафтени деривати, горива за транспорт и биогорива ако објектите, уредите и постројките за вршење на дејноста за која му е издадена лиценцата не ги користи и одржува во согласност со техничките прописи и стандарди и другите прописи за сигурно и безбедно работење и заштита на животната средина (член 101 став (1));
2) транспорт на сурова нафта и/или нафтени деривати преку нафтовод и/или продуктовод ако не донесе правила за работа на нафтоводот, односно продуктоводот или истите не ги објави на својата веб страница (член 102 став (1));
3) трговија на големо со нафтени деривати и горива за транспорт, ако нема во секое време оперативни резерви од нафтени деривати и горива за транспорт за покривање на петдневен просечен обем на трговија (член 103 став (3)) и
4) трговија на големо со нафтени деривати и горива за транспорт, ако полни и дистрибуира садови под притисок со течен нафтен гас за еднократна или повеќекратна употреба, а неговото лого не е истакнато на секој поединечен сад под притисок (член 104 став (2)).

(2) Глоба во износ од 5.000 до 7.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице, учесник на пазарот на течните горива, ако не се придржува кон обврските утврдени во уредбата од членот 108 став (1) на овој закон.

(3) Глоба во износ од 700 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за дејствијата од ставовите (1) и (2) на овој член.

(4) Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на службеното лице во правното лице за дејствијата од ставовите (1) и (2) и на овој член.

(5) Глоба во износ од 700 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице за дејствијата од ставовите (1) и (2) на овој член.

XVI.4. Прекршочни одредби за пазарот на топлинска енергија

Член 188

(1) Глоба во износ од 5.000 до 7.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице, производител на топлинска енергија, ако:
1) не доставува годишни извештаи до Регулаторната комисија за енергетика и до градоначалникот на единицата на локалната самоуправа во врска со опремата, капацитетите, плановите за одржување, како и планираната расположливост (член 112 став (3)) и
2) нема обезбедно во секое време оперативни резерви од мазут кои се најмалку еднакви на петнаесетдневните потреби за работа со максимален капацитет (член 112 став (4)).

(2) Глоба во износ од 700 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на службеното лице во правното лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.

(4) Глоба во износ од 700 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.

Член 189

(1) Глоба во износ од 5.000 до 7.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице, оператор на систем за дистрибуција на топлинска енергија, ако:
1) не обезбеди безбедно и сигурно функционирање и управување со системот за дистрибуција на топлинска енергија во согласност со мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија и условите утврдени во лиценцата (член 115 став (1) точка 1);
2) не обезбеди одржување, развој и, кога тоа е економски исплатливи, проширување на системот за дистрибуција, во согласност со мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија и со плановите за развој на системот, усогласени со плановите и програмите за развој на енергетиката на единиците на локалната самоуправа на кои се простира топлинскиот систем (член 115 став (1) точка 2);
3) не обезбеди пристап и/или приклучување на корисниците на системот за дистрибуција согласност со капацитетите на дистрибутивната мрежа и со примена на цени и тарифи одобрени и претходно објавени од страна на Регулаторната комисија за енергетика (член 115 став (1) точка 3);
4) не обезбеди набавка, поставување и одржување на мерните уреди на излез од производните постројки и во топлинските потстаници на кои се приклучени објектите на потрошувачите и мерење на топлинската енергија што се презема или испорачува од топлинскиот систем, во согласност со мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија (член 115 став (1) точка 5);
5) не обезбеди преземање на сите пропишани мерки за безбедност во текот на користењето на системот за дистрибуција на топлинска енергија, како и мерките за заштита на животната средина (член 115 став (1) точка 6);
6) не обезбеди усогласување на погонските манипулации во системот со производителите заради непречено вршење на дистрибуцијата на топлинска енергија (член 115 став (1) точка 9);
7) не обезбеди надзор и тестирање на системот за дистрибуција на топлинска енергија (член 115 став (1) точка 10);
8) не обезбеди следење на техничката и функционалната подготвеност на објектите за дистрибуција на топлинска енергија (член 115 став (1) точка 11);
9) не обезбеди долгорочна прогноза на побарувачката на топлинска енергија (член 115 став (1) точка 12);
10) не откупува топлинска енергија од другите производители доколку понудената цена е пониска или еднаква на регулираната цена на топлинската енергија за регулираниот производител (член 116 став (5)) и
11) не ги донесе мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија во рокот определен со овој закон (член 117 став (1)).

(2) Глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице, корисник на системот за дистрибуција на топлинска енергија, ако не му овозможи на овластено лице на операторот на дистрибутивниот систем право на пристап заради извршување на работите од членот 119 став (3) на овој закон.

(3) Глоба во износ од 700 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.

(4) Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на службеното лице во правното лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.

(5) Глоба во износ од 700 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице за дејствијата од ставот (2) на овој член.

XVI.5. Други прекршочни одредби

Член 190

(1) Глоба во износ од 5.000 до 7.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице:
1) производител на електрична енергија или снабдувач во краен случај со електрична енергија доколку не го склучат договорот од членот 66 став (2) или ако не ја применуваат одлуката од членот 66 став (5) на овој закон;
2) оператор на електропреносен или електродистрибутивен системи, ако во рамките на оперативните можности на соодветниот систем не обезбедат приоритет за пристап на системите за електричната енергија произведена од обновливи извори (член 122 став (3));
3) корисник на енергетски систем ако постапува спротивно на обврските утврдени во членот 154 на овој закон;
4) вршител на енергетска дејност ако не обезбедил доверливост на деловните податоци и информации што ги добил од корисниците при вршењето на дејноста во согласност со закон (член 160 став (1));
5) лице од јавниот сектор ако не ги исполнува обврските од членот 134 став (2) на овој закон;
6) лице од јавниот сектор ако не го достави до Агенцијата за енергетика извештајот од енергетската контрола (член 134 став (4));
7) лице од јавниот сектор ако при спроведување на постапките за јавни набавки, не определи дека задолжителен критериум за избор на најповолна понуда ќе биде и енергетската ефикасност на предметот на јавната набавка (член 134 став (6));
8) лице од јавниот сектор ако земе под закуп деловен простор во објект кој не поседува сертификат за усогласеност со барањата за енергетските карактеристики на згради (член 134 став (7));
9) повластен производител на електрична енергија ако не доставува планови за производство на електрична енергија до операторот на пазарот на електрична енергија во согласност со пазарните правила (член 152 став (1) точка 2));
10) оператор на пазарот со електрична енергија ако не склучи договор за откуп на електричната енергија од повластените производители (член 153 став (2));
11) оператор на пазарот со електрична енергија ако на операторот на електропреносниот систем не му ги надомести трошоците за урамнотежување и потребните системски услуги поврзани со работата на повластените производители (член 153 став (5)) и
12) снабдувач или трговец со електрична енергија ако не откупува од операторот на пазарот потребна количина на електрична енергија произведена од повластените производители (член 153 став (7)).

(2) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице:
1) снабдувач со енергија ако најдоцна до 31 јануари не ги достави до министерството и Агенцијата за енергетика податоците за претходната календарска година, пропишани во членот 133 на овој закон;
2) снабдувач со електрична или топлинска енергија и природен гас ако на јасен и недвосмилен начин не ги информира потрошувачите преку сметките за податоците определени во членот 141 став (4) на овој закон;
3) кое увезува и/или пушта на пазарот во Република Македонија производи кои не се означени во согласност со членот 142 на овој закон;
4) вршител на енергетска дејност ако ги злоупотребил деловните тајни и информации што ги добил при вршење на дејноста заради стекнување на деловна корист, како и заради преземање на дискриминаторски дејствија во корист на трети лица (член 160 став (3));
5) кое гради или изведува други работи, засадува растенија и дрвја на земјиште под, над и покрај енергетските објекти, уреди и постројки со кои се нарушува процесот на производство, пренесување и дистрибуција на енергија или се загрозува безбедноста на луѓето и имотот, освен во случаите определени со овој закон (член 161 став (1));
6) сопственик, односно корисник на земјиштето ако не дозволи премин преку тоа земјиште за вршење премер, снимање, проектирање и изведување на работи на одржување и реконструкција на преносни и дистрибутивни енергетски објекти, како и вршење на инспекциски надзор на земјиштето на кое тие се поставени (член 162 став (1)) и
7) не се придржуваат кон обврските пропишани со уредбата за еко дизајн (член 165 став (3)).

(3) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на трговец поединец или правно лице кое поседува лиценца за вршење на енергетска контрола, ако:
1) врши енергетска конктрола спротивно на овој закон и техничките прописи (член 138 став (1));
2) не води евиденција за извршените енергетски контроли и не ја чува документацијата за извршените контроли најмалку десет години (член 138 став (3)) и
3) не достави извештај до Агенцијата за енергетика за извршените енергетски контроли во претходната календарска година (член 138 став (4)).

(4) Глоба во износ од 700 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.

(5) Глоба во износ од 500 до 700 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за дејствијата од ставот (2) на овој член.

(6) Глоба во износ од 500 до 700 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во трговецот поединец или правното лице за дејствијата од ставот (3) на овој член.

(7) Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на службеното лице во правното лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.

(8) Глоба во износ од 200 до 400 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на службеното лице во правното лице за дејствијата од ставот (2) на овој член.

(9) Глоба во износ од 700 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице за дејствијата од ставот (1) точки 1, 3, 4, 11 и 14 на овој член.

(10) Глоба во износ од 500 до 700 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице за дејствијата од ставот (2) и ставот (3) на овој член.

(11) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на трговец поединец или правно лице ако издададе сертификат за енергетски карактеристики на зграда без да има лиценца за вршење на енергетска контрола (член 136 став (2)).

(12) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на:
1) лице од јавниот сектор, односно правно лице ако не назначи лице од редот на своите вработени (член 134-а ставови (5) и (7)) и
2) лице од јавниот сектор, односно правно лице ако не евидентира и не внесе податоци во информацискиот систем (член 134-а ставови (6) точки 1 и 2 и (8)).

(13) Глоба во износ од 200 до 400 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на службеното лице во правното лице за дејствијата од ставот (9) на овој член.

Член 190-а 73

(1) Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот од членот 137-г од овој закон доколку не го снима, не го емитува во живо на веб страницата на Министерството за економија и доколку не ја постави снимката од целиот испит на веб страницата на Министерството за економија (член 137-ж став (3)).

(2) Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе и се изрече на овластената институција која го спроведува испитот од членот 137-г од овој закон, доколку не го прекине испитот (член 137-з ставови (5) и (6)).

(3) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластениот претставник од членот 137-ж став (5) од овој закон доколку постапи спротивно на членот 137-з став (9) од овој закон.

(4) Глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на министерот за економија ако не го донесе решението во рокот утврден во членот 137-м став (7) од овој закон.

Член 190-б 74

(1) Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот од членот 157-д од овој закон доколку не го снима, не го емитува во живо на веб страницата на Министерството за економија и доколку не ја постави снимката од целиот испит на веб страницата на Министерството за економија (член 157-ѕ став (3)).

(2) Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе и се изрече на овластената институција која го спроведува испитот од членот 157-д од овој закон, доколку не го прекине испитот (член 157-и ставови (5) и (6)).

(3) Глоба во износ од 100 до 200 евра во денарска противвредност ќе им се изрече на овластените претставници од членот 157-ѕ став (5) од овој закон, доколку постапи спротивно на членот 157-и став (9) од овој закон.

(4) Глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на министерот за економија ако не го донесе решението во рокот од членот 157-т став (7) од овој закон.

XVII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 191

Членовите на Регулаторната комисија за енергетика и членовите и нивните заменици на Комисијата за жалби именувани пред влегувањето во сила на овој закон ќе продолжат да ја извршуваат својата функција до завршувањето на мандатот за кој се именувани.

Член 192

(1) Носителот на лиценца издадена пред влегувањето во сила на овој закон ќе продолжи со вршење на енергетската дејност врз основа на издадената лиценца, во времетраењето утврдено во лиценцата.

(2) Доколку во лиценцата од ставот (1) на овој член се утврдени права и обврски спротивни на одредбите на овој закон, носителот на лиценцата ќе ја врши енергетската дејност во согласност со одредбите на овој закон до измена на лиценцата од страна на Регулаторната комисија за енергетика.

(3) Регулаторната комисија за енергетика во рок од една година од влегувањето во сила на овој закон по службена должност ќе ги измени одредбите од постојните лиценци што се во спротивност со одредбите од овој закон.

(4) Постапките за издавање на лиценци кои се започнати пред влегувањето во сила на овој закон, Регулаторната комисија за енергетика ќе ги заврши во согласност со одредбите од овој закон.

Член 193

(1) Владата на Република Македонија ќе ги донесе:
1) уредбата за критериумите и условите за прогласување на кризната состојба од членот 13 на овој закон, најдоцна една година од денот на влегувањето во сила на овој закон;
2) уредбата за квалитет на течните горива од членот 108 на овој закон, најдоцна една година од денот на влегувањето во сила на овој закон;
3) првиот акционен план за енергетска ефикасност од членот 131 став (1) на овој закон, најдоцна шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон;
4) уредбата за индикативните цели за заштеда на енергија од членот 131 став (4) на овој закон, најдоцна шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон;
5) акциониот план за обновливите извори на енергија од членот 146 став (1) на овој закон, најдоцна 18 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон;
6) уредбата за повластени тарифи за електрична енергија од членот 150 став (2) на овој закон, најдоцна една година од денот на влегувањето во сила на овој закон и
7) уредбата за еко дизајн од членот 165 став (2) на овој закон, најдоцна шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Министерството ќе ги донесе:
1) Правилникот за енергетски биланси и енергетска статистика од членот 12 на овој закон, најдоцна една година од денот на влегувањето во сила на овој закон;
2) Правилникот за енергетска контрола од членот 135 на овој закон, најдоцна една година од денот на влегувањето во сила на овој закон;
3) Правилникот за енергетски карактеристики на зградите од членот 136 став (8) на овој закон, најдоцна девет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, при што:
- со Правилникот за енергетски карактеристики на зградите ќе се уредат начинот, постапката и/или условите за полагање на стручен испит и издавање, продолжување и одземање на овластувањата за вршење на енергетска контрола на згради, како и содржината на регистарот на лицата овластени за вршење енергетска контрола на зградите, во согласност со соодветните одредби од членот 135 став (5) на овој закон и
- по донесувањето на Правилникот за енергетска контрола од членот 135 став (5) на овој закон, одредбите од Правилникот за енергетски карактеристики на зградите во врска со енергетската контрола на зградите ќе престанат да важат, а ќе се применуваат соодветните одредби од Правилникот за енергетска контрола;
4) Правилникот за означување на потрошувачката на енергија и другите ресурси за производите што користат енергија од членот 142 на овој закон, најдоцна една година од денот на влегувањето во сила на овој закон;
5) Правилникот за високоефикасни комбинирани постројки од членот 143 на овој закон, најдоцна шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон и
6) Правилникот за обновливи извори на енергија од членот 148 на овој закон, најдоцна шест месеци од

денот на влегувањето во сила на овој закон.

(3) Регулаторната комисија за енергетика ќе ги донесе:
1) правилникот за следење на функционирањето на енергетските пазари од членот 23 на овој закон, една година од денот на влегувањето во сила на овој закон;
2) правилниците за формирање на тарифите за регулираните енергетски дејности од членот 24 став (1) на овој закон, најдоцна шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон;
3) правилникот за цени на електричната енергија за снабдувачот во краен случај од членот 24 став (2) на овој закон, најдоцна една година од денот на влегувањето во сила на овој закон;
4) правилникот за цени на природниот гас за снабдувачот во краен случај од членот 24 став (2) на овој закон, најдоцна една година од денот на влегувањето во сила на овој закон;
5) правилникот за формирање на цените на нафтените деривати и горивата за транспорт од членот 24 став (3) на овој закон, најдоцна шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон;
6) правилникот за цени на топлинска енергија и системски услуги од членот 113 став (5) на овој закон, најдоцна шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон;
7) тарифните системи за пренос, дистрибуција на енергија или природен гас и услугите што ги обезбедува операторот на пазарот на електрична енергија од членот 25 став (1) на овој закон, најдоцна девет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон;
8) тарифниот систем за продажба на електрична енергија на потрошувачите што се снабдуваат од снабдувач во краен случај од членот 25 став (2) на овој закон, најдоцна 18 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон;
9) тарифниот систем за продажба на природен гас на потрошувачите што се снабдуваат од снабдувачот во краен случај од членот 25 став (2) на овој закон, најдоцна 18 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон;
10) правилата за пазар на електрична енергија од членот 73 на овој закон, најдоцна девет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон;
11) правилата за пазар на природен гас од членот 90 на овој закон, најдоцна девет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон;
12) правилата за снабдување со електрична енергија од членот 28 на овој закон, најдоцна девет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон;
13) правилата за снабдување со природен гас од членот 28 на овој закон, најдоцна девет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон;
14) правилата за снабдување со топлинска енергија од членот 28 на овој закон, најдоцна девет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон;
15) правилата за снабдување во краен случај со електрична енергија од членот 28 на овој закон, најдоцна една година од денот на влегувањето во сила на овој закон;
16) правилата за снабдување во краен случај со природен гас од членот 28 на овој закон, најдоцна една година од денот на влегувањето во сила на овој закон;
17) правилникот за начинот, условите и постапката за одлучување по споровите од членот 36 на овој закон, најдоцна девет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон;
18) правилникот за лиценци од членот 41 на овој закон, најдоцна шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон и
19) правилникот за повластени производители од членот 151 став (3) на овој закон, најдоцна шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(4) Агенцијата за енергетика ќе го донесе упатството од членот 134 став (8) на овој закон најдоцна девет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(5) Единиците на локалната самоуправа ќе ги донесат програмите за енергетска ефикасност од членот 132 на овој закон најдоцна една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(6) Операторот на електропреносниот систем, во согласност со членот 69 на овој закон, ќе ги достави на одобрување до Регулаторната комисија за енергетика мрежните правила за пренос на електрична енергија, најдоцна една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(7) Операторот на електропреносниот систем, во согласност со членот 70 на овој закон, ќе ги достави на одобрување до Регулаторната комисија за енергетика правилата за доделување на прекугранични преносни капацитети, најдоцна шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(8) Операторите на електродистрибутивните системи, во согласност со членот 77 на овој закон, ќе ги достави на одобрување до Регулаторната комисија за енергетика мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија, најдоцна една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(9) Операторот на системот за пренос на природен гас, во согласност со членот 88 на овој закон, ќе ги достави на одобрување до Регулаторната комисија за енергетика мрежните правила за пренос на природен гас, најдоцна една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(10) Операторите на дистрибутивните системи за топлинска енергија, во согласност со членот 117 на овој закон, ќе ги достави на одобрување до Регулаторната комисија за енергетика мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија, најдоцна една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(11) Прописите, правилата и другите општи акти чиешто донесување е предвидено со овој закон, а за кои со овој член не е утврден рок за донесување, ќе се донесат најдоцна во рок од 18 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 194

До донесувањето на прописите и одобрувањето на актите од членот 193 ставови од (1) до (11) на овој закон, ќе се применуваат прописите, правилата и актите донесени, односно одобрени во согласност со Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" број 63/2006, 36/2007, 106/2008 и 119/10).

Член 195

(1) Постапките за издавање на овластување за изградба, како и постапките за донесување на одлуки за давање на право на изградба на производни, преносни и дистрибутивни енергетски објекти и системи кои се започнати пред влегувањето во сила на овој закон ќе се завршат во согласност со Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" број 63/2006, 36/2007, 106/2008 и 119/10).

(2) Постапките за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија кои се започнати пред влегувањето во сила на овој закон ќе се завршат во согласност со Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" број 63/2006, 36/2007, 106/2008 и 119/10).

(3) По правосилноста на решенијата за стекнување на статус на повластени производители на електрична енергија од обновливи извори на енергија, во рок од три месеци, Агенцијата за енергетика ќе ги предаде на Регулаторната комисија за енергетика документацијата и регистарот на повластени производители на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија.

Член 196

(1) Одредбите од членот 136 ставови од (1) до (7) на овој закон ќе започнат да се применуваат почнувајќи од 1 јануари 2013 година.

(2) Лицата од јавниот сектор се должни да ги применуваат обврските:
1) од членот 134 став (2) точки 3 и 4 на овој закон почнувајќи од 1 јануари 2013 година;
2) од членот 134 став (6) на овој закон почнувајќи од 1 јануари 2012 година и
3) од членот 134 став (7) на овој закон почнувајќи од 1 јануари 2013 година.

(3) Одредбите од членот 140 став (6) на Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" број 63/2006, 36/2007, 106/2008 и 119/10) ќе се применуваат најдоцна до 30 јуни 2011 година.

XVII.1. Примена на поглавјето за пазар на електрична енергија

Член 197

(1) По исклучок од членот 82 став (1) на овој закон тарифни потрошувачи се:
1) мали потрошувачи на електрична енергија, со потрошувачка на електрична енергија во 2015 година над 1000 MWh, до 30 јуни 2016 година;
2) мали потрошувачи на електрична енергија, со потрошувачка на електрична енергија во 2016 година над 500 MWh, до 30 јуни 2017 година;
3) мали потрошувачи на електрична енергија, со потрошувачка на електрична енергија во 2017 година над 100 MWh, до 30 јуни 2018 година;
4) мали потрошувачи на електрична енергија, со потрошувачка на електрична енергија во 2018 година над 25 MWh, до 30 јуни 2019 година и
5) домаќинствата и сите останати мали потрошувачи на електрична енергија, до 30 јуни 2020 година.

(2) Потрошувачите кои се стекнале со својство на квалификувани потрошувачи се должни да склучат договор со снабдувач со електрична енергија најдоцна 30 дена пред денот на стекнувањето на својството квалификуван потрошувач.

(3) Снабдувачот за тарифни потрошувачи е должен да го извести својот потрошувач за обврската од ставот (2) на овој член најдоцна 90 дена пред денот на кој потрошувачот ќе се стекне со својството квалификуван потрошувач.

(4) До 30 јуни 2020 година снабдувачите за тарифни потрошувачи ќе ги снабдуваат потрошувачите кои, во согласност со одредбите на овој член, ќе го имаат својството на тарифни потрошувачи.

(5) По исклучок од членот 4 на овој закон, снабдувањето со електрична енергија на тарифните потрошувачи ќе се смета за регулирана енергетска дејност, а ќе престане да се извршува од 1 јули 2020.

(6) Регулаторната комисија за енергетика, најдоцна до 30 јуни 2011 година, ќе донесе:
1) правила за снабдување на тарифните потрошувачи на електрична енергија, во согласност со начелата од членот 28 на овој закон;
2) правилник за цени на електрична енергија на тарифни потрошувачи, во согласност со начелата од членот 24 на овој закон и
3) тарифен систем за продажба на електрична енергија за тарифни потрошувачи врз основа на начелата од членот 24 на овој закон.

(7) Во смисла на одредбите од оваа глава, тарифен потрошувач на електрична енергија е потрошувач кој купува електрична енергија по пропишани услови и цени и не може да го избира својот снабдувач.

Член 198

(1) Производителот на електрична енергија кој на денот на влегувањето во сила на овој закон е носителот на лиценца за производство на електрична енергија во која е утврдена обврска за продажба на произведената електрична енергија на снабдувачите на тарифни потрошувачи има обврска да обезбеди јавна услуга во согласност со членот 66 од овој закон.

(2) До 30 јуни 2020 година производителот од членот 66 на овој закон, покрај обврските утврдени во членот 66 на овој закон, по цени одобрени и објавени од Регулаторната комисија за енергетика:
1) ќе произведува електрична енергија за потребите на тарифните потрошувачи и
2) ќе обезбедува системски услуги, оперативна резерва и енергија за урамнотежување за потребите на операторот на електропреносниот систем, во рамките на ограничувањата и можностите на неговите производни единици.

(3) Производителот од членот 66 на овој закон склучува договори со снабдувачите со електрична енергија за тарифни потрошувачи за испорака на електрична енергија и со операторот на електропреносниот систем за обезбедување на услугите од ставот (2) на овој член.

(4) При склучувањето и одобрувањето на договорите од ставот (3) на овој член соодветно ќе се применуваат одредбите на членот 66 од овој закон.

(5) Производителот од членот 66 на овој закон е должен да обезбеди недискриминаторен третман на снабдувачите за тарифни потрошувачи и снабдувачот во краен случај, ако се јави недостаток на електрична енергија за количините за кои презел обврска да ги испорача во согласност со договорите од ставот (3) на овој член и од членот 66 став (4) на овој закон.

Член 199

(1) Снабдувачот на електрична енергија за тарифни потрошувачи набавува електрична енергија за потребите на тарифните потрошувачи приклучени на дистрибутивниот систем за кој има лиценца за снабдување на тарифни потрошувачи. Цените за набавка и соодветните договори со производителот од членот 66 на овој закон, ги одобрува Регулаторната комисија за енергетика.

(2) Снабдувачот на електрична енергија за тарифни потрошувачи обезбедува, за потребите на тарифните потрошувачи, потребен преносен и/или дистрибутивен капацитет, како и услуги од операторот на пазарот на електрична енергија.

(3) Снабдувачот на електрична енергија за тарифни потрошувачи им фактурира на своите потрошувачи за испорачаната електрична енергија и обезбедени услуги, во согласност со Тарифниот систем за продажба на електрична енергија за тарифни потрошувачи.

(4) Снабдувачот на електрична енергија за тарифни потрошувачи може да набави електрична енергија на отвореният пазар по пазарни цени, ако:
1) пазарните услови и цени се поповолни од условите и цените утврдени за производителот од членот 66 на овој закон или
2) сопственото производство на производителот од членот 66 на овој закон, определено со регулираниот

договор, не е доволно за задоволување на потребите за електрична енергија за тарифните потрошувачи по регулирани цени.

(5) Снабдувачот на електрична енергија за тарифни потрошувачи е должен да изготви и да ги достави на одобрување до Регулаторната комисија за енергетика правила за набавка на електричната енергија од ставот (4) на овој член, а кои ги содржат условите, начинот и постапката на набавките, засновани на транспарентни и недискриминаторни начела.

(6) Снабдувачот на електрична енергија за тарифни потрошувачи е должен до операторот на пазарот на електрична енергија да доставува податоци за трансакциите, односно договорите и билансите за потребите од електрична енергија на своите потрошувачи неопходни за пресметка на неурамнотежувањата, во согласност со пазарните правила, мрежните правила за пренос и мрежните правила за дистрибуција.

(7) По исклучок од ставот (4) на овој член и во мерка неопходна заради обезбедување на сигурноста во снабдувањето на тарифните потрошувачи, Регулаторната комисија за енергетика, по барање на снабдувач на тарифни потрошувачи, може со одлука привремено да задолжи друг учесник на пазарот којшто е носител на обврска за обезбедување на јавна услуга, во рок утврден со одлуката да набавува електрична енергија за потребите на тарифните потрошувачи. Снабдувачот на електрична енергија за тарифни потрошувачи ќе обезбеди доказ за неговата неможност да набави електрична енегија на начин со кој се обезбедува сигурност во снабдувањето.

(8) Регулаторната комисија за енергетика може да ја укине одлуката од ставот (7) на овој член веднаш штом ќе утврди дека причините за нејзиното донесување престанале да постојат.

Член 200

(1) Регулираните договори за купопродажба на електрична енергија за потребите на тарифните потрошувачи, склучени до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе се применуваат најдоцна до влегувањето во сила на прописите од членот 197 став (1) на овој закон.

(2) Договорите за купопродажба на електрична енергија за загубите во електропреносниот и дистрибутивните системи, склучени до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе се применуваат најдоцна до 31 декември 2011 година.

Член 201

Операторите на дистрибутивните системи се должни најдоцна до 31 октомври 2011 година да се усогласат со обврската од членот 78 став (1) на овој закон.

Член 202

Снабдувачите во краен случај со електрична енергија од членот 8 став (5) од овој закон ќе започнат да ја вршат дејноста по исполнување на условите од членот 197 став (1) на овој закон.

XVII.2. Примена на поглавјето за пазар на природен гас

Член 203

(1) По исклучок од членот 100 став (1) на овој закон потрошувачите на природен гас, кои на денот на влегувањето во сила на овој закон се тарифни потрошувачи, ќе се стекнат со статус на квалификувани потрошувачи по влегувањето на сила на следниве прописи:
1) правила за снабдување со природен гас;
2) правила за снабдување во краен случај со природен гас;
3) правилник за цени на природен гас за снабдувачот во краен случај;
4) правила за пазарот на природен гас и
5) тарифни системи за пренос и дистрибуција на природен гас.

(2) По исклучок од членот 4 на овој закон, снабдувањето со природен гас на тарифните потрошувачи ќе се смета за регулирана енергетска дејност, а ќе престане да се извршува по влегувањето во сила на прописите од ставот (1) на овој член.

(3) Снабдувањето на тарифните потрошувачи со природен гас ќе се врши во согласност со прописите со кои на денот на влегувањето во сила на овој закон се уредува снабдувањето на тарифните потрошувачи.

(4) Потрошувачите кои се стекнале со својство на квалификувани потрошувачи можат да склучат договор со снабдувач со природен гас по свој избор.

(5) Снабдувачот за тарифни потрошувачи е должен да го извести својот потрошувач за правото од ставот (4) на овој член најдоцна 90 дена пред денот на кој потрошувачот ќе се стекне со својството квалификуван потрошувач.

(6) Снабдувачите во краен случај со природен гас ќе започнат да ја вршат дејноста по влегувањето во сила на прописите од ставот (1) на овој член.

(7) Во смисла на одредбите на овој член, тарифен потрошувач на природен гас е потрошувач кој купува природен гас по пропишани услови и цени и не може да го избира својот снабдувач.

Член 204

(1) Деловите од системот за пренос на природен гас во Република Македонија со номинален притисок понизок од 12 bar и што се ставени во употреба до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се сметаат како дел од системот за пренос на природен гас.

(2) Постојниот носител на лиценца за управување со системот за природен гас издадена врз основа на Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" број 63/2006, 36/2007, 106/2008 и 119/10) ќе продожи да ја врши дејноста управување со системот за природен гас врз основа на издадената лиценца и овој закон. Со денот на влегувањето во сила на лиценцата за управување со системот за природен гас издадена според одредбите од овој закон, лиценцата за управување со системот за природен гас издадена според Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" број 63/2006, 36/2007, 106/2008 и 119/10) ќе престане да важи.

(3) Операторот на преносна мрежа е должен да му ги предаде во владение на операторот на системот за пренос деловите на преносната мрежа неопходни за управување со системот за пренос најдоцна 15 дена од денот на влегувањето во сила на лиценцата за управување со системот за пренос од ставот (2) на овој член.

XVII.3. Примена на поглавјето за пазар на топлинска енергија

Член 205

(1) До издавањето на лиценци за дејноста регулирано производство на топлинска енергија од членот 113 став (2) на овој закон, дејноста регулирано производство на топлинска енергија ќе ја извршуваат постојните носители на лиценци за производство на топлинска енергија за определените топлински системи.

(2) По исклучок од членот 114 став (1) на овој закон, постојните договори за управување, користење и одржување на дистрибутивните системи за топлинска енергија ќе се применуваат до денот на нивната важност.

(3) До изборот на концесионер за постоечки систем за топлинска енергија или основање на јавно претпријатие од членот 114 став (1) на овој закон, дејноста дистрибуција на топлинска енергија ќе ја врши постојниот носител на лиценца.

XVII.4. Примена на поглавјето за повластени производители на електрична енергија

Член 206

(1) Ставовите (6), (7), (8) и (9) од членот 153 на овој закон ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2015 година.

(2) До 31 декември 2014 година:
1) електричната енергија од членот 153 став (1) на овој закон операторот на пазарот на електрична енергија ќе ја продава на регулираниот производител по цената по која регулираниот производител ја продава електричната енергија на снабувачите на тарифни потрошувачи;
2) трошоците за откуп на електричната енергија од повластените производители од страна на операторот на пазарот, трошоците за урамнотежување и трошоците за системски услуги за повластените производители, намалени за приходите остварени од продажбата, во согласност со точката 1 на овој став се надоместуваат преку тарифата за користење на пазарот на електрична енергија;
3) начинот на плаќање по обврските од точката 1 на овој став подетално ќе бидат уредени со Правилата за пазар на електрична енергија;
4) регулаторната комисија за енергетика при определувањето на тарифата за користење на пазарот на електрична енергија одделно ќе го пресмета и објави делот од тарифата наменет за трошоците од точката 2 на овој став и
5) снабдувачите и трговците со електрична енергија што продаваат електрична енергија на потрошувачите од членот 82 став (3) на овој закон во сметките, односно фактурите што ги доставуваат до своите потрошувачи се должни одделно да го прикажат делот од тарифата за користење на пазарот на електрична енергија од точката 4 на овој став.

(3) Решенијата за повластен производител на електрична енергија издадени пред влегувањето во сила на овој закон продолжуваат да важат до истекот на рокот за кој се издадени.

XVII.5. Завршни одредби

Член 207

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" број 63/2006, 36/2007, 106/2008 и 119/10).

Член 208

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

ОДРЕДБИ ОД ДРУГИ ЗАКОНИ
Закон за дополнување на Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" бр. 136/2011):
Член 2
Подзаконскиот акт од членот 1 од овој закон Регулаторната комисија за енергетика ќе го донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.
По влегувањето во сила на подзаконскиот акт од ставот 1 на овој член истиот веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа се објавува на веб локацијата на Регулаторната комисија за енергетика.

Закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" бр. 79/2013):
Член 27
Правилникот за информациски систем за следење и управување со потрошувачката на енергија кај лицата од јавниот сектор од членот 134-а од овој закон ќе се донесе најдоцна девет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" бр. 164/2013):
Член 6
За прекршоците пропишани со овој закон во делот на спроведување на испити прекршочна постапка ќе води и прекршочна санкција ќе изрече надлежен суд. 75
Член 8
Подзаконскиот акт предвиден со членот 137-и став (3) од овој закон ќе се донесе во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.
Подзаконските акти предвидени со членовите 137-њ став (3) и 137-о став (11) од овој закон се донесуваат во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.
Подзаконските акти од членовите 157-ѕ, 157-к и 157-р од овој закон ќе се донесат најдоцна 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.
Член 9
Министерството за економија во соработка со Агенцијата за администрација го воспоставува единствениот електронски систем за полагање на испитите предвидени со овој закон најдоцна еден месец пред денот на примена на овој закон.
Член 10
Започнатите постапки за полагање на испити до денот на започнувањето на примена на овој закон ќе завршат според одредбите на прописите по кои започнале.

Закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" бр. 164/2013):
Член 11
Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на

Република Македонија", а ќе започне да се применува по една година од влегувањето во сила на овој закон.

Закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" бр. 41/2014):
Член 4
Статутот на Регулаторната комисија за енергетика ќе се усогласи со одредбите од овој закон, Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за административните службеници во рок од шест месеци од влегувањето во сила на овој закон. 76
Член 5
Членовите и претседателот на Регулаторната комисија за енергетика, како и председателот, членовите на Комисијата за решавање на жалби во областа на енергетиката и нивните заменици, именувани до денот на започнувањето на примената на членовите 1 и 3 од овој закон продолжуваат да ја вршат функцијата до истекот на мандатот за кој се именувани.

Закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" бр. 41/2014):
Член 6
Одредбите на членовите 1 и 3 од овој закон кои се однесуваат на условот за познавање на странски јазик ќе започнат да се применуваат по две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.
Одредбите на членовите 2 и 4 од овој закон ќе започнат да се применуваат со денот на започнувањето на примена на Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" број 27/14) и Законот за административните службеници ("Службен весник на Република Македонија" број 27/14).
Член 7
Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува по една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" бр. 151/2014):
Член 20
Одредбите од членовите 1 и 3 од овој закон ќе отпочнат да се применуваат од 1 јануари 2015 година.
Одредбите од член 136 ставови (3) и (4) утврдени во член 5 од овој закон ќе отпочнат да се применуваат од 1 јануари 2015 година.
На започнатите постапки за добивање на одобрение за градење или значителна реконструкција на згради или градежни единици до 1 јануари 2015 година ќе се применуваат одредбите од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" број 16/11, 136/11, 79/13, 164/13 и 41/14).
Одредбите од членовите 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 16 и 17 од овој закон ќе отпочнат да се применуваат од 5 декември 2014 година.
Одредбата од член 138 став (9) утврдена во член 14 од овој закон ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2015 година.

Закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" бр. 151/2014):
Член 21
Прописите утврдени во овој закон ќе се донесат во рок не подолг од три месеци од денот на влегување во сила на овој закон.
Член 22
Регулираните договори за купопродажба на електрична енергија за потребите на тарифните потрошувачи, склучени до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе се применуваат до 30 јуни 2020 година.
Член 23
Регулаторната комисија за енергетика ќе ги усогласи прописите со одредбата од член 197 утврдена во член 18 од овој закон и со одредбата од член 198 утврдена во член 19 од овој закон, во рок од 30 дена од денот на влегување во сила на овој закон.

Услови за користење | Заштита на приватноста | akademika.com.mk | Сите права задржани